Зоран Тодоровски

# ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ

*Издавачи:*
Државен архив на Република Македонија и

Македоника литера - Скопје

*За издавачите:*
Зоран Тодоровски
Ленче Тосева

*Рецензент:*
Проф. д-р Владо Поповски

*Лектура:*
Здравко Ќорвезироски

*Дизајн на корица:*
Кочо Фиданоски

*Компјутерска подготовка:*
Бане Галиќ

*Печати:*
Европа 92, Кочани

Тираж:
400

Изданието е објавено со финансиска поддршка на
Министерството за образование и наука на Република Македонија

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

929Александров,Т.
94(497.7)“18/19“

ТОДОРОВСКИ, Зоран
Тодор Александров / Зоран Тодоровски. - Скопје : Државен архив на Република Македонија : Македоника литера, 2014. - 349 стр. : илустр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 327-349. - Регистар

ISBN 978-9989-622-99-1 (Архив)
ISBN 978-608-4614-52-4 (Мак. лит.)

а) Александров, Тодор (1881-1924) - Биографии б) Македонија - Историја - 19-20 в.

COBISS.MK-ID 95997962

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МАКЕДОНИКА ЛИТЕРА

Зоран Тодоровски

# ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ

Скопје, 2014

# СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ........ 7

РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ДЕЈНОСТ
НА ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ ДО 1918 ГОДИНА ........ 13

Почетоците на Тодор Александров
во македонското револуционерно движење ........ 13

Тодор Александров за време на Младотурската револуција ........ 26

Тодор Александров во Првата балканска војна ........ 31

Тодор Александров во Втората балканска војна ........ 37

Тодор Александров во Првата светска војна ........ 43

ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ ПО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА ........ 63

Дејноста на Тодор Александров веднаш по Првата светска војна ........ 63

Основањето на Илинденската организација ........ 77

Основањето на Сојузот на МПО ........ 81

Дејствувањето на Тодор Александров во дисциплинирањето на опозицијата
во редовите на македонското револуционерно и легално движење ........ 84

Обновување на вооружената активност на ВМРО ........ 102

АКТИВНОСТА НА ВМРО ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ........ 113

Започнување комитски акции во Вардарскиот дел на Македонија ........ 113

Политичката активноста на Тодор Александров
за време на изборите во Вардарска Македонија ........ 131

Засилување на оружените акции на четите на ВМРО ........ 138

Мерки на државните органи на Кралството на СХС
за спречување на акциите на четите на ВМРО ........ 157

ПОЛИТИКАТА НА ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ КОН БУГАРСКАТА ВЛАДА ........ 165

Зацврстувањето на ВМРО во Пиринскиот дел на Македонија ........ 165

Акциите на ВМРО во Неврокоп и Ќустендил ........ 178

Мерките на Тодор Александров за зацврстување
на ВМРО во Пиринскиот дел на Македонија ........ 187

Односот на Тодор Александров кон Земјоделската влада на Александар Стамболиски ... 202
Улогата на Тодор Александров во Деветтојунскиот преврат во Бугарија ... 208
Поведениeто на Тодор Александров во Септемврискoто востание во Бугарија ... 219

СОРАБОТКАТА НА ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ СО СОВЕТСКИОТ СОЈУЗ И СО КОМИНТЕРНАТА ... 227
Поврзување на Тодор Александров со претставниците на Советскиот Сојуз ... 227
Заострување на односите на Тодор Александров со бугарската влада и со Илинденската организација ... 240
Тодор Александров и Мајскиот манифест ... 246
Откажување на Тодор Александров од Мајскиот манифест ... 253
Дејствувањето на Тодор Александров до убиството ... 266
Убиството Тодор Александров ... 278
ВМРО по убиството на Тодор Александров ... 293

НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК ... 299
Мечтите на Тодор Александров за автономна и независна Македонија ... 299
Тодор Александров за себе ... 307
Другите за Тодор Александров ... 314

БИБЛИОГРАФИЈА ... 327
Извори ... 327
Необјавени спомени, сеќавања и изјави ... 330
Објавени архивски и други изворни материјали ... 331
Спомени ... 334
Весници ... 335
Литература ... 335

РЕГИСТАР НА ЛИЧНИ ИМИЊА ... 345

РЕГИСТАР НА ГЕОГРАФСКИ ИМИЊА И ПОИМИ ... 351

# ПРЕДГОВОР

*„Тој човек, којшто е душата на македонската револуција, поседува една железна волја и неговиот решителен дух не престанува да ги воодушевува оние што го опкружуваат*“.[1]

Тодор Александров е личност која остави длабоки траги во македонското револуционерно движење, а уште повеќе во колективната меморија на македонскиот народ и на македонските емигрантски и бегалски маси во Бугарија. Тој е еден од ретките македонски дејци кој, уште за време на животот, си обезбеди најголем авторитет во Организацијата, потврден веднаш по неговото убиство, со зборовите на еден од најголемите идеолози на организацијата и на Македонскиот национален комитет, професорот Никола Милев: „Само историјата целосно ќе ги оцени личноста и улогата на овој човек. Но фактот што тој уште за време на својот живот триумфално влезе во легендата, покажува колку е големо неговото место во животот на неговите современици. Тоа место Александров си го извојувал со своите лични квалитети: упорна волја, цврст карактер и прониклив ум, ставен во целосна служба на еден голем народен идеал: ослободувањето на Македонија“.[2]

Неговиот идеен противник, лидерот на Бугарската комунистичка партија, Георги Димитров, веднаш по неговото убиство, исто така, ќе им даде до знаење на идните проучувачи на неговото дело: „Негаторскиот однос кон Т. Александров како бугарски националист, македонски предавник, главорез, бандит и сл., јас го сметам за апсолутно погрешен, политички нецелесообразен и крајно штетен“.[3] И академикот и членот на ЦК БКП, штипјанецот Тодор Павлов, во

---

1 Пол Ерио, дописник на парискиот весник „Журнал“. Тодор Александров, Живот-легенда. Съставител Цочо В. Билярски, София, 1991, 70.

2 Тодор Александров, Непубликувани спомени, документи и материали. Подготвил за печат Цочо В. Билярски, София, 2002, 5.

3 Дечо Добринов, Тодор Александров и македонското революционно движение, сп. „Векове“, 1/1980, София, 82–91. Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање во документите на Коминтерната, Том I, Дел 1: 1923–1925, Скопје 1990, 1239–1243.

писмото до сопругата на Александров, Евангелија, од 10 август 1976 година, во комунистичка Бугарија, ќе ѝ напише: „Ве молам да ги примите моите уверувања дека наспроти сите несогласувања меѓу нас, Тодор Александров јас лично сум го ценел, го ценам и досега како крупна политичка личност во нашата историја, особено по потпишувањето на Манифестот, од којшто требаше да се откаже од финансиски и друг притисок на тогашните монархофашистички управници на Бугарија. Тие не му простија и жестоко се пресметаа со него“.[4]

А Ангел Узунов, еден од неговите најблиски соработници, во своите спомени ќе напише: „И кога денес се зборува за Тодор Александров, за неговата дејност како раководител на ВМРО, почесто подробно се цитираат искажувањата на неговите ’противници’, а нему му се даваат епитети кои никако не одговараат на неговите дела... Имам претчувство дека ќе дојде ден кога ќе треба да се истрошат многу мастило и хартија за да се поправи оваа грешка, но да не биде доцна... Тодор Александров беше... предан, несебичен, чесен, како тие што му служеа како пример во неговиот живот. Што му беше на срцето, тоа му беше и на устата. Зборовите си ги потврдуваше само со дела – никој не можеше да го обвини дека зборува едно, а прави друго. Самиот се придржуваше до Уставот и до Правилникот на ВМРО и бараше од другите да се придржуваат, без да се интересира дали станува збор за член на ЦК, за војвода или обичен работник. Тој имаше обичај да кажува: ’Пред Уставот на Организацијата ние сме само обични работници. На колку повисоко стапало ќе се издигне некој во нејзината хиерархија, толку поголеми се барањата кон него, толку построги се и казните. На кој не му се допаѓа, навреме да си прави есап’“.[5]

А неговиот личен секретар Иван Михајлов, неколку години по неговото убиство, ќе напише: „До Тодор Александров революционерна Македонија не познава поголем конспиратор од него – тоа одвај може да се оспорува... Тој даваше печат на незаменлив Александров метод, во чија основа беше правилото: подобро е да се замислиш малку, но да го оствариш, отколку многу нешто да проектираш и да остане неисполнето. Неговата проникливост како стрела се спушташе врз најделикатниот и најтежок момент на едно исполнување, грижејќи се да го објасни, да го проучи и да го разреши... Колку што беше страшен при зададениот удар, толку беше загадочен и страшен при изборот на маневарот, заобиколувајќи го непријателот оддалеку... Тој секогаш беше оптимист,

[4] Централен държавен архив, София (натаму: ЦДА), Фонд 1933 – Тодор Александров, оп. 3, а. е. 23, л. 1–2.

[5] Државен архив на Република Македонија (натаму: ДАРМ) – Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов (необработен), Спомени, 207–208.

фанатично веруваше во успехот на Делото... Духот на македонската револуција Тодор го познаваше од основа, а самиот тој беше негово олицетворение“.[6]

Револуционерното дело на Тодор Александров беше загатка за повеќе историографии и историчари. Неговата контроверзност беше продукт на епитетите и на квалификациите што доаѓаа, пред сè, од непријателите на Македонија и на слободата на македонскиот народ. Спомнатиот Ангел Узунов, кој повеќе години соработувал со Тодор Александров и кој најдобро го познавал неговиот карактер, во своите спомени ја дава следнава карактеристика: „Тодор Александров во својот карактер имаше многу позитивни црти, кои можеби е излишно да се набројуваат, зашто ги знаат и ги признаваат сите. Беше роден за водач и организатор на револуционерното движење – чесен, пожртвуван, комуникативен, цврст, доследен, бескомпромисен кон себеси и кон другите... Неговото најсилно оружје беше неговиот личен пример. Против него не можеа да издржат ни најнедисциплинираните војводи, четници и сл., или поточно кажано тие што пројавуваа лични сфаќања... Тоа што го бараше да го направат другите – најпрвин го правеше тој. Според него, револуционерот во својот живот требаше да биде аскет– и тој беше таков. Од сите бараше работа – тој самиот работеше деноноќно, независно од тоа во какви услови се наоѓаше и во каква здравствена состојба беше... Александров – како водач на ВМРО – се истакнуваше пред сè со својата морална чистота, доследност и посветеност на политичката линија усвоена од ВМРО... Беше умешен во изборот на средствата за борба, немаше скриени намери – директно ги напаѓаше непријателите на Организацијата. Тоа го правеше да биде нејзин целосен господар“.[7]

Во дведецениската револуционерна и лидерска дејност името на Тодор Александров стана „синоним“ на ВМРО и главен „организатор и душа“ на Организацијата. Едни го нарекуваа: „генијален водач“, „најголем воин на Балканот“, „фанатичен патриот“, „најсилна пројава на борбениот македонски дух“, „Последен Мохиканец на Балканот“, „Робин Худ на Балканот“, „Исус на Балканот“, „голем апостол“ и „легенда“ на ВМРО, додека за други беше: „предавник на македонското дело“, „родоотпадник“, „врховист“, „главорез“ и сл. И покрај сè, во народните песни остана опејуван како „единствен борец за слободата на Македонија“. Неговата фотографија, на прославите и свеченостите на македонските емигрантски организации и братства во Бугарија во меѓувоениот период, секогаш го заземаше централното место, како неизбежна иконографија, далеку пославен и од Гоце Делчев.

6 ЦДА, Фонд 1933, оп. 3, а.е. 20, л. 1-3. Ивъ. Михайловъ, „Тодоръ Александровъ“.

7 ДАРМ – Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов (необработен), Спомени, 212.

По наредба на Тодор Александров се убиваа министри, партиски лидери и политички противници на ВМРО, се заплашуваа со смрт кралеви и претседатели на влади, се ослободуваа и се окупираа градови и села. Во својата политичка програма за слободата на Македонија, Александров соработуваше од крајно реакционерни-буржоаски до прогресивно-комунистички движења и партии и секогаш диктираше и поставуваше свои услови и барања. За ваквите негови политички маневрирања, а во услуга на македонското ослободително дело, Благој Видов, активист на ВМРО (Обединета), идеен противник на Александров, во своите ракописни материјали ќе забележи: „Многу обвинувања можат да му се припишат на Тодор Александров, но во едно треба да се согласиме, дека, сепак, бил искрен и доследен во стремежот да биде полезен за Македонија и за македонското дело. Дури и да го прифатиме тврдењето дека Тодор Александров бил агент на германската разузнавачка служба во Првата светска војна, ќе треба да се согласиме дека тој тоа го вршел не од корист, туку од вербата дека со помош на Германците ќе се добие слободата на Македонија. Не бил поттикнат од корист и тогаш кога реши да ги потпише виенските протоколи. Неговиот потпис врз Манифестот и протоколите беше само стратегија и тактика, сметајќи дека тоа ќе биде во услуга на делото за слободна Македонија“.[8]

Тодор Александров е еден од ретките македонски револуционери кој, без да биде објективно и документарно истражен и валоризиран, беше бесрамно анатемисан и свесно идеолошки распнат и долго време беше држен под ембарго од повоените балкански комунистички историографии. Неговата улога во македонското револуционерно движење во македонска историографија беше оцрнета одамна. Нашите „ангажирани“ историчари, кои го држеа монополот на историската вистина, не дозволуваа да се изврши преоценување на нивните партиски и идеолошки сознанија и оцени за личноста и делото на Александров, и покрај тоа што неговото политичко поведение по Првата светска војна беше на македонски државни и политички позиции. Ним, сè уште им се примарни документите од „втора рака“, или поточно на неговите идејни противници, што пишувале или изјавувале за неговата личност и поведение.

Претчувствувајќи ја таквата историска судбина, Тодор Александров во писмото до Наум Томалевски од 1923 година резигнирано ќе напише: „Историјата се повторува, но длабоко верувам дека ќе се најдат родољупци да го запрат одењето удолу, за да се насочиме сите угоре и напред!“.[9]

---

8 ДАРМ, Фонд Благој Видов (необработен), „Някои моменти от македонското революционно движение в България. Втора част. Убиството на Тодор Александров – 1924 година“, 125.

9 ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а. е. 17, л. 1.

А во отворената писмо до претседателот на бугарската влада, Александар Стамболиски, од 17 мај 1923 година, Тодор Александров визионерски ќе предупреди: „Вистината е поголема и од светлината, но кој може и сака да ја види“.[10]

Во 1980 година или, поточно, 76 години по неговата смрт, првпат во бугарската историографија се појави една статија од тогашниот млад историчар Дечо Добринов[11], а по 12 години, во 1992 година, и првиот биографски труд за Тодор Александров, од истиот автор.[12]

Во македонската историографија досега имаше два обида за објавување монографии за Тодор Александров.[13] Заради пообјективно, поцелосно и попродлабочено проучување на личноста на Тодор Александров, авторот на монографијата во 2005 година ги издаде документите на ЦК ВМРО и коресподенцијата на Тодор Александров од 1919 до 1924 година.[14]

При обработката на монографијава настојувавме максимално да ги консултираме сите достапни изворни материјали и литература, голем број од нив досега необјавени и малку познати архивски документи депонирани во архивите во Република Македонија[15], Република Србија[16] и Република Бугарија[17], каде што во Централниот државен архив во Софија се концентрирани најголемиот број од фондовите на Македонската револуционерна организација и на нејзините дејци. Исто така, во монографијата користевме и архивски документи од државните архиви на Италија во Рим, на Полска во Варшава, на Романија во Букурешт и од Архивот на Македонската патриотска организација во Форт Вејн, Индијана, САД.

[10] Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Из архивното наследство на Тодор Александров, Известия на държавните архиви, кн. 60, София, 1990, 237–241.

[11] Дечо Добринов, Тодор Александров и македонското революционно движение...цит., 82–91.

[12] Дечо Добринов, Последният цар на планините. Биографичен очерк за Тодор Александров 1881–1924. София, 1992.

[13] Димитар Галев, Тодор Александров – од автономија до самостојна држава, Скопје, 1995; Бранислав Синадиновски, Тодор Александров, Свети Николе, 1995.

[14] Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924. Избор, предговор и редакција проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2005.

[15] Државен архив на Република Македонија, Архив на Институтот за национална историја, Архив на МАНУ, Библиотека на Институтот за историја на Филозофскиот факултет – Скопје и Архив на Музејот на македонската борба за државност и самостојност – Скопје.

[16] Архив на Југославија – Белград, Дипломатски архив на поранешниот Сојузен секретаријат за надворешни работи – Белград, Архив на Воено – историскиот институт – Белград и Архив на Србија – Белград.

[17] Централен партиски архив – Софија, Централен државен архив – Софија, Научен архив на БАН – Софија, Архив на Министерството за внатрешни работи – Софија, Бугарски историски архив при Народната библиотека “Св. Кирил Методиј” – Софија, Централен воен архив – Велико Трново, Државен архив – Ќустендил, Државен архив – Благоевград и Државен арив – Варна.

Исто така, во монографијава ги вклучивме и документите на Тодор Александров објавени во научните списанија, поголемиот број од бугарскиот историчар и архивист Цочо Биљарски, како и документите објавени во други изданија и брошури, во спомени и во зборници на документи.[18]

Сите овие изворни документи од богатата револуционерна дејност на Тодор Александров, а особено документите напишани и потпишани од него, сублимирано од стотиците напишани апели, желби и мечти, се однесуваат единствено на: ослободувањето на Македонија, создавање посебна македонска држава и создавање автономна, самостојна, независна и обединета Македонија во нејзините етнографски и географски граници. Сето ова е преточено во неговата животна и револуционерна верба: „Македонија заслужува слобода, треба да биде слободна, ќе биде независна. Со таа верба живее, легнува и се буди секој Македонец, каде и да се наоѓа тој“.[19]

Скопје, март 2014 Авторот

---

[18] Види во Библиографијата.

[19] ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а. е. 35, л. 10. Од писмото на Тодор Александров, од 1924 година, до д-р Ренер, адвокат на Јордан Цицонков, атентаторот на министерот на Земјоделската влада, Рајко Даскалов, во судскиот процес во Прага. Објавено кај Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 411-419.

# РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ДЕЈНОСТ НА ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ ДО 1918 ГОДИНА

## Почетоците на Тодор Александров во македонското револуционерно движење

Појавата на Тодор Александров во македонското револуционерно движење најпластично го забележал великанот на организацијата, Даме Груев. Во квечерието на неговото последно заминување за Македонија, во декември 1906 година, тој му се исповедал на еден соборец: „Во редовите на Организацијата влегуваат нови, свежи сили, кои ќе ги надминат своите учители. Меѓу многуте, ќе го спомнам името само на еден од нив: тој е Тодор Александров – слабото даскалче. Навидум никој не би се посомневал дека во таа женствена надворешност се крие револуционер по душа, одличен организатор со цврст карактер и челична волја. Скромен, разумен и тактичен, познавајќи ја одблизу народната душа и болка, тој доминира над народните маси. Строг, пред сè кон себеси, тој е роден за народен водач. На него се полагаат големи надежи од сите наши пријатели; да се надеваме дека ќе закрепне физички и дека нема да се потроши предвреме, зашто е смел до безумие. Големата желба кај мене да си ги видам пријателите ми претскажува дека јас ќе заминам за да не се видиме повеќе. Но, запомнете ми ги зборовите, дека ако тоа момче закрепне, ќе биде голем човек“.[20]

А за искажаните епитети на негова адреса во кои го споредувале со Даме Груев, Тодор Александров во едно писмо до Иван Михајлов, од 26 јули 1924 година, го предупредил дека со тоа ѝ се нанесувало штета не само на ВМРО, туку и нему лично, образложувајќи го пошироко: „Македонија навистина има дадено големи великани, но што сме ние во споредба со нив?! Кога ги читам

---

20 Даме Груев, Спомени. Кореспонденция. Съставител Цочо Билярски, София, 1999, 92.

спомените на Коцето за Даме Груев и си помислувам што би бил тој денес, да беше жив и да го имаше искуството на 30-годишна борба, со силниот пргав ум, со својата голема активност и смелост, со своите ораторски и организаторски таленти, со својата железна волја и со силната енергија и со префинетиот психолошки усет?!... Пред еден великан каков што е Груев, јас ја чувствувам својата ништожност, стојам мирно и се поклонувам пред неговиот спомен и се срамам од изнасилените преувеличени процени за мојата досегашна дејност, особено за некакви мои ’големи’ способности и квалитети, какви што, всушност, не поседувам. Човек со просечен ум, но донекаде со силна волја и со навика да се посветам и да извршувам најсовесно и докрај едно славно дело, во чијашто исправност и корисност сум се убедил, јас можев со огромни натчовечки напори да сторам нешто за воздигање на македонското име, поради недостиг на дејци подготвени од мене за нашите тешки услови за борба. Но колку многу ми недостига за местото што го заземам, јас најмногу сфаќам и чувствувам!“.[21]

Тодор Александров за себе и за многубројните епитети што доаѓале од сите страни, како „најголем човек на Македонија“ и на ВМРО, во едно писмо до неговиот пријател П. Стаматов, од 20 јуни 1924 година, ќе напише: „Македонија во минатото даде великани, имиња кои ги изговараме со смирена благонаклоност и со страхопочит; Македонија и сега создава големи по душа и неповторливи маченици и херои, подготвени за самопожртвување, пред споменот или ликот на кои им симнуваме капа. Ако Македонија немаше создадено голем број горди и скромни маченици, никому непознати, храбри луѓе, при многубројните непријатели кои ја опкружуваат, одамна би престанала да постои и како морална сила и како географски поим. Јас лично, со своите слаби сили и способности, не сум направил ништо повеќе од совесно исполнување на долгот кон распарчената и поробена борбена татковина – Македонија. Функцијата, инаку, ми помогна да работам во моментот со капитал, создаден од сите творци на македонската епопеја и да ги претставувам, засега, идеализмот, моралната сила и цврстината на борбена Македонија. Драгоцените квалитети (и дарби) на Македонија се залог за сигурноста и за брзо извојување на независноста на Македонија, а не способностите на малкутемина водачи“.[22]

---

[21] ЦДА, Фонд 1933, оп. 2. а.е. 28. л. 89. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 695–697.

[22] ЦДА, Фонд 1933, оп. 2. а.е. 28, л. 32. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 621–623.



НОВО СЕЛО, ШТИПСКО

Тодор Александров е роден на 4 март 1881 година во Ново Село – Штип, од родителите, татко Александар Попорушов, и мајка Марија Хаџијанева, и двајцата од Штип. Таткото на Александров, Александар Попорушов ја прекинал попската традиција и наместо да стане свештеник, се определил за учителска дејност и станал учител во Штипската гимназија, а подоцна и талентиран музичар, композитор и писател. Тој бил современик и следбеник на Јосиф Ковачев и на Арсениј Костенцев, родоначалници на штипската просвета, а бил и близок соработник на Мише Развигоров, Тодор Лазаров, Ефрем Чучков и други штипски револуционери. Бил учител во Ново Село, во Штип и Радовиш.

Семејството Попорушеви имало седум деца. Тодор Александров бил втор по ред и единствен син. Неговите шест сестри, Екатерина, Софија, Василка, Елена, Кира и Константина, сите се здобиле со потребното образование, ја завршиле Солунската гимназија и учителствувале во разни краеви на Македонија.[23]

За детските години на Тодор Александров, неговата најмала сестра Константина Александрова, во своите кратки спомени за своето детство, ги наведува раскажувањата на мајка им Марија: „Тодор беше многу добро и послушно дете. Почесто си играше сам, не сакаше да си игра со другарчињата, кои многу го сакаа, зашто умееше да им ги збогати игрите. Најомилената играчка

23 Дечо Добринов, Последният цар на планините...цит., 11.



АЛЕКСАНДАР ПОПОРУШЕВ,
ТАТКОТО НА ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ



ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ

му беше торбичката за куршуми што самиот си ја направил од неговото старо февче, во која ги ставаше од него изделканите дрвени прачки, и така вооружен велеше дека со нив ќе ги убие лошите Турци. Во таа игра тој ги вклучуваше и неговите другарчиња“.[24]

Основно четиригодишно училиште и први клас Прогимназија Тодор Александров завршил во Радовиш, каде што татко му бил назначен за учител. За првите училишни години на Александров, неговата сестра Константина, по кажување на нивната мајка, во своите спомени запишала: „Кога научи да чита, тој често остануваше дома и си читаше. Книгата му беше постојано во рацете. Тој многу сакаше да чита и да ни раскажува за тоа што го научил од книгите. Мајка ми често кажуваше дека Тодор за цело време на школувањето бил многу сериозен во учењето, секогаш бил одличен и не ѝ создавал никакви проблеми. Таа беше многу приврзана кон него, бидејќи чувствуваше дека во него е иднината и поддршката. Тодор умееше и многу сакаше да пее. Најчесто тој пееше ’Не сакаме ни богатство, не сакаме ни пари, а сакаме слобода и човечки правдини’ и ’Ура, ура, напред другари, дојде боен час’, а подоцна со големо воодушевување често ја пееше ’Сонце ходит и заходит, а в душе мое темно’“.[25]

Во 1893 година Тодор Александров со семејството повторно се вратил во Штип, каде што го завршил Прогимназиското штипско училиште. Во 1894 го-

[24] ЦДА, Фонд 1933, оп. 3, а.е. 16, л. 1.

[25] Исто.



ШТИП

дина, кога во Штип престојувале Даме Груев и Гоце Делчев како учители во Штипската прогимназија, Тодор Александров уште како мал, бил сведок на нивното дружење со татко му и со другите штипски револуционери: Мише Развигоров, Тодор Лазаров, Ефрем Чучков и др.

И покрај желбата да го продолжи своето образование во Солунската гимназија, заради немање доволно средства од родителите, Тодор Александров се запишал во Педагошкото училиште во Скопје, коешто во 1898 година го завршил со одличен успех. За престојот на Александров во пансионот на училиштето во Скопје, неговиот соученик Игнат Мангаров се сеќава: „Тодор тогаш се истакнуваше како многу начитан и беше многу тивок и скромен, иако беше секогаш меѓу првите“.[26]

Директор во Педагошкото училиште, а истовремено и учител, му бил Христо Матов, еден од идеолозите и теоретичарите на Внатрешната македонско-одринска револуционерна организација (натаму: ВМОРО). Средбата со Х. Матов ја предодредила и неговата натамошна судбина, за што подоцна, како истакнат деец на раководството на ВМРО, ќе напише: „Судбината ме однесе во Скопје, за да бидам тоа што станав“.[27] По препорака на Х. Матов, Александров во учебната 1897–1898 година положил заклетва за пристапување во редовите на Организацијата.

[26] ЦДА, Фонд 1933, оп. 3, а.е. 16, л.1. Константина Александрова, Спомени от детството ми и покъсно.

[27] Димитар Галев, Тодор Александров....цит., 17.



СКОПЈЕ

Повторно, по препорака на Х. Матов, Тодор Александров на 17-годишна возраст бил назначен за учител во Виница, а потоа во Кочани и Кратово, каде што до 1901 година раководел со месните револуционерни организации. Во меѓувреме, умрел татко му Александар Попорушев и Александров заедно со мајка му Марија и неговата најстара сестра Екатерина, ја презеле грижата за издршка на семејството и за школување на помалите сестри.



ХРИСТО МАТОВ

За време на неговото учителствување во Кратово, соработувал со Павел Шатев, кој тогаш, по аферата при копањето тунел за минирање на Отоманската банка во Цариград, бил интерниран во родниот град. Во своите спомени за другарувањето со Тодор Александров, П. Шатев ќе забележи: „Тодор гледаше многу пореално на нештата и се стремеше да биде полезен за делото, но без да прави експерименти...Тој

ми направи впечаток на многу разумен трезвен ум и подготвен за сите жртви пред олтарот на слободното дело".[28]


ВЛАДИМИР КАРАМФИЛОВ, ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ И ИВАН ШАТЕВ (БРАТ НА ПАВЕЛ ШАТЕВ), ФОТОГРАФИРАНИ ВО КРАТОВО КАКО УЧИТЕЛИ

Од 1901 до 1903 година, Тодор Александров повторно бил учител во Кочани и раководител на кочанската револуционерна околија. И покрај тоа што директно не учествуваше во Илинденското востание, тој непосредно беше во тек со подготовките на востанието во Кочанско, како организациски раководител за Кочани, Виница и Кратово. Заедно со П. Шатев, тој во Кочани учествувал во пренесувањето на дел од експлозивот кој бил искористен во познатите солунски атентати во 1903 година.[29] Кога во пролетта на 1903 година во с. Оризари на средбата со П. Шатев, војводата Аргир Манасиев и Стоил Антов од Ќустендил, на Тодор Александров му било соопштено дека било донесено решение за кревање на Илинденското востание и дека четите почнале да заминуваат по своите реони, тој, и покрај тоа што сметал дека решението за востанието е пребрзано, изјавил дека само за Кочанско се потребни околу 4 000 пушки и веднаш се зафатил, во договор со „кочанското раководно тело", за формирање и за екипирање на кочанската чета.[30]

[28] Павел Шатев, В Македония под ропство, София, 1983, 156.

[29] ЦДА, Фонд 396 – Македонска вътрешна революционна организация, оп. 2, а. е. 2, л. 24–25. Објавено кај: Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Непубликувани документи за дейността на Тодор Александров и ВМОРО (1910–1919 г.), Военноисторически сборник, г. 56, кн. 2, София, март–април 1987, 189–191; Павел Шатев, В Македония под ропство...цит., 159; Тодор Александров, Живот легенда... цит., 31–35; Тодор Александров, Непубликувани спомени, документи и материали...цит., 27–31.

[30] Павел Шатев, В Македония под робство... цит., 323–324.


ПАВЕЛ ШАТЕВ


КУРШУМЛИ-АН

На 27 март 1903 година, Тодор Александров бил уапсен од турските власти, поради „вмешаност во тајната преписка на бугарските разбојнички бунтовници и во раководењето со бунтовничките работи“.[31] При претресот во неговиот дом, турската полиција нашла шифрирани писма и печатен правилник за четите. Во Скопје бил осуден на 5 години затвор и лежел 13 месеци во скопскиот Куршумли-ан.[32] Во затворот Тодор Александров го усовршил францускиот јазик и ги зацврстил врските со дејците на Скопскиот револуционерен округ.

Во април 1904 година бил амнестиран и веднаш бил назначен за учител во Ново Село, Штипско, каде што, како член на Околиското раководно тело, работел во обновувањето и изградувањето на Штипската револуционерна околија, заедно со Тодор Лазаров и Мише Развигоров. Во тоа тие целосно успеваат и, според биографските белешки на Тодор Александров, „Штипската революционерна околија била пример во организацискиот однос во окрузите до Вардар“.[33] За кратко време, Александров станал миленик и следбеник на основоположниците на Организацијата – Даме Груев, Гоце Делчев и Христо Матов.

Во ноември истата година, заради ваквата негова организациска дејност, турските власти му забраниле да учителствува, па дури и да стапне во училиштето. На 10 јануари 1905 година, поради фатено писмо, по судирот на Турците со четата на Мише Развигоров во с. Лезово, Турците се обиделе да

31 Амнестираните Илинденци во 1904 година. Превод и коментар м-р Драги Ѓоргиев, Скопје, 2003, 190–191.

32 ЦДА, Фонд 396, оп. 2, а. е. 2, л. 24–25.

33 Исто.

го уапсат Тодор Александров, му ја опколиле куќата, но тој успеал да им се извлече од раце и веднаш заминал во четата на Мише Развигоров, каде што станал секретар на четата. За заминувањето на Александров во блиската чета, неговата најмала сестра Константина Александрова во своите кратки спомени запишала: „Никогаш нема да го заборавам денот кога го напушти нашиот дом. Во него ние сите ја гледавме нашата единствена поддршка. Тој дојде во четничка униформа, ја повика мајка ни да седне до него и ѝ го кажа следново: 'Мајко, гледаш по облеката дека сум решил да му служам на народот, затоа гледајте се како мажи. Јас со ништо не можам да ви бидам полезен'".[34]



ДАМЕ ГРУЕВ

Оттогаш започнува професионалната револуционерна кариера на Тодор Александров, кој со својот организаторски талент и неисцрпна енергија ќе се издигне до врвовите на ВМОРО.

Како нелегален деец, Тодор Александров бил делегат на Првиот скопски окружен револуционерен конгрес, кој се одржал од 16 до 22 јануари 1905 година во с. Кнежево, Кратовско. На Конгресот тој бил избран за негов секретар. На Конгресот присуствувале околу 60 делегати и околу 250 четници, кои ги придружуваа делегатите и биле во нивна зашти-



ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

[34] Исто, Фонд 1933, оп. 3, а.е. 18, л. 2. Спомени на Константина Александрова за брат ѝ Тодор Александров.


Д-Р ХРИСТО ТАТАРЧЕВ


ПАВЕЛ ХРИСТОВ

та, поделени на групи од по 30–40 души. Воодушевен од огромниот број делегати и четници на Конгресот, Тодор Александров ќе забележи: „Не можеше човек да се нагледа на тие бујни и здрави момчиња, кои од вчерашна ’раја’, од петстотини годишни робови, революционерната организација ги претвори во бестрашни борци за слобода и зс народно обединување“.[35]

На Конгресот биле поставени основните начела на Организацијата, зад кои застанал и Тодор Александров, а тоа биле: принципот на автономијата, принципот на внатрешноста, принципот на револуционерната борба, принципот на политичко-економската дејност и принципот на самостојноста на Организацијата. Тој, меѓу другото, пројавил активно учество во дискусиите по прашањата што се однесувале на: организациското зацврстување на округот, на економскиот и културниот развој на населението, на ликвидирањето на чифлизите како остатоци од феудалната експлоатација на населението и др.[36]

Во годините при подготовките за одржувањето на Рилскиот конгрес во редовите на Организацијата се појавиле внатрешни несогласувања, полемики и судири меѓу припадниците на „левицата“: Ѓорче Петров, Пере Тошев, Јане Сандански и Димо Хаџи Димов, „централистите“: Даме Груев, Христо Матов и д-р Христо Татарчев. На страната на „централистите“ застанала и Штипската околија, раководена од Мише Развигоров. И Тодор Александров, како еден од поистакнатите

[35] Сборникъ „Илинденъ“ 1903–1925 въ паметъ на голямото македонско въстание. Кн. IV, София, 1925, 5–12; Тодор Александров. Непубликувани спомени, документи и материали...цит., 36.

[36] Дечо Добринов, Последният цар на планините...цит., 21.

членови на Штипскиот округ, бил во тек со сите револуционерни превирања во Организацијата, и покрај тоа што не зел директно учество. Близок до организацискиот талент и прагматизмот на Даме Груев, негов идол, тој мошне трезвено ја оценувал реалноста и дејствувал според барањата на конкретната ситуација и во интерес на делото.

Ваквото поведение на Тодор Александров ќе придонесе да биде избран за делегат на Штипската околија за Вториот скопски конгрес, одржан во јули 1906 година во Бугарија. На Конгресот тој бил избран за секретар на Привременото биро, пројавувајќи слични погледи со раководителот и идеологот на Конгресот, Петко Пенчев. На Конгресот тој предложил неколку решенија по Правилникот за внатрешниот ред на Конгресот, со цел тој да добие максимално конструктивен и деловен карактер, како и создавање на печатен орган на Скопскиот револуционерен округ. На негов предлог, Конгресот усвоил заклучок за формирање терористички групи на ВМОРО што ќе ја попречуваат дејноста на српската и грчката пропаганда во Македонија, како и да ги заплашуваат турските чифликсајбии за да им ја продаваат земјата на македонските селани. На Вториот скопски конгрес биле донесени неколку одлуки, коишто ќе станат основни принципи во идното дејствување на „централистите“ и ќе оставаат длабок печат врз целокупниот развој на македонското револуционерно движење, како што се: односот кон Бугарија и бугарските политички фактори; принципиелниот однос кон прашањето за туѓите пропаганди во Македонија и прогласувањето на ВМОРО за единствена револуционерна организација на територијата на Македонија и Одринско. Во однос на Бугарија, Конгресот препорачувал политиката на ВМОРО да биде јасна и „строго определена“, односно таа да може да влегува во однос со официјалните бугарски власти, да добива помош отсекаде, но без да прифаќа обврски и да ја зачува својата самостојност. На Конгресот се дискутирало и за можно, во блиска иднина, создавање на една „Балканска федеративна револуционерна организација“, но таквиот принцип на федеративноста на ВМОРО го разгледал како теоретско значење, без да ја поставува дејноста на Организацијата во зависност од постигањето на таквиот идеал.[37]

На Конгресот биле избрани делегати за претстојниот општ конгрес на ВМОРО, а меѓу делегатите Х. Матов и П. Пенчев, бил избран и Тодор Александров. Тоа, всушност, претставува и признание за Тодор Александров за неговата работа и популарноста во Организацијата и за довербата што ја стекнал кај делегатите и присутните дејци на Конгресот.

[37] Исто, 26–27.


ПЕТКО ПЕНЧЕВ

Поради заболување од туберкулоза, Тодор Александров, по совет на лекарите, заминал во Бургас, каде што бил учител во учебната 1906/1907 година. Во пролетта на 1907 година, кога дознал за убиството на Мише Развигоров, тој го напушта учителствувањето во Бургас и повторно се вратил во Македонија за да го заземе местото на својот учител, кај кого тој се формирал како револуционер и со кого биле мошне блиски. Набргу бил назначен за секретар на кочанскиот околиски војвода Симеон Георгиев. Во ноември истата година, на Третиот редовен конгрес на Скопскиот револуционерен округ, одржан од 8 до 14 ноември 1907 година, бил избран за окружен војвода. Под негово раководство, Штипската револуционерна околија, и воопшто Скопскиот револуционерен округ, биле организирани на највисоко ниво.

Во 1908 година Тодор Александров влегува во раководството на ВМОРО и започнува негово брзо напредување. Имено, по убиството на Борис Сарафов и Иван Гарванов во ноември 1907 година, Христо Матов го поставил за благајник на Организацијата и станал негова десна рака. Оттогаш, всушност, започнува неговото брзо издигање во Организацијата. За неговата работа во Задграничното претставништво на ВМОРО, Христо Матов во своите спомени забележал: „Па и воопшто, Тодор Александров се покажа за деловна организациска работа како еден од најспособните луѓе што ги имала Организацијата“.[38]

Во март 1908 година, Тодор Александров како делегат на Скопскиот револуционерен округ учествувал на Ќустендилскиот конгрес во с. Жабокрт. На Конгресот бил задолжен околу подготовките и организацијата, одговорен за сместување на делегатите и за финансиското осигурување.

Известувајќи за состојбата во Скопскиот револуционерен округ, Александров на второто заседание на Конгресот, одржано на 6 март, реферирал дека во округот имало околу 1 700 пушки-манлихерки, над 2 200 пушки-берданки и околу 1 000 други пушки, вкупно околу 5 000 пушки. Понатаму, дека бројот на милицијата „задоволува“, дека духот кај населението „е добар“, но немало искусни борци во

[38] Исто, 30.


СИМЕОН КЛИНЧАРСКИ

„борба и во практика“ и дека требало да се засилат „воената обука и дисциплината“. Во однос на чифлигарските земји, Александров известил дека поголемиот дел, односно 75% од турските чифлигарски земји, „благодарение на Организацијата“, биле откупени.

На четвртото заседание, одржано на 8 март, во врска со прашањето за создавање на „терористички групи во градовите“, Тодор Александров го изнел мислењето дека „треба да има терористички групи“, затоа што: „1) ефектот од атентатите е поголем; 2) зашто може да им се наштети на европските интереси; 3) зашто се намалува незадоволството кај сланите од бездејноста на граѓаните; 4) се искористуваат многу добри и енергични сили во градовите, коишто досега не беа искористени...“.

На петтото заседание, одржано на 9 март, на кое се донесувало решение за признавање на Јане Сандански за виновен за убиството на Борис Сарафов и Иван Гарванов, Тодор Александров се изјаснил Јане Сандански и сите виновници и поттикнувачи да се казнат и „да се издаде пресуда против непосредните убијци“, бидејќи Ј. Сандански „и пред тоа правел престапи“ со обидот да го убие Б. Сарафов по Рилскиот конгрес во 1905 година, со „растурањето на вториот општ конгрес“ и за „теророт“ што го извршил во Серско. Во дискусијата Александров бил категоричен дека Ј. Сандански треба да се казни со смрт, затоа што тој бил осуден од „целата општествена јавност и од целата Организација“ и дека Конгресот треба да ги осуди убијците, „бидејќи интересите на Организацијата се врховни“.[39]

[39] Кюстендилският конгрес на ВМРО 1908 г. Съставител Кирил Пърличев, София, 2001, 37–101.

## Тодор Александров за време на Младотурската револуција

За време на Младотурската револуција Тодор Александров – за разлика од „левицата“ на ВМОРО, предводена од Јане Сандански, Христо Чернопеев и Тодор Паница – се однесувал со извесна недоверба кон младотурците. Не верувајќи во искреноста на младотурците, заедно со Ефрем Чучков, не ги разоружил и легализирал четите на Скопскиот револуционерен округ. За ваквата нивна постапка, Александров во своите биографски белешки ќе забележи: „Предвидувајќи дека со таквата ’револуција’-фарса младотурците имаат за цел да се спасат од реформската акција, за да ја задржат под турско ропство Македонија, ги задржавме четите на Скопскиот револуционерен округ неколку недели подоцна, додека да го скријат оружјето и да ги подготват селаните за привремено мирување до погоден момент“.[40] Притоа, тој на своите војводи и четници им рекол: „Не радувајте се браќа, тоа е измама од Турците“. За време на акцијата за разоружување од страна на Турците, Александров испратил писма во Штип, коишто биле залепени по ѕидовите на некои куќи со следнава содржина: „Не измачувајте го народот, зашто оружјето не е кај него. Оружјето е тука, елате да си го земете“. По неколку дена турските власти во Штип ја запалиле куќата на Александров, а мајка му и малолетните сестри одвај се спасиле од огнениот пламен.[41]

Како што понатаму се одвиваа настаните, Тодор Александров беше еден од ретките македонски револуционери кои сфатија дека младотурците нема да ѝ ја донесат слободата на Македонија. Кон крајот на 1908 година, тој во едно писмо од Солун до Христо Матов, кој тогаш се наоѓал во Ница, Франција, му напишал: „Ако во Македонија треба да се води борба, таа треба да биде само нелегална“.[42]

По легализирањето на четите, Тодор Александров бил назначен за окружен ревизор на црквите, манастирите и училиштата во Скопскиот округ, со препорака од Скопскиот митрополит дека најдобро ќе ги брани од „силните удари на српската пропаганда“.[43] На 2 август 1909 година, турската власт на

40 ЦДА, Фонд 396, оп. 2, а. е. 2, л. 24–25.

41 Исто, Фонд 1933, оп. 3, а.е. 18, л. 2–3. Спомени на Константина Александрова за брат ѝ Тодор Александров.

42 ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени, 136.

43 ЦДА, Фонд 396, оп. 2, а. е. 2, л. 24–25.


ЕФРЕМ ЧУЧКОВ

Штип повторно се обидела да го уапси, но тој успеал да избега во Бугарија. Во Софија тој работел заедно со Христо Матов и д-р Христо Татарчев за снабдување средства и материјали неопходни за оружената дејност на четите, како и на подготвувањето и организирањето чети за Македонија.[44] Предизвикан од турските злосторства во Македонија, систематските убиствата, апсењата и осудувањата на раководителите, војводите и четниците на Организацијата, и образложувајќи ги причините за преминувањето во илегалност, Тодор Александров во ноември 1909 година испратил статија за објавување во софиските весници, во која истакнал дека станале нелегални за да не бидат осудени за извршените дејства пред Хуриетот и биле принудени да избегаат во планините за да не бидат убиени од Турците.[45]

Кон средината на декември 1909 година, Тодор Александров бил уапсен од бугарските власти. За своето ненадејно апсење, тој во писмото од 21 декември 1909 година до Ангел Узунов, пунктов началник на Ќустендил, му напишал: „До мое апсење дојде по инсистирање на Асем-беј кај Такев.[46] Останав 24 часа во полициската станица, каде што се однесуваа многу грубо спрема мене. Утрото на 15-ти ме одведоа од станицата кај градоначалникот, кој ми објасни дека ова се случува на инсистирање на Асем-беј и ми понуди да си одберам град каде што ќе ме интернираат. Јас збеснав и му одговорив: ’Досега го користевме гостопримството на Бугарија, за што сме благодарни. Јас лично никогаш, ми се чини, не го злоупотребив тоа гостопримство. Ако отсега бугарската влада по ќефот на Асем-беј или на некој друг почне да нè растерува од едниот крај на Бугарија на другиот, ќе бидеме принудени да бараме гостопримство во друга, вистински независна држава, каде што не се извршуваат наредбите од Цариград. Со оваа мерка владата се плука самата себеси и го срамоти независното Царство Бугарија’. Како одговор на тоа, градоначалникот ги крена рамената и

[44] Д-р Христо Татарчев, Спомени, документи, материали, София, 1990, 15.

[45] Тодор Александров, Непубликувани спомени, документи и материали...цит., 84–86.

[46] Михаил Такев (1864–1920), министер за внатрешни работи на Бугарија.



ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ

рече дека тој извршува наредба и вети дека ќе го замоли министерот за нејзино повлекување. Благодарение на ургенцијата на д-р Христо Татарчев и на некои истакнати делегати, наредбата е повлечена и јас можам слободно да живеам тука“.[47]

А за своето апсење, во едно писмо до Григор Василев, бугарски политичар и општественик, на 19 декември 1909 година, му напишал: „Досега Бугарија ни давала гостопримство, за што сме ѝ благодарни. Јас лично, ми се чини, никогаш не сум го злоупотребил тоа гостопримство. Ако во иднина бугарската влада, по желба на Асам-беј или кој и да било друг, почне да нè шета од еден крај на Бугарија во друг, ќе бидеме принудени да побараме гостопримство во други вистински независни држави, каде што не се извршуваат наредбите од Цариград. Мислам дека со тоа владата самата си плука и го осрамотува независното Царството Бугарија“. Во писмото Александров му сугерира на Г. Василев да напише неколку статии во весникот „Камбана“ против убивањето четници и војводи на Организацијата и против масовните апсења во Битола од страна на Турците и „да се поканат бугарската општествена јавност и владата да започнат со митинзи, протести, ноти и др., за да го постават македонското прашање пред општествената јавност во Европа и пред големите сили. На тој начин, да се подготви општествената јавност тука и таму за идната револуционерно-терористичка дејност на Организацијата“.[48]

Во улога на фактички раководител на ВМОРО, спроведувајќи ги решенијата на раководството на ВМОРО за обновување на организацијата во Македонија, Тодор Александров во пролетта на 1910 година заминал со четата во Скопскиот револуционерен округ. На 29 април 1910 година, од Македонија тој му испратил писмо на пунктовиот началник на Ќустендил, Ангел Узунов, во кое му напишал: „Поминав успешно. Работата оди многу добро. Економските загуби по Хуриетот, мухаџирскиот напад и аскерлакот ги тераат селаните да

47 ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени, 138.

48 Един живот в писма. Из архивата на Григор Василев. Том II. Писма до него. Предговор, съставителство и бележки Цочо В. Билярски, София, 2000, 11-13

бидат подготвени на секаков ризик и на секакви жртви. Верувам дека за 2–3 месеци работата ќе се среди како пред Хуриетот“.[49]

Обновувајќи ја Организацијата во Округот, тој со успех се борел против жестоката акција на младотурците за разоружување, успевајќи да зачува голем дел од оружјето и да прибере големи парични средства за зајакнување на Организацијата. Со спасеното оружје и со собраните пари на Скопскиот револуционерен округ, Тодор Александров им помогнал и на дејците од другите револуционерни окрузи за обновување и за засилување на Организацијата таму. За неговата дејност во овој период, пунктовиот началник на Ќустендил, Ангел Узунов, во своите спомени забележал: „По негова наредба набрзо подготвивме неколку мали чети кои требаше набрзо да поминат низ селата, да погостуваат ден-два кај старите познати, односно да го испитаат расположението. ’Тие нема да се задржат на едно место – велеше Тодор Александров – ќе ги проверат каналот и старите јавки. Ќе каснат од нивниот леб и според тоа како ќе ги нагостат, ќе ги направиме нашите заклучоци’. Кога Т. Александров се врати од Македонија, четите веќе беа готови – со нови алишта и со добро оружје – тоа исто така беше негова наредба. ’Да не одат таму закрпени, туку сè да биде ново. Новата облека и новото оружје фаќаат око’. Луѓето го пречекаа со нетрпение и со радост, а тој донесе уште подобри вести. ’Влегувајте храбро, народот ве чека’ – беа неговите први зборови. – Со братски бакнеж пречекуваат, со солзи испраќаат’. Умееше Тодор да зборува со луѓето, им даде упатства каде што има низ границата...“. До пунктот во Ќустендил Тодор Александров испратил наредба, која веднаш со курири била доставена до погранични околии: Царевоселската, Кочанската, Кратовската и Паланечката, во која сите погранични села се повикуваат да започнат да го пренесуваат и да го предаваат своето оружје во Ќустендил.[50]

Организациската дејност на Тодор Александров во Македонија ќе биде повод турските власти да ја уценат неговата глава со четири илјади турски лири. Со ваквата своја организациска и теренска дејност, Тодор Александров се издигнал во централна фигура на македонското револуционерно движење.

Од 1910 година, разединетите дејци на македонското револуционерно движење презеле иницијатива за обединувања на раководителите на сите револуционерни окрузи и за започнување нова заедничка дејност на Организацијата. По неколку советувања, во февруари 1911 година на едно заедничко

---

[49] ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени, 139.

[50] Исто.



ПЕТАР ЧАУЛЕВ

собрание била избрана комисија во состав: Павел Христов, Тодор Александров, Христо Чернопеев и Антон Бузуков, со задача да ги усогласат принципите за заедничка дејност, којашто се однесувала на: „обновување на револуционерната борба во името на автономија на Македонија и Одринско, независност на револуционерната организација при строго централизирана и конспиративна структура и создавање на немногубројна, но здрава револуционерна армија“.

Веднаш потоа, на 26 февруари, бил донесен Протокол за „обединување на сите групи во една организација“ и, по пат на компромис, било избрано ново раководство на Централниот комитет во состав: Тодор Александров, Петар Чаулев, Христо Чернопеев и Александар Протогеров, како резервен член,[51] врз основа на Правилникот од Ќустендилскиот конгрес, кој предвидувал при невозможни услови да се свика конгрес на Организацијата и раководните органи да се избираат преку писмена согласност меѓу револуционерните окрузи. Така, Тодор Александров бил избран за член на ЦК ВМОРО, како најистакнат претставник на Скопскиот револуционерен округ, Петар Чаулев, како еден од најпопуларните војводи на Битолскиот револуционерен округ, и војводата Христо Чернопеев, како претставник на Серскиот револуционерен округ.



ХРИСТО ЧЕРНОПЕЕВ

Во пролетта на 1911 година Тодор Александров и другите двајца членови на ЦК ВМОРО, Петар Чаулев и Христо Чернопеев, заминале за Цетиње, каде што се

[51] Национално-освободителното движение на македонските и тракийските българи 1878–1944, Том 3, София, 1977, 254–255.

сретнале со албанските водачи, со цел да се договорат за заедничка дејност против турската власт во Македонија.

Во летото и есента на 1911 и во летото на 1912 година, под раководство на Тодор Александров, војводите и атентаторските месни групи на Организацијата извршија повеќе систематски бомбашки атентати врз возови, железнички мостови и станици, над жандармериски станици во градови и на многу места во Македонија.

Во октомври 1911 година, ЦК ВМОРО, испратил Мемоар до генералните конзули на големите сили во Солун, Скопје, Битола и Одрин во кој се укажувало на неподносливата положба во Македонија под власта на младотурскиот режим. Во Мемоарот, раководството на Организацијата изјавило „отворено и формално пред цивилизираниот и хуман свет, дека во иднина, како и во минатото, ќе се бори со сите средства, со коишто располага, за постигнување на својата цел – автономија на Македонија“. За остварување на ваквата цел, се барало „воведување автономна управа под покровителство и гаранција на големите сили“.[52]

По повод атентатите во Македонија, ЦК ВМОРО на 27 ноември 1911 година издал Декларација, во која се критикувала Европа поради нејзиниот рамнодушен однос кон македонското прашање, при што се укажувало дека ВМОРО нема да ја остави „Македонија незаштитена од мирното истребување“, посочувајќи на употребата и на револуционерни средства. ЦК ВМРО, Декларацијата ја завршил со следниов повик: „Поздрав на борците! Да живее слободата на Македонија!“.[53]

## Тодор Александров во Првата балканска војна

Во 1911 година, со обновувањето на ВМОРО, новото раководство на Организацијата, во состав: Стефан Николов, претседател, и членови: Александар Протогеров, Тодор Лазаров, Тодор Александров и Павел Христов, на 15 март 1911 година излегло со Протокол, во кој објавило дека политичката цел на Организацијата си останува иста: „Придобивање автономија на Македонија

52 Вътрешната македоно-одринска революционна организация (1893–1919 г.). Документи на централните ръководни органи (устави, правилници, мемоари, декларации, окръжни, протоколи, наредби, резолюоции, писма), Том I, Част II. Съставителство: Цочо Билярски, Ива Бурилкова, София, 2007, 1014–1015.

53 Исто, 1018–1019.

и Одринско во нивната целост". Во Протоколот, меѓу другото, било наведено дека „воената цел на Организацијата треба да биде: создавање една тајна, немногубројна, но здрава револуционерна армија", таа „да си остане самостојна", финансиски независна од ниедна странска сила или држава".[54]

Во септември 1911 година, Тодор Александров од касата на ВМОРО почнал да го финансира издавањето на весникот „Вардар", под редакција на Данаил Крапчев, со задача да ја разобличува политиката на младотурците и да ги заштитува позициите на „централизмот" во Организацијата. Во кампањата против младотурците и нивните поддржувачи во Бугарија, тој и лично се вклучил со објавување на неговата статија во весникот „Камбана", под наслов „Революција или провокаторство".[55]

Во почетокот на 1912 година, Тодор Александров заминал во странство со цел да организира доставување оружје и материјали неопходни за оружената дејност на Организацијата. Наоѓајќи се во странство, кај него се појавила желба да го продолжи своето образование на еден од европските универзитети, за што во едно писмо од февруари 1912 година побарал и совет од Пеју Јаворов.[56] Но, таквата желба останала само илузија, бидејќи во предвечерието на Балканските војни тоа било незамисливо за еден од најголемите раководители и организатори на ВМРО.

Во 1912 година, во предвечерието на Балканските војни, ВМОРО била исправена пред нови предизвици. Тодор Александров во април 1912 година навлегол со чета во Македонија, крстосувајќи низ повеќе региони, со цел да го сондира мислењето на организираните членови на Организацијата и да изгради стратегија за натамошно дејствување. Во едно писмо до Пеју Јаворов од 22 април 1912 година, тој му напишал дека дошол „еден од најсудбоносните моменти за реализирањето на заветниот народен идеал" и дека внатре, во Македонија, тој ќе настојува да стори „сè што е можно" за доброто на Македонија.[57]

Во текот на 1912 година започнале и интензивни преговори за обединување на расцепканите сили во македонското револуционерно движење пред самиот почеток на Првата балканска војна. Раководството на ВМОРО во сите документи, писма, декларации, меморандуми и натаму истакнувало дека ос-

---

[54] Исто, 1004–1006.

[55] Дечо Добринов, Последният цар на планините...цит., 43.

[56] Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Непубликувани документи за дейността на Тодор Александров и ВМОРО (1910–1919 г.)...цит., 190.

[57] Исто, 154–155.

новната цел на нејзината борба е извојување автономна македонска држава во нејзините етнички, географски и економски граници. Во предвечерието на војната, ВМОРО јасно и отворено декларирала дека ќе се бори против сите туѓи влијанија однадвор кои имале за цел да ја оттргнат Организацијата од нејзината основна цел – автономија за Македонија и Одринско.

На 29 јуни 1912 година Тодор Александров, во улога на окружен војвода и член на ЦК ВМОРО, упатил писмо до „нелегалните сили во Скопскиот революционерен округ", во кое им препорачал „да не се легализираат и предаваат пред да се одржи општ конгрес на Организацијата, којштo откако ќе ги процени новосоздадените услови ќе земе соодветно решение". Во писмото, Александров им наредил да ги засилат динамитните атентати врз возови, станици, мостови и градови, подвлекувајќи дека само на тој начин може да се издејствува решавањето на македонското прашање, односно како што напишал во писмото: „Ќе извојуваме автономија на Македонија и Одринско. Сега или никогаш. Впрочем, сите на работа!".[58]



КУКУШ

Целото лето на 1912 година Тодор Александров со својата чета се движел во реонот на Кукуш и Солун, каде што пред започнувањето на Балканските војни раководел со извршувањето на серија атентати во овие подрачја. Во септември истата година, Тодор Александров, од името на ЦК ВМОРО, издал наредба нелегалните чети на Организацијата да извршуваат диверзантски акции во

[58] ЦДА, Фонд 1933, оп. 3, а.е. 29, л. 1–2. Објавено кај Вътрешната македоно-одринска революционна организация (1893-1919 г.)...цит., 1029–1030.



СОЛУН

тилот на турската војска како помош на балканските сојузнички војски. Пред почетокот на Првата балканска војна, тој заедно со другиот член на ЦК ВМОРО, Петар Чаулев, застанал на чело на вооружените чети на Организацијата.

На 26 септември 1912 година било формирано Македонско-одринското доброволство, кое на почетокот броело околу 6 500 луѓе, а подоцна се зголемило на околу 14 000 борци. Оваа вооружена формација, која се борела во состав на бугарската војска, била составена претежно од поранешни четници и војводи на ВМОРО. Од друга страна, ЦК ВМОРО со почетокот на борбените дејства во Македонија испратил 47 чети кои дејствувале самостојно и во голем степен ги помогнале сојузничките балкански војски. Според податоците од Штабот на македонско-одринското доброволство, Организацијата за време на Првата балканска војна на територијата на Македонија имала мобилизирано вооружени чети и селска и градска милиција во бројност од околу 15 000 луѓе. Самостојните чети на ВМОРО започнале да ослободуваат градови и села на целата етногеографска територија на Македонија и да воспоставуваат привремена власт, пред да навлезат во нив сојузничките балкански војски.

Четите на ВМОРО во Кукушко и Солунско, предводени од Тодор Александров, го ослободиле градот Кукуш и формирале привремена власт. Потоа, навлегувајќи во Солунско, ослободиле повеќе населени места и влегле во Солун, каде што останале сѐ до крајот на Првата балканска војна. Во овој период, на Тодор Александров му било предложено да стане окружен управник

на Кукуш, но тој го одбил, бидејќи имал нови планови со натамошната работа во ВМОРО.[59]

Во октомври 1912 година во Солун се одржало советување на ЦК ВМОРО, на кое, покрај Тодор Александров и Петар Чаулев, присуствувале и Христо Матов, Петко Пенчев, Коста Ципушев, Георги Баждаров и др. На советувањето биле разгледани дејствата на сојузничките армии и нивната окупаторски поведенија во Македонија и било решено Тодор Александров да замине во Софија и да го запознае претседателот на бугарската влада Иван Гешов со положбата на територијата окупирана од Србите и Грците. По враќањето во Солун, Тодор Александров им наредил на револуционерните дејци што се наоѓале таму да заминат нелегално во своите места, да го чекаат развојот на настаните и да го поддржуваат духот на населението. Според Ангел Узунов, кој, како што пишува во своите спомени, многу пати подоцна ги прашувал Тодор Александров, А. Протогеров и Х. Матов дали им биле познати клаузулите на бугарско-српскиот договор за поделбата на Македонија, тројцата му дале еднакви одговори – дека за нив дознале во текот на самата војна.[60]


ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ
ЗА ВРЕМЕ НА ПРВАТА БАЛКАНСКА ВОЈНА

Развојот на воените дејства и опасноста од распарчување на Македонија во периодот меѓу двете балкански војни, било повод Тодор Александров, во името на ЦК ВМОРО, на 6 декември 1912 година да упати Меморандум до бугарскиот цар Фердинанд, во кој му предочил на царот дека заради опасноста од „грабителски замисли“ на Србија и Грција спрема Македонија „Внатрешната организација застанала на идејата најпрвин да дејствува само за автономија

[59] Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Непубликувани документи за дейността на Тодор Александров и ВМОРО (1910-1919 г.)...цит., 190–191.

[60] ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени, 149.

на Македонија“, со цел да ја спаси од распарчување. Укажувајќи во Мемоарот дека „Внатрешната организација, верна на својот скап завет да работи за слободата на целокупна Македонија“, Тодор Александров „од името на нашиот измачен народ“ побарал од Царот Фердинанд „да се застапи со сите средства да се избегне каква и да е поделба на Македонија“, додавајќи: „Вашето Величество нека биде уверено дека за таа цел може да смета на помошта на македонскиот Бугарин до неговата последна капка крв“.[61]

Во почетокот на 1913 година, Тодор Александров бил назначен за началник на разузнавачкиот пункт на III македонска бригада во Штип, каде што од Канцеларијата на Штабот го раководел дејствувањето на четите на ВМОРО и праќал разузнавачки извештаи за положбата, распоредот и бројот на српските воени единици.[62] Под негово раководство се извршиле бројни саботажи против српските војски и се собирале сведоштва за српските злосторства над македонското население во овој дел на Македонија. Токму во овој период тој ќе заземе цврст и решителен став дека борбата против Србија треба да се поведе со сите средства и дека треба македонското население да се подготви за прокламирање на „слободна Македонија“ при првиот најповолен момент. Во април 1913 година, грчките власти во Солун го уапсиле Тодор Александров, но набргу биле принудени да го пуштат.

Спротивставувајќи се на спорните зони на територијата на Македонија во договорите со сојузничките балкански држави, ЦК ВМОРО на 16 мај 1913 година објавил Декларација, во која „навреме и категорички“ изјавил дека „ако македонското прашање не се реши така како што тој сака, нема да ја прекине својата револуционерна дејност и дека во виорот на борбата нема да се двоуми да се послужи со сите средства со кои располага, без да води сметка за Женевските и другите меѓународни конвенции“.[63]

По завршувањето на Првата балканска војна во Лондон, на 30 мај 1913 година, бил потпишан мировниот договор меѓу Балканскиот сојуз и Турција. Примирјето, всушност значело привремено примирје и подготовка за нов воен судир, но сега меѓу Бугарија и другите две членки на Сојузот – Србија и Грција. Членките на Сојузот успешно ја решиле првата цел во војната: победата над Турција и нејзиното воено и административно повлекување од Балканот

---

[61] Вътрешната македоно-одринска революционна организация (1893–1919 г.)...цит., 1041–1042.

[62] Централен воен архив – Велико Трново, Фонд 422, оп. II, а.е. 18, л. 311–313, 359–361. Објавено кај Вътрешната македоно-одринска революционна организация (1893–1919 г.)...цит., 1055–1056.

[63] Вътрешната македоно-одринска революционна организация (1893–1919 г.)...цит., 1053–1054.

пред портите на Истанбул. Но, во меѓусебните политички и дипломатски односи не можеле да се договорат околу поделбата на Македонија, тргнувајќи од сопствените експанзионистички стремежи и интереси на Балканот. Притоа, ниту една од нив не помислила на националните и државните потреби и стремежи на македонскиот народ.

Според Лондонскиот мировен договор, територијата на Македонија била поделена помеѓу сојузничките балкански војски. Членките на Сојузот – Србија и Грција – веднаш во окупираните подрачја во Македонија воспоставиле свои воено-окупаторски власти, коишто започнале со прогони, протерување на нелојалното население, вршеле реквизиции на храна, одземање на добиток, мобилизирање на населението и други присилни мерки. На териториите кои биле окупирани од српска и грчка војска, започнало прогонување на четите на Македонската револуционерна организација. Голем број четници на Организацијата биле уапсени и затворени. Во период од неколку месеци, од крајот на 1912 година до првите месеци на 1913 година, српската власт во Македонија извршила ликвидација на неколку истакнати дејци и војводи на ВМОРО. Ваквите мерки на српската власт предизвикале реорганизација на четите и на селската милиција на ВМОРО, кои се концентрирале во бугарско-српските и бугарско-грчките зони на разграничување во Македонија и чекале погоден момент за нови вооружени акции.

## Тодор Александров во Втората балканска војна

По еден месец од потпишувањето на мировниот договор во Лондон, подготовките за војна меѓу спротивставените страни во Сојузот биле завршени. Во секој момент се очекувало која од страните ќе го започне нападот, сојузените Србија и Грција против Бугарија или таа сама против нив, која била крајно незадоволна од територијата што ја добила од Македонија по поделбата, и покрај големите успеси и жртви во борбите со турската армија.

На 30 мај 1913 година Тодор Александров од Штип упатил писмо до дејците на ВМОРО, во кое навестувајќи го отпочнувањето на Втората – меѓусојузничка балканска војна, ги потсетил на „долгот на секој македонски деец и член на Организацијата“ да ги употреби сите усилби за „слободата на Македонија“ во претстојната борба со Србите и Грците. Цврсто верувајќи во ос-



ПИСМО НА Т. АЛЕКСАНДРОВ ДО А. ПРОТОГЕРОВ, ИСПРАТЕНО ВО ШТИП НА 29,05,1913 Г.

лободувањето на Македонија од страна на бугарските војски и од четите на Организацијата, на крајот од писмото тој на своите соборци им порачал: „До гледање во слободните бугарски градови: Скопје, Битола и Солун“.[64]

Кон крајот на јуни 1913 година започнала Втората балканска меѓусојузничка војна за прераспределба на етногеографската територија на Македонија. Раководството на ВМОРО и самиот Тодор Александров целосно се посветиле на подготовките за учеството на борбените сили на Организацијата под команда на Главниот штаб на бугарската армија и на Штабот на Македонско-одринското ополчение.

Во полномоштвата на ЦК ВМРО од јули и август 1913 година, дадени на интелектуалните членови на раководството на Организацијата задолжени за дипломатските преговори со странските претставници – професорите Иван Георгов, Љубомир Милетич, Димитар Михалчев и Никола Милев, како и Гри-

[64] ЦДА, Фонд 1932, оп. 1, а.е. 17, л. 3. Објавено кај Вътрешната македоно-одринска революционна организация...цит., 1055–1056. Писмото носи датум од 10 јуни 1913 г., што е погрешно.


St JAMES'S PALACE,
LONDON.

Protocole annexe.

En procédant à la signature du Traité de Paix, conclu en date de ce jour, entre la Bulgarie, la Grèce, le Monténégro et la Serbie, d'une part, et la Turquie, de l'autre, les soussignés Plénipotentiaires de Bulgarie et de Turquie, dûment autorisés par leurs Gouvernements respectifs, sont convenus par le présent Protocole, qui fera partie intégrante dudit Traité et aura la même force et valeur, que le Traité de Paix entrera en vigueur et produira tous ses effets à partir du jour de la signature.

En foi de quoi, les Plénipotentiaires respectifs ont signé le présent Protocole annexe et y ont apposé leurs cachets.

Fait en deux exemplaires, à Londres, au

ФАКСИМИЛ ОД БУКУРЕШКИОТ МИРОВЕН ДОГОВОР

гор Василев и Тодор Павлов – пред одржувањето на мировните договори во Букурешт, се барало во негово име да се залагаат за принципот на Организацијата – гарантирање автономија на Македонија од страна на Големите сили, „во полза на сите народности што ја населуваат“.[65]

По поразот на Бугарија, од 28 јули до 10 август 1913 година се одржала нова мировна конференција во Букурешт. Со Букурешкиот мир биле разбиени гео-политичката, етничката и економската целина на македонскиот народ. Покрај сите опожарувања и уривања на македонските градови и села, свирепите убиства и прогони на македонското население, сепак, најтешка последица на Балканските војни е поделбата на Македонија на три дела од страна на Грција, Србија и Бугарија. Покрај тоа, на македонското национално и ослободително движење му бил нанесен жесток удар, а македонскиот народ, и покрај огромните жртви што ги даде во редовите на сојузничките армии, бил поделен и подложен на жестока денационализација и асимилација од истите тие сојузени балкански држави – Србија, Грција и Бугарија.

[65] Вътрешната македоно-одринска революционна организация ... цит., 1058–1060.

И покрај примирјето и потпишаниот мировен договор во Букурешт, раководството на ВМОРО не се помирило со новонастанатата состојба во Македонија. На 11 август 1913 година, само два дни по потпишувањето на Букурешкиот договор, ЦК ВМОРО одржал советување на кое биле донесени решенија за обединување на сите дејци и за надминување на недоразбирањата и за поведување дипломатска и вооружена борба за ревизија на Букурешкиот договор.[66] Притоа, ЦК ВМОРО ја овластила делегацијата, составена од професорите Љубомир Милетич, Иван Георгов и Александар Балабанов, да ги посетат владите на големите европски држави и од името на Организацијата да им предадат опширен Меморандум, во кој било истакнато дека додека Букурешкиот договор не биде ревидиран од Големите сили и „Македонија не се осамостои во самостојна политичка единица под меѓународни гаранции, мир на Балканот не може да има“.[67]

На 21 август 1913 година ЦК ВМОРО издал директива до сите револуционерни дејци, војводи и членови на Организацијата во Вардарска и Егејска Македонија, во која им наредил да пристапат кон обновување на организациската и курирската мрежа, да ги обноват врските меѓу окружните, околиските и реонските комитети на ВМОРО, а војводите заедно со своите чети да го подготват населението за нова борба против српското и грчкото ропство во Македонија.[68]

Целокупната дејност на Тодор Александров во раководството на ВМОРО за време на Балканските војни се одликува со извесна автократност, како и со склоност кон индивидуализам, особено кон другите двајца членови на ЦК ВМОРО, Петар Чаулев и Христо Чернопеев и резервниот член, Александар Протогеров. Ваквите својства, кои му ги препишуваат на неговиот карактер, во таквите воени и судбоносни моменти за Организацијата биле и неопходни. Но, во донесувањето на најзначајните прашања од стратешко и дипломатско значење за Организацијата, тој секогаш се консултирал и го почитувал мислењето на интелектуалните лица во раководството на ВМОРО, како што биле: Христо Матов, проф. Љубомир Милетич, Иван Георгов, Александар Балабанов, Никола Милев, Георги Баждаров, Петко Пенчев, Григор Василев и др.

---

66 Национално-освободителното движение... цит., 333.

67 Исто, 333–334.

68 Исто, 334.

ЦК ВМОРО не само што презеде мерки за организациско престројување, туку изврши и промена на воената тактика, односно водење борба за ослободување и обединување на раскинатите делови на Македонија до Балканската војна. Во изменетиот и дополнет Устав на Организацијата, целите на борбата биле формулирани на следниов начин:



ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ

1. Целта на ВМОРО е извојување автономија на Македонија, со гарантирани права на сите народности што живеат во неа;

2. За постигање на оваа цел, Организацијата ќе се бори со сите легални и нелегални средства против српските и грчките окупатори;

3. ВМОРО ќе води вооружена борба против новите поробувачи со извршување атентати на стратегиските места и ќе подготвува и ќе дига месни и општи востанија, а својата дејност ќе ја развива покрај во Македонија, и во цела Србија и Грција;

4. ВМОРО ќе оствари контакти со албанските и турските революционерни комитети за заеднички дејства против Србите и Грците.[69] Според преработениот Устав, дотогашното раководство на Организацијата останува исто. Во ЦК останаа Тодор Александров, Христо Чернопеев и Петар Чаулев, а за задгранични претставници беа избрани д-р Д. Точков, д-р Д. Кушев и П. Христов.[70]

Во рамките на новата воена стратегија, раководството на ВМОРО пристапило кон подготовка на востание во Битолско, Охридско и Дебарско, за да го изрази категоричниот протест против решенијата на Букурешкиот договор и против востановеното ново српско и грчко ропство во Македонија. Подготовката на востанието му била доверена на дејците и војводите на ВМОРО во тие реони: Петар Чаулев, Павел Христов, Милан Матов, Ристо Анастасов, Нестор Георгиев, Антон Шибаков и др. Тие биле ополномоштени да стапат во врска со албанските револуционери и да преговараат за заеднички дејства.[71]

69 Исто.

70 Исто, 335.

71 Исто.



МИЛАН МАТОВ

Востанието што избувна само еден месец по Букурешкиот договор, е израз на негодувањето и отпорот на македонското и албанското население против носителите на новото ропство во Македонија. Непосредно по Охридското востание, ваквата констатација ја изнел и војводата, членот на ЦК ВМОРО, Петар Чаулев, во разговорот со рускиот дописник од Балканот, Леонид Неманов, дека востанието било категорична реакција на населението во Македонија против Букурешкиот договор и дека востанието било предупредување на Европа дека ако Договорот не биде ревидиран и не се даде самоопределување на Македонија, вооружената борба ќе биде единствено средство против новите власти. На прашањето што ќе прави ВМОРО во иднина, Петар Чаулев одговорил дека „ВМОРО е создадена да се бори за слободата на Македонија и додека таму има ропство ВМОРО ќе се бори против него“.[72]

Во есента на 1913 година Тодор Александров, во името на ЦК ВМОРО, ги ополномоштил Б. Мончев, А. Протогеров и Д. Влахов да водат преговори со Младотурскиот револуционерен комитет во Цариград за заеднички дејства во Македонија. Во полномоштвото што му било дадено на А. Протогеров во преговорите со Младотурската организација „Обединување и прогрес“, ЦК ВМОРО го овластил да се застапува за „автономија на Македонија“.[73] Ваквата цел била содржана и во Протоколот потпишан меѓу ВМОРО и Турскиот комитет за заеднички дејства на двете организации за добивање автономија на Македонија. Во Протоколот било предвидено: создавање заедничко претставништво во Цариград под името „Надворешно претставништво на Комитетите за автономија на Македонија“; средствата што ќе се употребат за извојување автономија на Македонија да бидат легални и нелегални; формата на автономија да биде: „Автономијата на Македонија го има за основа принципот на националностите. Правата на националностите ќе бидат гарантирани во сите административни и општествени организации. Религиозната слобода целосно е гаран-

[72] Исто, 340–341.

[73] Вътрешната македоно-одринска революционна организация ... цит., 1065.

тирана. Автономијата ќе биде под протекторат на европските големи сили“.[74]

Покрај Младотурскиот револуционерен комитет, ЦК ВМОРО постигнал договор за создавање заеднички комитети и со Албанскиот револуционерен комитет и со Романскиот револуционерен комитет, со цел ревизија на Букурешкиот договор и пропагирање на идејата за автономија на Македонија. Овие дипломатски мерки ЦК ВМОРО ги презел со цел да ги придобие сите етнички групи во Македонија во борбата за извојување слободна и автономна држава.[75]

На 2 декември 1913 година, ЦК ВМОРО издал наредба до окружните раководства во Македонија да ги обноват околиските, градските и селските револуционерни комитети, да се поврзат меѓусебно со организациската пошта и со ЦК ВМОРО.[76] Исто така, ЦК ВМОРО донел решение за обновување на сите нејзини организации во Вардарска и во Егејска Македонија и започнал со испраќање мали чети со задача да вршат организациска, разузнавачка и диверзантска дејност.

При крајот на 1913 година Тодор Александров, заедно со бугарскиот пратеник и општественик Григор Василев, близок на ВМОРО, направиле дипломатска обиколка на европските метрополи, со цел да го свртат вниманието на европската дипломатија за ревизија на Букурешкиот договор, укажувајќи им дека распарчувањето на Македонија ќе доведе до нови балкански и европски судири. Агитирајќи за разрешување на македонското прашање, тие барале создавање независна самостојна македонска држава под покровителство на Големите сили.

## Тодор Александров во Првата светска војна

Балканските војни и Букурешкиот мировен договор не го решија македонското прашање. ЦК ВМОРО уште пред почетокот на Првата светска војна остро реагира со Декларацијата од април 1914 година дека Македонија е „распарчена“ и дека е ставена во уште поголемо „безизлезно ропство под Грци и Срби„. Притоа, ЦК ВМОРО во Декларацијата ѝ даде до знаење на светската јавност дека и понатаму застанува на неизменетата позиција за извојување

[74] Исто, 1066–1069.

[75] Национално-освободителното движение...цит., 341.

[76] Исто.


ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ ЗА ВРЕМЕ НА I СВЕТСКА ВОЈНА

„автономија“ на Македонија и дека ќе се послужи со сите средства на борба за постигнување на таквиот „свој идеал“.[77]

Дејците на Македонско-одринското ополчение, меѓу кои и Тодор Александров, Александар Протогеров, Христо Татарчев, Христо Матов, Петар Чаулев, професорите Љубомир Милетич, Иван Георгов и др., на 11 мај 1914 година, упатиле протесно писмо до Едвард Греј, претседател на Лондонската конференција, и до амбасадорите на Германија, Австро-Унгарија, Франција, Велика Британија, Италија и Русија во Софија, како и до премиерот на владата на Бугарија, д-р Васил Радославов. Протестирајќи против Букурешкиот договор, а во името на протераното население од Македонија како жртва на новите завојувачи на Македонија – Срби и Грци, во Меморандумот, тие барале да бидат признати правата на Македонија во ситуација „кога се гледа призракот на една нова борба за ослободување на Македонија од нејзините нови поробувачи“ и „инсистирале од Европа и од цивилизираниот свет автономија за Македонија“.[78]

Во дипломатските преговори во предвечерието на Првата светска војна меѓу двата воени блока, Антантата и Централните сили, се вклучува и ВМО-РО, или поточно интелектуално-дипломатско-политичкиот оддел на Организацијата. Во јануари 1915 година раководството на Организацијата испратило петточлена делегација во европските престолнини: Виена, Берлин, Петербург, Париз и Лондон, со задача да го сондираат мислењето на владите на двата воени блока „како гледаат на решавањето на македонското прашање“. Дипломатската делегацијата на ВМРО: проф. Љубомир Милетич, проф. Иван Георгов, проф. Александар Балабанов, д-р Д. Кушев и д-р Димитар Точков, во Виена

77 Тодор Александров, Непубликувани спомени, документи и материјали...цит., 176.

78 Вътрешната македоно-одринска революционна организация ... цит., 1093–1095.



ПРОФ. ЉУБОМИР МИЛЕТИЧ



ПРОФ. ИВАН ГЕОРГОВ



ПРОФ. АЛЕКСАНДАР БАЛАБАНОВ

и Берлин наишла на „целосна поддршка“ со изјавата дека Бугарија може да го „оствари своето обединување“ со помош на Централните сили, односно гаранција дека решавањето на Македонија и на македонското прашање ќе се оствари во рамките на бугарската држава. Во Петербург, Париз и Лондон на делегацијата на ВМОРО и биле изложени и српските и грчките барања и потенциран бил ставот дека решавањето на македонското прашање ќе се разгледа по завршувањето на војната, нагласувајќи го, притоа, давањето „компензација на Србија“ за сметка на Австро-Унгарија и на Грција во Мала Азија.[79]

По завршувањето на мисијата, делегацијата на ВМОРО составила извештај до ЦК на Организацијата, кој на 25 април 1915 година свикал собир во Софија, на кој поканил над 60 истакнати дејци на Организацијата. На собирот, проф. Љубомир Милетич ги запознал присутните дејци на Организацијата и со заклучоците на делегацијата, според кои најдобрата позиција на Бугарија била „да ја зачува својата неутралност“, но ако настаните ја принудат да се замеша во војната – „друг избор освен Централните сили таа нема“. На собирот, легалните дејци на Организацијата ја поддржале идејата за „неутралност“, додека активните војводи се искажале „за пристапување на Бугарија на страната на Централните сили“.[80] Ваквата позиција на раководството на ВМОРО била во согласност со официјалната дипломатска политика на бугарската влада за идното поведение на Бугарија во претстојната војна, бидејќи тоа не им верувало на ветувањата на Антантата дека по војната деловите на Македонија што се на-

[79] Македония. История и политическа съдба (1912–1941), Том II, София, 1996, 51–53; Национално-освободителното движение... цит., 344–345.

[80] Исто.

оѓале под српска и грчка власт ќе ѝ ги врати на Бугарија. За приклонувањето на раководството на ВМОРО кон Централните сили влијаело и неговото отворено антисрпско расположение, особено денационализаторската политика што ја водела српската власт во Вардарска Македонија.

И покрај тоа што раководството на ВМОРО не можеше да влијае на бугарската влада какво решение да донесе, тоа беше уверено дека ослободувањето на Македонија може да се оствари само ако се оди на страната на Германија. За тоа говори и писмото-честитка на Тодор Александров упатено до Ангел Узунов на 1 јануари 1915 година: „Среќна Нова 1915 година. Да се надеваме дека таа ќе биде најсреќна за Македонија и за Бугарија. Првото писмо во оваа година ти го пишувам тебе“.[81]

Таква била официјалната политика на ВМОРО. Меѓутоа, според спомените на Кирил Прличев, раководството на Организацијата веќе било наклонето кон Централните сили, бидејќи со нивната евентуална победа можело да се смета на враќањето на Вардарска Македонија од Србија. Во тој дух биле водени и преговорите со германските емисари во Софија, при што бил потпишан и „еден проект-договор“ и префрлени 580 000 марки како финансиска помош за вооружување на четите на Организацијата. Притоа, раководството на ВМОРО извршило и „притисок“ врз царот Фердинанд, со цел тој и Бугарија да се определат на страната на Централните сили.[82] Ваквото мислење индиректно го потврдува и царот Фердинанд, кога во јануари 1916 година на воената парада во Ниш претставувајќи им ги Тодор Александров и А. Протогеров на германскиот кајзер Вилхелм II, Тодор Александров го препорачал со зборовите: „Т. Александров е еден од соборците за надвладувањето на таа политика“, а на двајцата раководители на ВМОРО им се обратил со зборовите: „Се сеќавате ли на оние тревожни денови што ги преживеавме, за да се дојде до овие одлични резултати?“[83] Притоа, германскиот император Вилхелм II на Тодор Александров и А. Протогеров им врачил одликување со железен крст.

На 21 февруари 1915 година, раководството на ВМОРО одржало советување на кое, покрај членовите на ЦК, Тодор Александров, А. Протогеров и

---

[81] ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени, 158.

[82] 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев. Съставител и редактор Кирил Пърличев, София, 1999, 106-107.

[83] Архив Христо Матов. Документален сборник. Съставител Цочо В. Билярски, София, 2004, 367–368. Од писмото на Т. Александров од Ниш до Х. Матов и Г. Баждаров од 6 јануари 1916 година. На парадата во Ниш мошне силен впечаток оставило долгото задржување на германскиот кајзер Вилхелм II пред построената 11. македонска дивизија и македонските четници, што од присутните било коментирано со зборовите: „Кајзерот стана комитаџија“.

П. Чаулев, присуствувале и Х. Матов, д-р Х. Татарчев, полковник К. Николов и д-р Д. Точков. На советувањето била прифатена помошта од Германија во износ од 750 000 лева за опремување на Македонско-одринското ополчение.[84] Оваа соработка на воен план меѓу раководството на ВМОРО и Германија довела до засилено испраќање чети во Вардарска Македонија за извршување организациска, известувачка и диверзантска дејност.

Германија и Австро-Унгарија преку свои претставници во контактите со раководството на ВМОРО, особено со членовите на ЦК, Тодор Александров и А. Протогеров, настојувале да ја инволвираат ВМОРО во воениот судир и да ја искористат нејзината воена сила не само за извршување диверзии во тилот на српската армија, туку и да ја предизвикаат Бугарија да се замеша во војната на нивна страна.[85]

Една од тие мерки била Валандовската акција, организирана уште на 2 април 1915 година, со цел да се прекине железничката линија меѓу Демир Капија и Гевгелија за да се оневозможи сообраќајот на српските војски и испраќањето воени транспорти од Ниш до Солун.[86] Уште во март 1915 година, Тодор Александров испратил инструкции до четите на ВМОРО за успешно извршување на акцијата. Во инструкциите, тој, меѓу другото, им напишал: „а) сега условите се такви што на никаков начин не треба да се предава жив четник; самото самоубиство, кога не може да се спаси, е веќе за цела Европа еден подвиг поголем отколку атентатот, зашто со тоа ќе му се докаже на целиот свет дека тука се борат идеалисти, а не разбојници. Предавањето во рацете на душманот, а потоа и предавството и признавањето сето тоа е недостојно за еден револуционер. Да се живее кратко, но достојно; б) за да го зачуваме духот на населението, не треба да се даваат жртви од самото население, туку напротив, да се посега само по српски чиновници и по војската; ете зошто атентатот треба да биде насочен против околиската управа, гарнизонот, околискиот началник, офицерите, владините објекти и др.; да се избегнува фрлање бомба таму каде има месно население; в) пред заминувањето, задолжително да се провери дали знаат да се служат со мини; г) макар и да имаат специјална наредба за Валандово, нека носат со себе и бомби за воз, зашто може да им се укаже шанса да направат

84 Дечо Добринов, Последният цар на планините...цит., 64.

85 Дечо Добринов, Тодор Александров. Легендарният водач на ВМРО, София, 1994, 24.

86 За Валандовската акција, види повеќе кај: Д-р Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912–1918), Скопје, 1969, 245–267; Коце Ципушевъ, 19 години въ сръбскитѣ затвори. Спомени, София, 1943, 46–48; Димитър Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912–1915, София, 1981, 147–148.

атентат на возот, а да не им се укаже шанса и можност на Валандово, или да излезе неуспешно, па да удрат на возот; но и за тоа пак треба да се провери дали знаат да ја постават бомбата на возот; д) успехот против лице или против објект зависи главно од спокојството на атентаторот; ѓ) задолжително е секој четник од групата да има и по една кутија од еден килограм експлозив, па дури и ако е возможно и две по еден килограм, бидејќи тие можат да послужат не само за атентат, туку и како рачна бомба“.[87]

Валандовската акција беше најголемата воена појава на ВМОРО и, всушност, го најави учеството на Бугарија на страната на Централните сили и почетокот на ослободувањето на Вардарска Македонија. Во акцијата учествувале околу 1 000 души, чети на ВМРО и турски чети, кои за кратко време ослободиле 15 села во триаголникот Струмичко, Валандовско и Радовишко и ја нападнале железничката станица кај Удово. Судирот со српските војски траел три дни, а во жестоките борби биле убиени 470 српски војници и офицери и заробени 353 војници, а 40 четници на Организацијата загинале.[88] По воспоставувањето на српската власт на ова подрачје, со четите на ВМРО се повлекол и голем број месно население, македонско и турско, за да се спасат од српските одмазди и злосторства.

На 22 април 1915 година бил убиен Јане Сандански. Во врска со неговото ненадејно убиство, тогаш во бугарската јавност и денес во македонската и бугарската историографија се спомнува дека убиството било организирано по наредба на ВМОРО и на Тодор Александров. Според спомените на Ангел Узунов, кој како пунктов началник на Ќустендил бил мошне близок со Александров и кој му ги доверувал и најголемите тајни на Организацијата, веднаш по убиството на Ј. Сандански, Александров му напишал: „За убиството на Сандански не знаеме повеќе од тоа што го пишува во весниците. Највеche е лична одмазда од некој или од некои, на кои Сандански им ги убил домашните. Негови блиски луѓе допуштаат дури дека може да е убиен од некој од неговите другари што го оставил да гладува, а тој се зафатил со трговија со стотици илјади лева капитал. Набргу ќе се дознае самата вистина“. Понатаму, во писмото Тодор Александров му напишал: „Одвратно е што како од смртта на Николов така и од убиството на Сандански нашите непријатели пуштаат стрели

---

[87] Вътрешната македоно-одринска революционна организация ... цит., 1101.

[88] Македония. История и политическа съдба...цит.,Том II, 55. Според српски извори, во валандовската акција загинале 281 српски војници и офицери и 67 ранети (д-р Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска...цит., 253).

против нас. Особено демократите со „Препорец“ се однесуваат одвратно. Сандански во последно време си ја гледаше трговијата и речиси воопшто не се интересираше за нас, а некои негови луѓе работеа со нас преку Протогеров. Ние сме им давале пари и имаме потврди од Чудомир Кантарџиев, Бујнов и некои други. Односите со нив не ни беа лоши – се поднесувавме“.[89]


ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ ЗА ВРЕМЕ НА I СВЕТСКА ВОЈНА

Бугарија на 6 септември 1915 година потпишала Тајна спогодба со Германија, со која таа ѝ го признавала на Бугарија правото на анексија на „српска Македонија“ и со која ѝ отстапил и еден дел од српската територија, главно по течението на реката Морава до Дунав. На 14 октомври 1915 година, Бугарија им објавила војна на Србија и на силите на Антантата.

Определувањето на Бугарија на страната на Централните сили, ЦК ВМОРО го примил со благонаклоност, надевајќи се дека тоа ќе го реши и прашањето на Македонија, за што говори и писмото на Тодор Александров до Ангел Узунов од 17 јули 1915 година: „Преговорите со Турција се при крај. Сè тече многу добро. Изгледа дека по 2–3 месеца и ние ќе можеме да си ја земеме Македонија“.[90]

Веднаш со објавувањето на војната на Бугарија против Кралството Србија, четите на Организацијата почнале да ја преминуваат границата и да извршуваат диверзантски акции од поголем размер во тилот на српската војска.[91]

Во јануари 1915 година Тодор Александров и А. Протогеров, како членови на ЦК ВМОРО, на министерот на војската му предложиле „создавање една поголема воена единица“, составена од поранешните доброволци на Македоно-одринското ополчение. Оваа задача му била дадена на мајорот Петар Дрвингов, кој оправданоста за формирање на ваквата воена единица пред Министер-

[89] ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени, 163–164.

[90] Исто, 170.

[91] Дечо Добринов, Тодор Александров...цит., 24.



ПЕТАР ЧАУЛЕВ, АЛЕКСАНДАР ПРОТОГЕРОВ И ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ
ВО ОХРИД ЗА ВРЕМЕ НА I СВЕТСКА ВОЈНА, 1916 Г.

ството на војската ја објаснувал со барањето: „Ако таа добие задача да ја заземе Македонија со јавна или премолчена согласност на големите сили“.[92] Главната команда на бугарската армија ја прифатила идејата и наместо реорганизирање на Македоно-одринското ополчение, кое успешно дејствуваше за време на Балканските војни, формирала нова воена единица, наречена „11. македонска дивизија“, како дел од редовната армија со специјални задачи. Таа била составена главно од воени кадри на ВМОРО и бегалци од Вардарска и Егејска Македонија, а подоцна пополнета со дезертираните македонски војници мобилизирани во српската армија, со вкупен број од 33 745 војници и подофицери и 326 офицери.[93] Со формирањето на оваа дивизија ВМОРО, всушност, добила своја редовна армија, под команда на Штабот на бугарската армија. Тодор Александров бил назначен за „чиновник за снабдување“ при Штабот на Дивизијата и ваквата должност тој ја извршувал за цело време на војната.

[92] Димитър Минчев, Военнореволюционната дейност на Петър Дрвингов (1898–1918), София, 1990, 90.

[93] Национално-освободителното движение...цит., 346; Димитър Минчев, Военно революционната дейност на Петър Дрвингов...цит., 101–116.


ПЕТАР ДРВИНГОВ

Формирањето на Македонската дивизија со елитен високообразовен команден кадар составен од Македонци, со завршени високи воени школи во странство, како што биле Борис Дрангов, Петар Дрвингов и Александар Протогеров, предизвикало извесна љубомора кај командантите на бугарските поголеми воени формации. Тие сакале Дивизијата да ја стават под Команда на 7. рилска дивизија. Дрвингов ја сфатил таа подреденост како понижувачка, па преку Тодор Александров успеал да издејствува 11. македонска дивизија да добие самостојна борбена задача и да се оддели од 7. рилска дивизија составена само од четници, војводи, членови на ВМРО и бегалци од српската армија. ВМРО ја снабдувала Дивизијата од своите средства. Во 1915 година, Дивизијата добила од Германија 10 камиони, планинска артилерија, телефони, лекови, облека и други материјали.[94]

Со одобрение на Министерскиот совет на Бугарија од 29 септември 1915 година, на Тодор Александров му било предадено огромно количество оружје во износ од 41 сандаци со 1 702 кг. пушки-мартинки, наменето за 11. македонска дивизија.[95] Исто така, и германската воена команда му доделила „нови автомобили и камиони“ за потребите на ВМОРО.[96] За пројавената храброст на регрутираните војници од Македонија уште во првите денови од воените судири, говори и изјавата на претседателот на Владата, Васил Радославов, од октомври 1915 година: „Одлични вести има сега за држењето во борбата на

94 Димитър Минчев, Военнореволюционната дейност на Петър Дрвингов (1898–1918), 123.

95 Вътрешната македоно-одринска революционна организация ... цит., 1102-1103; Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Из архивното наследство на Тодор Александров...цит., 222. Од Записникот од седницата на Министерскиот совет од 30 септември 1915 година.

96 Цочо Билярски, Борис Николов, Непубликувани писма на Тодор Александров, Военноисторически сборник, г. 58, кн. 3, София, 1989, 159. Од писмото на Т. Александров до А. Протогеров од 31 октомври 1915 година.



АЛЕКСАНДАР ПРОТОГЕРОВ ЗА ВРЕМЕ НА I СВЕТСКА ВОЈНА

Македонците од 11. македонска дивизија. Дури подобри и од другите дивизии“..[97]А, според Тодор Александров, 1. чета од 11. македонската дивизија била составена од „страшни македонски комитации, кои го исплашија светот“.[98]

Веќе на 9 август 1915 година, Тодор Александров му наредил на пунктовиот началник на Ќустендил, Ангел Узунов, да подготви мали чети за влегување длабоко на запад во Македонија, со следнава цел: „Целта на испраќаните чети не е да преземаат нешто и да се откриваат, туку да отидат и да се движат по сите околии до Вардар, а во некои – и преку Вардар најпретпазливо, колку да го подигнат духот на населението и да ги одржат каналите, па кога ќе треба да се напаѓа со поголеми чети, да биде лесно и сигурно“.[99]

Со навлегувањето на бугарските војски во Србија и Македонија ЦК ВМОРО на 1 октомври 1915 година, за да го крене духот на македонското население во Вардарска Македонија, упатил апел во кој се велело: “Браќа македонски Бугари, Македонија ќе биде слободна. Бугарските војски се на нозе и жестоко ќе ја одмаздат посрамотената чест на вашите мајки и сестри. Да живее слобо-

[97] Архив Христо Матов...цит., 336-337. Од писмото на Х. Матов до А. Протогеров и Т. Александров од 10 октомври 1915 година.

[98] Исто, 366. Од писмото на Т. Александров од Охрид до Х. Матов и Г. Баждаров од 24 декември 1915 година.

[99] ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени, 170.



АЛЕКСАНДАР ПРОТОГЕРОВ И ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ ЗА ВРЕМЕ НА I СВЕТСКА ВОЈНА

дата на Македонија. Да живее целокупна Бугарија".[100] По ориентирањето на Бугарија на страната на Централните сили, а само два дни по објавувањето на мобилизацијата, ЦК ВМОРО на 25 септември 1915 година испратил окружно писмо, односно наредба до сите револуционерни комитети, војводи на чети и до вооружената милиција во Македонија да ги „дигнат на нозе сите кои се способни да носат оружје и да ѝ укажат сестрана помош на бугарската армија". Веќе на 13 октомври истата година, десетици војводи на ВМОРО преку пунктовите началници на Организацијата во Ѓуешево, Црна Скала, Горна Џумаја и Струмица ги известиле бугарските воени командири дека „сите телефонски и телеграфски линии во Вардарска Македонија се прекинати", како и со разузнавачки информации за расположението, бројот и вооруженоста на српската војска. Повеќе од 50 чети на ВМОРО започнале од грб да ги напаѓаат српските воени единици во сите реони на Вардарска Македонија, што го олеснувало настапувањето на бугарската армија, дејствувајќи, притоа, како авангарда на бугарската војска и не дозволувајќи им на српската армија и на жандармеријата да ограбуваат и да уништуваат при нивното повлекување од македонските територии.[101] Така, на пример, пред доаѓањето на бугарските војски во градовите во Вардарска Македонија, Кратовската чета на војводата Дончо Ангелов прва

[100] Димитър Минчев, Военнореволюционната дейност на Петър Дрвингов...цит., 121.

[101] Национално-освободителното движение...цит., 344–345.

влегла во Кратово, Кумановската чета на Крсто Лазаров во Куманово, четите на Петар Чаулев и на Павел Христов во Крушево, како и други чети на Организацијата кои први влегле во Битола, Прилеп, Охрид, Струга, Дебар, Тетово итн.[102] Ваквата состојба на боиштата во Вардарска Македонија ја потврдува и Кирил Прличев во своите спомени со констатацијата: „ВМОРО беше господар на положбата и преку ноќта, и преку денот... Секој граѓанин или селанец во лицето на месната чета на ВМОРО ги гледаше надежта и спасот, кога жестокоста на поробувачите го заплашуваа неговиот живот".[103]

На 8 октомври 1915 година, Тодор Александров од Крива Паланка му испратил писмо на пунктовиот началник на Ќустендил, Ангел Узунов, неодложно да оди во Куманово, Кратово, Кочани, Штип и да им ги даде следниве наредби на војводите, четниците-раководители и на членовите на Организацијата:

1. Да ги направат сите напори за да се зачува редот, да не се вршат насилства врз никого, кражби, грабежи и лични одмазди додека да се воспостави новата власт, во согласност со законите на Царството Бугарија;
2. Сите да им го олеснуваат поминувањето на воените единици и да ѝ помагаат на новата власт при воведувањето ред и законитост во земјата;
3. Да се подготват списоци за трočлени комисии за градски и селски општини, па кога ќе дојде околискиот началник, да се настојува да му се препорачаат тие способни, чесни и совесни лица, добри Бугари (подвлечено во писмото, б. м.) – тие да бидат назначени во прво време;
4. Да се зачуваат сите општински архиви, архивите на околиските управи, на финансиските и царински власти и сл.;
5. Да се уништат сите српски учебници, брошури, весници и др. печатени книги што тука беа испраќани бесплатно за посрбување на населението;
6. Веднаш да се избришат сите српски фирми по установите и приватните дуќани и др., и воопшто сѐ што може да потсетува на одвратното, подло српско ропство;
7. Ќе смислите, заедно со војводите на четите, како да се обезбеди прехраната на четниците додека трае таа неопределена состојба и веднаш да напишете. Додека да добијат одговор, можат да најдат пари за издршка во вид на заем.

[102] Национално-освободителното движение...цит., 344–345; Димитър Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония...цит., 155.

[103] 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев...цит., 107.



ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ, АЛЕКСАНДАР ПРОТОГЕРОВ И ПЕТАР ЧАУЛЕВ
ВО ОХРИД ЗА ВРЕМЕ НА I СВЕТСКА ВОЈНА, 1916 Г.

На крајот од писмото, Тодор Александров му наредил на А. Узунов наведените инструкции да им ги објасни добро на војводите и на раководителите и да направи сè што е потребно за нивна целосна и итна примена, известувајќи го дека извесно време ќе биде во Штип, заедно со А. Протогеров, и таму да им ги испраќаат извештаите. Писмото го завршил со следново известување: „Воените операции се развиваат добро. Политичката состојба на Бугарија е одлична. Честитај им ја новата, вистинска слобода на измачена Македонија на сите војводи, четници, раководители и членови на Организацијата“.[104]

Тодор Александров, А. Протогеров и П. Чаулев, како членови на ЦК ВМОРО, беа активно вклучени во разузнавачката дејност на Штабот на бугарската армија. На 22 август 1915 година од четите на ВМОРО бил формиран Партизанскиот одред, како дел од бугарската армија, но задржувајќи го својот четнички институт. За началник на Одредот бил назначен полковникот А. Протогеров, како командир на 3. бригада на „11. пешадиска македонска дивизија“. Под негова команда биле сите чети на ВМОРО. При Штабот на Партизанскиот одред се формирала административна секција со цел да ја преземе админи-

[104] ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени, 174–175.

стративната власт на заземените територии во Македонија од страна на бугарската армија. Кадрите на оваа секција се создавале „од најинтелигентните војници во дивизијата родени од Македонија“.[105]

Со навлегувањето на бугарските војски во Македонија, командирот на 3. бригада на 11. пешадиска македонска дивизија и началник на партизанскиот одред, полковникот А. Протогеров, за административни управници во населените места назначувал лица од месното население. А највисоките административни должности во новоосвоените области ги предлагало раководството на ВМРО, и тоа од лица исклучиво родени во Македонија. За таа цел, Тодор Александров, Х. Матов и д-р Д. Точков во октомври 1915 година се сретнале со престолонаследникот, кнезот Борис Трновски, со командантот на армијата, генерал-мајорот Никола Жеков, со генерал Сава Савов, со претседателот на владата Васил Радославов и со министерот за внатрешни работи, генерал Христо Попов, при што постигнале согласност околиските началници и окружните управници назначени од страна на раководството на ВМОРО да останат на своите функции.[106] Во ноември 1915 година Тодор Александров од бугарската влада и двор побарал создавање посебно воено Губернаторство за Македонија, со главен град Скопје, со задача, покрај другото, да ги прогонува сите непријатели на македонската кауза.

Во ноември 1915 година Тодор Александров, престојувајќи во Преспанско заедно со Х. Матов, во својот дневник забележал: „И ако постои и ако не постои Албанија како држава, по можност, целиот западен брег на Охридското Езеро треба да остане во наши раце“.[107]

По иницијатива на Х. Матов и Тодор Александров, во ноември 1916 година, била создадена Народна милиција од сите немобилизирани мажи родени во Македонија, кои ги имале сите права како и војниците. Основната база на Народната милиција ја сочинувало македонското население кое учествувало во редовите и под раководство на ВМОРО пред војната. Народната милиција добила задачи за: чување на внатрешниот ред во општините, околиите и окрузите; спроведување на воените заробеници; спроведување на транспортот; прогонување на разбојниците; чување на железничките, телеграфските и телефонските линии и др.

[105] Секцијата се состоела од началник, капетан Никола Лефтеров, и 20 чиновници, меѓу кои биле: Христо Матов, Тодор Александров, Петар Чаулев, д-р Христо Татарчев, проф. Љубомир Милетич, проф. Иван Георгов, д-р Димитар Точков, д-р Георги Николов и др. (Национално-освободителното движение...цит., 349–357).

[106] Национално-освободителното движение...цит., 357–360. Види и кај Цочо Билярски, Борис Николов, Непубликувани писма на Тодор Александров...цит., 158. Од писмото на Т. Александров до А. Протогеров од 30 октомври 1915 година.

[107] Тодор Александров, Непубликувани спомени, документи и материали...цит., 48.



ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ, СО ПРИЈАТЕЛИ ЗА ВРЕМЕ НА I СВЕТСКА ВОЈНА

Од новоосвоените области во Македонија, бугарската влада на 17 ноември 1915 година ја формирала Македонската воено-инспекциска област, која почнала да функционира од 8 декември истата година, со центар во град Скопје. Целта на оваа воена установа, како граѓанска управа, била да ги осигури редот и безбедноста во новоослободените области, да ги зачува државната, општествената и приватната сопственост и да ги осигури сите потребни мерки за непречено дејствување на армијата. За началник на Македонската воено-инспекциска област бил назначен генерал-лајтнант Рачо Петров, а за негов заменик полковникот А. Протогеров.[108] Во ноември 1915 година, за „чиновник за особени порачки" кон штабот на Македонската воено-инспекциска област бил назначен Христо Матов по предлог на Тодор Александров.[109]

ЦК ВМОРО на 21 декември 1915 година упатил апел до германскиот кајзер Вилхелм II да ѝ дозволи на бугарската армија да продолжи со воената офанзива до целосното ослободување на Македонија. Во одговор на апелот од

[108] Национално-освободителното движение...цит., 349–362.

[109] Цочо Билярски, Борис Николов, Непубликувани писма на Тодор Александров...цит., 160. Од писмото на Т. Александров до началникот на Штабот на 11. македонска дивизија и до А. Протогеров од 21 ноември 1915 година.



ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ
ЗА ВРЕМЕ НА I СВЕТСКА ВОЈНА

27 декември, германскиот кајзер му дал до знаење на ЦК ВМОРО дека не ги заборавил бугарските интереси и дека од воено-стратегиски причини привремено е стопирана воената офанзива против војските на Антантата.[110]

Покрај работата во командувањето на 11. македонска дивизија, Тодор Александров преземал енергични мерки за искоренување на остатоците од српското влијание во Вардарска Македонија и на опасноста од создадавање „петта колона“. Во 1917 година, при избувнувањето на Моравското востание, со кое српските востаници настојувале да се прекинат комуникациите на бугарската армија, по препорака на Тодор Александров, за началник на Моравско-инспекциската област бил назначен П. Дрвингов. Тој, заедно со А. Протогеров и неколку војводи на ВМОРО, за кратко време жестоко го задушил востанието.

По првите порази на бугарската војска од страна на сојузничките армии во 1916 и 1917 година, Тодор Александров во разговорите со царот, престолонаследникот, претседателот на бугарската влада и со началникот на Генералштабот на бугарската армија укажувал за недисциплината и злоупотребите кај военото раководство, за потребата од реконструкција на владиниот кабинет, односно сменување на одделни министри и генерали и назначување нови. Во разговорите и во писмата до царот, тој сугерирал и за назначување дејци на ВМОРО на раководни места во градовите во Македонија, за наградување и одликување на војводите и дејците на Организацијата и др.[111]

Така, во Меморандумот од разговорот со кнезот Кирил Преславски од 9 мај 1916 година, Тодор Александров и А. Протогеров, како главни слабости

[110] Национално-освободителното движение...цит., 346.

[111] Види повеќе кај Тодор Александров, Непубликувани спомени, документи и материјали... цит., 49–72.



ЦАРОТ ФЕРДИНАНД

во воените средини на територијата на Македонија, му ги предочиле: гладот во Македонија, опаѓање на духот на армијата и лошата администрација во „новите земји", односно во Македонија.[112] А во писмото до царот Фердинанд од 23 февруари 1917 година, Тодор Александров, меѓу другото, му укажал за злоупотребите „внатре во државата", дека „војската на фронтот се храни многу слабо и нередовно", дека „македонското население гладува" и за „бесконтролното изнесување прехранбени продукти и сурови материјали од Македонија". Во писмото. Александров го известил царот дека Турците „засилено водат пропаганда сред турското и муслиманското население во Македонија и Албанија за автономија на тие области".[113]

Во 1917 и 1918 година, со групирањето на силите на Антантата и влошувањето на положбата на фронтовите, а особено со појавата на корупција во бугарските владини и воени средини, контактите на членовите на ВМОРО со бугарскиот цар и со престолонаследникот мошне се интензивирале, а со тоа и нивното влијание кај двајцата бугарски монарси значително се зголемило. Тодор Александров и А. Протогеров, кој како директор на Дирекцијата за стопански грижи и општествено планирање од 1917 година имал непосреден увид во злоупотребите на владините министри, постојано писмено и усно ги известувале царот Фердинанд и престолонаследникот кнезот Кирил за состојбите на фронтот и за појавата на глад кај населението, за несогласувањата и влошените односи меѓу Главната команда и владата, предлагајќи, притоа, сменување и назначување на воени команданти, министри и испраќање на претставници

[112] Централен воен архив–Велико Търново, Фонд 22, оп. III, а.е. 227, л. 144.

[113] Исто, л. 142–143.



ПЕТАР ЧАУЛЕВ, АЛЕКСАНДАР ПРОТОГЕРОВ И ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ
ВО ОХРИД ЗА ВРЕМЕ НА I СВЕТСКА ВОЈНА, 1916 Г.

– експерти на ВМОРО, за членови на преговарачките мисии на владата со државите на Антантата.[114]

По повод одбележувањето на 15-годишнината од Илинденското востание на 6 јули 1918 година во Софија, Тодор Александров бил избран за секретар на Главната комисија што требало да го организира чествувањето во Крушево. Александров, како секретар на Комисијата, изработил Програма за свечено одбележување на „15-годишнината од големото Илинденско востание во Македонија", што требало да се одржи на 2 август 1918 година во Крушево, прифатена на собранието одржано во Софија на 11 јули 1918 година.[115] За одбележување на јубилејот, Александров помогнал и во издавањето на брошурата на проф. Љубомир Милетич „За Македонија", од која 500 примероци му испратил на редакторот на в. „Родина" во Скопје, Георги Баждаров.[116]

Поучен од погромот во кој се најде Македонија по Балканските војни, Тодор Александров пред завршувањето на Првата светска војна, во летото на 1918

[114] Види повеќе кај Тодор Александров, Дневник и коресподенция от Първата световна война 1915–1918 г. Съставители: Цочо Билярски, Тодор Петров, София, С.А.

[115] ЦДА, Фонд 1685 к-Наум Томалевски, оп. 1, а.е. 111, л. 183–184, 217.

[116] Исто, Фонд 1933, оп. 1, а.е. 75, л. 2, 12–13.


ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ СО СОПРУГАТА ВАНГЕЛИЈА И СО ДЕЦАТА МАРИЈА И АЛЕКСАНДАР

година, ги насочил активностите на Организацијата кон прикривање на оружјето и обезбедување плати за четниците и војводите.

Пред завршувањето на Првата светска војна, Тодор Александров бил еден од иницијаторите за издавање серија брошури и весници: „Родина“ во Скопје, „Народност“ и „Натион“, албумот „Македонија во слики“, библиотеката „Балкански прашања“ и др.

Веднаш по капитулацијата на Бугарија, шеесетина видни дејци, интелектуалци и револуционери на ВМОРО, меѓу кои и членовите на ЦК ВМРО, Тодор Александров, А. Протогеров и П. Чаулев, на 23 октомври 1918 година, на 25-годишнината од создавањето на Македонската револуционерна организација, организирале советување во Софија. На советувањето било истакнато дека македонското население, и покрај претрпените порази во Балканските војни и во Првата светска војна, не треба да се откаже „да се бори за својата слобода“ и дека ќе продолжи „да се бори за слобода на Македонија, сè додека таму има туѓо ропство“. На советувањето било донесено решение да се пристапи кон обновување на дејноста на легалните братства на македонските бегалци во пресрет на борбата за решавање на македонското прашање на претстојната конференција за мир што се подготвувала во Париз.[117]

При крајот на војната, Тодор Александров се оженил со Евангелија Бајалцалиева, ќерка на Томо и Марија Бајалцалиеви од Гевгелија. Во бракот ќе им се родат две деца, син Александар и ќерка Марија.[118]

---

[117] Национално-освободителното движение...цит., 385.

[118] ЦДА, Фонд 1933, оп. 3, а.е. 17, л. 2. Спомени на Константина Александрова, “Случки от живота на брат ми на които аз съм свидетелка”.

# ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ ПО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

## Дејноста на Тодор Александров веднаш по Првата светска војна

Македонската револуционерна организација, веднаш по Првата светска војна, се нашла во особено тешка и сложена состојба. Поделбата на Македонија катастрофално се рефлектира на натамошниот развој на македонското револуционерно движење. Заедно со огромната бегалска маса, во Бугарија бил сконцентриран и најголемиот дел од активниот кадар на македонското ослободително движење, каде што, за разлика од другите балкански држави, единствено постоеле поповолни услови за развивање поактивна политичка и вооружена дејност.

Во услови на дефинирани балкански граници и со отворени процеси на зајакнување на владејачките балкански државни режими и монархии, старото раководство на ВМОРО, во состав Тодор Александров, А. Протогеров и П. Чаулев, се нашло на големи искушенија. Во состојба на распарчена и поделена Македонија, разединет и разочаран македонски народ и разбиени и деморализирани револуционерни сили, Организацијата остана главна револуционерна и вооружена сила што можеше да ја продолжи борбата и да ја врати довербата кај македонскиот народ за ослободување, обединување и создавање самостојна и независна македонска држава. Веднаш по потпишувањето на капитулацијата на Бугарија, Тодор Александров, како најзагрижен раководител на Организацијата, на пунктовиот началник на Ќустендил Ангел Узунов во едно писмо од 3 декември 1918 година му напишал: „Внатрешната положба останува загрижувачка и полна со опасности за опстанокот на Бугарија, поради предавство однатре“.[119]

[119] ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени, 191.



ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ

По Првата светска војна, во период кога македонските емигрантски сили во Бугарија пројавиле силно национално раздвижување и политичка активност, а особено кога се поставило прашањето со кои сили и со какви средства, легални и нелегални, ќе продолжи борбата за ослободување на Македонија, повторно се активирала дејноста на Организација под ново име: Внатрешна македонска револуционерна организација (ВМРО).

Раководството и воените сили на ВМРО биле принудени своето дејствување да го продолжат како емигрантска организација во Бугарија и под покровителство на бугарските државни фактори, бидејќи, за разлика од српските и грчките власти, единствено тие го дозволиле нивното дејствување на својата територија. Од своја страна, бугарската влада, незадоволна од решенијата на Париската мировна конференција, во меѓусебните односи со државните фактори на новоформираното Кралство на СХС широко ги користеше политичките и пропагандните активности, како и вооружените сили на ВМРО, надевајќи се дека единствено преку нив ќе го поврати Вардарскиот дел на Македонија. Од друга страна, раководството на ВМРО во остварувањето на својата политичка програма за создавање автономна Македонија, единствена надеж гледало во толерантноста и помошта на бугарските владини органи. Со својата активна политичка, дипломатска и вооружена дејност, ВМРО станала важен фактор во внатрешната и надворешната политика на бугарските влади, а со своите уставни цели и програмски пароли за автономна, самостојна, независна и обединета Македонија, била во голема противречност со режимот на Кралството на СХС.

Веднаш по војната, а особено пред и за време на одржувањето на Париската мировна конференција, членовите на стариот ЦК ВМОРО, Тодор Александров, А. Протогеров и П. Чаулев, го најавиле постоењето на Организацијата под новото име – Внатрешна македонска револуционерна организација (ВМРО). Иницијa-

тор за обновувањето на Организацијата бил Тодор Александров, кој притоа го најавил и револуционерниот вооружен метод на дејство, како единствено средство за борба против новите поробувачи на Македонија. Со ваквиот свој револуционерен став, тој се издигнал за прв лидер на ВМРО, оставајќи неизбришлив печат во македонското ослободително и револуционерно движење. Неговата историска фигура, како најголем авторитет на Организацијата и неодминлив фактор на Балканот и Европа, особено ќе се манифестира со барањата за ослободување на Македонија и за создавање посебна македонска држава. Исто така, преку вооружените акции на четите на ВМРО во Вардарскиот дел на Македонија, Александров постојано ги вознемирувал балканските влади и европските дипломатски кругови, претставувајќи, истовремено, најголема опасност за мирот на Балканот.


ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ


АЛЕКСАНДАР ПРОТОГЕРОВ


ПЕТАР ЧАУЛЕВ

За решителноста на Тодор Александров по Првата светска војна да застане на чело на Организацијата, „не плашејќи се од одговорноста пред големината на предизвикот“, Иван Михајлов во својот есеј за него ќе констатира: „Во тој однос Тодор пројави иницијатива на општественик од голем калибар... Таков е примерот по 1918 год. – време на спорови и резигнации, на приказни и расудувања, кога татковината имаше потреба само од работа. Ако најтешката задача на еден војник е да ги стегне редовите на распрснатите војски и да ги поведе повторно кон победа, Тодор се покажа блескав водач на цел еден распрснат и збунет народ; при фатален историски пресврт ја спаси од струполување колата на македонската иднина и ја насочи по патот на народните идеали и интереси“.[120]

[120] ЦДА, Фонд 1933, оп. 3, а.е. 20, л. 2. Ив. Михайловъ, „Тодоръ Александровъ“, 1–3.

За одржување на континуитетот на вооруженото дејствување на организацијата, ЦК ВМРО уште на втората седница, одржана на 17 јануари 1919 година, донел одлука од касата на Организацијата да им прати помош од 200 – 400 лева на пунктовите началници на Ќустендил, Горна Џумаја, Петрич, Неврокоп, Струмица и др. Исто така, ЦК ВМРО решил да се отпуштат 10.000 лева на Сојузот на бугарските научници, писатели и уметници за издавање на книгата „Македонското прашање и Бугарија“ од Константин Соларов, како и да му пратат 500 лева „месечна помош за издршка“ на татко на Гоце Делчев бидејќи, според образложението на ЦК ВМРО, „поради големото поскапување на животот, невозможно е да преживее со семејството со својата мала народна пензија“.[121]

Но, веќе на 18 септември 1919 година, ЦК ВМРО донел решение да се предупредат „сите поранешни војводи и четници, како и некои од семејствата на убиените заслужни дејци“ кои дотогаш добивале помош, дека од 1 октомври истата година Организацијата нема да може да им дава помош, па затоа ги известила да си бараат работа, за што Организацијата „сесрдно“ ќе им помогне. Доставувајќи му го решението на пунктовиот началник на Ќустендил, А. Узунов, Тодор Александров му напишал: „Средствата се при крај и ако продолжиме со истите расходи преку зимата, кога ќе дојде време за работа ќе останеме дефинитивно без средства и без можност да почнеме“. Во истото писмо, Александров го известил А. Узунов и за мировните преговори што се воделе во Париз и му наредил да им објасни на војводите и на активните четници во Ќустендил дека „до 5–6 месеци македонското прашање нема да се разгледува. Има надеж за Независна Македонија, но по 5–6 месеци. Дотогаш нема да се работи ништо, за да не се изложува населението“.[122]

Тодор Александров и А. Протогеров веднаш по војната се нашле во многу незавидна положба. Политиката на бугарската буржоаска влада во војната претрпела целосен неуспех, а царот Фердинанд бил принуден да абдицира и да ја напушти Бугарија. Новата Земјоделска влада, врз основа на склучените конвенции на Париската мировна конференција и под притисок на јавното мислење, повела кривична одговорност против бившите министри и сите вмешани политичари, како главни виновници за катастрофата на Бугарија во војната. Во вакви услови не била заборавена и улогата на Тодор Александров и А. Протогеров во поддршката на бугарската влада во војната. За нивното

[121] Цочо Билярски, Борис Николов, Непубликувани писма на Тодор Александров...цит., 62. Објавено и кај: Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924..,. цит., 17.

[122] ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени, 196–197.



ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ

воено ангажирање, ставајќи ги борбените сили на Организацијата на располагање на бугарската армија за време на Првата светска војна, тие биле ставени во списокот на воените злосторници на Кралството на СХС,[123] за што подоцна и биле уапсени од Земјоделската влада на А. Стамболиски.

Внатрешна македонска револуционерна организација, под новото име ВМРО, своето прво појавување на македонската емигрантска и револуционерна политичка сцена го најавила со својот прв Мемоар, испратен до претседателот на Париската мировна конференција од 1 март 1919 година. Мемоарот бил изработен од проф. Љубомир Милетич,[124] а потпишан од дотогашните членовите на ЦК ВМОРО, Тодор Александров и А. Протогеров, во својство на „задгранични претставници" на Организацијата. Барајќи од името на Организацијата на Конференцијата да биде допуштена нивна „специјална делегација", во Мемоарот двајцата членови на ЦК ВМРО истакнале дека, за да има мир и спокојство на Балканот, потребно е Македонија „да се зачува неподелена и во никој случај да не се остави под власта на Србија и Грција". На крајот од Мемоарот, тие го навестиле и своето револуционерно дејствување со заканата дека „нема да има мир на Балканот" доколку не бидат прифатени нивните барања.[125]

Со таквиот „вооружен протест" ЦК ВМРО сметал дека ќе го сврти вниманието на европската дипломатија за нерешеното македонско прашање и ќе влијае

---

123 Дипломатски архив Државног секретаријата за иностране послове – Београд, Збирка: Делегација Краљевине СХС на Конференцији мира у Паризу (натаму: ДАССИП, Фонд: ДКСХС – КМП), ф. 23, д. VI/6, бр. 6104; REISS R.A, La question des comitadjis en borbie du sud, Belgrade, 1924, 41–43.

124 Георги Баждаров, Моите спомени. Предговор, съставителство и бележки: Ангел Джонев, София, 2001, 83.

125 Македония, Сборник от документи и материали, София, 1978, 626–632; Тодор Александров – Живот легенда...цит., 136–146. Објавено и кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 19–33.



ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ

при склучувањето на дефинитивниот мир на Конференцијата во Париз. Покрај тоа, Тодор Александров во писмата од 22 и 26 август до полномошникот на ВМРО на Париската мировна конференција, Димитар Наумов, му дал конкретни инструкции на Конференцијата да се застапува пред големите сили за „прогласување на Македонија во независна држава, односно за идното управување на независна Македонија“.[126]

На 17 март 1919 година Тодор Александров и А. Протогеров му испратиле Мемоар на генералот Кретиен, командант на сојузничките војски во Бугарија, со молба да се застапи пред Париската мировна конференција за добивање слобода на Македонија и да ја изложи желбата на нејзиното население. Во писмото Александров го уверувал генералот Кретиен дека доколку се воспостави „траен мир“, Организацијата ќе ги прекине вооружените дејства во Бугарија и надвор од нејзината територија.[127]

За време на одржувањето на Париската мировна конференција, Тодор Александров се залагал за формирање Комитет во Париз што ќе работи за „создавање независна Македонија“. Исто така, на своите пријатели во странство тој им препорачувал да се ангажираат за праќање делегати – Македонци, што живееле во Цариград, Швајцарија и Букурешт, за да одат во Париз и да земат учество во „Комитетот за независна Македонија“.[128]

Активноста на Тодор Александров и на А. Протогеров во обновувањето и во вооруженото подготвување на Организацијата за кратко време била прекината со нивното апсење и затворање од страна на бугарските власти. Според

[126] Крстю Гергинов, Цочо Билярски, Из архивното наследство на Тодор Александров...цит., 229–231. Објавено и кај: Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924...цит., 35, 455–457.

[127] Вътрешна македоно-одринска революционна организация (1893–1919 г.)... цит., 1152–1153.

[128] Архив на Музејот на македонската борба за државност и самостојност – Скопје, Фонд: Документи. Писмо на Т. Александров до Недков од 12 август 1919 г.

„Законот за судење и казнување на виновниците за народната катастрофа", а заради јавно демонстрирање за отфрлање на прогерманската политика пред Париската мировна конференција, на 4 ноември 1919 година Тодор Александров и А. Протогеров биле уапсени заедно со шеесетина највисоки бугарски политички и воени лица.[129] Под мотивација дека играле истакната улога за време на владата на Васил Радославов, тие биле обвинети како главни виновници за водењето на германофилската политика и за катастрофата на Бугарија во Првата светска војна.[130]

Веднаш по затворањето, Тодор Александров со писмо од „Централниот затвор во Софија" му напишал на Славе Иванов: „Веднаш со добивањето на ова мое писмо, одбери си верни другари и организирајте го моето бегство. Овие два дена ќе бидам изведуван кај иследникот и бидејќи ќе ги давам своите сведочења писмено, ќе можам да задоцнувам до темно, според својата желба. Пиши ми за твоето мислење, како би можело да се среди моето бегство во вакви ситуација?".[131]

По само неколку дни, Тодор Александров и А. Протогеров со помош на своите привrзаници и искористувајќи го толерантниот однос на полициските органи, успеале да избегаат од затвор. А. Протогеров уште на 6 ноември 1919 година избегал од затворското одделение на софиската болница, со помош на двајца луѓе од Организацијата преоблечени во стражарски униформи,[132] а на 13 ноември, при спроведувањето од страна на судскиот иследник, избегал и Александров, со помош на своите другари Стојан Мишев, Славе Иванов и Иван Арсов.[133]

Според спомените на Ангел Узунов, ослободувањето на Тодор Александров од затворот се случило на следниов начин: „Тодор Александров често

---

129 В. „Илинденъ", София, бр. 7, 20. IX 1924, 1; Кантарджиевъ Т., Въ Софийската бастилия или Централния затворъ: Ада на Данте, (С.Л.), 1927, 18–30; Правителството на Стамболийски и македонското освободително движение, София, май, 1923, 3.

130 ДАССИП, Фонд ДКСХС – КМП, ф. 24, д. VI/8, бр. 4858; Архив на Институтот за национална историја – Скопје, Фонд: III армиска област (натаму: АИНИ, Фонд ТАО), к. XXXV/3. бр. 324.

131 Непубликувани документи за дейността на Тодор Александров и ВМОРО (1910–1919 г.)... цит., 215. Објавено кај: Славе Иванов, Тодор Александров и македонското освободително движение, Виена, 1924, 12; Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924...цит., 459).

132 ДАССИП, Фонд ДКСХС – КМП, ф. 24, д. VI/8, бр. 4952; Исто, бр. 6110, „L'evasion du general Protogeroff, Belgrade", 13. XII 1919; Архив Војно-историјског института – Београд (натаму: АВИИ), Пописник 4, кут. 54, бр. 13; Кантарджиевъ Т., Въ Софийската бастилия... цит., 30.

133 ДАССИП, Фонд ДКСХС – КМП, ф. 24, д. VI/8, бр. 4607. За ослободувањето на Т. Александров види повеќе кај Славе Ивановъ, Тодоръ Александровъ... цит., 12–14; и кај Иванъ Михайловъ, Спомени II, Освободителна борба, 1919–1924, Louvain ,1965, 22–23).

беше воден на сослушување кај судија-иследник. А тоа се одвиваше на начин што беше вообичаен во тоа време: придружуван од еден или двајца стражари, тој рано поминуваше низ софиските улици, речиси по еден ист пат. Со него беше договорено кога, каде и како ќе се изврши неговото ослободување. На определениот ден, кога поминувале по ул. „Ополченска", Тодор Александров успеал да ги натера стражарите што го придружуваат да наминат на минута-две во една куќа за да се видел со неговите блиски, ветувајќи им и нешто да ги почести. Кога стигнале до определената куќа, Тодор Александров влегол во една голема порта, кога влегле и стражарите со него, и виделе неколку револвери насочени против нив. Александров брзо си ги пресоблекол алиштата и придружен од двајца телохранители излегол на улицата, но веќе слободен. Другите двајца наши уште извесно време ги задржале стражарите, им ги зеле куршумите за пушките и исто така исчезнале".[134]

Брзото ослободување на Тодор Александров и А. Протогеров од затвор било извршено поради тоа што во круговите на ВМРО постоело уверување дека апсењето е извршено во договор со Кралството на СХС и за да се спречи нивното евентуално предавање.[135] За нив Кралството на СХС постојано барало екстрадиција, сметајќи ги за најголеми злосторници на својата држава.

Истиот ден по ослободувањето од затвор, на 13 ноември 1919 година, Тодор Александров, му упатил „отворено писмо" на Никола Генадиев,[136] кој бил во блиски односи со претседателот на владата А. Стамболиски. Во писмото Тодор Александров го повикувал, „во рок од три дни да бидат ослободени Протогеров и д–р Точков" и, ако се виновни, „да се осудат според законите од бугарските судови, а не од некаков народен партиски суд". Исто така, во писмото Александров најостро протестирал да не се „тормозат од полициската власт" мајка му и сестра му, неговите роднини и другари, а на крајот од писмото и му се заканил на Н. Генадиев: „Освестете се и не револуционизирајте го бугарското граѓанство! Ветришта сеете, бури ќе жнеете!".[137]

По ослободувањето од затвор, Тодор Александров и А. Протогеров подолго време живееле нелегално во Софија и во Петричко, криени и сместувани

[134] ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени, 199.

[135] ДАРМ, Пописник I, бр. 21, Спомени на Станчев Иванов Славе (ракопис), 23–26.

[136] Никола Генадиев (Битола, 1868–Софија, 1923), бугарски политичар, министер и пратеник, основач и редактор на повеќе весници, водач на Народнолибералната партија (1907).

[137] Д-р Никола Генадиев, Между политиката и властта, заговорите и затвора. Подготвил за печат Цочо В. Билярски, София, 2002, 98–99; Објавено и кај Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 35–37.



ВЛАДИСЛАВ КОВАЧЕВ

од блиските во Организацијата, со што им било оневозможено да одат во канцеларијата на ВМРО и да се среќаваат со војводите и четниците.

Во април и мај 1919 година, левите струи во македонското револуционерно движење отворено му се спротивставиле на стариот ЦК ВМОРО, пред сè на Тодор Александров и А. Протогеров. Меѓу нив, најгласни биле Владислав (Славчо) Ковачев, војвода и доктор по правни науки, кој подоцна ќе стане лидер на Македонската емигрантска федеративна организација (МЕФО), д-р Христо Татарчев и Христо Силјанов, кои им го оспорувале правото да раководат со Организацијата, бидејќи не биле избрани на редовен конгрес и ја критикувале нивната улога за време на Првата светска војна.[138] Тоа им дало повод на Тодор Александров и А. Протогеров на 19 април 1919 година да излезат со соопштение во софискиот весник „Камбана“. Во него тие ги запознале македонските емигрантски средини дека сè уште се легитимни претставници на ЦК ВМРО, најавувајќи дека Внатрешната револуционерна организација постои, дека тие се нејзини законски претставници во Бугарија и дека нивната дејност е исправна.[139]

Својот сè уште недефиниран став кон автономијата на Македонија, а секако под влијание на Меморандумот на Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија доставен до Париската мировна конференција од февруари 1919 година, Тодор Александров го изложил во писмото до Владимир Карамфилов[140] од 6 јули 1919 година. Во писмото, тој јасно дава до знаење дека ВМРО никогаш во својот устав не го поставила прашањето за „самостојна (автономна) Македонија“, туку автономијата на Македонија била поставена „како етапа“, за која се залагале не само основачите, туку и сите дејци на

[138] Славчо Ковачевъ, „Македонското дело и неговитѣ дейци“, сп. „Сила“, бр. 19, 5. IV 1919 г.; Д-р Христо Татарчев, Спомени, документи, материали, София, 1990, 167.

[139] АИНИ, Никола Киров-Майски, В строя за Македония, Исторически факти, бележки и документи, София, 1957, (ракопис), сл. IV. 242/1, 35–38.

[140] В. Карамфилов бил главен учител во Кратово во 1901–1902, кога и Т. Александров бил учител во овој град и од кога потекнувало нивното познанство.

Организацијата. Барањето на македонската емиграција за „автономија", а не за „присоединување" на Македонија, тој го толкува со ставот дека во новонастанатата политичка состојба по Првата светска војна и по решенијата на Париската мировна конференција, со доделувањето на Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија на Кралството на СХС и на Грција, сите биле свесни дека автономијата носи „нови неизвесности и борби", па затоа сите ја прифатиле автономијата или, поточно, создавањето на независна Македонија како „помало зло" во неможноста Македонија да се обедини со Бугарија.[141]

Во периодот од завршувањето на Првата светска војна до потпишувањето на Париските мировни договори на 27 ноември 1919 година, ЦК ВМРО зазел исчекувачка позиција, не преземајќи никакви револуционерни дејства, туку само мобилизаторски активности. На воен план, Тодор Александров целосно пристапил кон револуционизирање на Организацијата, преку вооружена борба да се дојде до ослободување на Македонија, без да се пренебрегнат и легалните средства на дејствување.

По решенијата на Париската мировна конференција, кога Вардарскиот дел на Македонија му беше доделен на новоформираното Кралство на СХС, ЦК ВМРО излезе со нова парола дека ќе се бори за самостојна, односно автономна Македонија. За спроведување на новата политичка ориентација, раководството на Организацијата, предводено од Тодор Александров, афирмирајќи ги програмските цели на Гоце Делчев, го прогласил ВМРО за „автономистичка", објавувајќи истовремено дека е продолжување на Гоцевата ВМРО. Со ваквите програмски залагања, Александров станал искрен приврзаник за автономијата на Македонија во Бугарија, во Вардарскиот и во Егејскиот дел на Македонија и надвор од неа, и покрај тоа што бил свесен дека барањето за „автономија" во тогашните политички состојби веднаш по Париската мировна конференција носи нови неизвесности и борби. На тој начин, подготовките за нелегално комитско движење Александров почнал да ги организира во името на „автономна Македонија", со што автономијата станала основна парола на Организацијата, којашто почнала да се нарекува „автономистичка" ВМРО.

По Првата светска војна, крајната стратегиска цел на политичката програма на ВМРО станала извојување автономија или нејзина целосна независност како одделна држава со трите делови на Македонија: Вардарскиот, Егејскиот

[141] Непубликувани документи за дейността на Тодор Александров и ВМОРО (1910–1919 г.)... цит., 213–215; Тодор Александров, Непубликувани спомени, документи и материали... цит., 263–288. Објавено и кај: Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 449–455.

и Пиринскиот. За постигање на ваквата цел, Тодор Александров, во името на Организацијата, најавил преземање револуционерни средства преку оружени чети и атентати над објекти и претставници на окупаторските власти во Вардарска и Егејска Македонија, како и преку легални средства со учество во политичкиот живот во поробените македонски земји. Незадоволен од новиот статус на Македонија, ЦК ВМРО пристапил кон организирање на вооружени комитски чети. Обновувањето на вооружената дејност било со цел навлегување во окупираните делови на Македонија од страна на Кралството на СХС и Грција, со цел да се одржи континуитетот на револуционерниот дух на македонското население и да се оневозможи брзо консолидирање на југословенскиот и грчкиот режим во Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија.

Организацијата ги задржала старите организациски форми од пред Илинденското востание. Територијата на Македонија и понатаму останала поделена во пет окружни револуционерни комитети: Солунски, Битолски, Скопски, Струмички и Серски.

Покрај четите на автономистичката ВМРО, по завршувањето на Првата светска војна, па до јули 1920 година, во Вардарскиот дел на Македонија од Бугарија редовно се префрлувале и комитски чети, предводени од Иван Јанев-Брло, Мите Соколарски-Суџукаро и Глигор Циклев, заради вршење грабежи и разбојништва над незаштитеното македонско население. Останувајќи без плата од Организацијата, овие комитски војводи со околу 70–80 комити од кратовската, кочанската и штипската чета, гледајќи дека не се врши никаква „револуционерна дејност“ и во услови кога Организацијата не функционирала, а сѐ уште неориентирани кон решавањето на македонското прашање, дејствувале по свои патишта, како што знаеле и умееле.[142] Овие комитски чети, како што ги окарактеризирале и самите печатени органи на македонската миграција во Бугарија, губејќи навика за чесен труд и секаква почит и чувство кон високото дело на Македонија, „се раздвижија како глутници по македонските села за да го ограбат од оголените селани и тоа што војната и непријателската наезда им го оставиле“. Несреќата била уште поголема кога селаните во лицата на разбојниците ги препознавале старите работници на ВМРО и во смртен страв се прашувале: „Тоа ли се луѓето што ќе ги водат кон ослободување, и губеа верба во самата организација“.[143]

142 Славе Ивановъ, Тодоръ Александровъ... цит., 10 и 17.

143 Заговорътъ противъ Тодоръ Александровъ по данни на Вътрешната македонска революционна организация, (София), 1924, 6.


ГЕОРГИ БАЖДАРОВ


КИРИЛ ПРЛИЧЕВ


НАУМ ТОМАЛЕВСКИ

За да го спречи нивното безидејно и криминално дејствување, Тодор Александров најпрвин ја осудил нивната дејност и ги отстранил од Организацијата. Подоцна, во септември 1920 година, тие биле амнестирани од ЦК ВМРО и се приклучиле кон автономистичката ВМРО.[144] Во 1922 година тие се приклучиле кон новоформираната организација, Македонска федеративна револуционерна организација (МФРО). Тогаш, Александров им забранил да влегуваат во Вардарскиот дел на Македонија без одобрување на ЦК ВМРО, наредувајќи им да престанат да бидат во услуга на непријателите на македонската слобода и против ВМРО, а пред сè на бугарската влада.

Тодор Александров, покрај тоа што блиско соработувал со раководството на Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија, успеал да привлече и голем број интелектуалци, професори, академици, политичари и општественици со македонско потекло, докажани во работата за македонското дело, како што биле: Љубомир Милетич, Александар Балабанов, Иван Георгов, Симеон Радев, Никола Милев, Георги Баждаров, Иван Снегаров, Георги Баласчев, Тома Карајовов, Кирил Прличев, Наум Томалевски и др. Веднаш потоа било обновено Задграничното претставништво на ВМРО, во состав: Горги Баждаров, Наум Томалевски и Кирил Прличев. Приврзаноста кон раководството на ВМРО, Г. Баждаров во своите спомени ја толкува на следниов начин: „Нашите водачи, под кои ги разбирам Александров, Протогеров и Матов, но и другите, беа чесни, несебични патриоти, целосно оддадени на Делото без задна мисла. Славољубиви беа, но без славољубие нема водачи. Ва-

144 Правителство на Стамболийски и македонското освободително движение...цит., 59–63.



ППА, ф.226 оп.3, а.е.293

N5

Одобрявамъ.

У С Т А В Ъ

НА МАКЕДОНСКАТА МЛАДЕЖКА ТАЙНА РЕВОЛЮЦИОННА ОРГАНИЗАЦИЯ.

1.Цѣль и Срѣдства

Чл.1.-Македонската Младежка Тайна Революционна Организация има за цѣль:
а/ Да подпомага Вътрѣшната Македонска Революционна Организация /В.М.Р.О./ въ борбата й за освобождението на Македония отъ гръцкото и сръбско иго и за обединението на тритѣ й части въ автономна политическа единица;
б/ Да служи като школа за подготовка на нови интелигентни борчески сили.-

Чл.2.-М.М.Т.Р.О., за да постигне поставената си цѣль, образова и възпитава членоветѣ си чрѣзъ слово, книжнина и дѣло.-

2.Съставъ и Устройство.

Чл.3.-Членъ на М.М.Т.Р.О. може да бъде всѣки студентъ или ученикъ отъ горнитѣ гимназиални класове, македонецъ по произходъ, стига да изяви искрено желание да се посвѣти на Дѣлото.-

Чл.4.-При постъпването си въ организацията, всѣки членъ е длъженъ да даде слѣдната клѣтва:

" Заклѣвамъ се прѣдъ Бога, Родината и честьта си, че ще пазя въ тайна всичко, що узная сега или бихъ узналъ за напрѣдъ коя дѣйността на Вътрѣшната Македонска Революционна Организация; обѣщавамъ, че винаги прѣзъ живота си ще имамъ присърдце благото на Родината и освободителното й дѣло и ще изпълнявамъ прѣдписанията на Устава на М.М.Т.Р.О., както и разпоредбитѣ на ръководното тѣло. Въ противенъ случай нека бъда убитъ съ оръжието, което цѣлувамъ тукъ. Да прѣбъде Македония !".-

Чл.5.-М.М.Т.Р.О. се състои отъ петочленни групи, свързани една съ друга

УСТАВ НА ММТРО, МАРТ 1921 Г.

жно беше дека не беа грандомани и не беа болни славољупци“.[145] Покрај уставните задолженија за „издигање на престижот на Организацијата пред надворешниот свет“, Задграничното претставништво имало задача да врши агитација сред македонската емиграција за неопходноста од нелегална борба во Македонија.

Тргнувајќи од новата стратегија на раководството на ВМРО за пошироко опфаќање на младината и интелигенцијата во градовите во Вардарскиот дел на Македонија, ЦК ВМРО подготвил Устав на „Македонската тајна револуционерна младинска организација“, одобрен и потпишан од Тодор Александров на 15 март 1921 година. Според член 1 од Уставот, ММТРО имала за цел: „а) да ја помага ВМРО во борбата за ослободување на Македонија од грчко и српско ропство и за обединување на нејзините три дела во автономна политичка единица; б) да ѝ служи како школа за подготовка на нови интелигентни борбени сили“. А

[145] Георги Баждаров, Моите спомени... цит, 85.


ИВАН МИХАЈЛОВ

според член 3 од Уставот, „член на ММТРО можел да биде секој студент или ученик од горните гимназиски класови, Македонец по потекло, кој искрено ќе изјави желба да му се посвети на Делото“. Идеалот на секој „македонски младинец“, според член 18 од Уставот, требало да биде „од себе да создаде борец за ослободување и за обединување на поробената и распарчена Македонија.[146]

Според Г. Баждаров, кој го изготвил првиот Устав на новата организација, ММТРО одиграла значајна улога кај ученичката и студентската младина во Вардарскиот дел на Македонија, пред сѐ, во „спречувањето на србизирањето на младината“ во Македонија, односно во спасувањето на „националното сознание и народносното чувство“ на македонското население. За начинот на регрутирањето на младите членови во ММТРО во Бугарија во 1922 година, Г. Баждаров во своите спомени запишал дека при положувањето заклетва на Јордан Чкатров и на Крсто Велјанов, блиски соработници на Иван Михајлов, меѓу другото, им рекол: „Вие еден ден ќе станете револуционерни водачи. ВМРО понекогаш во вонредни случаи се служи и со терор. Внатрешната организација не е добротворно друштво, туку е револуционерна и определени случаи казнува со смрт. Но, никогаш не создава систем со терор. Ние сме мал народ, а дури и да не сме мал треба пак да се штеди човековиот живот. Затоа, ако некогаш треба да се служиме со смртни казнувања, тоа нека биде ретко, во исклучителни случаи и по докажани големи престапи, и при очевидни опасности за Делото ако престапниците се оставаат живи, затоа што човековата крв е многу скапа и не треба напразно да се пролева“.[147]

Во услуга на македонското дело голема улога имала и масонската ложа во Бугарија, чиј главен мајстор бил генералот А. Протогеров, а сите членови на Задграничното претставништво на ВМРО биле масони, како и поголемиот дел од интелектуалното крило на Организацијата и на Македонскиот национален комитет. ВМРО широко ги користела меѓународните врски на масоните, главно за пропаганда на македонската ослободителна борба.[148]

146 ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а.е. 293, л. 1–3.

147 Георги Баждаров, Моите спомени... цит., 105–109.

148 Величко Георгиев, Масонството в България, София, 1986, 139–239.

На меѓународен план, ЦК ВМРО воспоставил контакти со Револуционерната организација на Косово, со Хрватската селанска републиканска партија и со одделни турски воени кругови. Контактите со турската влада на Мустафа Кемал Ататурк особено се интензивирале за време на Грчко-турската војна во 1921 година, кога раководството на ВМРО со турскиот дипломатски претставник во Софија, Џевад Асад, водело конкретни договори за заедничка соработка меѓу турското население и македонските револуционери во Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија и за составување заедничка листа со турската партија Џемиет за време на изборите во Вардарскиот дел на Македонија.[149]

## Основањето на Илинденската организација

За поактивно дејствување на автономистичката ВМРО, Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија во пролетта на 1921 година иницирал создавање на уште една легална македонска емигрантска организација во Бугарија, составена од бившите македонски револуционери, учесници во Илинденското востание. Основачкото собрание на новата Илинденска организација се одржало на 3 април 1921 година, во Софија, на кое било избрано раководно тело во состав: Крум Зографов, претседател, Георги Поп Христов, секретар, Славчо Пирчев, благајник, и Георги Занков, советник.[150]


ГЕОРГИ ПОП ХРИСТОВ


ГЕОРГИ ЗАНКОВ


АРСЕНИЈ ЈОВКОВ

149 Георги Баждаров, Моите спомени... цит., 95.

150 Александър Гребенаров, Легални и тайни организации на македонските бежанци в България (1918–1947), София, 2006, 93.


ПЕТАР АЦЕВ

На собранието бил донесен првиот устав и била прифатена идејата за создавање ограноци на друштвото и во провинција. Со Уставот, Организацијата била прогласена за помошна организација и независна од секакви политички струи и партии. Целта на Организацијата била: да ги обедини сите поранешни македонско-одрински револуционери; да развива зближување и солидарност меѓу нив и да ги заштитува нивните интереси и права; да ги помага своите членови и да им наоѓа соодветна работа; да ги сместува нивните деца во училишта и пансиони; да им доделува неповратна парична помош на крајно бедните членови; да ги сместува болните во болници; да се грижи за пристојно и посвечено погребување на починатите членови на Организацијата; да ги овековечува и да ги слави годишнините на нивните херојски загинати другари; да се грижи за духовно-културниот развиток на своите членови.[151]

Веднаш по формирањето на Илинденската организација, Тодор Александров ѝ пратил 100 000 лева, со кои започнал да излегува весникот „Илинден", редактиран од Александар Панов. Илинденската организација преку весникот „Илинден" во овој период станала главен фактор во пропагирањето и поддржувањето на вооружените акции на Александров, прокламирајќи ги како „патриотски дела". Кон крајот на 1921 година, Илинденската организација избрала ново Раководно тело на чело со Георги Занков, а за главен уредник на весникот „Илинден" го назначило Арсени Јовков. Со направените персонални промени и со подобрувањето и редовното печатење на весникот „Илинден" се зголемил бројот на друштвата и на членовите на Илинденската организација.

Првиот редовен конгрес на Илинденската организација бил одржан во јануари 1923 година, во присуство на делегати од 30 друштва со 4 300 членови. На Конгресот било избрано ново Раководно тело во состав: Георги Занков, Борис Стрезов, Славчо Абазов, Георги Поп Христов и М. Иванов. Меѓу раководните лица на Илинденската организација се наоѓале: Петар Ацев, Михаил Чаков, Владислав Ковачев, Славчо Пирчев и др.

---

[151] Исто, 92.

По Конгресот, Тодор Александров предложил во Уставот на Организацијата да се „направат значителни поправки“ на работите што треба да ги вршат раководство и членовите на Организацијата:

1. Да ги популаризира борбите за слобода;
2. Да наоѓа и да создава свесни борци за слобода, препорачувајќи им ги на привремените претставници или на членовите на ЦК Организацијата;
3. Да ги следи и да ги спречува можните изнудувања и секакви можни злоупотреби со името на ВМРО, разобличувајќи ги изнудувачите и злоупотребувачите;
4. Да ги собира или поточно да ги наоѓа и да ги упатува кај тамошните привремени раководители на организациската работа сите лица и групи кои би можеле и би сакале да ѝ подарат на ВМРО: пушки, патрони, револвери, бомби, експлозиви и др. слични материјали;
5. Да пронаоѓа и да им препорачува на тамошните надлежни организациски лица личности, групи и организации кои би можеле да ја помогнат, морално и материјално, народната кауза;
6. Да се информираат бугарскиот и странскиот печат правилно за македонското прашање итн. итн.[152]

Илинденската организација имала свои друштва речиси во сите поголеми места во Бугарија каде што постоела македонска емиграција. Таа станала најмасовна легална македонска емигрантска организација, а нејзиниот орган „Илинден“, во споредба со другите македонски легални весници, имал највисок тираж. Раководството на Организацијата го прифатило „федеративно-автономниот принцип“, сметајќи дека тој единствено одговарал на интересите и стремежите на македонското население и македонската емиграција, поддржувајќи го отворено „ослободителното движење во Македонија“.

Својот однос и почитта кон великаните на Македонската револуционерна организација, Тодор Александров ќе ги искаже и при прибирањето и зачувувањето на коските на Гоце Делчев. Во таа пригода, тој во писмото до Михаил Чаков од 2 август 1923 година, му напишал: „Пријатен долг ми е да Ви искажам голема благодарност од името на другарите-борци за независноста

[152] Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Непубликувани документи за дейността на Вътрешната македонска революционна организация и Тодор Александров (1922–1924 г.), Известия, том 49, София, 1990, 219. Објавено и кај: Владо Поповски, Л. Жила, Македонското прашање во советската надворешна политика (1922–1940). Документи, Книга I и II, Скопје, 2008; Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 505–507. Писмо на Т. Александров до Г. Занков од 10 јануари 1923 г.



ЃОРЧЕ ПЕТРОВ, АРСЕНИЈ ЈОВКОВ И ГЕОРГИ ПОП ХРИСТОВ

на Македонија и од мое име за патриотската идеја да ги најдете и приберете светите коски на нашиот претходник и голем учител – Гоце Делчев, еден од основачите на ВМРО, и за Вашата грижа да го погребете како светиња во својот дом, со што заслуживте признание на денешна борбена и утрешна независна Македонија“.[153]

[153] ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а.е. 77, л. 10. Објавено кај: Крстю Гергинов, Цочо Билярски, Новоиздирани документи за Тодор Александров и за Вътрешната македонска революционна организация, Военоисторически сборник, г. 57, кн. 4, юли–август, София, 1988, 189; Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 209.


МИХАИЛ ЧАКОВ

До Деветтојунскиот преврат во 1923 година во Бугарија, Илинденската организација ја поддржувала политичко-пропагандната и вооружената активност на автономистичката ВМРО на Тодор Александров. Сметајќи дека автономистичката ВМРО го зела името на старата ВМРО и ги прифатила старите принципи на револуционерно-ослободително движење, раководството на Организацијата ја популаризирало нејзината комитска акција во Македонија. И покрај ваквата политика, раководството на Илинденската организација било против меѓусебните убиства во редовите на Организацијата, осудувајќи ги атентатите вршени од страна на автономистичката ВМРО врз македонски дејци и физичкото ликвидирање на нејзините идејни и политички противници во македонските средини.

## Основањето на Сојузот на МПО

Раководството на ВМРО и на Извршниот комитет своето внимание го насочиле и кон придобивање на македонската емиграција во Америка и Канада. Бројот на македонската емиграција во овие прекуокеански земји по Првата светска војна изнесувал околу 35–40 000 души, главно економска емиграција и населена во поголемите индустриски центри. Политичкото ангажирање на македонската емиграција во Америка и Канада во поддршката на борбата на македонскиот народ за ослободување и за обединување на распарчената татковина се интензивирало особено од 1922 година, кога биле основани 23 друштва во поголемите градови – центри во САД и во Канада.

Во октомври 1922 година, се одржал Основачки конгрес на македонските братства во Форт Вејн, Индијана, со присуство на делегати од 10 македонски братства. На Конгресот тие се обединиле во Сојуз на Македонски политички организации (МПО) и бил избран Централен комитет, со прв претседател Атанас Стефанов.[154] Основната цел на Сојузот на МПО била: „Создавање независна македонска република, што ќе биде формирана во нејзините географски граници, а што ќе им гарантира политички, религиозни и културни права на сите граѓани, во смисла на вистинска демократија“.[155]

На Конгресот бил донесен и првиот Устав на Сојузот на МПО. Според член 2 од Уставот, Сојузот на МПО имал за цел: „Да се бори по легален начин за прогласување на Македонија во една независна македонска република во нејзините географски и економски граници“. Според член 4 од истиот Устав, член на Организацијата може да биде „секој полнолетен Македонец, кој ја сочувствува и поддржува целта на Организацијата“.[156] Во постигнувањето на прокламираната цел, Сојузот на МПО изразил подготвеност да влезе во сојуз со организациите на потиснатите народи од Балканскиот Полуостров, со цел да помогне во „создавањето една балканска федерација или конфедерација, во која целокупна Македонија ќе биде рамноправна единица“. Со објавувањето на овие програмски цели, всушност, започнал процесот на поорганизирана дејност на Сојузот на МПО, како најмоќна, најмасовна и највлијателна организација на македонска емиграција во Америка и во Канада.

Основањето на македонските организации во Америка било со единствена цел и желба „сите чесни и доблесни Македонци и Македонки да се организираат во МПО“,[157] да се „обединат во борбата против поробувачите и предавниците на сите избркани Македонци од поробена Македонија“[158] и да се вклучат во Сојузот на МПО за „да работат заеднички за слободата на татковината“.[159] Понатаму, да ја истакнат својата солидарност со поробените сонародници во Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија, да даваат безрезервна поддршка во борбата за от-

[154] Архив на МПО, Форт Вејн, Индијана, САД (натаму: АМПО), Фонд 2, а. е. 332, „Историски преглед на МПО“.

[155] Исто, Фонд 1. а. е. 3, Основањето на МПО.

[156] Веселин Трайков, История на българската емиграция в Северна Америка. От началото и през средата па XIX в. до 80-години на XX век, София, 1993, 169; Трендафил Митев, Българската емиграция в Америка и борбите за освобождението на Маледония, 1919–1945, София, 1993, 15–16.

[157] АМПО, Фонд 2, а.е. 485. „Окружно“ писмо на ЦК МПО, бр. 10, од 12 септември 1935 г.

[158] Исто, Фонд 2, а.е. 106. „Окружно“ писмо на ЦК МПО од 22 јуни 1934 г.

[159] Исто. Од писмото на македонското братство „Татковина“, од 1925 г.



ЈОРДАН ЧКАТРОВ

странување на жестокиот окупаторски режим на српската и грчката власт и да не отстапуваат од борбата за создавање слободна, независна и обединета Македонија. Исто така, основна задача и должност што си ги поставиле македонските организации при своето основање во Америка биле: „Македонецот е должен, каде и да се наоѓа, каква и да е неговата социјална положба, да ги поддржува борците во Македонија; да ја запознае општествената јавност во Новиот свет со вистинската положба на Македонија и да ја придобие за нејзината кауза; и да собира неопходни материјални средства за поддршка на борбата во Македонија“.[160]

За основање на македонските братства и за нивно поорганизирано политичко дејствување во однос на решавањето на македонското прашање и ослободувањето на Македонија, ЦК ВМРО и Извршниот комитет во Америка ги пратиле своите емисари, Сребрен Поп Петров во 1922 година и Јордан Чкатров во 1924 година. Особено со доаѓањето на Ј. Чкатров, политичката активност на македонските братства во Америка и во Канада значително се интензивирала, се проширила и станала помасовна, јасно дефинирајќи ја својата политичка ориентација во однос на ослободителните цели на македонското население во трите дела на Македонија и во однос на државно-правниот статус на Македонија, како посебна политичка единица на Балканот. Уште со доаѓањето во Америка, Ј. Чкатров изјавил: „Македонците сакаат целосна независност и се надеваат дека порано или подоцна ќе се создаде една балканска Република од сите балкански држави, односно федерални држави“.[161]

Политичката ориентација на ЦК МПО била јасно дефинирана на нејзиниот Трет конгрес, одржан во 1924 година во Форт Вејн, кога Ј. Чкатров бил избран за сојузен секретар на ЦК МПО. Програмската декларација, донесена од Конгресот, тргнувала од главната цел утврдена во Уставот на МПО: „Претворање на Македонија во независна република“. Како компромис, било прифа-

[160] Исто, Фонд 8, а.е. 1. Писмо на Илинденската организација до ЦК МПО, од 20 февруари 1923 г.

[161] ЦДА, Фонд 1932, оп. 1, а.е. 32, л. 11. Според в. „The New York Times“, од 10 август 1924 г.

тено решението за прогласување на Македонија во „автономна република“ и пропагирање на идејата за Балканска федерација.[162]

Во Резолуцијата од истиот Конгрес, ЦК МПО протестирал против праќањето и поддржувањето свештеници и мисионери од страна на Светиот синод на бугарската црква и нивното дејствување „против интересите на македонската емиграција, која тој чин го смета за незаконски и непријателски“.[163] Во повикот од октомври истата 1924 година, упатен до „Браќа Македонци“, ЦК МПО протестирал против распарчувањето на Македонија меѓу балканските држави, укажувајќи притоа, дека со „решавањето на македонското прашање ќе се воспостави нов поредок на Балканскиот Полуостров“.[164]

## Дејствувањето на Тодор Александров во дисциплинирањето на опозицијата во редовите на македонското револуционерно и легално движење

По Првата светска војна, заедно со огромната македонска бегалска маса, во Бугарија бил сконцентриран и најголемиот дел од активниот кадар на македонското револуционерно движење. За разлика од другите балкански држави, единствено во Бугарија постоеле релативно поповолни услови македонската емиграција и воените сили на ВМРО да развијат поактивна политичка и вооружена дејност. Врз основа на политичкото раздвижување во редовите на македонската емиграција, пред и за време на одржувањето на Париската мировна конференција, во раководните кругови на Македонската револуционерна организација започнало меѓусебно политичко пресметување, засилена диференцијација и трансформација.

Веднаш по Првата светска војна бил формиран, односно обновен Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија, кој бил избран во 1912 година на Општиот конгрес на македонските добротворни братства во Бугарија, на чело со Александар Протогеров.

Првата седница на Основачкиот собир на делегатите на македонските братства се одржала на 22 ноември 1918 година, на која учествувале 22 брат-

[162] Костадин Гърдев, Македонските патриотически организации в Канада от основането им до 1987 г., София, 1991, 47.

[163] В. „Бюлетинъ“, бр. 3, 18. X 1924. Во октомври 1933 г. друштвото „Илинден“ од Њујорк ја бојкотирало молебната литургија на бугарската црковна мисија во Америка (АМПО, Фонд 1, а.е. 37).

[164] В. „Бюлетинъ“, бр. 3, 18. X 1924, 1.


ИВАН КАРАНЏУЛОВ


НИКОЛА МИЛЕВ


СИМЕОН РАДЕВ

ства со по двајца делегати. Било избрано привремено раководно тело со претседател Иван Каранџулов и секретар Никола Милев. На основачкиот собир било решено идниот Извршен комитет да се состои од 7 души, за членови на Комитетот да можат да се изберат лица и надвор од делегатите, а нивниот избор да се изврши на второто заседание, закажано на 24 ноември.[165] На собирот како делегати присуствувале Тодор Александров и А. Протогеров, но по предлог на А. Протогеров, тие не биле вклучени во кандидатската листа на новиот Извршен комитет. На второто заседание, одржано на 24 ноември 1918 година, бил избран нов Извршен комитет на македонските братства во Бугарија, во состав: претседател Иван Каранџулов од Прилеп, потпретседатели д-р Божидар Татарчев од Ресен и Димитар Михајлов од Битола, секретар д-р Никола Стојанов од Дојран, и членови Тодор Павлов од Скопје, д-р Константин Станишев од Кукуш и Георги Баждаров од с. Г. Броди – Серско. Своето отсуство од раководството на Извршниот комитет, Тодор Александров го оправдувал со тоа што имал „доволно работа“ во Македонија, каде што била „силата на Организацијата“, и за да не губи време и со работата на емиграцијата, со која, како што напишал во писмото, „никогаш досега не сум се занимавал многу“.[166]

На заседанието била донесена резолуција, во која било подвлечено дека Извршниот комитет во својата дејност ќе се раководи од следниве две начела:

[165] Кои сѫ самозванцитѣ? Едно обяснение на Изпълнителния комитетъ на македонскитѣ братства, София, 1919, 6.

[166] Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Непубликувани документи за дейността на Тодор Александров и ВМОРО (1910–1919 г.)...цит., 213–215; Тодор Александров, Непубликувани спомени, документи и материали... цит., 283–288. Објавено и кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 449–454. Од писмото на Т. Александров до Владимир Карамфилов од 6 јули 1919 г.

„1. Неделивост на Македонија; и 2. Нејзино присоединување кон Бугарија“. Ако се сметало дека тоа е невозможно, Извршниот комитет истовремено изјавил дека ќе се задоволи и со создавање на „една независна Македонија“, но не да се распарчува меѓу Бугарија, Србија и Грција.[167] Според тоа, Извршниот комитет добил мандат да се бори, најпрвин за целокупна Македонија и против нејзиното распарчување, а потоа за нејзино присоединување кон Бугарија, додека независноста на Македонија се сакала, во краен случај, доколку првото барање не се оствари, при што тој се надевал дека една автономна Македонија ќе може подоцна, во други поволни политички околности, да се присоедини кон Бугарија.

Една од првите активности на Извршниот комитет, по иницијатива на Тодор Александров и Г. Баждаров, била да бара прием кај амбасадорот на Соединетите Американски Држави во Софија, Доминик Марфи, „за да го моли да се застапи пред неговата влада за Македонија“, во согласност со принципите на американскиот претседател, Вудро Вилсон, „за национално самоопределување и самоуправување во однос на Македонија“.[168] Делегацијата на Извршниот комитет се сретнала со американскиот амбасадор и безуспешно разговарала за неговите барања во однос на независниот статус на Македонија, како и да се застапи пред својата и пред владите на сојузничките сили да ја окупираат Македонија од нивните војски, додека на Париската мировна конференција не се определи судбината на Македонија.[169]

Покрај тоа, една од првите задачи на Извршниот комитет била да дејствува и да говори од името на македонската емиграција во Бугарија. За таа цел, Извршниот комитет развил силна кампања во дневниот печат и преку објавување на свои весници, списанија и повремени брошури.[170] Покрај редовното излегување на својот весник „Македонија“,[171] Извршниот комитет почнал да издава и свое гласило на француски и англиски јазик: „LA MACEDOINE“, односно „MACEDONIA“. Спротивставувајќи се на сите оние кои на барањата „за

[167] Кои се самозванцитъ?.. цит., 6–7, 13.

[168] Георги Баждаров, Моите спомени... цит., 78.

[169] Александър Гребенаров, Легални и тайни организации на македонските бежанци в България (1918 – 1947)... цит., 21–26.

[170] Меѓу другото, Извршниот комитет ги издал и следните публикации: LES MACEDONIENS DANS LA VIE CULTURO–POLITIQUE DE LA BULGARIE, SOFIA, 1919; LES ATROCITES SERBES EN MACEDOINE 1912–1915, SOFIA, 1919; LA MACEDOINE SOUS LE REGIME DES GRECS ET DES SERBES PENDANT LA REOCUPATIONS DE CE PAYS PAR LES DERNIERS, SOFIA, 1919; Албумъ Македония въ образи, SOFIA 1919 и др.

[171] Весникот „Македония“, како орган на Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија, излегувал двапати неделно во Софија. Првиот број излегол на 29. XI 1919 г. Главен уредник бил Г. Баждаров. Од 1923 година се здружил со весникот „Автономна Македония“ и излегувал под името „Независима Македония“.

самостојна Македонија“ им давале карактер на некакви „анархо-болшевички мечти“,[172] Извршниот комитет започнал да ги заплашува членовите на Привременото претставништво со апсења, убиства и со интернирања.

Една од првите и најглавни задачи на Извршниот комитет била да подготвува и да праќа мемоари и петиции до Конференцијата на мирот во Париз, од која, од името на македонската емиграција, требало да бара присоединување на Македонија кон Бугарија. Уште во првиот Мемоар испратен во февруари 1919 година до претседателот на Конференцијата на мирот и до владите на САД, Англија, Италија, Франција и Јапонија, Извршниот комитет, од името на 200-илјадната македонска емиграција во Бугарија и на македонското население, побарал „Македонија да се присоедини, цела и неделива, кон заедничката татковина – мајка Бугарија“.[173]

Во почетокот на април 1919 година, Извршниот комитет пратил опширен Мемоар до Париската мировна конференција, во кој повторно се барало присоединување на Македонија кон Бугарија. Доколку ваквото барање се покажало невозможно, Извршниот комитет го истакнал и предлогот Македонија да биде прогласена за автономна држава, но во никој случај да не биде разделена меѓу соседите.[174] Според Г. Баждаров, член на Извршниот комитет, кој заедно со Димитар Михајлов го пишувал Мемоарот, при составувањето најмногу размислувале за заклучокот: „автономија или присоединување“. Притоа, биле организирани и неколку средби со лица кои не биле членови на Извршниот комитет, како Тодор Александров, А. Протогеров, проф. Љубомир Милетич, проф. Иван Георгов и Симеон Радев. На крајот, се прифатила формулацијата на искусниот дипломат С. Радев: „Македонското население... не еднаш изјавувало и сега изјавува дека претпочита една независна и самостојна Македонија пред нејзината поделба меѓу соседните држави, поделба кон која Србија и Грција отсекогаш се стремеле“.[175]

За спроведување на новата политика на Извршниот комитет, односно за пропагирање сред македонските емигрантски маси, бил задолжен ЦК ВМРО, предводен од Тодор Александров. Како „автономисти“, Т. Александров и него-

[172] Д-р Манол Пандевски, Македонската емиграција во периодот од 1918 до 1924 г. и победата на Октомвриската револуција, Гласник на ИНИ, год. XI, бр. 1, Скопје, 1967, 40.

[173] Мемоаръ до Прътседателитѣ на Конференцията на мира и правителствата на Американскитѣ съдинени щати, Великобритания, Италия, Франция и Япония отъ Изпълнителния комитетъ на македонскитѣ братства въ България, София (февруари, 1919).

[174] Исто, 13.

[175] Георги Баждаров, Моите спомени... цит. 81.



ЃОРЧЕ ПЕТРОВ



Д-Р ХРИСТО ТАТАРЧЕВ



ДИМО ХАЏИ ДИМОВ

вите привrзаници настојувале во тој дух да ја пропагираат новата програма на Извршниот комитет за автономија на Македонија.

Во редовите на македонските емигрантски кругови се појавиле повеќе левоориентирани струи, претендирајќи да станат предводници и главни претставници на македонските барања на Париската мировна конференција. Најпрвин, се издвоиле раководителите на бившиот Серски револуционерен округ, привrзаници и следбеници на Јане Сандански, наречени Серска група. Тие, под раководство и по иницијатива на Димо Хаџи Димов, во октомври 1918 година излегле пред македонската емиграција со посебна Декларација, позната како „Серска декларација", за разрешување на македонското прашање. Во Декларацијата тие ги изнеле своите програмски ставови за разрешување на македонското прашање, со барање за автономија на Македонија и за „обновување на Македонија во нејзините географски граници".[176] Декларацијата наишла на голем одѕив и кај другите дејци и револуционери, претставници на старата Македонска револуционерна организација, кои во неа нашле обединувачка платформа за изградување на општиот македонски револуционерен фронт во името на една неделива и целосна Македонија.

Тие на 9 март 1919 година излегле со „Апел кон македонското население и кон емиграцијата во Бугарија", во кој го истакнале „основниот принцип на организацијата – АВТОНОМИЈА НА МАКЕДОНИЈА"[177] (со големи букви во Апелот, б. м.). Во Апелот, тие го навестиле започнувањето на новото дело на Македонската револуционерна организација за самостојно постоење

176 Димо Хаџидимовъ, Назадъ към автономията, София, 1919, 2–3.

177 Михаил Герджиков, Спомени. Документи, материали, София, 1984, 352.


МИХАИЛ ГЕРЏИКОВ


НИКОЛА КИРОВ-МАЈСКИ


ТОДОР ПАНИЦА

на Македонија, односно за зачувување на цела и неделива Македонија како самостојна политичка единица на Балканот во нејзините природни и географски граници.[178] Од срединатa на двете групи било избрано едно раководно тело кое функционирало под името „Привремено претставништво на Обединетата бивша Внатрешна македонска револуционерна организација“, во состав: Ѓорче Петров, Димо Хаџи Димов, Павел Христов, Атанас Спасов-Серски, Михаил Герџиков и Петар Ацев. Привременото претставништво, меѓу другото, имало задача преку неговиот орган „Билтен“ да дејствува за признавање на правото на македонскиот народ да го искаже својот глас пред Конференцијата на мирот во Париз преку своите официјални претставници.[179]

Истапувајќи против раководните струи на македонската револуционерна организација и Извршниот комитет на македонските братства, како и против реваншистичката политика на бугарските буржоаско-монархистички кругови во однос на Македонија, Привременото претставништво излегло со два документа. Во првиот документ, насловен како „Предупредување кон македонското население и македонската емиграција во Бугарија“, од 15 март 1919 година,

178 ДАССИП, Фонд ДКСХС – КМП, ф. 24, д. VI/10, бр. 1696, „Апелъ къмъ македонското население и къмъ емиграцията въ България“, 9 мартъ, 1919 год. Апелот е потпишан од 21 деец од бившата Внатрешна револуционерна организација во Западна Македонија и претставници на Серското крило од истата организација, меѓу кои: Ѓорче Петров, Петар Ацев, Туше Делииванов, Михаил Герџиков, Атанас Спасов-Серски, Анастас Лозанчев, Димо Хаџи Димов, Димитар Икономов, Христо Јанков, Крсто Љондев, Никола Пушкаров, Чудомир Кантарџиев, Ризо Ризов, Георги Скрижевски, Петар Поп Арсов, Павел Христов, Лука Церов и Мишо Шкартов.

179 За активноста на Привременото претставништво види повеќе кај Љубен Лапе, Идејните основи на Привременото претставништво на бившата обединета Внатрешна македонска револуционерна организација и неговата активност на Париската мировна конференција 1919 година, Историја, год. IX, бр. 2, Скопје, 1973, 53–96.

Привременото претставништво ѝ дало до знаење на македонската емиграција дека „само претставниците на револуционерната организација, останати верни на нејзиното минато и на нејзините основни принципи, имаат морално право да ја претставуваат Македонија и да говорат од нејзино име“.[180] Во вториот документ, Мемоар „До Членовите на Бугарската влада и до централните бироа на политичките партии во Бугарија“, од 30 мај 1919 година, Привременото претставништво најостро ја осудило политиката на бугарската влада на Конференцијата на мирот во Париз, која била против идејата за автономна Македонија и која ја исклучила идејата за „самостојна и независна Македонија“.[181]

Политиката што ја застапувал Извршниот комитет за решавањето на македонското прашање на Париската мировна конференција наидувала на отворени противречности, недоверба и судири со Привременото претставништво. Затоа, кај македонските емигрантски сили се појавила потребата од обединување и помирување на двете закрвавени органи и нивно заедничко настапување на Париската мировна конференција. По иницијатива на Велешкото братство, на 24 август 1919 година, била формирана посебна „Неутрална обединителна комисија“, со задача да влезе во контакт со двете раководни тела на македонската емиграција во Бугарија и да дејствува за нејзино обединување во името на „автономниот принцип“. Прифаќајќи ја оваа идеја, делегатите на IX собир на македонските братства, исто така, избрале своја „Обединителна комисија“, која непосредно била ангажирана да ги усогласи ставовите и предлог-условите за обединување на Привременото претставништво и Извршниот комитет и за свикување заеднички собир на македонската емиграција.[182]

Првиот велик собир на македонските братства во Бугарија се одржал од 28 септември до 1 октомври 1919 година, во Софија. Собирот го свикал Извршниот комитет и врз основа на претходно изработениот дневен ред се настојувало да се произнесе македонската емиграција за целта, средствата, методите и тактиката на идната борба.[183] Под влијание на старите дејци и војводи на Организацијата, на

[180] ДАССИП, Фонд ДКСХС – КМП, ф. 24, д. VI/10, бр. 1696, „Прѣдупрѣждение къмъ македонското население и македонската емиграция въ Белгария“, 15 мартъ, 1919 год.

[181] Исто, бр. 2638, „До Г. Г. Членоветъ на Българското правителство и за свѣдение до Централнитѣ бюра на политическитѣ партии въ България“, София, 30 май, 1919 г.

[182] Библиотека на Институтот за историја на Филозофскиот факултет, Скопје (натаму: БИИ – ФФС, „Докладъ на обединителната комисия, избрана отъ 9-от Съборъ на Македонскитѣ братства въ България“ (София, 1919), 1. За судирите и активностите за помирување меѓу Привременото претставништво и Извршниот комитет види повеќе кај Љубен Лапе, Идејните основи.., цит., 77–83; Д-р Крсте Битоски, Македонските добротворни братства во Бугарија и нивната активност за создавање на обединета и независна Македонија (1919–1934), Гласник на ИНИ, год. XV, бр. 2, Скопје, 1971, 101–104.

[183] ДАРМ, Пописник 1, бр. 18, Павел Шатев, Спомени и сеќавања (ракопис), 387.

чело со Ѓорче Петров и Павел Христов, дека треба да се работи „за една неразделна автономна МАКЕДОНИЈА (со големи букви во оригиналот, б. м.) и дека македонското прашање може единствено да се реши со автономија – чиешто решение еднаш засекогаш ќе го отстрани ривалството меѓу балканските држави и ќе донесе траен мир на Балканот", Собирот застанал на становиште за борба под паролата за „автономна Македонија".[184] На Собирот, меѓу другото, била донесена резолуција што била доставена на Париската мировна конференција, во која се барало Конференцијата „да ја прогласи Македонија во нејзините географски и економски граници во автономна држава, независна од другите балкански држави".[185]

И покрај тоа што овој прв основачки конгрес на македонските братства во Бугарија се свикал со цел да се обедини целокупната македонска емиграција, за да може поавторитетно да го издигне „автономниот" лозунг и да се дојде до договор за заедничко настапување за автономија на Македонија, сепак, идејните разлики меѓу Извршниот комитет и Привременото претставништво биле присутни како и порано. Противречностите меѓу Извршниот комитет и Привременото претставништво уште повеќе се заостриле со непридржувањето до решенијата и резолуции донесени на првиот Велик собир на македонските братства. Спротивностите меѓу нив уште повеќе се продлабочувале и достигнале кулминација на вториот Велик собир на Сојузот на македонските братства во Бугарија. Собирот се одржал од 17 до 23 октомври 1920 година во Софија и на него зеле учество преку 200 делегати од 68 братства.[186] На Собирот остро била критикувана дејноста на Извршниот комитет и била јавно окарактеризирана како „орудие на завојувачката политика на бугарската буржоазија".[187] Во Резолуцијата донесена на Собирот, посебно биле нагласени слабостите и недоследностите во работењето на претседателот на Комитетот, Иван Каранџулов, како и работата на Комитетот во изминатиот мандат, при што особено било потенцирано неговото недоволно и нeенергично дејствување сред македонската емиграција во Бугарија и во странство за создавање еден општ Комитет за општо дејство во полза на Автономијата на Македонија (подвлечено во оригиналот, б. м.), како и за непројавената заинтересираност за работите внатре во Македонија.[188]

[184] АВИИ, Пописник 4, кут. 54, бр. 12/78.

[185] Резолюция на Великия Съборъ на македонскитѣ братства въ България (28 септември–1 октомври 1919), 3 – 4.

[186] В. „Македония", бр. 88, 23. X 1920, 2.

[187] В. „Автономна Македония", бр. 32, 18. VII 1921, 1; бр. 54, 26. XII 1921, 1 – 2; В. „Освобождение", бр. 14, 15. 1920, 1.

[188] В. „Автономна Македония", бр. 19, 16. V 1921, „Резолуция", 1.

Незадоволни од политиката на Комитетот, левоориентираните претставници на македонските братства, односно една група од 63 делегати, демонстративно го напуштиле Собирот, изјавувајќи дека не може да продолжи да работи со луѓето од Извршниот комитет и не сака да ја носи одговорноста „пред историјата, пред нашата совест и пред идното поколение на напатена Македонија“.[189]

Со оглед на тоа што Привременото претставништво престанало да функционира, новоотцепената група се организирала во „Привремена комисија“ на македонската емиграција во Бугарија, застанувајќи на позицијата на самостојноста на македонското ослободително движење, за слободна независна Македонија со федеративно уредување и со гарантирање на правото на политички и културен развиток на сите националности во Македонија.[190] Привремената комисија го издигнала и лозунгот за чистотата и независноста на македонското ослободително дело, за заедничка борба со сите националности што ја населувале Македонија.[191] Веднаш по своето формирање, Привремената комисија, во чии редови се наоѓале д-р Христо Далкалчев, арх. Никола Јуруков, д-р Христо Татарчев, Антон Димитров и д-р Филип Атанасов, развила жива политичка активност, што првенствено била насочена кон обединување и организирање на македонската емиграција и кон формулирање на задачите на новата емигрантска организација врз федералистички начела: Создавање автономна самостојна Македонија како одделна политичка единица, независна од балканските држави и која ќе служи за обединителна алка меѓу нив.[192] Тоа, всушност, претставувало почеток на изградувањето на една поширока легална демократско-прогресивна организација на македонската емиграција во Бугарија.

Привремената комисија иницирала свикување нов велик конгрес, на кој би се преустроила македонската емиграција во „еден моќен и искрен сојуз на сите Македонци – Бугари, Власи, Албанци, Евреи, Турци и др. и на негово чело да се постават целосно предани и вистински овоплотители на автономната идеја“.[193] Поставувањето на ваквата платформа за повторно обединување на македонската емиграција било основен предуслов за свикување на Третиот

[189] В. „Автономна Македония“, бр. 54, 26. XII 1921, 1.

[190] Дино Г. Кьосев, История на македонското национално-революционно движение, София, 1954, 497.

[191] Хр. Калайджиев и Йордан Анастасов, Реакционни и демократични появи в македонското дело, София, 145, 36; Ангел Динев, Политичките убиства во Бугарија, Скопје, 1983, 78.

[192] АИНИ, сл. IV. бр. 242/11, Никола Киров – Майски, Документи за делото „В строя за Македония“, София, 1957, кн. II (ракопис), бр. 69.

[193] В. „Автономна Македония“, бр. 19, 16. IV 1921, 2; бр. 1, 1. XII 1920, 1.

велик собир на Сојузот на македонските братства во Бугарија, што се одржал од 2 до 5 октомври 1921 година.[194] И на овој Собир на македонската емиграција биле пројавени отворени разлики и противречности меѓу Извршниот комитет и приврзаниците на федеративната идеја собрани околу Привремената комисија и повторно завршил со неуспешен обид за обединување на овие две струи во македонското емигрантско движење.[195]

По едногодишна организациска и политичка активност, Привремената комисија подготвила и свикала прв Основачки конгрес на Македонската емигрантска федеративна организација (МЕФО) во Софија. Конгресот се одржал на 4 декември 1921 година, со учество на 104 делегати од 27 братства, како и со претставници на други народи и народности на Балканот.[196] На Конгресот јасно била манифестирана готовноста да продолжи заедничката борба на сите емигрантски сили од Македонија, исклучително со легални средства и методи за остварување на единствениот идеал: АВТОНОМНА ФЕДЕРАТИВНА МАКЕДОНИЈА (со големи букви во ракописот, б. м.) со рамноправност на сите народности.[197]

Во раководството на МЕФО влегле познатите интелектуалци од редовите на прогресивната македонска емиграција, како архитектот Никола Јуруков, д-р Христо Далкалчев, д-р Филип Атанасов, Владислав (Славчо) Ковачев, Климент Размов и др. Кон нив се приклучиле и револуционерните дејци, познати од порано, како Павел Шатев, Тодор Паница, Крсто Љондев, Никола Киров-Мајски, Крум Зографов и др. Преговорите за обединување на емиграцијата продолжиле цела година и на крајот завршиле со усвојувањето на Уставот на МЕФО за Устав на идната обединета емигрантска организација и со постигнување договор за организирање Обединителен конгрес на македонската емиграција во Бугарија. Обединителниот конгрес бил свикан на 28 јануари 1923 година и на него зеле учество 270 делегати.[198] Според спомените на Павел Шатев, Тодор Александров во предвечерието на Обединителниот конгрес на два пати му напишал писма, во кои инсистирал „по секоја цена да се постигне обединување меѓу двете легални организации“.[199]

---

194 Йор. Бадевъ, Тритъ Македонски организации, София, 1921, 24.

195 В. „Македония“, бр. 169, 12. X 1921, 1.

196 АИНИ, сл. IV, Никола Киров-Майски, Исписи од В строя за Македония, Исторически факти, бележки и документи, 1919, 1920, 1921 (ракопис), кн. III, София, 1957, 47– 48.

197 Исто, Никола Киров – Майски, Документи... цит., бр. 8.

198 Д-р Крсте Битоски, Македонските добротворни... цит., 113.

199 Павел Шатев, Спомени. Предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2013, 189.

Обединувањето на македонските емигрантски сили, и покрај извесните отстапувања и ветувања на МЕФО и Извршниот комитет за дејствување врз единствена платформа, само привидно се манифестирало во нивните натамошни активности. Обединувањето меѓу овие антагонистички струи не можело да биде акционо и трајно, бидејќи постоеле длабоки разлики, кои не можеле да се надминат.

Извршниот комитет, земајќи го повторно раководството на македонската емиграција во свои раце, брзо ја заборавил федеративната платформа на обединувањето и продолжил да работи по старите методи, истакнувајќи, притоа, дека „не платформата, туку раководството ја решава иднината на Организацијата“.[200] За да ја парализира дејноста на МЕФО и да ја оттргне македонската емиграција од нејзиното влијание, Комитетот го обвинувал раководството на МЕФО за отцепници и виновници за разединетоста на македонската емиграција во Бугарија. Откако клеветите и застрашувањата не ја постигнале баранаta цел, Комитетот со помош на воените сили и терористички групи на ВМРО преминал и кон нивно физичко уништување.

Тодор Александров, како највлијателен член на ЦК ВМРО, во лицето на водечките личности на МЕФО, според Никола Киров–Мајски, гледал како на свои најголеми непријатели. Според него, Александров не дозволувал да постои „принципиелно различно видување на односите, начините и средствата за борба за ослободувањето на Македонија“, туку дека тоа право го имале само ВМРО и Извршниот комитет. Секој кој имал намера да се отцепи од Организацијата бил прогласуван за „предавник на македонското ослободително дело и смртен непријател на ВМРО“.[201]

Првите и основни несогласувања во редовите на македонските имигрантски струи и револуционерни сили во Бугарија биле во методите и средствата што требало да се применат во борбата за ослободување и за создавање автономна или независна Македонија. Старите револуционерни дејци на ВМРО, предводени од Ѓорче Петров, воопшто не се согласувале со вооружените акции што ги преземал Тодор Александров во Вардарскиот дел на Македонија, туку ослободувањето на Македонија и решавањето на македонското прашање тие го гледале единствено преку водење активна легална „еволутивна“ борба.[202] Ваквата диференцијација меѓу овие две струи во ВМРО, повлекла зад себе уште подлабок расцеп во Организацијата: на автономисти и федералисти.

200 Дино Г. Къосев, История... цит., 499.

201 АИНИ, сл. IV, Никола Киров-Майски, Исписи... цит., 85 – 86.

202 Архив Србије, Београд (натаму: АС), Збирка Т. Динића, кут. 39.

Кулминацијата на конфликтот меѓу двете спротивставени организации настанала со потпишувањето на „Тиранскиот протокол“ на 20 декември 1921 година во Тирана,[203] со Албанскиот револуционерен комитет. Протоколот го потпишале А. Протогеров и д-р Ф. Атанасов, како претставник на федералистичката струја на ВМРО, а од страна на Албанскиот комитет, Реџеп Митровица и проф. Бедри Пејани. Целта на Договорот, според член 2, била „да се ослободи Македонија и да се изгради како самостојна држава што ќе го има истото политичко и административно уредување како Швајцарија (федерална република), со свои економски и географски граници“. Во врска со албанско-македонските граници, во член 4 од Договорот се предвидувало македонската граница кон денешно Косово да минува северно од Качаник, а за западната македонска граница кон Албанија се прифаќала постојната гранична линија меѓу тогашното Кралство на СХС и Албанија, додека за градот Дебар се предвидувало право на неговите жители за самоопределување. Во член 4 била регулирана заедничката поддршка во помагањето при „уредувањето на албанско-грчката и македонско-грчката граница“. Во Протоколот, меѓу другото, се предвидувало да се создаде база во Албанија за западниот дел на Вардарска Македонија, слична на базата во Бугарија што дејствувала за источниот дел на Вардарска Македонија, а со цел дејствување на ВМРО за „независност на целосна Македонија“.[204] Протоколот бил изработен и со цел за „започнување заедничка револуционерна дејност во Западна Македонија“ и „Македонија да стане автономна и независна држава“.[205]

Во април 1922 година, Протоколот бил пратен за одобрување до Тодор Александров, но тој со огорченост го отфрлил.[206] Покрај тоа, Александров на д-р Ф. Атанасов му пратил писмо во кое отворено му се заканувал со смрт: „Треба да знаете дека само ние и никој друг имаме право да свикаме конференции, да водиме преговори со странски фактори итн. и да испраќаме одделни луѓе или групи во Македонија. Знаете дека за Вашата извршена постапка во Албанија ќе одговарате со својата глава“. Во писмото Александров му напишал дека тој намерно го испратил А. Протогеров да влезе во преговори со фе-

203 Од името на раководството на МЕФО во преговорите учествувале д-р Филип Атанасов, Павел Христов, Христо Цветков, Крсто Љондев, Ангел Василев и Крум Зографов (Правителството на Стамболийски... цит., 13).

204 ЦДА, Фонд 1909, оп. 2, а.е. 41, л. 1-2.

205 Славе Ивановъ, Тодоръ Александровъ... цит., 40. Георги Баждаров, Моите спомени... цит., 95.

206 АИНИ, Ефтимов П. Димитър, Борбите на прогресивната македонска емиграция въ България, Спомени и изповеди, кн. I и II, Варна, 1935, 12; Славе Ивановъ, Тодоръ Александровъ... цит., 42.

дералистите за да ги открие нивните „пеколни планови и намери“.[207] Веднаш потоа, под притисок на Александров, од Протоколот се откажал и А. Протогеров. Исто така, и д-р Ф. Атанасов бил остро критикуван од раководството на МЕФО дека без знаење и согласност соработувал со членот на ЦК ВМРО, А. Протогеров и го потпишал Протоколот без да има полномоштво од федеративната организација.[208]

Први на удар на заканите на раководството на ВМРО биле раководителите и највидните дејци на МЕФО што имале огромно влијание сред македонските емигрантски и бегалски маси во Бугарија. Еден од првите македонски дејци бил Ѓорче Петров, кој како претседател на Комисијата за бегалци бил владин службеник и бил против активноста на вооружените акции на ВМРО. Прогласувајќи го за „пацифист“ и опасен за автономијата на Македонија[209] и осудувајќи го истовремено за соработник, односно за „советник“ на претседателот на бугарската влада Александар Стамболиски и на неговиот министер за внатрешни работи Александар Димитров, односно на нивната политика за зближување со Кралството на СХС и за растурање и разоружување на комитските чети, Тодор Александров на 28 јуни 1921 година го наредил убиството на Ѓорче Петров, со што ќе го отстрани од македонската политичка сцена.[210]

Со раководењето на Организацијата не биле задоволни ниту старите членови на ВМРО, најблиските приврзаници и соработници на Тодор Александров, војводите Ефрем Чучков, Стојан Мишев, Славе Иванов, Дончо Ангелов, Глигор Циклев и др. Некои од овие комитски војводи, како С. Иванов и Г. Циклев, меѓу другото, биле познати по своите анархични, ограбувачки и безидејни акции веднаш по Првата светска војна во Вардарскиот дел на Македонија, а особено по тоа што биле ненавикнати на дисциплината пропишана со Уставот и Правилникот на Организацијата. Тие дејствувале како прикриена опозиција и се застапувале за свикување конгрес, на кој ќе се донесе нова програма и ќе се избере ново раководство на Организацијата. Кај оваа опозициона револуционерна група била истакната потребата од водење на „нова револуцио-

207 Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Из архивното наследство на Тодор Александров...цит., 234. Објавено и кај Славе Ивановъ, Тодоръ Александровъ... цит., 42; Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 65.

208 В. „Македонско дело“, бр. 17, 10. V 1926, 9–10.

209 Гане Тодоровски, Ѓорче Петров. Прилози за животот и делото, Скопје, 1981, 103.

210 За убиството на Ѓ. Петров види повеќе кај Ангел Динев, Политичките убиства... цит., 85–86; Алексо Мартулков, Моето учество во революционерните борби на Македонија, Скопје, 1954, 349–350; Гане Тодоровски, Ѓорче Петров... цит.

нерна дејност", барајќи да се свика нов конгрес на Организацијата, на кој „ќе биде избран нов Централен комитет и нова програма на ВМРО".[211] Меѓутоа, Тодор Александров воопшто не се согласувал за запирање на комитските акции во Вардарскиот дел на Македонија, заканувајќи се, притоа, со смрт на секој кој ќе дигне глас против „тактиката и методите на ВМРО".[212]



ДОНЧО АНГЕЛОВ

Конфликтот меѓу овие две струи во Организацијата кулминирал во октомври 1921 година, со убиството на Дончо Ангелов од страна на привржаниците на Тодор Александров. Набргу потоа бил убиен и Митруш Циклев, брат на кратовскиот војвода Глигор Циклев. Убиството на Д. Ангелов предизвикало голем револт кај војводите и комитите во Кратовско и во Ќустендил.[213] Набргу од автономистичката ВМРО на Александров се отцепиле 60–80 комити од Штипскиот, Скопскиот, Кочанскиот, Радовишкиот и Струмичкиот крај, на чело со војводите С. Иванов, С. Мишев и Г. Циклев. Создавајќи нов фронт против дотогашниот нивни водач Александров, оваа група се приближила до раководителите на МЕФО, д-р Ф. Атанасов, арх. Н. Јуруков и К. Зографов.

Кон крајот на 1921 година и почетокот на 1922 година тие формирале нова организација што ја нарекле „Македонска федеративна револуционерна организација" (МФРО) и избрале Централен комитет и Задгранично претставништво.[214] Во Централниот комитет биле избрани: Крум Зографов, Александар Панов, Григор Циклев, Велко Мандарчев, Заре Секулички, Лазар Тодоров-Фертика, а

211 ДАРМ, Пописник 1, бр. 21, Станчев Иванов Славе, цитиран Спомени, 30–33; АС, Збирка Т. Динића, кут. 38, „ВМРО и Бугарска", цитиран елаборат, 66–67; ДАРМ, Пописник 1, бр. 20, Извод од изјавата на Станчев Иванов Славе, 3–4; Славе Ивановъ, Тодоръ Александровъ... цит., 20–23.

212 ДАССИП, MS/F – 14, „Projekat...", цит., 2.

213 ДАРМ, Пописник 1, бр. 21, Станчев Иванов Славе, цитирани Спомени, 34.

214 ДАССИП, MS/F – 24, „Projekat...", цит., 2; АС, Збирка Т. Динића, „ВМРО и Бугарска" цитиран елаборат 67; ДАРМ, Пописник 1, бр. 20, Извод од изјавата на Станчев Иванов Славе, 4–5.

во Задгранично претставништво: арх. Никола Јуруков, Филип Атанасов, Стојан Мишев и Славе Иванов. Раководството на МФРО во декември 1922 година излегло со Проект-устав и со Повик до „македонскиот народ“, во кои биле содржани употребата на легални и нелегални средства за извојување на слободата на Македонија и објавено „извојување на слободна и независна Македонија како рамноправен член на Балканската Федерација преку оружена и смела борба“.[215] Отцепувањето на раководството на МФРО од автономистичката ВМРО на Тодор Александров имало повеќе личен карактер отколку идејни мотиви, мотивирани, пред сѐ, од нивните амбиции да го преземат раководството на Организацијата.

МФРО ја прифатила соработката понудена од страна на Земјоделската влада на А. Стамболиски, која, пак, од своја страна, била заинтересирана да се парализира комитската активност на автономистичката ВМРО. Истовремено, во недостиг на материјални средства, раководството на оваа организација, со посредство на С. Иванов, стапило во контакт со дипломатскиот претставник на Кралството на СХС во Софија, иако, како што вели С. Иванов, во тоа време „било мошне опасно да се работи со Србите“. Притоа, бил постигнат договор за следниве главни точки:

1. Да се дадат сите потребни средства за водење борба против ВМРО;
2. Ако борбата во Бугарија против ВМРО земе такви размери што би го оневозможила натамошниот престој на федералистите на оваа територија, во таков случај да им се дозволи да преминат во Југославија и таму да ја продолжат борбата;
3. На сите комити и војводи, кои би преминале во Југославија, да им се даде амнестија за сите сторени дела од 1915 наваму.

За одговор по овие точки од преговорите не се чекало долго време од Белград. Претседателот на владата на Кралството на СХС, стариот и искусен политичар и дипломат Никола Пашиќ, веднаш ги прифатил сите услови и определил „доволно средства за борба против ВМРО“.[216]

Првиот чекор на дејствување на новата МФРО против автономистичката ВМРО на Тодор Александров бил формирање на три чети од 36 до 38 комити, со задача да преминат во Вардарскиот дел на Македонија и да вршат пропаганда против Александров, а во погоден момент и да го убијат.[217]

---

215 АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVII/15, бр. 13; ЦДА, Фонд 396, оп. 2, а.е. 53, л. 1.

216 ДАССИП, MS/F – 24, „Projekat...“, цит., 2-3.

217 АС, Збирка Т. Динића, „ВМРО и Бугарска“, цитиран елаборат, 67; ДАРМ, Пописник 1, бр. 21, Станчев Иванов Славе, цитирани Спомени, 43.

Борбата меѓу приврзаниците на МФРО и автономистичката ВМРО во текот на 1922 година се пренела и на територијата на Вардарскиот дел на Македонија. Во средината на јуни 1922 година, бројот на припадниците на федералистичките чети што преминале во овој дел изнесувал 160 луѓе. Судирот меѓу автономистичките и федералистичките чети на ВМРО во Македонија не можел да остане незабележан од Министерството на војската на Кралството на СХС. Ова Министерство уште од април и јуни 1922 година регистрирало постоење на два вида комитски чети, на МФРО и на ВМРО, што „ниту едниот ниту другиот комитет не сака засега да започне отворена физичка борба во Македонија... за да не биде обвинет за братоубиствена борба со неизмерна штета на македонското дело“.[218]

Во април 1922 година, федералистичка чета со околу 40 комити, на чело со војводата Крум Зографов, еден од водачите на МФРО, преминала во источниот дел на Вардарска Македонија, со намера да стекне извесни позиции на овој терен и да пропагира против дејноста на автономистичките чети на ВМРО. За да го спречи дејствувањето на четата на К. Зографов, уште со самото нејзино навлегување во овој дел на Македонија, Тодор Александров пратил циркуларно писмо до сите раководители на селските организации во Паланечко, Кратовско, Кочанско, Штипско и други реони, во кое им наредил да ја уништат федералистичката чета на К. Зографов.[219] Притоа, селаните не ја прифаќале неговата чета без полномоштво од Александров за преминување на границата, велејќи му: „Право што е право, гледаме, знаеме и познаваме многумина од вас; мили сте ни што доаѓате да нè ослободите, но сепак не можеме да ве услужиме штом немате дозвола од Старика“ (псевдоним на Т. Александров, б. м.).[220]

Пристигнувајќи во с. Кошево, Штипско, на 4 мај 1922 година, четата била предадена на полициските власти во Штип, а во судирот со војската и жандармеријата загинал К. Зографов, додека четата била принудена да се врати назад во Бугарија.

Пресметувањата меѓу приврзаниците на МФРО и автономистичката ВМРО се префрлиле во внатрешноста на Бугарија, каде што од есента 1922 година започнало меѓусебно физичко ликвидирање. Улиците и кафеаните во

---

[218] АЈ, Ф. МУП, Збирка 14 – 36–107.

[219] ДАРМ, Пописник 1, бр. 21, Станчев Иванов Славе, цитирани Спомени, 45; Славе Ивановъ, Тодоръ Александровъ... цит., 43–51; Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски, КПЈ и ВМРО (Обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920–1930, Скопје, 1974, 75; АИНИ, Ефтимов П. Димитър, Борбите... цит., 12; Алексо Мартулков, Моето учество... цит., 353.

[220] Петър Ацев, Спомени. Съставителство, предговор и бележки Александър Г. Пелтеков, София, 2011, 248.

Софија, Ќустендил, Неврокоп, Варна и други градови во Бугарија се претвориле во арена на „самоистребување и братоубиства“ на Македонците од двете организации, од кои, како што забележал стариот деец на ВМРО Анастас Лозанчев, „секој чесен Македонец се срамеше да се каже дека е Македонец“.[221] Кај автономистичката ВМРО дејноста на МФРО наишла на остри реакции, сметајќи го нивното раководство за ренегати на македонското дело, за отпадници од Македонската револуционерна организација и за злосторници кон македонското население.

Предизвикан од меѓусебното прогонување и убиства меѓу членовите на автономистичката ВМРО и МФРО, војводата Петар Шанданов на своја рака презел активности за помирување на двете струи во Организацијата. При средбите со претставниците од двете страни, Г. Баждаров и К. Прличев и арх. Н. Јуруков, д-р Ф. Атанасов и К. Размов, тој добил согласност за нивно обединување и помирување, за што биле предложени комисии од по тројца членови од двете страни и утврдена платформа врз која на „најбезболен начин ќе може да се изврши обединувањето на постојните емигрантски организации“. На средбата со Тодор Александров и тој му изјавил дека нема ништо против да се реализира обединувањето, „дури и по цена на некои лични жртви“, и му дал мандат од името на ЦК ВМРО да посредува за обединување на македонските емигрантски сили. Меѓутоа, на договорената средба не дошле претставниците на МФРО и со тоа завршила мисијата на П. Шанданов за обединување на двете македонски организации.[222]

По повод формирањето на федералистичките чети, Тодор Александров упатувал отворени заканувања до МЕФО, изрекувајќи му, притоа, „смртна пресуда на секој кој не е со него и не го смета за ослободител на Македонија“. Во декември 1922 година, преку весникот „Илинден“, тој испратил „УЛТИМАТИВНО ПИСМО“ (со големи букви во ракописот, б. м.), во кое обвинувајќи ги федералистите како престапници, предавници, шпиони, отцепници и дека се туѓи платеници, изјавил дека ќе ги употреби сите средства за пресметување со нив.[223]

Предизвикан од нивното отцепување од Организацијата, а со цел зачувување на единството во ВМРО, Тодор Александров во едно писмо од септември 1922 година до Наум Томалевски, член на Задграничното претставништво на

---

221 Анастасъ Лозанчевъ, цитирани Спомени... цит., 52.

222 Петар Шанданов, Спомени. Предговор и редакција проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2002, 85–86.

223 АИНИ, Никола Киров-Майски, Исписи... цит., 185, 86–89.

ВМРО, известувајќи го за пакостите што ги вршеле „разбојниците-федералисти" и како се губело драгоцено време во „заемни борби", загрижено му напишал: „Жално е што нашиот народ толку лесно се дели, се оддава на разврат и на крајности погубни за него. Историјата се повторува, но длабоко верувам дека ќе се најдат родољупци да го запрат одењето удолу, за да се насочиме сите угоре и напред!".[224]

Заканувањата на автономистичката ВМРО биле упатувани и до одделни членови на раководството на МЕФО, а арх. Н. Јуруков и д-р Ф. Атанасов добиле и писмено соопштение од ЦК ВМРО дека се осудени на смрт.[225] Притоа, посебно на удар бил арх. Н. Јуруков, кого Тодор Александров го обвинувал дека соработува со Земјоделската влада на А. Стамболиски и дека е главен поттикнувач и финансиер во организирањето федералистички чети. Тој бил убиен во центарот на Софија на 26 април 1923 година. Набргу, од приврзаниците на автономистичката ВМРО биле убиени и истакнатите федералисти: Александар Панов, Климент Размов и Петар Таралјамов. Покрај тоа, многу видни федералисти и симпатизери на левицата на македонското ослободително движење, како д-р Филип Атанасов, Глигор Костов, Јордан Анастасов, Васил Христов, Тодор Паница, Славе Иванов, д-р Христо Татарчев[226] и др., спасот го побарале во бегство надвор од Бугарија. Другите приврзаници на федералистите, односно познатите комитски војводи и отцепниците од автономистичката ВМРО, Стојан Мишев, Глигор Циклев и Мите Соколарски, во текот на мај 1923 година, преминале со своите чети во Вардарскиот дел на Македонија и им се ставиле на располагање на државните власти на Кралството на СХС во борбата против автономистичките чети на Тодор Александров.[227]

Еден од идеолозите на МЕФО, Владислав Ковачев, реагирајќи против братоубиствата во организацијата, во името на „Штипската колонија во Софија", упатил писмо-декларација до Тодор Александров, во кое апелирал „да престанат, еднаш засекогаш, прогонувањата и братоубиствата меѓу нашите сограѓани", посочувајќи ги Стојан Мишев и Ване Арсов. Притоа, тој во писмото му

224 ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а.е. 17, л. 1. Објавено кај: Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 495.

225 АИНИ, Никола Киров-Мајски, Исписи... цит., 96–97.

226 Димитар Влахов, Мемоари, Скопје, 1970, 206 и 211.
Податокот за бегството на д-р Христо Татарчев ми го потврди и неговата внука Светлана Татарчева-Љапчева од Ресен (во изјавата дадена во 1980 г. во Ресен). Во 1921 година, д-р Х. Татарчев имал конфликт со Т. Александров, при што овој изјавил: „Треба да го мавнам Татарчева". Поради тоа, д-р Х. Татарчев избегал во Виена, а потоа во Италија.

227 АС, Збирка Т. Динића, кут. 39.

укажал на својот сограѓанин Александров дека своите „заеднички и сложни усилби“ треба да ги насочат „за спасување на нашата Татковина од нејзините денешни поробувачи“.[228]

## Обновување на вооружената активност на ВМРО

Тодор Александров и А. Протогеров веднаш по ослободувањето од затвор се зафатиле со обезбедување материјална помош за Организацијата и со придобивање нови сојузници од средината на бугарските политички и воени кругови. Дејствувајќи илегално, Александров и А. Протогеров постојано се состанувале со членовите и идеолозите на Извршниот комитет: Георги Баждаров, Никола Милев, Љубомир Милетич, Кирил Прличев и Наум Томалевски. Тие им организирале тајни средби со голем број претставници на бугарските политички и воени власти, меѓу кои и со Рашко Маџаров, министер за правосудство, полковникот Каблешков, началник на Генералштабот, генералот Панов, аѓутант на царот Борис, генералот В’лков,[229] како и со одделни лидери на буржоаските партии и членови на тогашната бугарска влада.[230] Главна тема на средбите била обновувањето на Организацијата, обезбедувањето на материјалните средства за акциите на ВМРО и соборувањето на земјоделскиот режим на А. Стамболиски.

За водење револуционерна дејност во Вардарскиот дел на Македонија, автономистичката ВМРО во почетокот на 1919 година во бугарските банки располагала со следниве средства: во Бугарската трговска банка 450 000 лева; во Бугарската централна кооперативна банка 172 339 лева и 722 100 лева преведени од „Берлинската Ханделс Гезелдшафт“ банка преку Бугарската кредитна банка, што изнесувале 580 000 марки. Овие средства во банките биле внесени на 8 февруари 1918 година со решение потпишано од Тодор Александров и А. Протогеров, како привремени задгранични претставници на Организацијата.[231]

---

[228] ЦДА, Фонд 1933 – Тодор Александров, оп. 1, а.е. 20, л. 3–4. Писмо на С. Ковачев до Т. Александров од 28 февруари 1923 г.

[229] АС, Збирка Танасије Динића, кут. 38, „ВМРО и Бугарска“ (ракопис), Београд, 1933, 55–56; ДАРМ, Пописник 1, бр. 21, Спомени на Станчев Иванов Славе, 26–30; Славе Ивановъ, Тодоръ Александровъ... цит., 14–17; В. „Балканска федерация“, бр. 7 – 8, 15. XI 1924, 88 – 91.

[230] ДАРМ, Пописник 1, бр. 21, Извод од необјавените спомени на Станчев Иванов Славе, 21.

[231] Български исторически архив при Народната библиотека „Кирил Методий“, София (натаму: БИА-НБ-КМ), Фонд 189 – Тодор Александров, а.е. 7, l. 153.



ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ

Приближни податоци за средствата што ги имала Организацијата дава и воениот делегат на Кралството на СХС во Софија, од извори што ги добивал од своите повереници во Софија. Според него, Извршниот комитет и ВМРО во октомври 1919 година имале на располагање 800 000 лева, кои всушност, биле остаток од 30 милиони марки што Германија ѝ ги дала на располагање на ВМРО за спроведување на својата германофилска политика на Балканот пред Првата светска војна[232]. Според дипломатските извори на Кралството на СХС, Германците пред евакуирањето на своите единици од Бугарија му дале на Тодор Александров 20 милиони германски марки за организирање комитски чети. Со тие пари, според истите извори, Тодор Александров ги издржувал своите чети и го „одржувал својот углед и влијание“ кај македонските и другите револуционерни организации.[233] Бидејќи овие средства биле недоволни, раководството на ВМРО донело решение да се започне со собирање пари од македонската емиграција и да бара од бугарската влада да му стави на располагање уште еден милион лева.[234] На тој начин, ВМРО се надевала дека ќе собере околу 30 милиони лева, што би биле доволни за почнување комитска акција во Македонија.

Со расположливите средства, раководството на ВМРО ги плаќало поактивните војводи и членови собрани околу Тодор Александров,[235] како и невра-

[232] АВИИ, Пописник 4, кут. 54, бр. 12/193.
Според разузнавачките извори на Министерството за внатрешни работи на Кралството на СХС, во касата на организацијата имало само 70 000 лева (АЈ, Ф. МУП, Збирка 14 – 30–79, „Кратак хисторијат о постанку и развоју Обавештајне службе – разне пропаганде“).

[233] ДАССИП, Фонд КПЛ, ф. I, бр. 138.

[234] АВИИ, Пописник 4, кут. 54, бр. 12/178.

[235] Славе Ивановъ, Тодоръ Александровъ... цит., 10.

ботените војводи, и тоа од 600 до 800 лева, а четниците по 400 лева месечно.[236] Парите од касата на ВМРО ги исплаќал Кирил Прличев, во улога на член на привременото Задгранично претставништво на ВМРО и благајник – домаќин на Организацијата.[237]

За снабдување на Организацијата со средства потребни за вооружена дејност во Вардарскиот дел на Македонија, раководството на ВМРО се обраќало и за помош од побогатите семејства на македонската емиграција во Бугарија и од богати трговци по потекло од Македонија. Така, во ноември 1920 година Тодор Александров, во името на ЦК ВМРО, побарал средства од извесен банкар од Софија, И. Ковачев, да помогне во ослободителната кауза на братот–роб за „продолжување на борбите“ за зачувување на националното име и на националната култура и за извојување на слободата на македонското население, во износ од 100 000 лева, со што ќе исполни еден свој долг кон своите поробени сонародници, а за што ќе добие соодветна официјална потврда од ЦК ВМРО.[238]

Во настојувањата за изнаоѓање финансиска поддршка за своите вооружени акции во Македонија, а особено за снабдување на Организацијата со оружје и муниција, Тодор Александров и А. Протогеров се поврзале со тајната офицерска лига, т.н. „Воена лига“. Оваа офицерска организација се сметала за мошне важна внатрешна политичка и воена организација во Бугарија, чија главна задача била да помогне во одржувањето на царот и монархијата и да го обнови и засили престижот на армијата.

Заради добивање морална и материјална поддршка за извршување на своите идни акции, раководството на ВМРО и на Извршниот комитет на македонските братства се поврзале со италијанските дипломатски и воени претставници во Софија. За тоа говори и едно писмо на Тодор Александров од 7 декември 1918 година, испратено до пунктовиот началник на Ќустендил, А. Узунов, во кое му напишал: „Италијанците ќе нè поддржат за Македонија... Надворешно сме задоволни добро, но внатрешно положбата продолжува да е лошо...“.[239]

---

[236] АВИИ, Пописник 4, кут. 54, бр. 12/193; В. „Бюлетинъ“, бр. 4, 8. VI 1919, „Из живота на емиграцията“, 9. Статијата содржи список на 18 војводи кои престојувале во Ќустендил и примале месечна пензија од 450 до 700 лева.

[237] 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев...цит., 110. Во истиот период во канцеларијата на ВМРО почнал да работи и Иван Михајлов како дактилограф.

[238] ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 79, л. 1. Објавено кај: Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 41–43).

[239] ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени, 191.

Уште во март 1919 година, тројцата членови на ЦК ВМРО, Тодор Александров, А. Протогеров и П. Чаулев, стапиле во контакт со италијанскиот воен претставник во Софија, полковник Лоди.[240] Според извештаите на воениот делегат на Кралството на СХС во Софија, водачите на ВМРО, а посебно А. Протогеров, постојано соработувале со официјалните италијански претставници во Софија.[241] Притоа, шефот на италијанската воена мисија на раководството на ВМРО му ветил да му прати оружје и муниција преку Албанија, доколку започне со вооружена акција во Македонија.[242] Соработката, според истиот делегат, била остварена со помош на бугарската влада и меѓу нив постоел таен договор, според кој Италија ѝ ветила на Бугарија дека на Парискатa мировна конференција ќе ја поддржи во истакнувањето на прашањето за автономија на Македонија.[243]

Од друга страна, од соработката со италијанските претставници во Софија, членот на ЦК ВМРО, А. Протогеров, се надевал дека Италија ќе ѝ помогне на Организацијата во акцијата за автономна Македонија и дека меѓу Кралството на СХС и Италија може да дојде до вооружен судир. Во тој случај, ВМРО би можела слободно да дејствува во Вардарскиот дел на Македонија, а Бугарија би била помалку компромитирана, бидејќи комитските навлегувања и оружените напади би се изведувале од западната граница на Македонија, односно откај Албанија.[244]

Соработката на Италија со раководствата на ЦК ВМРО се проширила со снабдување на оружје и со праќање нивни истакнати членови и војводи преку Албанија во Вардарскиот дел на Македонија заради организирање на комитско движење.[245] Според известувањата на воените претставници и акредитираните дописници на Кралството на СХС во Софија, со организирањето на комитските чети на ВМРО раководел италијанскиот полковник Винкеле, член на меѓусојузничката контролна комисија во Софија. Тој располагал со големи кредити, кои ги користел П. Чаулев за врбување луѓе за пополнување на четите на

---

240 ДАРМ, Пописник 1, бр. 20, Извод од изјавата на Станчев Иванов Славе, 2.

241 АИНИ, Фонд ТАО, к. XXXV/1, бр. 71; АВИИ, Пописник 1, кут. 54, бр. 12/178.

242 ДАССИП, Фонд ДКСХС – КМП, ф. 24, д. VI/10 – VII, бр. 3374.

243 АИНИ, Фонд ТАО, к. XXXV/1, бр. 76; ДАССИП, Фонд ДКСХС – КМП, ф. 24, д. VI/10, бр. 3283; Десанка Тодоровић, Питање југословенско-бугарске границе на Мировној конференцији у Паризу 1919 године, Историја XX века, IX, Београд, 1968, 110.

244 АВИИ, Пописник 4, кут. 54, бр. 12/193; ДАССИП, Фонд ДКСХС – КМП, ф. 24, д. VI/10, бр. 4153.

245 ДАССИП, Фонд ДКСХС – КМП, ф. 24, д. VI/8, бр. 5083.

Организацијата.[246] Според истите извори, организирањето на комитските чети го вршеле и италијански офицери со центар во Варна, кои ги префрлале комитите облечени во италијански униформи преку Варна и Италија за Албанија.[247]

Мешањето на Италија директно по прашањето за автономија на Македонија, се вршело со цел за отворање пат на нејзините империјалистички стремежи во Македонија и воопшто на Балканот. Имено, помагајќи во акцијата за автономна Македонија, Италија се надевала дека како најблиска голема сила ќе има и најголемо економско, а покрај тоа и политичко влијание во Македонија. Ваквото нејзино мешање во македонските работи, раководството на Извршниот комитет го оправдувало со објаснувањето дека, и покрај тоа што тоа криело извесни опасности кои можат да се појават во иднина, сепак, според него, главна цел била да се избркаат Србите од Македонија.[248]

Според разузнавачките извештаи на воените власти на Кралството на СХС, по разговорите меѓу претставниците на Извршниот комитет и италијанската амбасада водени во Софија, било донесено решение Комитетот да прати делегација во Рим за постигнување договор за соработка со италијанската влада. Делегацијата на Комитетот, во состав Љ. Милетич и Н. Милев, имала разговори со претставниците на италијанскиот Генералштаб и на Министерството за надворешни работи, врз основа на кои бил постигнат договор: „ДА СЕ ПОВЕДЕ КОМИТСКА АКЦИЈА ВО СРПСКА МАКЕДОНИЈА за да се оневозможи брзото консолидирање на Југославија и Да се поведе борба во Бугарија ЗА СОБОРУВАЊЕ НА ВЛАДАТА НА СТАМБОЛИСКИ“ (со големи букви во ракописот, б. м.). За преземање успешна акција во Вардарскиот дел на Македонија, делегацијата на Комитетот добила ветување за добивање материјална помош и дипломатска поткрепа на Италија кај големите сили.[249] Како резултат на успешно извршените разговори, италијанската влада му ставила на располагање на Извршниот комитет 6 милиони италијански лири,[250] а Комите-

---

[246] АИНИ, Фонд Пресбиро, Београд, 12. X. 1919.

[247] Исто, Фонд ТАО, к. XXXV/3, бр. 355.

[248] АВИИ, Пописник 4, кут. 54, бр. 12/193.

[249] АС, Збирка Т. Динића, кут. 38, „ВМРО и Бугарска...“ цит., 56–57.

[250] АМ, Пописник 1, бр. 20, Извод од изјавата на Станчев Иванов Славе, стр. 2. Овие пари лично Славе Иванов ги подигнал од банката Комерчијале де Италија во Софија, пратени преку фирмата „Никола Коли Штрков“.
Во својот разузнавачки елаборат „ВМРО и Бугарска“, српскиот офицер Танасие Диниќ наведува дека средствата што ги префрлила италијанската влада преку истата банка изнесувале 8 милиони лири. До овој податок, по сè изгледа, дошол од истиот извор, односно од Славе Иванов, кој од крајот на 1923 година почнал отворено да работи за разузнавачката служба на Кралството на СХС и од која добивал материјална помош за своите „услуги“ што ги потпишувал како „Борец за својата татковина“ (ДАССИП,

тот назначил свој постојан делегат во Рим.[251]

Според истите извори на Кралството на СХС, во согласност со постигнатиот договор со италијанските претставници во Рим, Тодор Александров и А. Протогеров пристапиле кон изработка на план за почнување комитска акција. Планот предвидувал Александров да се префрли во Вардарскиот дел на Македонија за да раководи лично со комитските акции, а А. Протогеров да пристапи кон организирање на превратничките елементи во Бугарија за соборување на Земјоделската влада на А. Стамболиски. За таа цел било обновено Задграничното претставништво на ВМРО во Софија, во состав: Георги Баждаров, Наум Томалевски и Кирил Прличев. На ова, набрзина формирано тело, му биле поставени следниве задачи: раководење на пунктовите на Организацијата во Неврокоп, Петрич, Горна Џумаја и Ќустендил; следење на активностите на Извршниот комитет и на Илинденската организација и нивно придобивање и целосно потчинување на наредбите на раководството на ВМРО; парализирање на дејноста на опозициските струи во македонското революционерно движење; агитација сред македонската емиграција за потребата од нелегална борба во Македонија и постојано поттикнување и разгорување на незадоволството против Земјоделската влада на А. Стамболиски.[252]

Во желбата да ги прошират своите меѓународни контакти, Тодор Александров и А. Протогеров влегле во врска и со одделни турски кругови. Во почетокот на 1920 година, по средбата со турскиот полковник Џеват Абаз во Софија, Александров добил уверување дека може да смета на секаква помош од Турција за идните планови на ВМРО во Македонија. Покрај паричната помош, биле предвидени и следниве видови соработка: Турција да му препорача на турското население во Вардарскиот дел на Македонија да му помага на Тодор Александров; во Цариград да се создаде база на македонската организација, а во случај на прогонување на раководството на ВМРО од Софија, се гарантирало негово целосно прифаќање во Цариград.[253]

---

MS/F 24, „Projekat...“ цит.; ДАРМ, Извод од изјавата на Станчев Иванов Славе, 56; Исто, Пописник 1, бр. 22, Ракописна изјава од Тренчев Никола Коста).

Според податоците што ги добиле воените власти на Кралството на СХС од „ренегатот“ Глигор Циклев, средствата што Италија ѝ ги дала на Организацијата на Т. Александров изнесувале 7 милиони лири (АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVII/15, бр. 62, „Организација и рад македонствујушчих по податцима добијених од кратовског војводе Глигор Циклева“, 5).

[251] АС, Збирка Т. Динића, кут. 38, „ВМРО и Бугарска...“ цит., 57.

[252] Исто, 57–58.

[253] Славе Ивановъ, Тодоръ Александровъ... цит., 14–15; АС, Збирка Т. Динића, кут. 38, „ВМРО и Бугарска“... цит., 59.

Исто така, раководството на ВМРО се поврзало и со револуционерната организација во Косово, а воспоставила и активна политичка врска со Хрватската селанска републиканска партија на Стјепан Радиќ.[254]

По овие финансиски и диломатски активности, ЦК ВМРО, предводен од Тодор Александров, пристапил кон подготвување вооружени комитски чети и нивно префрлање во Вардарскиот дел на Македонија, со цел да го оневозможат брзото консолидирање на режимот на Кралството на СХС и, притоа, да го поддржи револуционерниот дух на македонското население. Под раководство на Александров, ВМРО ја обновила револуционерната стратегија и тактика преку четничката дејност и ја раширила мрежата на чети и комитети во трите дела на Македонија, издигнувајќи го повторно македонското дело до ниво на крупно и нерешено балканско прашање.

Под паролата дека води борба за извојување на автономна Македонија, ЦК ВМРО се надевал дека на тој начин ќе го сврти вниманието на европската дипломатија кон нерешеното македонско прашање, а со „вооружениот“ протест, според известувањето на воениот претставник на Кралството на СХС во Софија, сметал дека ќе влијае врз менувањето на решението по однос на македонското прашање при склучувањето на дефинитивниот мир на Конференцијата во Париз.[255]

Својата милитаристичка програма ЦК ВМРО ја навестил уште во својот Мемоар до претседателот на Конференцијата за мирот во Париз од 1 март 1919 година, во кој, меѓу другото, се заканил дека „нема да има мир на Балканот“ доколку не бидат прифатени неговите барања.[256] Со ваквата своја програма за обновување на комитските акции и нелегална терористичка дејност, Тодор Александров успеал да ги привлече старите комитски војводи, со кои одржувал врски уште од првите денови по војната,[257] и да стане единствен авторитет во ВМРО.

За добивање материјална и морална поткрепа за своите вооружени акции во Вардарскиот дел на Македонија, Тодор Александров ги искористил своите лични врски со бугарските офицери, особено за снабдување на Организацијата со оружје и муниција. Во договор со воените власти, тој издејствувал оружјето

254 Гоцев Г. Димитър, Идеята за автономия като тактика в програмите на националноосвободителното движение в Македония и Одринско 1893–1941, София, 1983, 50.

255 АИНИ, Фонд ТАО, к. XXXV/1, бр. 36.

256 Македония, Сборник... цит., 631.

257 Иванъ Михайловъ, Спомени II, Освободителната борба 1919–1924...цит., 32 и 90.



АНГЕЛ УЗУНОВ

од воените магацини да се префрли и да се скрие во организациските пунктови во Горна Џумаја, Неврокоп, Петрич и Ќустендил, за да не падне во рацете на новата Земјоделска влада.[258]

Во 1920 година раководството на ВМРО решило Тодор Александров да замине во Вардарскиот дел на Македонија, „за да го организира населението во Скопскиот и Струмичкиот округ", а А. Протогеров да отиде во странство, за да ги обнови врските со „старите пријатели на движењето" во Австрија, Германија, Унгарија и во другите европски земји.[259] Во својата работа, како што пишува А. Узунов во спомените, Александров се потпирал, пред сѐ, на луѓето во Организацијата коишто биле „чесни, предани и посветени на делото – не трпеше и не ги допушташе до себе и во Организацијата оние што еднаш ги нарушиле нејзините закони". Тој не им верувал и не ги почитувал оние што еднаш станале предавници на Организацијата и со ново предавство сакале да ја докажат својата верност кон неа. За Александров „предавникот си остануваше предавник и требаше да одговара за своите дела". Затоа многумина од тие што извршиле некакви престапи се плашеа од него, „тој ниту забораваше, ниту простуваше". Александров не ги сакал и не им верувал на тие што поминувале „де на едната, де на другата страна на барикадата" и „само носеа нешто за продажба во својата пазува". Покрај себе тој ги трпел само „верните и вистински пријатели".[260]

Во почетокот на 1920 година Тодор Александров го испратил Славе Иванов во Ќустендил, заедно со пунктовиот началник А. Узунов, да му обезбедат

[258] ДАРМ, Пописник 1, бр. 21, Извадоци од необјавените спомени на Станчев Иванов Славе, 22.

[259] Георги Баждаров, Моите спомени... цит., 90.

[260] ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени, 221–222.

куќа-скривница во градот и да ги започнат подготовките околу неговото влегување во Вардарскиот дел на Македонија. Доаѓајќи во Ќустендил, Александров секојдневно одржувал средби со војводите кои престојувале во градот и се подготвувале да заминат преку границата. На намерата на А. Узунов да го задржи во околината на Ќустендил и да му организира „една колиба на скришно место“ на планината Осогово, близу границата, Александров му приговорил: „Ангеле, Ангеле, не заобиколувај, братко! Знам зошто си го измислил сево ова. За мене ти е жал, а! Да не ме убијат... Но, само со командување не се врши работа... Претстави си сега дека јас сум влегол внатре. Сум се сместил в колиба, се разбира, зашто нема каде на друго место. Праќам оттаму наредба до некој војвода да влезе и да си го заземе реонот. Може ли да ми откаже? Може ли да рече: тој си седи во Бугарија, а мене ме праќа внатре? Не, Ангеле, илјада пати не! Прво ќе влезам јас, а потоа ќе ги викам другите. Не, нема да ги викам туку ќе им наредувам, зашто имам право не само според Уставот туку и според мојот личен пример. Кој ќе ја исполни мојата наредба, му благодарам, кој не, за него има закони на Организацијата. Тогаш никој нема да може да ми се лути“.[261]

Обновувајќи ја комитската активност, ЦК ВМРО на 11 јуни 1920 година изработил посебна директива за дејноста на Организацијата во Македонија, која поаѓала од основната цел: „Целта на Организацијата си останува како и досега: извојување на слободата – под форма на автономија или независност на Македонија во нејзините етнографски и економски граници“. За Вардарскиот дел на Македонија, раководството на ВМРО си ја поставило следнава задача: „Извојување на федеративно управување во Југославија со Македонија како рамноправен член во федерацијата“. За постигнување на оваа задача, односно за успешно водење легална борба, раководството на ВМРО сметало да создаде легална организација под името Македонски федеративен сојуз, со задача да оствари соработка за заедничка дејност со организациите и партиите во другите области на Југославија на следниве основни начела: „Секоја област да има целосно самоуправување, со свое Народно собрание, со официјални јазици на мнозинството од населението и Заедничко народно собрание со претставници сразмерно од сите области, заеднички министри и заеднички официјални јазици“.[262]

Оваа нова ориентација за прифаќање на федеративната идеја на Македонија во рамките на Кралството на СХС со легални средства и методи, претставува нов облик и политичка тактика на Тодор Александров пред парламен-

[261] ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени, 213.

[262] Македония, Сборник... цит., 658–660.

тарните и општинските избори во Вардарскиот дел на Македонија. Имено, искористувајќи го непријателското расположение на македонскиот народ кон новата власт и неговата денационализаторска и асимилаторска политика, Александров и на самиот терен во овој дел на Македонија, како негов единствен и вистински претставник и заштитник, настојувал Македонија да добие рамноправен третман во федеративното уредување на Кралството на СХС, откако наполно пропаднале сите негови желби за обединување на Македонија и создавање на одделна политичка единица.[263]


КРСТО ЛАЗАРОВ

Набргу по издавањето на оваа директива, според воениот разузнавач на Кралството на СХС, полковникот Танасие Диниќ, задолжен за следење на состојбите во ВМРО и во бугарските политички кругови, Тодор Александров му напишал на пунктовиот началник на Ќустендил, А. Узунов, да го повика кочанскиот војвода Симеон Георгиев, кој живеел во Ќустендил, и да му го соопшти решението на ЦК ВМРО за „обновување на револуционерната акција". Во почетокот на јуни 1920 година, Александров заедно со С. Иванов, кочанскиот војвода С. Георгиев и со уште 4–5 комити, преминале во Вардарскиот дел на Македонија, останувајќи околу 6 месеци во Паланечко, Кочанско, Кратовско и Штипско, раководејќи од Главниот штаб што бил сместен во околината на Кратово. По десет дни, Александров, исто така од Ќустендил, со писмо го повикал кумановскиот војвода Крсто Лазаров, кој со петмина комити ја преминал границата и му се придружил.[264]

Преминувајќи во источниот дел на Вардарска Македонија, Александров секојдневно се среќавал со луѓето на Организацијата, организирал канали за движење на четите и курирска пошта, им давал наредби на војводите за нивните дејствувања, се грижел за обезбедување оружје и облека за комитите, вршел

[263] За федеративната идеја на автономистичката ВМРО на Т. Александров види повеќе кај м-р Даринка Пачемска-Петреска, Федеративната идеја во македонското национално ослободително движење од 1918–1941 (докторска дисертација), Филозофски факултет – Скопје, 1986, 74–84.

[264] АЈ, Фонд МУП, Збирка ВМРО, 14 – 30–79, цитиран извештај; Славе Ивановъ, Тодоръ Александровъ... цит., 18.

истраги за кражби што ги извршиле припадниците на ВМРО или други разбојници и др. Во едно од првите писма до пунктовиот началник на Ќустендил, А. Узунов, од 18 јуни 1920 година, Александров му напишал: „Положбата тука не е изменета: сѐ е мирно и досега успеав да ја обиколам и да ја средам базата – планинскиот дел на Кочанско, Кратовско и нешто од Паланечко. Досега сѐ оди добро“. Во едно друго писмо, од 21 јули 1920 година, на А. Узунов му напишал: „Духот на населението е многу добар. Изгледите да се засилиме и зацврстиме се мошне големи. Противникот е деморализиран и без реална сила. Војници и стражари има малку, без дух и дисциплина, дезорганизирани и лошо исхранети, сите се фрлиле на рушвет, грабеж и разврат...“.[265]

Со цел да добие податоци за злосторствата на Србите во Вардарскиот дел на Македонија по Првата светска војна, ЦК ВМРО во 1921 година пратил циркуларно писмо до „околиските војводи и месните раководни тела во Македонија“, со кое ги повикал „во најкус рок“ да ги соберат и да ги пратат следниве информации:

- какви зулуми извршиле Србите од септември 1918 година по селата и по градовите;
- убиени, ранети, осакатени, тепани и мачени со име и презиме, кога и од кого настрадале;
- обесчестени моми и силувани жени, од кого настрадале и кога;
- колку куќи, огради, трла, слами, сена и др. се изгорени, чии, кога и од кого;
- какви грабежи, изнуди и др. направиле, кој, од кого и колку;
- при гласањето минатата година на изборите за Конституцијата[266], во секоја општина поименично, колку души избирачи гласале и кои партии по колку гласа добиле.[267]

265 ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени, 214–217.

266 Се однесува на парламентарните избори за Уставотворното собрание на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, распишани на 28 ноември 1920 година.

267 ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 63, л. 1. Објавено кај: Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 53.

# АКТИВНОСТА НА ВМРО ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

## Започнување комитски акции во Вардарскиот дел на Македонија

Комитската активност на автономистичките чети предводени од Тодор Александров во Вардарскиот дел на Македонија претставува нова фаза во македонското национално револуционерно движење во периодот од 1920 до 1924 година, што непосредно влијаела врз политичката ситуација во овој дел на Македонија. Вооружените акции што ги предизвикувале комитските чети, како и противакциите на државните чети, според пишувањето на лондонскиот весник „Тајмс", ја претвориле Македонија во „арена на безбројни гранични и внатрешни инциденти" и во владеење на т.н. „бел терор" од кој најмногу страдало македонското население.

Во овој период, името на ВМРО и на Тодор Александров не се симнувало од рубриките на европскиот, белградскиот и софискиот печат. ВМРО била прикажувана како масовна вооружена народна организација, каква што ниедна друга воена организација или политичка сила на Балканот никогаш не обединила таква широка народна маса[268] што ги употребувала сите средства против српската власт во Македонија.[269] Со вооружените акции на своите чети Александров настојувал да се прикаже како единствен заштитник на македонскиот народ што се бори за извојување слобода на Македонија, давајќи му до знаење дека само преку револуционерната дејност ВМРО може да го спаси народот од асимилација од српската власт.

---

268 Ivan Michajlov, Makedonija: Švajcarska na Balkanu, Sen Luis, 1950, 3.

269 В. „Свободна Македония", София, бр. 54, 18. IV 1924, „Македонска заплетня", 1. Написот е пренесен од англиското списание „Contemporary Review".



ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ СО СВОИТЕ ЧЕТНИЦИ

Со своите вооружени методи и со дипломатска дејност во Европа, ВМРО се наложила како единствен и меѓународно признат фактор, а Тодор Александров како прв лидер и неоспорен авторитет на Македонската револуционерна организација. Од друга страна, македонските бегалски и емигрантски маси во Бугарија, како и македонското население во трите дела на Македонија, во Александров и неговата автономистичка ВМРО гледале единствен заштитник и потпора.

За обновување на комитската активност, која по завршувањето на Првата светска војна во голема мера била замрена, Тодор Александров ги собрал своите стари другари – Стојан Мишев, Славе Иванов, Иван Јанев-Брло, Глигор Циклев, Мите Соколарски и др. – кои му послужиле како основно јадро за развивање на револуционерната дејност. Од средината на 1919 година, тие започнале засилено да врбуваат комити и да организираат чети за навлегување во Македонија. Најголема концентрација на комити и комитски чети се имало во пограничните места, а особено во Ќустендил.

Според извештаите на воениот претставник на Кралството на СХС во Софија, во септември 1919 година ВМРО располагала со над 10 000 пушки, 5 000 бомби, а од расформираната Македонска дивизија по Првата светска војна ѝ биле предадени 5 000 пушки и 2 000 бомби. Целото оружје било скриено во




МРЕЖА НА ЦЕНТРИ, ПУНКТОВИ И ГЛАВНИ КАНАЛИ НА ВМРО ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА

околината на Петрич и Горна Џумаја.[270] Според истите извештаи, комитските чети што преминувале во Вардарскиот дел на Македонија биле составени од 20 до 30 комити, предводени од војводи, кои отпорано биле познати по својата комитска дејност. Така, за Скопскиот и за Кумановскиот округ биле Крсто Лазаров-Коњушки, Лазар Дивљанац и Величко Велјанов, за Брегалничкиот – Иван Брло, Панчо Михајлов и Стеван Пантелејски, за Тиквешкиот – Георги В’ндев[271], за Битолскиот и Охридскиот – Петар Чаулев, Ангел Василев и Стеван Хаџи Димко. На чело на сите овие чети стоел Т. Александров, кој ѝ давал „тон и директива на целокупната акција“ на ВМРО во Вардарскиот дел на Македонија.[272]

Според извештаите на воениот делегат на Кралството на СХС во Софија од 25 ноември 1919 година, во Македонија се наоѓале 15 чети составени од 7 до 15 комити, од кои три биле формирани од месното население, а другите дошле од Бугарија.[273]

[270] АИНИ, Фонд ТАО, к. XXXV/2, бр. 208.

[271] Георги В’ндев бил војвода на Струмичкиот округ.

[272] АЈ, Фонд МУП, Збирка 14 – 36–107 (недатиран извештај).

[273] АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXV/3, бр. 352.

Четите имале определени канали низ кои преминувале преку границата и се движеле во внатрешноста на Вардарскиот дел на Македонија. Главни канали на левиот брег на Вардар биле: Осоговските Планини, Царев Врв, Китка и селата Пантелеј, Рајчани, Бунеш, Трипатанци, Бучиште, Дренок и Пуздерци, од каде што се поминувало за сите краишта во Вардарскиот дел на Македонија.[274]

Разузнавачката служба на Министерството на војската на Кралството СХС располагало со податоци за целокупната комитска организација во Вардарскиот дел на Македонија и за методите и целите на нејзиното дејствување. Според нејзините извештаи од крајот на 1919 година, комитската организација била поделена на четири центри: Штип, Прилеп, Битола и Охрид. Главна задача на овие центри била да развиваат агитација меѓу населението, „уверувајќи го дека Македонија наскоро ќе биде автономна", да го следат расположението на населението, да известуваат за движењето и бројната состојба на вооружените единици и за постапките на државните власти, како и да ги прифаќаат и спроведуваат комитите и поштата на Организацијата.[275]

За поорганизирано преминување на комитските чети во Вардарскиот дел на Македонија, Тодор Александров уште во пролетта на 1919 година создал во Ќустендил база, односно „четничка република"[276], каде што главно престојувале, се подготвувале и се опремувале комитските чети. Под негов непосреден надзор, Ќустендил станал главен штаб за Македонија. Втор „комитски центар", според разузнавачките извештаи на воените власти на Кралството на СХС од 1920 година, бил Мелник, каде што се наоѓал штабот на А. Протогеров и од каде што раководел со организирањето и префрлањето на комитските чети во Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија.[277]

Воениот претставник на амбасадата на Кралството на СХС во Софија редовно и алармантно известувал за секоја акција што се планирала во ВМРО. Во своето известување од Софија, од 3 март 1920 година, под наслов: „ЗА ВНАТРЕШНАТА МАКЕДОНСКА ТАЈНА ОРГАНИЗАЦИЈА КОЈА РАБОТИ ЗА АВТОНОМНА МАКЕДОНИЈА" (со големи букви во известувањето, б. м.), тој му јавил на Министерството за внатрешни работи во Белград дека Извршниот комитет и ВМРО решиле во Македонија да се создаде „месна револуцио-

---

274 Исто; АС, Збирка Т. Динића, кут. 39, „Мрежа организације ВМРО и качачки центри".

275 АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXV/2, бр. 209; АВИИ, Пописник 4, кут. 54, бр. 12/193.

276 В. „Пиринъ", бр. 21. X 1923, 1.

277 АВИИ, Пописник 4, кут. 58, д. 6/68; АИНИ, Фонд ТАО, к. XXXV/4, бр. 449; Исто, Фонд КПЛ, к. XXXV/4, бр. 482.

нерна организација, чија задача ќе биде: да го поддржуваат духот на народот и да агитираат за автономна Македонија“. Според известувањето на воениот делегат, месната револуционерна организација ќе имала посебен „разузнавачки отсек“, со задача да доставува податоци за движењето на српската војска, за однесувањето на српските чиновници спрема месното население, „дали народот е расположен за револуција“ и за бројната состојба на оружјето и municијата што се наоѓа кај народот. „Разузнавачкиот отсек“ бил организиран по окрузи: Штипски, Скопски, Битолски, Солунски и Дебарски, со главен центар, односно „инспекторат“, во Штип, а секој округ имал по 10–15 луѓе, кои биле „терористи и атентатори“. Во „заклучокот“ од известувањето било наведено дека „организацијата во Крива Паланка била околиска и тајна“ и дека работи „за автономија на Македонија“.[278]

Според известувањето на воениот делегат на Кралството на СХС во Софија, во април 1920 година автономистичката ВМРО на Тодор Александров и А. Протогеров располагала со 1 500 комити, од кои 300 се наоѓале во Македонија, префрлени во помали групи. Покрај овој број, Организацијата имала во Бугарија уште 3 000 бивши комити и свои верни приврзаници разместени во разни служби.[279] Во Вардарскиот дел на Македонија најбројни биле четите на Иван Јанев-Брло во Штипско, на Панчо Михајлов во Кочанско и на Георги В’ндев во Струмичко.

Систематска организирана комитска активност во Вардарскиот дел на Македонија ВМРО започнала да презема од пролетта на 1920 година. Подготвувајќи терен за преминување во источниот дел на Вардарска Македонија, Тодор Александров упатил писмо до војводите и поглавните комити во Ќустендил во кое навестил дека „ВМРО ја почнала својата револуционерна борба против асимилаторите Срби и Грци на Македонија“ и им дал до знаење дека никој не смее да ја преминува границата без дозвола на Организацијата.[280] На тој начин, Александров отворено ја најавил милитаристичката програма на автономистичката ВМРО, не дозволувајќи никој да ја преминува границата без негова дозвола.

Пристигнувајќи во овој дел на Македонија, Тодор Александров веднаш пристапил кон обновување на старите редови на Организацијата, со цел да ја издигне до таква положба за да стане главна опасност за зачувување на поре-

[278] АЈ, Фонд МУП, Збирка 14 – 34–99.

[279] Исто.

[280] АМ, Пописник 1, бр. 21, Спомени на Станчев Иванов Славе, 33.

докот и сигурноста на новосоздадениот режим на Кралството на СХС. Најпрвин Организацијата била обновена во Штипската, Кочанската, Кратовската и Царевоселската околија (денешно Делчевско, б. м.), каде што во сите поголеми села Александров формирал чети и селска милиција, а во околиите свои комитети. Овие комитети воспоставиле своја пошта и судски апарат, а го контролирале преселувањето и на самото селско население.

Доаѓањето на Тодор Александров на самиот терен на Македонија, меѓу македонското население, мошне јасно може да се согледа и во окружните писма и инструкциите на ЦК ВМРО и во неговите лични писма упатени до окружните комитети, војводите, четниците и своите соработници. Додека во мемоарите и меморандумите упатувани до европските држави, конференции и институции, составувани од интелектуалното крило на Организацијата: проф. Љубомир Милетич, проф. Иван Георгов, проф. Александар Балабанов, проф. Никола Милев, Георги Баждаров и др., провејуваат бугарските интереси кон Македонија и именувањето на македонското население за бугарско, во писмата, потпишани од Тодор Александров, на преден план се повикот за борба на македонското население за слобода, автономија, независност и обединување на Македонија, за претставување на ВМРО како единствена изразителка на суверената волја на Македонецот и употребувањето само на македонските термини: „Македонија“, „македонско население“, „Македонци“ итн.

Забележувајќи го масовното иселување на македонското население во другите соседни држави, а загрижен од губењето на „поткрепата што му ја даваат на ослободителното дело со паричната и друга помош“, Тодор Александров со циркуларно писмо на ЦК ВМРО, од 4 септември 1922 година, ги задолжил локалните раководни тела и нелегалните групи во Македонија да земаат од сите оние што се иселуваат по 2% од вредноста на продадените движни и недвижни имоти „во полза на организациската каса“.[281]

За собирање помош за борците на „борбена Македонија за слобода“, ЦК ВМРО на 25 јули 1923 година упатил апел до граѓаните на Бугарија и до своите „сонародници“ – македонската емиграција во Бугарија. Во апелот, Тодор Александров, ги повикал граѓаните и своите сонародници: „Сега е време да се

[281] ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 63, л. 14. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 79.
Според кажувањето на Тимчо Арсовски од с. Малино, Светиниколско (пензионер на 90 години, забележано во 1980 година во Скопје), секој кој сакал да се исели од селото, поради присутниот страв од репресалиите на жандармеријата за наводната соработка со комитите, морал да добие дозвола од месниот комитет на ВМРО и да му плати 10 златни турски лири.

сетите за онаа борбена земја којашто досега води една епска борба, потпирајќи се исклучиво на сопствените материјални средства: ПОТКРЕПЕТЕ ЈА (со големи букви во Апелот, б. м.). Македонија, која ги поднесува сите крвни жртви на борбата против тиранијата, заслужува да биде помогната ефикасно со материјални средства на слободните граѓани“. Сметајќи на нивниот патриотизам, во апелот Александров ги повикал, во согласност со нивната имотна состојба, да внесат помош во касата на ВМРО, со што ќе придонесат за „полезна работа во поробената Татковина“.[282] За собирање на помошта, ЦК ВМРО ги ополномоштил Кирил Прличев и Иван Михајлов.[283]

Објавувајќи го своето присуство на подрачјето на источниот дел од Вардарска Македонија, Тодор Александров доставил писмо до раководителите на комитетот во Штипскиот округ. Во него тој ги предупредил дека српската влада, уплашена од активноста на Организацијата, ќе настојува со сите достапни насилни мерки да го спречи развитокот на македонското прашање и да го застрашува населението да се откаже од досегашната дејност, охрабрувајќи го, притоа, дека српските власти не можат на тој начин да го спречат правилното решение на македонското прашање, оти, како што вели тој во писмото: „Не се гаси тоа што (не) гасне“.[284]

Со префрлањето на четите на ВМРО во Вардарскиот дел на Македонија имало за цел да се оневозможи брзото консолидирање на режимот на Кралството на СХС, да се оневозможи асимилаторската и колонизаторската политика на великосрпскиот режим и да се одржи континуитетот на револуционерниот дух на македонското население. Исто така, со почнувањето на комитските акции, ЦК ВМРО сакал да го сврти вниманието на европската јавност врз нерешеното македонско прашање и да го држи „отворено“ македонското прашање пред светската јавност.

Веднаш по преминувањето на територијата на Вардарска Македонија, Тодор Александров пристапил кон обновување на старите редови на Организацијата. Биле формирани месни чети и селска милиција; во околиите и селата биле избрани нови раководни тела и комитети; биле воспоставени тајна пошта и судски апарат. Во првите години четите што преминувале во Вардарскиот и

282 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев... цит.,445–446. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 207–209.

283 Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Непубликувани документи... цит., 240. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 217.

284 АЈ, Фонд МУП, Збирка 14 – 36–107, цитиран недатиран извештај. Во цитираниот текст на писмото, по сè изгледа, е испуштен зборот „не“.

во Егејскиот дел на Македонија биле составени од 20 до 30 комити. Во март 1924 година, со решение на Александров, нивниот број се намалил на дванаесетмина, заради поефикасно маневрирање и поради опасноста полесно да бидат откриени од државните воени и полициски сили, а особено да не се изложувало населението на опасност и да не се давале непотребни жртви.

Расположението за започнување на вооружена акција во Вардарскиот дел на Македонија, според воениот делегат на Кралството на СХС во Софија, било присутно кај пошироките кругови на македонската емиграција во Бугарија и во војската. Тие не можеле да се помират со фактот Македонија да му биде доделена на Кралството на СХС и најенергично барале да се преземе „револуционерна акција доколку прашањето се реши неповолно за Бугарија“[285]. Заплашувањата дека „Македонскиот комитет“[286] ќе започне комитска акција во цела Македонија, односно „очајна борба“, која може да доведе до повторна војна на Балканот, доколку македонското прашање излезе негативно за ВМРО[287], биле постојано присутни не само во извештаите на воениот делегат на Кралството на СХС во Софија туку и во извештаите на воените делегати на истото Кралство во Атина и во Рим.

Од почетокот на 1919 година, овие делегати постојано ја предупредувале, алармирале, па дури и непотребно ја вознемирувале својата влада и воена врховна команда за работата, подготовките и намерите за скорешна акција на членовите на ЦК ВМРО Тодор Александров и А. Протогеров во Вардарскиот дел на Македонија, како и за присуството на одделни војводи и комитски чети и за нивната пропагандна и вооружена активност во овој дел на Македонија. Обрнувајќи најсериозно внимание на ваквите известувања, воените власти на Кралството на СХС преземале најенергични мерки за уништување на комитските чети, бидејќи им било познато дека новата бугарска влада немала доволно сили и авторитет да ги спречи комитските префрлувања во Вардарскиот дел на Македонија.[288]

Според разузнавачките извештаи на воените власти на Кралството на СХС, првите префрлувања на комитските чети во Источна Македонија, под ра-

---

285 “ ДАССИП, Фонд ДКСХС – КМП, ф. 24, д. VI/8, бр. 4083.

286 Во извештаите на воениот делегат на Кралството на СХС во Софија, како и во другите извештаи, писма, телеграми и сл. на воените и политичките власти на истото Кралство, Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија и автономистичката ВМРО ги изедначува со заедничко име: „Македонски комитет“, „Македонски револуционерен комитет“, „Главен одбор“, „ВМРО“, „Македонска револуционерна организација“, „Македонствојушчи“ и сл.

287 АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXX/2, бр. 182.

288 АВИИ, Пописник 4, кут. 54, бр. 12/214.

ководство на А. Протогеров и на други „стари војводи“, имале за цел одблизу да се запознаат со расположението на населението, односно дали било подготвено за револуционерна акција.[289] Со нивното присуство во Вардарскиот дел на Македонија, тие настојувале да предизвикаат немири, како знак на негодување против српскиот режим, и да вршат агитација кај селското население за да не ги извршува наредбите на власта.[290]

За водење позасилена и поорганизирана вооружена дејност, Тодор Александров пристапил кон реорганизирање на комитската организација во Вардарскиот дел на Македонија. За таа цел тој упатил „таен распис“ до раководните окрузи и до нелегалните чети во Македонија, во кој, меѓу другото, ги известил дека ЦК ВМРО решил да се обнови и преустрои Организацијата со следнава цел: „Да се помага морално и материјално ВМРО во поробените делови на Македонија под Србија и Грција“.[291] Пристапувајќи кон реализацијата на оваа директива, Александров, според разузнавачките извештаи на воените власти на Кралството на СХС, создал главни реони во Скопје, Штип, Прилеп, Битола, Охрид, Велес, Куманово и Струмица, со свои комитски чети и пропагандни центри, во сите поголеми места биле формирани одбори на чело со претседател, секретар и благајник.[292] Според истите информации, на чело на ваквата разгранета организација се наоѓал генералот А. Протогеров, кој бил „SPIRITUS MOVENS“[293] (со големи букви во извештајот, б. м.) на ВМРО, додека главен водач за спроведување на акциите на Организацијата во источниот дел на Вардарска Македонија бил Александров, а за „шеф на теренската акција“ бил определен војводата Панчо Михајлов.[294]

Од почетокот на 1920 година вооружените акции на автономистичките чети на Тодор Александров земале сè повеќе замав на територијата на Вардарскиот дел на Македонија. Во прв ред овие акции биле насочени кон уривање на железничките пруги и објекти, борба против жандармите и српските поданици, а особено против државните органи и лицата што ја спроведувале нивната политика.

---

289 Исто, Пописник 4, кут. 54, бр.13; ДАССИП, Фонд ДКСХС – КМП, ф. 24, д. VI/10–VII, бр. 3374.

290 АИНИ, Фонд ТАО, к. XXXV/1, бр. 31 и бр. 47; АВИИ, Пописник 4, кут. 54, бр. 12.

291 АМ, Фонд Поединечни документи на ВМРО, к. 1/3, „Окръжно (Тайно). До заведущи окръзитѣ и до нелегалнитѣ групи въ Македония, ВМРО, N° 303, Македония, 22. VII 1922“; Правителството на Стамболийски... цит., 99 – 100.

292 АЈ, фонд МУП, Збирка 14 – 36–113.

293 Исто, Збирка 14 – 36–114.

294 АС, Збирка Т. Динића, кут. 39.

Во септември 1922 година, ВМРО упатила „Повик до Турците во Македонија“, отпечатувајќи го на бугарски и на турски јазик во 1 000–2 000 примероци. Обраќајќи им се на Турците во Вардарскиот дел на Македонија со „Драги земјаци мухамеданци“, раководството на ВМРО ги повикало сите „поробени народи во Македонија“ да се сплотат во заедничка борба против „заедничките непријатели – Срби и Грци“ за извојување на „слободата – автономијата на Македонија“. Писмото завршува со апелот: „Да живее автономна Македонија, независна од соседните држави!“.[295]

А според Правилникот на ВМРО, Организацијата применувала жестоки казни и смртни пресуди за шпионите и разбојниците, кои ги донесувал и ги потпишувал лично Тодор Александров.

Доаѓајќи во Вардарскиот дел на Македонија, меѓу македонското население, Тодор Александров во септември 1920 година упатил писмо до министерот за внатрешни работи на Бугарија, Александар Димитров, во кое му напишал: „Господине министре, пред неколку месеци го напуштив Царството, угнетувано од тиранскиот режим, наметнат од Вашите другари и од Вас, и заминав за мојата поробена Македонија, за да го исполнам, како што јас сметам, својот долг кон моите несреќни сонародници“. Осудувајќи ги намерите на министерот А. Димитров за преземање мерки против ВМРО, за создавање чети за борба против неа, па дури и за негово убивање, Александров во истото писмо му напишал: „Јас не припаѓам на ниедна бугарска политичка партија и нема да се зачленам во таква до ослободувањето на Македонија… Треба да го знаете следново: никој не може да ми го одземе правото да располагам со својот живот, како што ќе сметам за корисно и да работам според моите сили и согласно со моите сфаќања за мојата поробена татковина. Кој ќе се обиде да го стори тоа, уверен сум – благодарение на закрилата на Провидението и на поддршката на организираното македонско население – бездруго ќе си ја скрши главата“.[296]

Исто така, од територијата на Вардарскиот дел на Македонија, Тодор Александров со писмо од 21 октомври 1920 година, како одговор на писмото-покана од инспекторот на полицијата во Ќустендил, во кое го повикувал да дојде во Ќустендил и го уверувал дека бугарската влада нема да го уапси и

---

[295] 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев... цит., 428–429. Објавено и кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 91.

[296] ЦДА, Фонд 1933 – Тодор Александров, оп. 2, а.е. 31, л. 1. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 475–479.

да го предаде на српските власти, Александров му напишал дека тој е „слободен, независен од никого и надвор од границите на Бугарија“ и дека таквата политика на бугарската влада му овозможува да биде внатре, „во поробена Македонија“. Протестирајќи остро што Земјоделската влада на А. Стамболиски подготвувала да испраќа во Вардарскиот дел на Македонија „15 души вооружени луѓе... заколнати престапници, од кои некои се виновни за изнудувања, грабежи и убиства за пари“ (подвлечено во писмото, б. м.), Александров во писмото му напишал: „Впрочем, овде е местото да Ви кажам дека организираното население во Македонија ќе успее да се справи со сите, кои ќе се обидат да се спротивстават на неговиот благороден стремеж да се бори за зачувување на своето национално сознание, на своето народно име и засега извојување барем на свои училишта и цркви и минимум слобода за подностлив човечки живот, барем под форма на автономија под југословенската федерација“.[297]

Доаѓајќи во Бугарија, Тодор Александров добил повеќе писма од бугарската влада и едно од А. Стамболиски. А. Стамболиски во писмото му предлагал на Александров да се сообрази со тешката меѓународна ситуација на Бугарија, ветувајќи дека владата нема да ги прогонува членовите на ВМРО. Во одговор на писмото, Александров изразил целосно разбирање за проблемите на владата, но дека Организацијата секогаш била подготвена да го исполни својот долг кон неослободените делови на Македонија, подвлекувајќи дека ако Бугарија пропадне – ослободувањето на Македонија ќе стане проблематично. Понатаму во писмото Александров изјавил дека издал наредба привремено да се запрат акциите на четите преку границата, за да не им се дава повод на српските власти да ја отежнуваат ситуацијата на земјоделската влада.[298]

Членот на ЦК ВМРО, А. Протогеров, како поранешен генерал на бугарската армија и мошне близок со царот Борис, во едно писмо од 6 септември 1920 година му се пожалил на царот на постапките на владата во прогонувањето и апсењето на припадниците на ВМРО и на нејзините намери во договор со Македонската федеративна организација да испратат чети во Вардарска Македонија со цел да го убијат Тодор Александров, а истовремено да прибегнат кон предавство за да ја уништат Организацијата.[299]

---

297 ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а. е. 50, л. 1–4. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 37–41.

298 Дечо Добринов, Последният цар на планините... цит., 87–88.

299 Александър Протогеров – генералът-войвода. Съставител Цочо В. Билярски, София, 212, 56–58.

Преминувајќи на самиот терен во Вардарскиот дел на Македонија, Тодор Александров веднаш пристапил кон обновување на старите редови во Организацијата, со цел да ја издигне до таква положба за да стане главна опасност за зачувувањето на поредокот и сигурноста на новосоздадениот режим на Кралството на СХС во овој дел на Македонија. Според извештаите на воените и дипломатските претставници на Кралството на СХС од Софија, со паролата за „автономија на Македонија" Тодор Александров настојувал што побрзо да ја обнови Организацијата, да го одржи борбениот дух кај народот и да го присили да стапи во нејзините редови.[300]

Со цел да ги запознае „нелегалните групи" на ВМРО во Вардарскиот дел на Македонија со новата револуционерна програма на Организацијата, ЦК на автономистичката ВМРО со циркуларно писмо од јуни 1921 година од самиот терен во Македонија, им ја изложил: „ЦЕЛТА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА (со големи букви во писмото, б. м.): Автономна Македонија, независна од балканските држави, преку создавање една тајна, моќна, неуловлива револуционерна организација во Македонија, неранлива за непријателите-поробувачи на Македонија – Србија и Грција – која, во согласност со сите други поробени народности од Србите и Грците, да работи на сите можни патишта и начини за постигнување на горната цел".

Додека да се зацврсти Организацијата во Вардарскиот дел на Македонија, во писмото ЦК ВМРО препорачувал:

- да се одржат окружни и околиски конгреси, за кои да бидат избрани нови раководни тела; организациските работи во околиите, во прво време, да се раководат од началниците на илегалните групи; во пограничните околии во кои се развиени разбојништвото и шверцерството, да се формираат по една агитаторска и по една борбена група (6–10 души) за две-три соседни околии;
- нелегалната група – душата на организацијата во околијата – треба да биде составена од избрани, испробани сили, добри патриоти, неогрешени во минатото, чесни, непоткупливи, смели и морални во секој однос;
- животот меѓу другарите во групите треба да биде примерен во секој однос, а нивниот однос кон населението – учтив и братски. Началниците на групите треба да внимаваат да не дозволуваат на никој начин

[300] АЈ, Фонд МУП, Збирка 14 – 36–107, цитиран недатиран извештај; АИНИ, Фонд ТАО, к. XXXV/5, бр. 776.

нивните другари да им се препуштаат на пијанство, разврат, грабежи, изнудувања, одмазди на лични противници. Да се запамети добро дека од мигот кога едно лице ќе ја нарами пушката и кога се предава на работата за ослободување на братот-роб, тоа престанува веќе да си припаѓа себеси, станува апостол-светец и треба да се стреми, со сите сили, да се прероди, за да одговори на таа голема обврска;

– неодговорните и огрешените илегални борци се казнуваат од началниците на групите со забелешка насамо, со укор пред другарите, со наредба да стражарат двојно и тројно часови и сл. За поголеми грешки, по решение на другарите – со разоружување, со ќотек и со праќање зад граница, а за докажани крупни престапи – со смрт.

Во врска со дејноста на нелегалните групи, ЦК ВМРО им ги определил следниве задачи:

1. Зачувување на националната свест кај поробеното население, поддржување и поткревање на неговиот борбен дух (преку агитација со весници, брошури и др.);
2. Потпомагање на легалната борба, доколку е можно, при избори за општините, за окружни совети, за училишни и за црковни одбори, за претставници во собранието и за Парламентот во Атина и поддржување на сите можни обиди за примена на Договорот за заштита на малцинствата;
3. Збивање на редовите и зголемување на врските меѓу организираните јадра во градовите и во селата на цела Македонија, меѓу соседните организациски групи и по канален пат со Централниот комитет внатре и со Задграничното претставништво во странство;
   – во почетокот, за да не се изложува многу населението, илегалните групи треба да се движат многу внимателно и претпазливо, да ги знаат само по неколку души – само најсигурните во секое село и да се во врска со 1–2 групи од по 5–10 души во градовите; да не одржуваат заеднички собранија; да не избираат раководни тела јавно, туку да задолжуваат по 2–3 души во секое село, тајно да ја раководат работата;
4. Вклучување во редовите на борбата (во Организацијата) на сите други поробени народности во Македонија – главно Турци, Албанци, Власи, Евреи и други и надвор од Македонија на други поробени народности, како што се Црногорци, Хрвати, Словенци, Бошњаци и сл.;

5. Собирање информации и нивно навремено праќање до пунктовите началници – воени, за вршење зулуми, беззаконија, грабежи и сл.;
6. Најбезмилосно истребување на: докажани шпиони, разбојници и шверцери, развратници, како и на непријатели на македонската слобода и на ВМРО кои работат јавно или прикриено против главната задача на Организацијата – слободата и независноста на Македонија;
   - лицата кои Организацијата, преку Централниот комитет, ги задолжува да извршат извесна казна по силата на тоа решение, се должни безусловно да ги извршат, без оглед на каков и да е ризик, дадените задачи, во спротивен случај – тие лица се казнуваат со истата казна;
7. Давање прибежиште, заштита и пат на сите избегани поради зулуми, од затвор или кои се барани од власта поради политички причини;
8. Да им се помага на сите кои сакаат да го избегнат служењето војска, со тоа што способните за работа да се задржат внатре, а неспособните се праќаат зад граница.

Понатамошната дејност на Организацијата во Вардарскиот дел на Македонија, според писмото-инструкции, требало да се одвива „САМО СО ДОЗВОЛА НА ЦЕНТРАЛНИОТ КОМИТЕТ“ (со големи букви во писмото, б. м.), и тоа преку:

1. Создавање терористички (атентаторски) групи од три до осум локални лица, легални или полулегални смели луѓе од по 1–3 групи за секоја околија – повеќе од околиите крај големите градови, крај железници и кај железнички мостови, пруги и др.;
2. Во поволни моменти, убивање на зулумџии, чиновници, окружни управници, околиски и жандармериски началници, војводи на непријателски чети или цели непријателски државни банди, како и одделни воени началници, наредници, жандарми и др. кои вршат над незаштитеното македонско население: грабежи, изнудувања, тепања, обесчестувања, понижување на личноста, на честа и сл.; убиства, палежи и слично;
3. Екстремните и најефикасните средства на терористички акции, како што се нападите со динамит, со пеколни машини, со специјални македонски бомби итн., применувани за време на режимот на Абдул Хамид, се дозволуваат само во исклучителни случаи, кога насилствата земаат масовен и особено остар карактер, и тоа за секој одделен слу-

чај, со претходна дозвола од ЦК ВМРО, и тоа да се прави на места и на начини за да не се изложува незаштитеното население пред насилничките власти.

Во делот на судските спорови и казни, во писмото-инструкции ЦК ВМРО препорачувал:

- нелегалните групи ги казнуваат сите огрешени селани и месни раководни сили за грешките и за престапи од организациски карактер, за предавства, за разбојништва, за непренесување писма, за неизвршување на организациската работа итн.;
- казните се: а) за мали грешки и прекршувања на законот: укор, ќотек до 20 стапа, глоба до 5 лири или динари, драхми, левови – еднакви на пет турски златни лири; б) за покрупни или за повторени грешки и прекршувања на законот – ќотек од 20 до 50 стапа, глоба до 10 лири или динари, драхми, левови – еднакви на 10 турски златни лири; в) за докажани престапи: предавство, убиство на невин човек, разбојништво, разврат – смрт.

Издржувањето на Организацијата, според инструкциите на ЦК ВМРО, требало да биде: од доброволна помош од членовите на Организацијата внатре во Македонија и од симпатизери – лица, групи и установи – зад границата; од



ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ СО СВОЈОТ ШТАБ

политички собири и воопшто од суми добиени со силата на оружјето; од глоби и од пронајдени и собрани организациски суми, останати кај поранешни благајници или чувари на организациски средства од пред војните.

Во врска со вооружувањето на населението, во писмото ЦК ВМРО препорачувал, поради ужасниот терор во Македонија, да не се внесува ново оружје, а нелегалните групи да го спасуваат од предавање скриеното оружје што било зачувано и, кога има потреба или кога постои опасност да биде предадено и собрано оружјето, тие да го собираат и да го складираат на погодно место или на места – скривалишта познати само на 1–2 локални нелегални луѓе кои се криjат околу своите села.

Во делот на поштата и каналите во писмото-инструкции се препорачувало:

- агитаторските групи се грижат да создадат и да одржуваат тајни и сигурни канали на Организацијата за врска со соседните околии, со членовите од ЦК, а преку пунктовите началници и со Задграничното претставништво на Организацијата во странство;
- по тие канали се пренесува организациската пошта, по нив се пренесуваат бегалци итн.;
- нелегалните групи се должни итно да ги праќаат до пунктовите началници сите информации – воени, за зулуми, за беззаконија и др., а на крајот од секој месец – општ извештај за состојбата на Организацијата, за духот на населението итн. до ЦК;
- за поважни и потешки прашања, раководните лица во околиите треба да го прашуваат ЦК на Организацијата, директно или по утврдениот ред;
- чесните, пожртвуваните борци-идеалисти, од кои Македонија има најмногу потреба сега, лесно ќе го најдат вистинскиот пат за работа во согласност со локалните услови внатре, користејќи ги традициите и искуството на близу 30-годишната револуционерна борба и правејќи сѐ што е добро и полезно, а избегнувајќи сѐ што е лошо и штетно.

Писмото-инструкции ЦК ВМРО го завршил со целта на Организацијата: „ДА ЖИВЕЕ *НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА*!“ (со големи букви во писмото, б. м.).[301]

За да го собере оружјето и да има евиденција на борбените средства во Вардарскиот дел на Македонија, ЦК ВМРО со циркуларно писмо од 23 април

[301] 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев... цит., 421–424. Објавено и кај Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 43–51.

1922 година ги повикал „нелегалните групи, раководните тела и сите членови на ВМРО“ во Вардарскиот дел на Македонија да им помогнат на „нелегалните групи најбрзо да го изнесат на показ сето оружје, означувајќи какви скршени делови има, колку и какви патрони недостигаат, за да се набават навреме“. А кај оние кај кои ќе се најдат зачувани повеќе и непотребни оружје и други материјали, ЦК ВМРО им ги ветувал следниве награда: за пушка по 100–200 лева; за сандак патрони по 200–300 лева; за митралез по 1 000 лева или 1 револвер; за војнички шинел по 200 лева; и за шаторско крило по 50 лева. Додека оружјето и материјалите, скриени од Организацијата, што ќе се најдат по истекување на рокот „се одземаат без плаќање и прикривачите се казнуваат со ќотек и со глоба“.[302]

Покрај организирањето на комитските чети и преземањето на вооружените акции, ВМРО на Тодор Александров развила широка пропагандна активност преку печатот во Бугарија и во странство. Во периодот на најзасилените подготовки во организирањето на комитските чети во Вардарскиот дел на Македонија, Александров не пропуштал и преку пропагирањето во бугарскиот и странскиот печат на своите акции да им даде што поголемо значење и да ја подготви европската јавност за евентуални пошироки вооружени акции против Кралството на СХС.

Во еден период, чувствувајќи се доволно подготвен и сигурен во своите акции, Тодор Александров не се воздржал пред дописникот на унгарскиот весник „Ехо Даниб“ да изјави: „Кога ќе посакам, односно кога ситуацијата ќе го диктира тоа, јас можам во секој момент да подготвам една голема акција. Мојата организација е како локомотива што стои секогаш под пареа и која во сакaниот момент ќе тргне во правецот што сум го избрал.”[303]

А во многубројните интервјуа и изјави, Тодор Александров посебно нагласувал дека ВМРО нема да се откаже од вооружена борба додека во Македонија управуваат српските власти и дека неговата организација располага со големи и добро организирани сили, од 150 до 160 000 луѓе, подготвени секогаш за акција. На реагирањето на странските дипломатски претставници, а особено на Кралството на СХС, за отворена соработка со бугарските политички и воени кругови и мобилизирањето на комитите од редот на македонските бегалски маси, Александров одговорил со изјавата: „Нашите чети се регрути-

302 ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 63, л. 3. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 63.

303 В. „Независима Македоня“, бр. 42, 21. I 1924, „При Тодоръ Александровъ – сензационно интервю съ царя на македонската мистерия“. 2. Написот е пренесен од унгарскиот весник „Ехо Даниб“, што излегувал во Будимпешта на француски јазик.

рани целосно од внатрешноста на Македонија. Ние немаме добиено ниту една пушка од Бугарија и немаме регрутирано ниту еден човек во Бугарија. Ние ги имаме во изобилие сите потребни луѓе и оружје оставени при отстапувањето на армиите по Првата и Втората балканска војна. Ние сме сигурни во успехот и очекуваме само дипломатски момент на нашата борба“.[304]

Комитските акции на ВМРО на Тодор Александров постојано ја вознемирувале не само владата на Кралството на СХС туку и европската јавност, која го сметала за духовен водач на сите вооружени акции на ВМРО против Кралството на СХС. Европските политички кругови во него гледале најголема опасност за мирот на Балканот, прогласувајќи ја неговата дејност надвор од законите и од дипломатските конвенции и преговори.[305] Меѓутоа, одделни странски известувачи од Балканот со воодушевување гледале на неговите вооружени акции во Вардарскиот дел на Македонија и од него создавале еден вид романтичен мит на Балканот, возвишувајќи го во „последен херој на Македонија“ и нарекувајќи го „последен крал на планините“, „македонски Робин Худ“, „последен Мохиканец“ на Балканот и „некрунисан крал на Македонија“.[306]

Основната цел на вооружените комитски акции на ВМРО била да го сврти вниманието на меѓународната јавност и да се создаде впечаток за ВМРО како за едно сенародно масовно револуционерно движење и главна сила во македонското ослободително движење на која треба да сметаат државните фактори во Бугарија, Кралството на СХС и Грција. А самиот Тодор Александров, како еден од главните раководители на ЦК ВМРО и ставајќи се на чело на вооружените акции во Вардарскиот дел на Македонија, настојувал да игра улога не само на политички лидер, туку и на „народен предводник“.[307]

Со навлегувањето во Вардарскиот дел на Македонија, комитските чети на ВМРО предизвикувале жестока реакција кај големосрпскиот режим. Нивните вооружени акции и терористички дејства мошне негативно се реперкутирале и кај самото македонско население. Репресалиите што ги применувале државните органи на Кралството на СХС паѓале на товар на мирното и невино население и сè повеќе ја загрозувале неговата егзистенција. Против неодржливата состојба

---

[304] В. „Пиринъ“, София, бр. 5, 11. XI 1923, „Интервю съ Т. Александровъ“. 1. Написот е пренесен од весникот „Крисчн Саннс монитор“, што излегувал во Бостон, САД.

[305] В. „Независима Македония“, бр. 42, 25. I 1924, 2.

[306] Veritas. Македония под иго 1919–1929, София, 1931, 489; Albert Londres, Les Comitadjis... цит., 154; ДАССИП, Фонд Пресбиро, „Deily Herald“ (Лондон), 17. IX 1924; В. „Независима Македония“, бр. 77, 26. IX 1924, 2.

[307] Димитар Митрев, Пиринска Македонија... цит., 149.

во Вардарскиот дел на Македонија, најостро истапувале демократските народни сили, не само во Бугарија и Македонија туку и во Кралството на СХС, а особено опозициониот комунистички печат. Констатирајќи ја тешката состојба во овој дел на Кралството, весникот „Радничке новине“ отворено се запрашал: „Дали таму сѐ уште е Турција? Пушки трескаат на сите страни, четите се движат како и порано, народот е пљачкан и убиван како и порано“.[308] Во еден друг напис, истиот весник загрижено пишува: „Кутра Македонија! Вечно боиште на убиства, пожари и пљачки. Сиромав македонски народ. Отсекогаш роб на буржоаските самоволија и предмет на постојана неограничена експлоатација во сите нејзини форми. Пљачкањето, насилствата и силувањата станаа обични работи. За Македонија не постојат закони, ниту пред судот ги уживаат своите права“.[309]

Во многубројните документи и циркуларните писма на ЦК ВМРО, напишани и потпишани од Тодор Александров, како и во мемоарите, меморандумите и декларациите праќани до голем број европски институции и меѓународни организации во првите години по Првата светска војна, се содржани неговите залагања во однос на политичката програма на ВМРО, за проблемите околу решавањето на македонското прашање, за карактерот, целите и задачите на македонското дело и на ВМРО, за идниот статус на ослободена Македонија и сл. Исто така, неговата обемна епистоларија со неговите соработници и многубројни бугарски и европски државници, политичари, дипломати, општественици, новинари, научни и културни дејци, содржи единствено мисли, идеи и апели за: ослободувањето на Македонија, создавање посебна македонска држава и создавање автономна, самостојна, независна и обединета Македонија во нејзините етнографски и географски граници.

## Политичката активноста на Тодор Александров за време на изборите во Вардарска Македонија

Во втората половина на 1920 година ВМРО на чело со Тодор Александров успеала да навлезе и да востанови своја организациска мрежа во секое место во источниот дел на Вардарска Македонија. Нејзината активност особено се засилила за време на подготовките на општинските и парламентарните избори во Кралството на СХС.

308 В. „Радничке новине“, Београд, бр. 224, 19. IX 1920, „Врбују комите“, 2 и 7.

309 Исто, бр. 239, 7. X 1920, „Опет комите у Македонији“, 3–4.

Откако на Париската мировна конференција пропаднале сите надежи за позитивното решавање на македонското прашање и создавања на автономна Македонија, како и неуспешните обиди на комитските вооружени чети да сторат нешто на овој план, Тодор Александров ги променил своите политички методи на дејствување и се обидел по легален пат да го искористи незадоволството на македонскиот народ во претстојните парламентарни избори во Вардарскиот дел на Македонија. Од тие причини, тој привремено се откажал и од преземање на посериозни вооружени акции во овој дел на Македонија.

Само неколку дена по пристигнувањето во источниот дел на Вардарска Македонија, Тодор Александров на 28 јуни 1920 година пратил окружно писмо до „Членовите на ВМРО во Македонија", во кое ги изложил следните мерки и препораки пред претстојните парламентарни избори во Вардарска Македонија: „Борбата за ослободување на Македонија ќе продолжи додека се извојува автономна управа на трите делови на областа, сега разделена меѓу Србија, Грција и Бугарија". Во однос на идниот статус на Македонија, во писмото тој подвлекол: „Обединета, независна или автономна Македонија може да биде ставена под заштита на Советот на друштвото на народите или на една од Големите сили, негови членови, или дури може да влезе во југословенската држава како рамноправен член во една федерација, ако Србите го прифатат федеративното уредување на новата држава". Во желбата, „по легален пат", да се извојува „соодветна автономна управа на Македонија, без жртви, без револуции и војни", Александров во писмото изјавил дека ВМРО ќе ги поддржи сите здруженија и партии во Македонија, како и оние во другите области на Кралството на СХС кои се борат за извојување на федеративно управување во земјата. За постигнување на таа цел, во писмото тој препорачувал сите членови и истомисленици на ВМРО да работат во следниот дух:

„1. На општинските избори на 22 август да гласаат за однапред определени добри свои сограѓани или селани кои можат да ги заштитуваат интересите на населението и да ја олеснат победата на изборите за народни пратеници;

2. На изборите за основачкото собрание (се мисли на Народното собрание во Белград, б. м.) сите избирачи да гласаат за најдостојните месни народни претставници останати да живеат во Македонија, кои заедно со хрватските, словенските, босанските и други народни пратеници ќе можат да се борат за извојување на федеративно уредување на Југославија;

3. Ако српската шовинистичка власт не дозволи да се изберат месни водачи, сите избирачи да ги дадат своите гласови на комунистите, под услов последните да се согласат во прво време да се борат за федеративно уредување и за примена на договорот за малцинствата“.

Како по обичај, писмото завршува со следното предупредување: „Ако оваа легална борба не успее, настаните ќе нè научат што да правиме понатаму“.[310]

Според известувањето на воениот делегат на Кралството на СХС во Софија од 10 ноември 1920 година, ВМРО формирала посебен Комитет за пропаганда во Македонија. Задачата на овој Комитет била да врши агитација и пропаганда за време на изборите за народни пратеници, на кои треба да се кандидираат „силни приврзаници за автономијата на Македонија“.[311] Во согласност со добиените инструкции, според истите извори, раководството на ВМРО на своите агитатори во Вардарскиот дел на Македонија им препорачувало поблиску да се поврзат со комунистите и да ја помагаат нивната агитација бидејќи, според неговите предвидувања, „комунистите ќе завладеат со целиот свет, ќе се изврши државен преврат и Македонија ќе добие своја автономија“.[312]

Од половината на 1920 година пропагандната активност на четите на ВМРО зела голем замав речиси низ целата територија на Вардарскиот дел на Македонија, а особено во источниот дел на Вардарска Македонија. Притоа, и самиот началник на Брегалничкиот округ признал дека работата на ВМРО пред изборите била „мошне жива и енергична“, а расположението кај македонските народни маси тој го припишувал како резултат на „работата“ на комитите и воените бегалци, кои тајно работеле во Вардарскиот дел на Македонија.[313]

Непосредно пред изборите, доаѓајќи во Штипскиот и во Кочанскиот крај, Тодор Александров и самиот се вклучил во агитирањето меѓу македонското население и неговото организирање за избирање на народни претставници во парламентот на Кралството на СХС во Белград. Тие, според него, во договор со другите сепаратистички елементи во Кралството, требало да бараат Македонија да влезе во составот на Кралството на СХС како „посебна автономна област“.[314] Дознавајќи за присуството на Александров во овој дел на Македонија, воените власти на Кралството на СХС ангажирале големи сили со цел да ја

---

310 Иванъ Михайловъ, Спомени II. Освободителна борба 1919 – 1924... цит., 700 – 702.

311 АВИИ, Пописник 4, кут. 58, бр. 6/123.

312 AJ, Фонд МУП, Збирка 14 – 34 – 99; АВИИ, Пописник 4, кут. 58, бр. 6/141.

313 АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXV/5, бр. 540.

314 AJ, Фонд МУП, Збирка 14 – 34 – 99.

оневозможат неговата активност, бидејќи, според извештајот на воениот претставник на Кралството на СХС во Софија од 9 август 1920 година, Александров имал „моќно влијание кај Македонците и може да стори големи зла“.[315]

Пред самите избори, Тодор Александров со посебно писмо се обратил и до граѓаните на Штип, во кое отворено ги повикувал и истовремено ги предупредувал дека во изборните активности им „*претстојат важни работи*“. Во писмото, тој им сугерирал на граѓаните на Штип да се групираат и да започнат легална борба „што ќе се води без оган, туку со законите на Југославија“. Како најитни работи за водење на новата легална борба, Александров препорачувал формирање на: „Здруженија (во кои да влезат: Бугари, Турци, Албанци, Власи итн.) во Велес, Скопје и др. градови за формирање македонска партија, т.н. МАКЕДОНСКИ ФЕДЕРАТИВЕН СОЈУЗ (со големи букви во оригиналот, б. м.) со управен совет во Скопје и со одбори во сите градови, кои ќе управуваат со изборите, за да се изберат за народни пратеници Бугари и Турци, кои ќе работат за федеративното уредување на Југославија“. На крајот од писмото, тој барал најенергично да се поддржува зближување со незадоволните народности во Македонија и во другите области на Југославија заради засилување на заедничката борба, бидејќи, според него, македонскиот народ не може да очекува никакво добро „од шовинистичките српски партии: радикали, демократи и др“..[316] Во иста насока била и изјавата на Александров дадена на војводата Мишо Шкартов. Кога Александров го повикал М. Шкартов да го назначи за окружен војвода на Солунскиот револуционерен округ, кој го покривал и Тиквешкиот реон, му рекол: „Запомни Мишо, кога ќе одиш во Македонија да агитираш сред населението, таму да ја поддржиш Комунистичката партија, зашто таа е единствената која се бори за самоопределување на народите“.[317]

За успешно да им се спротивстават, и во извесна мера да ги оневозможат предизборните активности на Комунистичката партија на Југославија, како и да се неутрализира зближувањето на ВМРО со комунистите за време на изборите, великосрпските буржоаски партии употребувале разни демагошки ветувања со единствена цел да ги отргнат народните маси од Комунистичката партија. Со своите предизборни политички потези во манипулирањето со народните маси, најдалеку отишле буржоаските политички партии, Радикалната и Демократската и нивните кандидати во Вардарскиот дел на Македонија.

---

[315] Истото.

[316] АВИИ, Пописник 4, кут. 63, бр. 9/2. Писмото носи наслов: „Драги суграђани, септембра [1]920 год. Богдан“ (псевдоним на Т. Александров).

[317] ДАРМ, Фонд Благој Видов (необработен), Спомени, Прв дел, 107.

Во настојувањето да добие што повеќе гласови на изборите од месното македонско население, најистакнатиот претставник на Радикалната партија во Вардарскиот дел на Македонија, Јован Ќирковиќ, отишол дури и во Софија да ја шири и да ја пропагира идејата за давање автономија на Македонија во составот на Кралството на СХС. Според полициските извештаи на Кралството на СХС за престојот на Ј. Ќирковиќ во Софија, неговото заминување имало „чисто партиски карактер, зашто барал помош од македонствојуштите и нивно влијание врз народот во Македонија за да гласа за радикалите“.[318] Според нив, на собирите во Софија тој зборувал од името на Радикалната партија, ветувајќи ѝ на македонската емиграција автономија на Македонија и ги повикувал граѓаните „слободно да се вратат во своите огништа, каде што од радикалите ќе бидат заштитени“.[319] Пропагандната дејност на Ј. Ќирковиќ зела силен замав и по неговото враќање од Софија во Битолскиот округ, а посебно во Ресен. Неговото агитирање за „автономија на Македонија“, претставниците на Демократската партија од Ресен ја карактеризирале како „политички трик“, нарекувајќи го, притоа, „најскруполозен политичар“ кој не избирал средства да дојде до целта.[320]

На парламентарните избори во март 1923 година, Радикалната партија повторно се обидела да манипулира со македонскиот народ за да изнуди повеќе гласови за себе. Во предизборните активности, откако комунистите во Брегалничкиот округ го одбиле предлогот на автономистичката ВМРО на Тодор Александров заедно да излезат на изборите, Радикалната партија стапила во преговори со Александров за заедничка изборна соработка. За постигнување спогодба со ВМРО, кандидатот на Радикалната партија за Штипскиот округ, Мита Димитриевиќ, се состанал со Панчо Михајлов, кочански војвода и еден од најблиските соработници на Александров. М. Димитриевиќ барал од ВМРО да ја поддржи Радикалната партија за време на изборите, а тој како нејзин претставник ветил дека ќе ги застапува Македонците во Народното собрание.[321] Од друга страна, според „Спомените“ на Иван Михајлов, на средбата не

---

318 АЈ, Фонд МУП, Збирка 14 – 34–99. За престојот на Ј. Ќирковиќ во Софија, види повеќе кај Јован Јанев, Ставовите на Ефтим Спространов и Јован Ќирковиќ за автономија на Македонија во составот на југословенската федерација, Гласник на ИНИ, год. XXVII, бр. 1–2, Скопје, 1983, 61–90.

319 АЈ, Фонд МУП, Збирка 14 – 34–99. Архив на МАНУ, Фонд Стеван Симиќ, Успомене, АЕ – И/1–211, стр. 92. Доаѓањето на Ј. Ќирковиќ во Софија, весникот на Извршниот комитет „Македонија“, го оценил како фанатична пропагандна замисла на српскиот радикал кој мислел дека македонските дејци и емиграцијата во Софија имале некакво значење за резултатите од изборите во Вардарскиот дел на Македонија (в. „Македония“, бр. 155, 3–13. VII 1921, „Новата пропаганда на Ј. Киркович“, 1).

320 АЈ, Фонд МУП, Збирка 14 – 24–99.

321 Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски, КПЈ и ВМРО (Обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920–1930, Скопје, 1974, 85–86; Astibo, I–XX век, Штип, 1964, 65.

бил постигнат никаков договор, и покрај „смешните ветувања (на М. Димитриевиќ, б. м.) за подобрување на режимот во Македонија“,[322] бидејќи Александров не верувал на неговите „неуверливи докази“, сметајќи дека од „српските шовинисти не може никогаш да се очекува ништо добро за Македонија“.[323]

За да му се додвори на македонското население, М. Димитриевиќ отпечатил и посебен проглас „БРАТЈА МАКЕДОНЦИ“ (со големи букви во оригиналот, б. м.) на македонски дијалект, но мошне лошо комбиниран со бугарски и српски зборови. Ветувајќи дека ако биде избран за народен пратеник, ќе ги заштитува Македонците „пред парламентот, пред државата и пред целиот свет“, М. Димитриевиќ во десет точки ја изложил својата изборна политичка програма за работа во Народното собрание во Белград, нарекувајќи ја „десет божји заповеди за мир и среќа во Македонија“.[324]

Во периодот пред одржувањето на парламентарните избори во Вардарскиот дел на Македонија, Тодор Александров првпат повел иницијатива за создавање Македонска парламентарна група во Народното собрание во Белград. Од името на ЦК ВМРО, Александров на 9 февруари 1923 година пратил „најтајно и најбрзо“ циркуларно писмо до „раководителите на окрузите и околиските војводи во Македонија под српско ропство“, во кое им наредил да формираат заеднички кандидатски листи со турската партија „Џемиет“ или со српската Републиканска партија. За да можат „задолжително“ да изберат „за народни пратеници во собранието наши локални првенци – патриоти“ (подвлечено во циркуларното писмо, б. м.), во тајното циркуларно писмо Александров им препорачал на членовите и на симпатизерите на Организацијата во секој округ во избирачките листи да кандидираат „добри, чесни и смели месни родољупци“, но под следниот услов: „Штом ќе се отвори собранието, избраните македонски пратеници да се откажат од партиите на чии листи се избрани и да се прогласат за посебна македонска парламентарна група“ (подвлечено во циркуларното писмо, б. м.). Во спротивен случај, како што навел во писмото, „оние кои од избраните – нема да го исполнат овој услов, ќе бидат казнети со смрт од Организацијата“ (подвлечено во циркуларното писмо, б. м.).[325]

322 Иванъ Михайловъ, Спомени III. Освободителна борба 1924–1934, Louvain, 1967, 617.

323 Иванъ Михайловъ, Спомени II. Освободителна борба, 1919–1924,... цит., 126.

324 Veritas... цит., XC.

325 ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 63, л. 24. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 141.

Засилената пропаганда на четите на ВМРО му задавала големи главоболки на буржоаскиот режим на Кралството на СХС. Полициските власти настојувале со сите достапни средства да го оневозможат пропагирањето на комитите и нивното поврзување со комунистичките агитатори, под изговор дека „сакале со нивните идеи да ја разурнат државата“.[326]

Ваквото настојување на властите на Кралството на СХС за време на изборите во Вардарскиот дел на Македонија, членот на раководството на Извршниот комитет, Јордан Бадев, го оценил како обид српските власти да го сопрат вриежот на македонското население, кое било незадоволно од „српскиот насилнички режим“ и да го претстават како резултат на некаква провокаторска политика на Бугарија кон режимот на Кралството на СХС во овој дел на Македонија. Според него, комунизмот на македонското население бил еден протест против српското тиранско господство и политичко ропство и обид во кој македонските народни маси се стремеле „да ја легализираат борбата за национални и политички слободи“.[327] А според изјавата на членот на Задграничното претставништво на ВМРО, Георги Баждаров, дадена на членот на ЦК БКП, Васил Коларов, ЦК ВМРО и Задграничното претставништво им наредиле „на Македонците да гласаат за комунистичките пратеници… не затоа што бевме комунисти, ниту тогаш ниту сега сме комунисти, но му наредивме на македонското население да ги избере рушителите на српската држава, т.е. комунистите“.[328]

Од друга страна, воените и политичките власти на Кралството на СХС се обидувале расположението на македонскиот народ и резултатите од изборите да ги припишат на „бугарската пропаганда“ од страна на ВМРО, односно дека „под маската на комунизмот се крие чист бугаризам“.[329] Истакнувајќи дека победата на комунистите во Македонија е „голема победа на Комитетот (се мисли на ВМРО на Тодор Александров, б. м.) и поттик за работа со уште посилна волја“, властите на Кралството на СХС, всушност, барале оправдување за зајакнување на воените и полициските сили во Македонија, за да ги спречат македонските избирачи да гласаат за Комунистичката партија. Според нив, единствено со силни воени екипажи и со енергични мерки, „без поштеда и милост“, ќе може да се спречат акциите на четите на ВМРО.[330] И покрај тоа што

326 В. „Македония“, 13.X 1920, 2.

327 Јор. Бадевъ, Тритъ... цит., 19.

328 Георги Баждаров, Моите спомени... цит., 127–128.

329 АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXV/5, бр. 540.

330 АВИИ, Пописник 4, кут. 58.

властите на Кралството на СХС укажувале дека четите на ВМРО и нејзините агитатори го заплашувале македонското население да гласа за комунистите, сепак, тие во своите извештаи признавале дека со определувањето да се гласа за комунистите, македонските народни маси „сакале да дадат видлив доказ против денешната управа“[331] и дека со задоволство ја прифаќале програмата на Комунистичката партија, бидејќи сметале дека единствено таа ќе им донесе автономија.[332]

Присуството и пропагандната дејност на Тодор Александров за време на изборите во Вардарскиот дел на Македонија, а особено во Брегалничкиот округ, во голема мера се одразиле и на револуционерното расположение кај македонските народни маси, бидејќи за првпат во својата историја учествувал и македонскиот народ. Според југословенскиот партиски печат и гласилата на македонската емиграција во Бугарија, македонскиот народ, воспитан во революционерен дух, во голем број се определил за Комунистичката партија, сакајќи да го покаже своето незадоволство против наметнатата српска власт[333] и од сè што се случувало во Македонија.[334]

Предизборната констелација на меѓусебните политички борби на буржоаските партии за приграбување на власта во Вардарскиот дел на Македонија била и основниот мотив Тодор Александров да се поврзе со Радикалната партија, со единствена цел да најде каков било сојузник за дестабилизирање на режимот на Кралството на СХС во овој дел на Македонија.

## Засилување на оружените акции на четите на ВМРО

Од почетокот на 1922 година, преминувањата на четите на ВМРО преку бугарската граница и вооружените акции во Вардарскиот дел на Македонија значително се засилиле за разлика од претходните години. Како што забележало и Министерството на војската на Кралството на СХС во својот извештај од 9 јуни 1922 година, акциите на ВМРО во 1922 година значително се засилиле за разлика од претходните години, кога акциите на комитските чети биле само „сон-

---

331 АИНИ, Фонд ТАО, к. XXXV/5, бр. 571.

332 Александар Апостолов, Злетовската област... цит., 515.

333 В. „Народни фронт – слободе“, бр. 1, V 1926, „Прилог питању ВМРО“, 6–13.

334 В. „Пиринъ“, бр. 2, 21. 1923, 1.



ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ СО СВОЈАТА ЧЕТА

дажа“ за да се испита државата каков став ќе заземе кон Бугарија во случај на посилна комитска акција.[335] Според изворите на Министерството за надворешни работи на Кралството на СХС, само во мај и во почетокот на јуни 1922 година, во Вардарскиот дел на Македонија биле префрлени 11 комитски чети на ВМРО.[336]

Во овој период, воениот претставник на Кралството на СХС во Софија перманентно ги известувал својата влада и врховната команда, вознемирувајќи ја, притоа, и југословенската јавност дека ВМРО на Тодор Александров се подготвува да започне „енергична борба“ против државната власт, со цел „да предизвика востание во Македонија“. Целта на оваа акција, според мислењето на воените власти на Кралството на СХС, била да се предизвикаат нереди во Македонија, за да ги претстави „официјална Бугарија“ во светската јавност како реакција на незадоволството на народот во Македонија против режимот на Кралството на СХС. Истовремено, дека македонскиот народ бара заштита од Бугарија, надевајќи се дека со тоа ќе предизвика интервенција на Големите сили.[337] Во таа смисла, според нив, ВМРО на Александров решила комитите да се регрутираат колку што може повеќе од редовите на македонските еми-

[335] АЈ, Фонд МУП, Збирка 14 – 36–107.

[336] Д-р М. Нинчић, Спољна политика Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца у год. 1922–1924. Говори и експозе у Народној Скупштини, Београд, 1924, 15.

[337] АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVII/15, бр. 64; АЈ, Фонд МУП, Збирка 14 – 36–113.

гранти, за да може нивната терористичка акција повеќе да личи на внатрешен бунт на македонското население внатре во Македонија, а не инспирирано и помагано однадвор и од Бугарија.[338]

Во ваквиот дух е заснована и изјавата на Тодор Александров дадена за романскиот весник „Универзул“: „Кога македонската организација ќе реши да преземе акција, нема да ги поведе своите сили од Бугарија, туку од другата страна, од цела Македонија“.[339] Со ваквата изјава тој, всушност, сакал да ја увери европската јавност дека четите на ВМРО не навлегуваат од бугарска територија, туку дека „самиот народ (во Македонија, б. м.) се побунил“.[340]

Под посебно набљудување на воените власти на Кралството на СХС било секое движење на Тодор Александров во источниот дел на Вардарска Македонија. Според нивните извештаи, Александров во јули 1922 година агитирал кај селаните во селата на Брегалничкиот округ дека ВМРО работела „да се создаде одделна Македонија“, уверувајќи ги дека Македонија, со помош на Италија и Албанија, ќе се отцепи од Кралството на СХС или, во „најлош случај, по пат на компромис ќе добие своја автономија“.[341]

На пишувањата на српските весници дека во судирите меѓу автономистичките чети и бугарските единици Тодор Александров бил убиен, а А. Протогеров заробен, Александров во едно циркуларно писмо од 26 мај 1923 година, пратено до „раководителите на окрузите и до околиските војводи во Македонија“, ги известил дека: „Тодор Александров е жив и здрав, се наоѓа во Македонија меѓу борците и продолжува да ја раководи револуционерната борба внатре за извојување на независноста на распарчената и поробена борбена Татковина и дека генерал Протогеров не може да биде заробен затоа што сега се наоѓа во странство за организациска работа“. На крајот од писмото Александров на раководителите на окрузите и на околиските војводи им препорачал „да ги продолжуваат трудољубиво борбите со целосна верба дека наскоро ќе се извојува слободата на нашата убава татковина Македонија“.[342]

А во едно циркуларното писмо на ЦК ВМРО од 15 октомври 1922 година, во кое раководството на Организацијата ја запознава општествената јавност

338 Ѓорѓе Василиевиќ, Хронологија на настаните од југословенско-бугарските односи за време на владеењето на Александар Стамболиски, Гласник на ИНИ, год, XVIII, бр. 2,Скопје, 1974, 171–172.

339 АС, Збирка Т.Динића, кут. 39.

340 АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVII/16, бр. 124.

341 АЈ, Фонд МУП, Збирка 14 – 36–111.

342 Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Непубликувани документи за дейността... цит., 237–238. Објавено и кај Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 197–199.

со сите актуелни новини и настани за својата вооружена активност, а особено своето членство, Тодор Александров резимирал: „Работата оди одлично и внатре и надвор. Македонското прашање го привлекува веќе вниманието и на јавното мислење во целиот свет, и на дипломатијата, и нема да помине многу време, борбена Македонија ќе ја извојува својата независност. Напред, смело во борбата“.[343]

Вооружените акции на четите на ВМРО во Вардарскиот дел на Македонија, преземени во текот на 1922, 1923 и 1924 година, ја потврдуваат констатацијата на воените власти на Кралството на СХС дека целта на раководството на ВМРО не била да „крене востание“, туку да се создадат немири и неспокојство во Македонија, како и да се оневозможи брзата консолидација на државните власти, а ВМРО и бугарската влада да добијат материјал за поведување дипломатски акции во странство за тешката положба на македонското население и нерешеното македонско прашање.[344]

Врз основа на ваквата политичка директива на раководството на ВМРО, комитските чети добиле задача да ги рушат железничките пруги и објекти, да ги уништуваат државните чети, да ги убиваат жандармите, офицерите и српските поданици и да вршат атентати и одмазди на „видни Македонци“, кои биле против комитските акции.[345] Во циркуларното писмо на ЦК ВМРО, од 2 август 1924 година, пратено до „раководителите на окрузите, до околиските војводи во Македонија, до привремените задгранични претставници и специјалните пратеници на ЦК ВМРО зад граница“, Тодор Александров ги охрабрувал: „Со божја помош, разбојниците-ренегати и шпионите ќе ги убиеме, дојденците: Шумадинците-свињари и грчките паликари[346] ќе ги прогониме од нашата татковина и Македонија задолжително ќе биде слободна“. Во истото циркуларно писмо, Александров им порачал: „Додека борбена Македонија раѓа такви јунаци, нема да остане таа долго време под туѓо ропство туку скоро ќе го празнува својот велик ден – денот на извојувањето на нејзината слобода“.[347] За сторените подвизи и покажаниот хероизам, ЦК ВМРО редовно ги наградувал своите четници.

---

343 ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а.е. 63, л. 20, Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 93–95.

344 АЈ, Фонд МУП, Збирка 14 – 36–107.

345 АИНИ, фонд КПЛ, к. XXXVII/15, бр. 76; Исто, к. XXXVII/17, бр. 236; Исто, бр. 241 и бр. 245.

346 „Паликари“, јунаци (грчки).

347 ДАРМ, Поединечни документи, кут. 1/3, ЦК ВМРО. Објавено и кај Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Непубликувани документи за дейността... цит., 256–257; Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 385–391.



ПЕТАР ШАНДАНОВ



ИЛИЈА КУШЕВ



ЉУБОМИР ВЕСОВ

Во пролетта на 1922 година Тодор Александров ги пратил војводите Петар Шанданов, Крум Петишев, Љубомир Весов и Илија Кушев во Вардарскиот дел на Македонија, со задача да ја организираат и да ја зајакнат револуционерната дејност во Велешко, Крушевско, Демирхисарско и Битолско.[348]

Пред нивното заминување, Тодор Александров со писмо од 15 мај 1922 година им ги дал следниве наредби и задачи што им претстојат на четите во Битолскиот револуционерен округ:

– да ги организираат постепено сите села на околиите – и оние со албанско и со мешано население;
– да се организираат во секое село чета и милиција од посмелите селани – качаци и легални лица, подобро од оние кои служеле војска, како и атентаторски групи, особено во селата крај железничките линии и околу големите градови;
– да се прават списоци на оружјето во околијата, тајни – познати само на војводата;
– да се организираат и да се зацврстат каналите на Организацијата меѓу околиите во округот со другите револуционерни окрузи и со Албанија, за сигурна и брза кореспонденција, за праќање оружје, илегални групи, бегалци и одделни лица за секоја насока итн.;

348 Петар Шанданов, Спомени...цит., 72–82; Премрежињата на македонското револуционерно движење. Спомени: Христо Калајџиев, Крсто Лазаров, Крум Петишев, Атанас Џолев, Мирчо Кикиритков. Предговор и редакција: д- р Зоран Тодоровски, Скопје, 2003, 178–185.

– да се воспоставаат врски со албанските ослободителни чети внатре, за заедничка дејност и за ограничување на кражбите и на разбојништвото, и со Албанскиот комитет;
– да се праќаат редовно информации: воени, за зулумите и за своеволијата во околиите;
– да се создаде база и да се состават списоци, во согласност со состојбата на граѓаните и на селаните од околиите, за собиран налог од нив по подготвителниот период – кон крајот на летото или есента;
– да се пратат одделенија од четите на Охридско, Ресенско и Битолско, за да ги организираат Костурско, Воденско, Леринско и др. околии во Македонија под грчко ропство.[349]

Во пролетта на 1923 година А. Протогеров, заедно со војводите Георги Поп Христов, Петар Шанданов и Крум Петишев, преку Албанија се префрлиле во Западна Македонија и неколку месеци ги обиколувале селата во Ресенско, Демирхисарско, Охридско и Кичевско, организирајќи го населението и создавајќи револуционерна мрежа, каде што одржале и окружен конгрес на Битолскиот револуционерен округ и избрале делегати за општиот конгрес.[350]

По обновувањето и реорганизирањето на Организацијата во Вардарскиот дел на Македонија, а во „согласност со новите услови во кои се наоѓа поробената и распарчена татковина Македонија“, ЦК ВМРО на 25 септември 1922 година пратил циркуларно писмо до „раководителите на окрузите и до околиските војводи и раководства во Македонија“, во кое Тодор Александров им најавил одржување на редовен општ конгрес на Организацијата, најдоцна за 5–6 месеци. За таа цел, тој им наредил да изберат нови раководни тела и да ги издадат нужните наредби и упатства за правилно спроведување на околиските конгреси, за кои навреме да делегираат свои полномошници на тие конгреси, а потоа да изберат делегати за сите окрузи на Македонија: Скопскиот, Битолскиот, Солунскиот, Струмичкиот и Серскиот. Во писмото, ЦК ВМРО им препорачувал „конгресите да се свикуваат претпазливо, во тајни и сигурни места, и имињата на сите делегати да се чуваат во најстрога тајна, под клетва“ (подвлечено во писмото, б. м.).[351]

349 ЦДА, Фонд 1803 – Крум Петишев, оп. 1, а. е. 24, л. 1. Објавено и кај Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Непубликувани документи за дейността...цит., 205–206; Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924…цит., 65–67.

350 Петар Шанданов, Спомени...цит., 90–92; Премрежињата на македонското револуционерно движење... цит., 186–188.

351 ЦДА, Ф. 1932, оп. 3, а. е. 63, л. 18, 19. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 69.

Имајќи го предвид нецелосното организирање на револуционерните окрузи и незавршените договарања со другите незадоволни поробени народности во Кралството на СХС, како и актуелната политичката ситуација во Европа и во светот што не дозволувала да се преземат крупни револуционерни акции, Тодор Александров, во името на ЦК ВМРО, го намалил бројот на четниците во Вардарскиот дел на Македонија. Со „тајно“ циркуларно писмо од март 1924 година, тој им наредил на „раководителите на окрузите и на околиските војводи во Македонија“, за да не се даваат „непотребно жртви“ и да не се изложува на опасност населението, околиските чети да не бидат многубројни, туку да бидат од 6–12 души и да се движат најпретпазливо, „за да не бидат откриени и да не предизвикаат афери“. Исто така, тој во писмото на околиските војводи им наредил да подготват „план: каде какви акции и атентати може да користат сите борбени и револуционерни сили во околијата и зад границата“ и да ги пратат до раководителите на окрузите или до членовите на ЦК ВМРО „за изработка на заеднички планови за секој округ и за цела Македонија“.[352]

Вооружените акции на четите на ВМРО особено се засилиле во периодот на преземањето на заедничките мерки на владата на Кралството на СХС и на Земјоделската влада на А. Стамболиски за оневозможување на комитските акции во Вардарскиот дел на Македонија, а особено по потпишувањето на „Нишката спогодба“. За да го осуетат официјалниот политички курс на Земјоделската влада за спречување на комитските навлегувања во Вардарскиот дел на Македонија, четите на ВМРО презеле голем број вооружени напади во источниот дел на Вардарска Македонија. Така, во јануари 1923 година, комитската чета под водство на војводата Иван Јанев-Брло го нападнала и го запалила селото Кадрифаково, убивајќи, притоа, 23 колонисти и членови на нивните семејства.[353] Овој напад, всушност, бил единствена акција насочена против колонистите-Срби и муслимани, во Вардарскиот дел на Македонија, кои не само што ги одземале најплодните ниви и најдобрите куќи од македонските селани, туку и поддржувани од српските контрачети ги ограбувале и нивниот добитокот и имот.

Тоа било повод Тодор Александров, од името на ЦК ВМРО, на 16 јануари 1923 година да им упати специјално писмо на „Мухаџирите Срби во Македонија“, во кое подвлекол дека од Балканските војни до 1918 година, со нивното

[352] Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Непубликувани документи за дейността... цит., 252. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 297.

[353] АИНИ, Фонд Централно Пресбиро, к. XXXVII/13, бр. 1.

доаѓање во Вардарскиот дел на Македонија, тие се убедиле „на самото место дека Македонија не е српска, дека таму нема ’ќорав’ Србин и дека целото население е крајно непријателски расположено кон вас, Србите, и кон сите странци кои сакаат да му ја заграбат татковината, да му ја одземат слободата и да го денационализираат“. Понатаму, во писмото тој им напишал дека тие се „несакани гости во Македонија“, согласувајќи се да дојдат „како натрапници во нашата борбена земја“ и заедно со федералистичките војводи да ги убиваат, измачуваат, обесчестуваат и ограбуваат „жителите на Македонија“. Во писмото, Александров им упатил најостри закани на колонистите и им дал рок од шест месеци да се вратат од каде што дошле, инаку, како што навел во писмото, „сите вас ќе ве снајде она што ноќва ќе го видат некои од Србите во с. Кадрифаково“. На крајот од писмото, Александров на „српските управници во Македонија“ им упатил најостри закани дека:

„1) Нема да бидат оставени на мир управниците на распарчена Македонија…, додека не му дадат права и слобода на населението во случајно заграбените делови на нашата Татковина и додека не се откажат од нив;

2) Нема да има мир на Балканот, додека не се создаде Независна Македонија; и

3) Нема да запрат крвопролевањата и нема да се успокојат Европа и светот, додека не се применат, искрено и целосно, 14-те точки на Вилсон, свечено предложени од победниците, прифатени од победените и одобрени од неутралните“.[354]

Од почетокот на 1924 година, мошне се интензивирале контактите на раководството на ВМРО со претставниците на италијанската влада, особено во снабдувањето на комитските чети со оружје и муниција. Како што укажуваат и самите извештаи на италијанските воени, политички и дипломатски органи од овој период, оружјето наменето за четите на ВМРО од Италија било префрлувано преку пристаништата Варна и Бургас со знаење и учество на бугарските владини органи.[355]

Во почетокот на 1923 година, според податоците на чехословачкиот амбасадор во Софија, Бохдан Павлу, „за една недела Тодор Александров може да

354 ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а.е. 81, л. 1; БИА–НБКМ, Фонд 656, а. е. 9, л. 1; ДАРМ, Збирка Поединечни документи на ВМРО, к/III, „За Мохаджиритѣ срби въ Македония“, ВМРО, № 354, Македония, 16. I 1923. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 137–139.

355 ДАРМ, Фонд Архив на Министерството за надворешни работи на Италија–Рим (натаму: АМНРИ–Рим), кут. 915/III – е и кут. 915/XXIII.

собере околу 3 500 вооружени мажи, 30 митралези и неколку орудија", а за еден месец би можел да мобилизира најмногу 15 000 души.[356] Според информациите на Министерството за надворешни работи на Кралството на СХС од април 1923 година, ВМРО располагала со 1 675 активни комити, од кои 925 биле наменети за левата, а 750 за десната страна на Вардар.[357] А според еден друг извештај, ВМРО на Александров во почетокот на 1924 година имала во Бугарија повеќе од 10 000 комити, „подготвени во дадениот момент" да преминат во Вардарскиот дел на Македонија.[358] Покрај тоа, според податоците со кои располагала разузнавачката служба на Главниот генералштаб на Кралството на СХС, во март 1924 година ВМРО на Александров имала во Бугарија 150 000 луѓе „подготвени за револуционерно движење на првиот знак за борба". Во активна состојба се наоѓале 126 „револуционерни чети", од кои 11 биле турски.[359]

Исто така, државните власти на Кралството на СХС посебно внимание им посветувале на бројната состојба и на движењето на комитските чети во пограничните места спрема Бугарија. Според нивните податоци, во почетокот на 1924 година во пограничните села во Кривопаланечко и Кратовско имало концентрирано околу 360 комити, а во 17 погранични села на бугарската територија имало 1 500 организирани луѓе, распоредени во чети од 15 до 30 души.[360] Исто така, под посебно набљудување на воените власти на Кралството на СХС било секое движење на Тодор Александров во источниот дел на Вардарска Македонија.[361]

Во извештаите и преписките на Министерството за надворешни работи на Кралството на СХС со Кралското претставништво во Лондон, главно место заземале активностите на Тодор Александров вперени против режимот во Вардарскиот дел на Македонија. Така, според извештаите од февруари 1924 година, Александров имал посебни средби во Ќустендил и во Петрич со бугарските министри на војската и за внатрешни работи, на кои им го изложил

[356] Чехословашки извори за българската история... цит., 176–177.

[357] АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVII/16, бр. 151, 11. IV 1924.

[358] Исто, бр. 84. Извештај од 3 март 1924 г. на Министерството за надворешни работи на Кралството на СХС доставено до дипломатско претставништво на Кралството на СХС во Лондон.

[359] АС, Збирка Т. Динића, кут. 38.

[360] АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVII/17, бр. 170; Исто, к. XXXVII/16, бр. 88.

[361] АЈ, Фонд МУП, Збирка 14 – 36–114. Според извештајот на Командата на Третата армиска област од 4 јули 1922 г., Т. Александров постојано бил придружуван од 10 до 15 комити, а во неговата близина се наоѓале четири чети од по 50 комити под команда на војводите Ефрем Чучков, Иван Брло, Пане Меѓуречки и Дончо од Штип.

својот план за акција во Вардарскиот дел на Македонија.[362] Во планот се предвидувало ВМРО да организира 40 комитски чети, составени од Македонци, Турци и Албанци кои живееле во Бугарија, а чиј број изнесувал околу 20 000 души. Четниците би „симулирале“ божем некаква револуција во околината на Петрич, Горна Џумаја и Мелник, за да „прокламираат автономија на Македонија“. Понатаму, планот предвидувал комитските чети да ги нападнат поголемите југословенски погранични места, да ја преземат власта во свои раце, при што би се создале нереди, атентати, убиства и сл., а Александров да се ангажира, преку својот и странскиот печат, да објави дека „народот во Македонија бара автономија и бара интервенција на големите сили, а посебно на Англија, или плебисцит“.[363]

Според известувањето на истото Министерство од 22 февруари 1924 година, за остварување на овој план Тодор Александров издал наредба со која ги повикувал граѓаните од територијата на Македонија да се запишат во организацијата „Слобода или смрт“ и да примат оружје. Доколку некој не се јавел во определениот рок, тој им се заканувал дека ќе биде убиен од страна на ВМРО, како предавник на „Мајка Македонија“.[364] Чувствувајќи се доволно подготвен и сигурен во својата акција, Александров, во февруари истата година, им изјавил на странските новинари: „Пари доста собравме. Оружје во Македонија пренесовме колку што требаше, организирани сме добро – од ништо не се плашиме“.[365] Ваквата решителност на Александров била предизвикана од изјавата на министерот за надворешни работи на Кралството на СХС, Нинчиќ, за лондонскиот весник „Тајмс“, во која тој објавил дека за Југославија не смее да постои никакво „македонско прашање“, заканувајќи се дека Србија сама ќе поведе „една регуларна војна“ и Македонија ќе стане „арена на една очајна и жестока борба за уништување“.[366]

Акциите на четите на ВМРО во Вардарскиот дел на Македонија првенствено биле насочени против државните органи на Кралството на СХС и лицата кои ја спроведувале нивната политика. Во изјавата дадена на дописникот на весникот „Тајмс“ од 4 јануари 1924 година, Тодор Александров и самиот признал дека целта на неговата организација „не е да анектира некаква територија,

---

362 АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVII/17, бр. 189; ДАССИП, Фонд Министерство иностраних дела (натаму: МИД), Пресбиро, 1924/3. Според пишувањето на францускиот весник „Реви Бле“ од 15. III 1924.

363 АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVII/17, бр. 180; ДАССИП, Фонд МИД, Пресбиро, 19. II 1924.

364 АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVII/17, бр. 189.

365 АС, Збирка Т. Динића, кут. 38; АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVII/16, бр. 95.

366 ДАССИП, Фонд МИД, Пресбиро, 1924, „Тајмс“, 18. I 1924, „Југославија и Македонија“.

туку да го направи животот на владејачките власти невозможен“, изјавувајќи, притоа, дека водењето партизанска војна е „единствено нејзино средство за борба“.[367] Во истиот дух е и неговата изјава, дадена во мај 1924 година, во Париз, за белградскиот весник „Република“. Употребувајќи го мотото на италијанскиот револуционер Мацини искажани во 1848 година за Австријците, Александров на српските владетели во Вардарскиот дел на Македонија им порачал: „Ние не сакаме добро да управуваат, туку сакаме да си одат“.[368]

Од теророт на комитските чети особено биле исплашени српските чиновници, жандармите и учителите, односно оние кои свирепо ја спроведувале денационализаторската и асимилаторската политика на српскиот државен режим. Според странските известувачи и добрите познавачи на состојбите во Вардарскиот дел на Македонија и на ВМРО, животот на овие режимски лица бил постојано изложен на опасност.[369] Заплашувањата и преземањето казнени мерки биле особено насочени против предавниците на Организацијата. Така, за сторените предавства во Кратовско, според извештајот на воените власти на Кралството на СХС од 31 јули 1922 година, Тодор Александров отворено им се заканувал на селаните дека им наредил на своите чети не само да ги „убиваат и требат србоманите“ и жандармите, туку и да го запалат секое село кое ќе ја предаде Организацијата.[370]

Според податоците на Министерството за надворешни работи на Кралството на СХС, ВМРО во почетокот на 1924 година имала 7 000 000 француски франци или околу 30 000 000 динари, собрани од населението во Вардарскиот дел на Македонија и во Бугарија.[371] Во интервјуто за весникот „Тајмс“, Тодор Александров го оправдувал собирањето пари со изјавата дека „народот плаќа еден прогресивен соодветен данок, којшто е наменет исклучително за купување оружје и облека“.[372] Најголем дел од собраните пари се издвојувал за издршка на војводите, комитите и нивните семејства, чиј број на платните

[367] В. „Независима Македония“, бр. 40, 12. I 1924, „При Тодоръ Александровъ – Задачитѣ на Макед. Революционна Организация“. 3. Статијата е пренесена од весникот „Тајмс“ од 4. I 1924.

[368] ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а. е. 34, л. 1 – 4; „Независима Македония“, бр. 63, 20. VI 1924, Писмото на Тодоръ Александровъ до в-къ „Република“, 2; Иванъ Михайловъ, Спомени II... цит., 764–765. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 323–325.

[369] Л. Неманов, Балканската криза... цит., 12; Чезаре Спеланзонъ, Източниятъ въпросъ. Победени и победители на Балканитѣ, II Книга, София, 1930, 274.

[370] АЈ, Фонд МУП, Збирка 14 – 36–114.

[371] АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVII/17, бр. 194.

[372] В. „Независима Македония“, бр. 40, 12. I 1924, 3.

списоци на Организацијата од јули 1922 година изнесувал околу 800 луѓе.[373]

За доделување посебни награди и признанија за сторените „подвизи“ на комитите, ЦК ВМРО во почетокот на 1923 година изработил и посебен Правилник со Таблица на награди, кои, главно, се состоеле од: благодарници или подароци во оружје, двоглед, часовник или други скапоцени предмети, пари, како за сторителот така и за неговото семејство, и наградно отсуство од 1 до 3 месеци.[374] ЦК ВМРО бил мошне ригорозен во казнувањето на комитите за сторените дела што ја компромитирале Организацијата, а особено не им проштавал на предавниците на Организацијата. ЦК ВМРО употребувал три вида казнувања на комитите: казна од 500 до 100 000 лева, тепање од 3 до 50 „тојаги“ и смртна пресуда.[375] На смртните пресуди обично им претходело едно „предупредително писмо“[376], а секоја пресуда за казнување или убивање ја донесувал и потпишувал Тодор Александров.[377]

Давајќи отчет за вооружената дејност на ВМРО во Вардарскиот дел за Македонија за 1923 година, Тодор Александров во едно циркуларно писмо на ЦК ВМРО од 30 декември 1923 година, пратено до „раководителите на окрузите, до околиските војводи во Македонија, до задграничните претставници, до специјалните пратеници и до пунктовите началници на ВМРО зад граница“, им напишал: „Годинава 1923 која заминува во вечноста беше судбоносна за иднината на борбена Македонија и за ВМРО. Во текот на годината, против македонското население, кое се бори за слобода, се здружија сите непријатели на македонската слобода, со цел да го задушат во крв, во оган и во солзи решението на Македонецот-борец да живее слободно или да умре достојно“. Понатаму, во циркуларното писмо ги известил дека „угледот на борбена Македонија, која во своите редови го има речиси целото население, порасна многу. ВМРО има веќе апсолутна доверба меѓу целото македонско население кое ја сочинува; тоа има, исто така, голем углед и дури и влијание – речиси во целиот свет“ и

373 АЈ, Фонд МУП, Збирка 14 – 36–114. Според податоците на Министерството за надворешни работи на Кралството на СХС од август 1924 година, месечната плата на војводите изнесувала до 3 000 лева, а на комитите од 800 до 2 000 лева (АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVII/17, бр. 243. А според извештаите на разузнавачкиот офицер на Главниот Генералштаб на Кралството на СХС од април 1923 година, мајор Танасие Диниќ, комитите примале дневно по 100 лева, а нивните семејства по 15 000 лева годишно за издржување (АС, Збирка Т. Динића, кут. 38).

374 АИНИ, к. XXXVI/18, бр. 806, „Правилник Унутрашње Македонске революционарне организације, од Централног Комитета ВМРО“.

375 В. „Независима Македония“, бр. 41, 18. I 1924, 2.

376 Исто, бр. 40, 12. I 1924, „При Тодоръ Александровъ – задачитъ на Макед. Революционна Организация“, 3.

377 АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVII/16, бр. 136.

дека 1923 година била „година на големи борби за нас, Македонците, на гигантски напори, на нечуени жестокости и тешки – крвни и материјални жртви за борбеното македонско население, истовремено е и година на големи морални придобивки за борбена Македонија, а преку неа, во извесна мера, и за сите угнетени во светот“. Цврсто убеден во извојувањето на слободата за татковината, Александров, од името на ЦК ВМРО, честитајќи им ја новата 1924 година на раководните органи на организацијата да ја пречекаат „со полна верба за подобра иднина за Македонија и за светот“, им посакал: „Таа важна година да биде многуочекуваната најсреќна година, како за борбена Македонија, исто така, и за сите онеправдани и угнетени во светот“. Александров писмото го завршил со надежта: „Да живее независна Македонија! Да живеат: самоопределувањето на народите, братството и праведниот мир во светот“.[378]

Како главен организатор и раководител на комитските акции во Вардарскиот дел на Македонија и водејќи татковска грижа за своите борци, Тодор Александров секогаш со оптимизам ги испраќал и им пожелувал успех во извршувањето на „светото дело“. Така, во едно писмо до својот соработник Кирил Стефанов од 18 јули 1924 година, меѓу другото, му напишал: „Се радувам што ти и твоите другари одите да работите за слободата на поробената борбена татковина Македонија со ентузијазам и со целосна верба во крајниот успех... Ви пожелувам добар пат и успех во работата тебе и на твоите другари и срдечно ве поздравувам“.[379]

Исто така, Тодор Александров во новогодишните честитки и за верските празници до своите соработници и соборци, речиси секогаш им посакувал „бодрост и здравје за идна корисна дејност и долг живот, за да се радуваат на слободна и независна Македонија“[380] и желби за „најбрзо реализирање на народниот идеал – Независна Македонија“.[381] Така, честитајќи му ја Новата 1923 година на претседателот на Илинденската организација, Георги Занков, Александров во писмото-честитка му посакал: „Нека оваа година биде очекуваната и најсреќна и за поробена Македонија и за сите онеправдани народи и држави“,

378 Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Непубликувани документи за дейността... цит., 246–247. Објавено и кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 259–263.

379 ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а.е. 28, л. 77. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 677.

380 ЦДА, Фонд 1909, оп. 2, а.е. 202, л. 35. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 805–806. Од писмото до А. Протогеров, без датум.

381 ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 77, л. 3–4. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 499–503. Од писмото до Александар Василев и Георги Атанасов од 1 јануари 1923 година.

а на редакцијата на весникот „Илинден“ ѝ посакал „остварување на народниот идеал – Независна Македонија“.[382] А во писмото-честитка од 1 април 1923 година, честитајќи му го верскиот празник Велигден на раководството на Илинденската организација, Александров му посакал: „Дај Боже во најскоро време да го празнуваме Воскресението на Независна Македонија во своите родни места – идеал за чие реализирање и Вие многу придонесовте, придонесувате и сега преку вашето здружение, особено со неговиот орган – весникот Илинден“.[383]

А на својот секретар во ЦК ВМРО, Иван Михајлов, честитајќи му го имен-денот, Тодор Александров му напишал: „Ти посакувам: здравје, среќа и успех во секоја твоја иницијатива за извојување на многуочекуваните права и слободи на поробените Македонци. Господ да ги благослови и поддржи борците на ВМРО идниот ’Иванден’ (Св. Јован, б. м.) да го празнуваме во Штип – Македонија“. Слична честитка Александров му пратил и на игуменот на Рилскиот манастир, отец Паисиј. Благодарејќи му „од името на борбена Македонија“ и од него лично дека ќе му служи „најверно до успешното завршување на светото велико дело“, Александров му посакал: „До скоро видување во Солун и во Независна Македонија“.[384]

Покрај организирањето на комитските чети и преземањето вооружени акции, ВМРО и Тодор Александров истовремено развиле широка пропагандна активност преку печатот во Бугарија и во странство, со цел да ја подготват европската јавност за своите идни акции во Македонија. Во многубројните интервјуа и изјави, поголемиот дел дадени на дописниците на лондонскиот весник „Тајмс“, Александров посебно нагласувал дека неговата Организација нема да се откаже од оружена борба додека во Македонија управуваат српските власти.[385] Притоа, тој не пропуштал да нагласи дека неговата Организација располага со големи и добро организирани сили, од 150 до 160 илјади луѓе, подготвени за акција.[386] Според италијанските дипломатски извори од јануари

---

382 Г. Занков, Моята дума, в. „Македонско дело“, бр. 37, 1927, 11. Објавено кај: Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање..., цит., Т. I, Док. № 145; Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924…цит., 497–498.

383 Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Непубликувани документи за дейността... цит., 233. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924…цит., 515.

384 В. „Илустрация Илинденъ“, бр. 9–10 (49–50), София, 1933. 15. Објавено кај: Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Новоиздирени документи за Тодор Александров и Вътрешната македонска революционна организация, Военноисторически сборник, г. 57, кн. 4, юли–август, София, 1988, 186–188. Објавено и кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 767.

385 ДАССИП, Фонд МИД, Пресбиро, 1924/IX, „Тајмс“ од 16. IX 1924.

386 АМ, Фонд АМНРИ – Рим, кут. 914/XXIII; В. „Свободна Македония“, бр. 54, 18. IV 1924, „Македонската заплетня“, 1. Написот е пренесен од англиското списание „Contemporary Review“.

1924 година, Александров во „евентуален конфликт со Србија“, можел да употреби две дивизии.[387]

Со цел да ја промовира политичката и вооружената програма на автономистичката ВМРО во Вардарскиот дел на Македонија, Тодор Александров, од името на ЦК ВМРО, на 2 април 1922 година упатил писмо до „Претседателите на сите културни и професионални националистички здруженија во царството Бугарија“. Во писмото Александров ги известил дека ВМРО веднаш по Првата светска војна решила, „како своја обврска и должност да му дојде на помош на македонското население останато под ропство на Србите и Грците, со цел: да ја олесни, колку што може повеќе, неговата зла судбина, да го бодри неговиот дух, да го помага неговиот отпор за зачувување на народното име и на свеста, да го подготви за евентуален плебисцит и да го насочи на правилен пат во претстојните борби за извојување човечки права и слободи, заедно со другите поробени народности и области во Југославија и во Грција“. Во писмото Александров упатил остри критики кон Земјоделската влада на А. Стамболиски и кон нејзините министри, кои се „зафатиле: да ги уништат ВМРО и водачите на Македонската организација; да ги интернираат македонските дејци, да ги убиваат најзаслужните идејни дејци“[388] што ги назначиле на државна служба и го поттикнувале „разбојништвото“ од страна на федералистичките чети, преку кои сакале „да ги испоубијат водачите на македонската организација, како и да ја уништат самата Организација“; што донеле „специјален закон против четништвото“; што подготвиле и им предложиле на Србите „правилник за заедничко прогонување на организациските илегални агитаторски групи во Македонија“ и со тоа ги поттикнале Србите „да го зголемат теророт над незаштитеното македонско население“.

И покрај ваквите мерки и предизвици на Земјоделската влада кон ВМРО, Александров во писмото истакнал дека ВМРО ја прифатила „достоинствено фрлената ракавица“ и се нашла „принудена енергично да ги заштити својот углед и своите права и долгот да се бори за слободата на својата поробена татковина против сите надворешни и внатрешни непријатели на таа слобода“. Притоа, тој искажал задоволство од „резултатите“ на ВМРО во борбата против „поробувачите на Македонија – Срби и Грци“ и дека Организацијата успеала „да застане цврсто на своите нозе“, да го организира поголемиот дел од „поробеното население во Македонија“, да постигне договор за „заедничка дејност

[387] ДАРМ, Фонд АМНРИ – Рим, кут. 115/III – m.

[388] Во писмото се споменуваат кочанскиот војвода Симеон Георгиев-Клинчарски и тиквешкиот војвода Стефан И. Антов.

со организациите на другите поробени народности во Македонија и на областите во Југославија“ и да го „уништи разбојништвото“ на федералистичките чети. Понатаму, во писмото Александров дал до знаење дека Организацијата се зацврстила и стигнала до таква состојба што никаква сила не може да ја уништи или да ја ослаби, „пред да се извојува слобода за поробена Македонија“, а резултатите од судирите на четите на ВМРО со српските жандармериски потери го докажале „силниот борбен дух кај поробеното население, како и моралната супериорност на борците во споредба со нивните тирани“.

На крајот од писмото, Александров ја уверувал бугарската јавност дека ВМРО, „иако како за своја главна задача ја има борбата за извојување на слободата на Македонија, не може да не гледа со симпатии на започнатата борба од свесното население во Царството против Земјоделската влада, која работи не само за уништување на македонската организација во Бугарија и против слободата на поробена Македонија, туку и против интересите на слободна Бугарија и на целото бугарско племе“.[389]

Во октомври 1922 година ЦК ВМРО упатил Мемоар до претседателот на Советот на Друштвото на народите во Женева, пред одржувањето на конференцијата во Лозана, на која се решавале и балканските прашања. Мемоарот го напишал членот на Задграничното претставништво, Георги Баждаров,[390] а бил потпишан од членовите на ЦК, Тодор Александров, А. Протогеров и П. Чаулев. Мемоарот, всушност, претставува прв меѓународен документ на ЦК ВМРО по Нејскиот мировен договор. Укажувајќи дека „македонското население, обединето околу својата Тајна револуционерна организација, го крева пред светот знамето со натпис автономна Македонија“, ЦК ВМРО во Мемоарот го запознал претседателот на Советот на Друштвото на народите дека македонското население „и денес страда под туѓо владеење, дека актуелниот режим во Македонија е понеподнослив од претходниот“, дека Србија и Грција насилно го асимилираат и денационализираат македонското население и дека „Македонците се надеваат дека Друштвото на народите ќе ги принуди Грција и Србија да им ги дадат предвидените права и слободи“. Од името на „населението на Македонија“, ЦК ВМРО барал „создавање на една независна Македонија, ставена под заштита на Друштвото на народите или на некоја

389 ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 80, л. 1–2; ЦДА, Фонд 367 – Крстю Станчев, оп. 1, а. е. 669, л. 1–5. Објавено кај Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Из архивното наследство на Тодор Александров... цит., 229; Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 55–63.

390 Георги Баждаров, Моите спомени... цит., 98–100.

ополномоштена сила од него", со цел, „за да се задоволи неговото оправдано барање, за да се воспостави мирот и правото и во нашата несреќна татковина и да се спречи пролевањето на крв, што е неизбежно, како во Македонија така и на Балканскиот Полуостров".[391]

Во овој период, покрај веќе јавно прокламираните пароли за автономна и независна Македонија, идејата за вклучување на Македонија во југословенската федерација како посебна политичка единица, била содржана и во писмото на Тодор Александров до Јован Јовичевиќ, поранешен генерален конзул на Црна Гора во Женева, од септември 1923 година. Одговарајќи му на неговото писмо и на неговиот „план за една југословенска федеративна република" дека „не само што е необичен туку е и многу разумен", Александров со воодушевување му напишал: „Што има подобро од тоа – Црна Гора, Босна, Хрватска, Словенија, Банат, Србија, Македонија и Бугарија – да формираат една федеративна република. Така би се создала една голема држава од албанските планини до Црно Море и од Трст до Солун. Кон таа федерација доброволно и по потреба, би се присоединиле и Грција, и Албанија, па и Романија, иако се несловенски земји, па таа би се раширила во општобалканска федерација. Ние особено сметаме на тоа, бидејќи во Македонија, нашата татковина, покрај Бугари живеат и Грци, и Турци, и Албанци, и Власи, па таа кога ќе биде самоуправна политичка единица во федерацијата, ќе може да се уреди така што сите спомнати народности да имаат исти и еднакви права".[392]

Слични вакви федеративни идеи за решавање на македонското прашање се содржани и во извештајот на романскиот амбасадор во Софија по убиството на Тодор Александров, од 16 септември 1924 година. Давајќи оцена за карактерот на ВМРО, тој на своето Министерство за надворешни работи во Букурешт му напишал: „Внатрешната македонска револуционерна организација, која за остварување на својот идеал – ослободување на Македонија, било преку добивање автономија за неа, било преку формирање на конститутивен елемент во југословенската републиканска федерација, не ги избира средствата за борба, дури и оние најсилните.[393]

---

[391] Тодор Александров – Живот легенда... цит., 147–149. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 99–103.

[392] ЦДА, Фонд 1933, оп. 2. а.е. 15, л. 1. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 551.

[393] Архив на Министерството за надворешни работи на Романија (натаму: АМНР–Р), досие 9/2/71, бр. 50067, 16. IX 1924, 281–282. Документот ми го отстапи на користење Благој Зашов, поранешен амбасадор на Република Македонија во Романија, за што срдечно му се заблагодарувам.

Со цел да се популаризира Организацијата во странство, членовите на Задграничното претставништво, Кирил Прличев и Георги Баждаров, во ноември 1923 година изработиле „план за пропаганда во странство“, што бил усвоен од ЦК ВМРО со препорака „задграничните претставници да почнат да го извршуваат најбрзо“. Во планот, ЗП на ЦК ВМРО му предлагал да прати свои полномошници во Париз, Женева, Брисел, Лондон, Рим, Берлин, Москва, Виена, Будимпешта, Прага и во скандинавските престолнини, со задача:

„– да ги запознаат сите фактори – државници, сегашни и поранешни министри, општественици, пратеници, сенатори, водачи на партии и на разни други општествени здруженија, публицисти, а преку нивните изданија народите – со борбите на Македонците во минатото и сега за народни правдини, за политичка слобода и за самоуправување;

– да ги информираат европските држави дека од решавањето на македонското прашање во согласност со волјата на населението во Македонија полза ќе има не само распарчената и поробена земја, туку дека тоа ќе биде од полза за сите балкански земји и за сите држави кои имаат економски, политички и културни интереси во Македонија и на Балканскиот Полуостров воопшто;

– да организираат конференции на кои самите тие или странци поканети од нив ќе зборуваат за положбата во Македонија и за целите и за средствата на македонското ослободително движење;

– да пишуваат статии за македонското прашање или да побараат и да најдат за тоа странски публицисти и новинари;

– да ги растураат изданијата на ВМРО во земјите во кои се наоѓаат;

– да ги демантираат брзо клеветите и лагите упатени кон ВМРО;

– да препечатуваат и да растураат статии пишувани од странци во полза на македонското ослободително движење;

– да ја следат надворешната политика на соодветните држави;

– да ги организираат (во петорки) Македонците студенти и да ги подготвуваат за раководители во револуционерната борба;

– да ги организираат Македонците кои престојуваат привремено или постојано во соодветните земји;

– во поголемите градови на секоја држава да се ангажираат симпатизери на ВМРО за да ги информираат полномошниците и во соодветните

земји за сè – добро или лошо – што се пишува, што се зборува или што се прави за македонското ослободително движење, како и да бидат растурачи на коминикеата и на другите известувања од страна на ВМРО;

– Привременото задгранично претставништво да издава седмичен билтен на француски јазик со информации од Македонија и со кратки белешки или деманти за невистинити и тенденциозни соопштенија во грчкиот и во српскиот печат или во странски весници, протуркани од агенти на Србија, на Грција и на други непријатели на македонската слобода;
– полномошниците на ВМРО да реферираат за она што го направиле, редовно на секои три месеци и вонредно при секој важен случај, преку ЗП на ЦК на Организацијата“.

Како најитна задача во „планот за пропаганда во странство“ се предлагало ЦК да прати четворица свои полномошници за пропаганда, и тоа: еден во Париз (за Женева и Брисел), еден во Лондон, еден во Виена (за Рим, Будимпешта и Прага) и еден во Берлин (за Москва и скандинавските земји). Исто така, се предлагало ЦК ВМРО да ополномошти лице кое треба да воспостави врски со „претставниците на народностите кои влегуваат во границите на Југославија и кои се борат исто така за поголема слобода и за самоуправување“, да агитира за идејата за заедничка борба и да ги договори условите под кои ќе се води таа, како и да склучи евентуален договор за тоа.[394]

Вооружените акции на четите на ВМРО во Вардарскиот дел на Македонија ѝ создавале големи тешкотии на владата на Кралството на СХС во консолидирањето на новата држава. Податоците за бројот на вооружените комитски акции и за извршените убиства упатуваат на констатацијата дека во периодот од 1919 до 1924 година во Вардарскиот дел на Македонија, а особено во нејзиниот источен дел, владеела вистинска воена состојба. Според официјалните податоци на владата на Кралството на СХС, во периодот од 1919 до 1924 година биле регистрирани 217 комитски навлегувања и акции. Притоа, имало убиени 135 службени лица, 123 ранети службени лица и 133 убиени и ранети цивилни лица.[395] Како последица од директните вооружени судири, биле уби-

[394] 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев...цит., 452–453. Објавено и кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 243–247.

[395] Д-р Александар Апостолов, Злетовската област... цит., 520.
Според опширниот извештај за Т. Александров и за акциите на ВМРО што Министерството за надворешни работи на Кралството на СХС му го пратило на неговото дипломатско претставништво во Лондон, од 1919 до почетокот на 1923 година бројот на преминувањата и на разните акции на комитските чети на територијата близу границата изнесувале околу 295 (АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVII/16, бр. 84).

ени или ранети 847 лица, од кои: 128 убиени комити и комитски војводи и 13 ранети, а 151 комита биле живи фатени, 185 убиени жандарми, војници и други службени лица и 253 ранети, а 268 цивилни лица биле убиени или ранети.[396]

Според податоците на Македонскиот национален комитет во Софија, во периодот од 1919 до 1928 година во Вардарскиот дел на Македонија биле убиени 513 лица, од кои 113 од страна на ВМРО[397]. Овие нецелосни податоци ниту оддалеку не го даваат вистинскиот број вкупни жртви во Вардарскиот дел на Македонија. Се смета дека во периодот од 1919 до 1929 година биле убиени околу 1 400 Македонци, како жртви на вооружените акции на четите на ВМРО и на окупациските власти на Кралството на СХС, како и на нејзините контрачети.[398]

Истовремено, оружените акции на автономистичките чети на ВМРО претставувале постојана опасност не само за балканскиот туку и за европскиот мир. Според констатацијата на весникот „Земјоделско знаме", орган на прогонетата БЗНС, европската јавност во овој период била постојано вознемирувана од активностите на Т. Александров и во него го гледала одговорниот човек за мирот и безбедноста на Балканот.[399]

## Мерки на државните органи на Кралството на СХС за спречување на акциите на четите на ВМРО

Присуството и вооружената активност на четите на ВМРО во Вардарскиот дел на Македонија целосно го свртиле вниманието на воената и политичката власт на Кралството на СХС. Наоѓајќи се под постојан притисок на комитските чети и директно изложен на нивните оружени и терористички акции, овој дел на Македонија, а особено нејзиниот источен дел, се сметал за „специфична област" во рамките на новосоздаденото Кралство на СХС.

За спречување на вооружените акции на четите на ВМРО, политичките, воените и полициските органи на Кралството на СХС преземале широки и насилни мерки, како и административни и судски мерки. Довлекувале голем број

396 Споменица прославе двадесетгодишњице брегалничке битке и десетгодишњице оснивања народне самоодбране, Штип, 1933, 33; Александар Апостолов, Специфичната положба... цит., 55.

397 В. „Македонско дело", бр. 97, 10. IX 1929, 5.

398 В. „Нова Македонија", Скопје, бр. 315, 12. I 1946, „Врховизмот на оптуженичка клупа. По повод процесот на Јордан Чкатров".

399 В. „Землоделско знаме", (Прага), бр. 40, 26. VI 1924, 1.

жандармериски единици, формирале вооружени одреди, т.н. „контрачети“, објавувале воени состојби, распишувале големи награди за фаќање на комитските војводи,[400] вршеле масовно затворање и малтретирање на сомнителните лица итн.[401] Според изјавата на Тодор Александров од 1924 година, тој бил мошне загрижен поради дејствувањето на „српските контрачети“, коишто незаконски „убивале сè што било посвесно“ во пограничните околии, поставувале жичени мрежи по целата линија на границата и стапици со волчи јами.[402]

Полициските и воените органи на Кралството на СХС постојано барале зголемување на полициските и воените сили, а особено засилување на старешинскиот кадар.[403] Чувствувајќи се немоќен да ги осигури безбедноста и поредокот на доверената територија, командантот на Третата армиска област, со писмо од 20 октомври 1920 година, барал од министерот на војската да се зголеми бројната состојба на жандармеријата, а на околиските началници да им се одобри потребниот кредит за формирање „летечки чети“ од доверливи жители.[404] Ваквите постојани барања сепак наишле на разбирање кај Министерството на војската на Кралството на СХС. Во октомври 1920 година, и „покрај недостигот“, Министерството на војската упатило во Вардарскиот дел на Македонија 30 жандарми од другите покраини на Кралството. Покрај тоа, за гонење на комитите, истиот месец биле ангажирани 40 четници, „како привремени жандарми“ во Тетовско, 50 во Скопско, а во Брегалничкиот округ биле упатени 32 четници од Белград.[405]

Поради постојаните комитски напади, Министерството за внатрешни работи и Министерството на војската на Кралството на СХС во средината на 1922 година презеле енергични мерки за засилување на пограничните жандармериски постави, за обезбедување на поважните објекти, особено мостовите и тунелите, за основање постојани воени гарнизони во сите поголеми места што се наоѓале во близина на бугарската граница. Притоа, на командантот на Третата армиска област во Скопје му ставиле на располагање нови полкови

---

400 В. „Независима Македония“, бр. 29, 25. X 1923, „Македонскиятъ въпросъ е откритъ“. 2. Написот е пренесен од германскиот весник „Прагер пресе“, објавен од германскиот публицист Херман Вендел. Според овој автор, наградата што се давала за „глава на комитски водач“ изнесувала повеќе од 50 000 динари.

401 Исто; В. „Пиринъ“, бр. 2, 21. X 1923, 1; В. „Македонско дело“, бр. 9, 10. I 1926, 3.

402 Петар Ацев, Спомени. Съставителство, предговор и бележки Александър Г. Пелтеков, София, 2011, 331.

403 АИНИ, Фонд ТАО, к. XXXV/1, бр. 797.

404 Исто, к. XXXV/5, бр. 543.

405 АВИИ, Пописник 4, кут. 60, бр. 6/2.

за гонење на комитските чети што се префрлале од Бугарија.[406] Исто така, за обезбедување на Брегалничкиот округ од комитските навлегувања, двете министерства се договориле од редовите на воените единици да се регрутираат 2 000 жандарми, од кои поголемиот дел да биде пратен за одржување на редот во „јужните краишта“.[407] За борба против комитските чети, во август 1922 година, на Министерството на војската доброволно му се пријавиле 144 офицери, 308 подофицери и 4 926 каплари и обични војници, и покрај тоа што, според мислењето на ова Министерство, за формирање на „летечки чети“ за гонење на комитските чети на ВМРО во Вардарскиот дел на Македонија му биле потребни 40 офицери, 80 подофицери и 420 каплари и обични војници.[408]

Исто така, за воведување ред и мир во Вардарскиот дел на Македонија биле ангажирани околу 35 000 војници, жандарми, граничари, четници и др. Од вкупно 17 000 жандарми, колку што ги имало во цела Југославија, 12 000 биле распоредени во Македонија.[409]

За проучување на состојбата во Вардарскиот дел на Македонија и за предлагање мерки за спречување на комитските напади, Министерството за внатрешни работи на Кралството на СХС во мај 1919 година поставило посебен „инспектор за Јужна Србија“,[410] а за уништување на комитските чети „Врховната команда“ на жандармеријата изработила посебен елаборат.[411] Кон крајот на 1923 година, Главниот генералштаб на Министерството на војската изработил „воен план“. Планот предвидувал, во случај на интензивна комитска акција, воените единици на Кралството на СХС да навлезат во Бугарија и да ги окупираат Ќустендил, Петрич, Мелник и Горна Џумаја.[412]

За спречување на навлегувањата на четите на ВМРО, како и за нивно уништување во Вардарскиот дел на Македонија, владата на Кралството на СХС по должината на границата спрема Бугарија изградила вистински одбранбен

406 Ѓорѓе Василиевиќ, Хронологија... цит., 68–71.

407 В. „Политика“, Београд, бр. 4689, 14. V 1921, „Бугарске комите у Македонији. Две хиљаде нових жандарма“, 1.

408 АЈ, Фонд МУП, Збирка 14 – 34–117, Скопље.
Сметајќи дека само со воени сили и со жесток противудар ќе ги спречи комитските напади, белградскиот печат засилувањето на војската и жандармеријата го оправдувал со зборовите: „Бугарија уфрлува гламна, затоа змијата треба да се тепа по глава со бајонет“ (Вук Винавер, Англиското јавно мислење... цит., 41).

409 Албум. Делбите на Македонија (1912–1944), Скопје, 1972, 70.

410 АИНИ, Фонт ТАО, к. XXXVI/1, бр. 101; АЈ, Фонд МУП, Збирка 14 – 36–107; Исто, Збирка 14 – 34–107. Недатирани извештаи до Министерството за внатрешни работи на Кралството на СХС.

411 АИНИ, Фонд ТАО, к. XXXVI/8, бр. 806, „Упут за рад око сузбијање бугарске револуционарне пропаганде у Јужној Србији“.

412 Д-р Живко Аврамовски, Некои аспекти на македонското прашање... цит., 88.

систем. Овој дел на Македонија бил преплавен со жандармериски станици, гранични пунктови и специјални станици за обезбедување на железничките пруги од диверзии. За овие потреби, како и за плаќање на државните четници и тајната полициска служба, во периодот од 1919 до 1934 година биле потрошени 1 264 165 391 динари. Тоа биле огромни средства за тоа време, кога се има предвид дека целокупниот воен буџет на Кралството на Југославија изнесувал 4 милијарди динари.[413] Во овие средства не се содржани, а ни оддалеку не можат да се пресметаат, огромните загуби и штети што македонското население ги претрпело со хранењето на режимските чети, бесплатната ангарија при градењето на жандармериските станици и други полициски и воени објекти.

Зголемените терористички акции на четите на ВМРО во Брегалничкиот округ, биле повод владата на Кралството на СХС во почетокот на 1923 година да прати најдобри полициски сили и искусни и потврдени луѓе. За смирување на состојбата во овој крај, на 20 јануари 1923 година во Штип за „велик жупан“ на Брегалничкиот округ бил назначен Добрица Матковиќ, бивш началник на општествената безбедност во Белград. Добиените овластувања и неограниченото право на дејствување, новодојдениот жупан јавно ги декларирал пред претседателите и кметовите на Брегалничкиот округ со зборовите: „Моето доаѓање во Штипскиот округ ќе биде означено со смрт и жестокости... спрема оние кои се противставуваат на постојниот поредок во Македонија“.[414] А кога месното население од Кочани му се пожалило на Д. Матковиќ за разбојништвата на жандармите, војската и потерите, тој им одговорил: „До кога ќе ги криете комитите, и војска ќе има, и храна ќе давате, и жените ќе ви се обесчестуваат, и ќотек ќе јадете, и глави, многу глави ќе паднат.... Предајте ни ги ’крадците’– Т. Александров и Протогеров, и тогаш ќе направам тука да потече мед и масло“.[415] Со доаѓањето на Д. Матковиќ во Штип започнале масовни апсења, претресувања и убиства. По негова наредба, без судење и без какво било сослушување, биле извршени голем број убиства.[416]

Како одговор на засилените комитски напади, а пред сè, за да се одмазди за убиствата на колонистите во с. Кадрифаково, по наредба на жупанот Д. Матковиќ, во с. Гарван, Радовишко, биле застрелани 28 селани, меѓу кои и 3 деца

---

413 Д-р Александар Апостолов, Специфичната положба... цит., 60.

414 Veritas... цит., 98.

415 В. „Независима Македония“, бр. 6, 29. III 1923, „Въ страната на сълзитѣ“, 2.

416 . Види повеќе кај Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски, КПЈ и ВМРО (Обединета)... цит., 78–86.

од 13 до 18 години, а на селото било стрелано со артилериски оган.[417] Убиствата на селаните од с. Гарван предизвикале остри реагирања не само од страна на македонската емиграција во Бугарија туку и од југословенската јавност и од странските дипломатски претставници.[418] Против убиствата на „мирните жители во с. Гарван", Македонскиот национален комитет во Софија на 15 април 1923 година организирал „траурна манифестација", на која учествувале околу 40 000 луѓе.[419]

Во текот на мај 1923 година, во источниот дел на Вардарска Македонија со своите чети преминале познатите комитски војводи, приврзаници на федералистите, Глигор Циклев, Стојан Мишев и Мите Соколарски, и целосно се ставиле на располагање на државните власти за борба против автономистичките чети на Тодор Александров.[420] Претворајќи се во „слепо оружје на одмаздата", овие т.н. „ренегати", како што забележал Коста Новаковиќ, сосема ги напуштиле програмските определби на федералистичката организација и станале платени слуги на великосрпскиот реакционерен режим, нанесувајќи му страшни зла и нови колежи на македонското население.[421] Од четите на овие војводи што се отцепиле од автономистичката ВМРО на Тодор Александров, како и од новопримените доброволци, жупанот Д. Матковиќ формирал „летечки одреди" за секоја околија по еден, кои добиле неограничена власт во тероризирањето на македонското население.[422]

Покрај многубројните жандармериски и воени единици и летечките одреди на „ренегатите", под изговор дека убиствата и атентатите на автономистичките чети на ВМРО нагло се зголемиле, државната власт на Кралството на СХС побарала сојузник сред месното население, односно „водач на народот", кој ќе го организира и оспособи „за систематска теренска акција" против четите на ВМРО. За таа цел, на 9 септември 1923 година во Штип бил организиран голем народен собир на кој било создадено „Здружение против бугарските

417 ДАРМ, Фонд МНК, сигн. 14, „Злодеянието въ с. Гарванъ (Радовишко)"; Veritas... цит., 66–67; В. „Независима Македония", бр. 6, 29. III 1923, „Вартоломеска нощъ въ с. Гарванъ", 1.

418 Според дипломатските извори на Кралството на СХС, на прашањето на чехословачкиот дипломатски претставник во Софија: „Како е можно властите во Македонија да стрелаат без судење?", југословенскиот претставник Милан Ракиќ му одговорил дека селаните загинале во текот на борбата (Д- р Десанка Тодоровић, Југославија и балканске државе 1918–1923, Београд, 1979, 205–206).

419 В. „Независима Македония", бр. 9, 19. IV 1923, „Протесть на македонцитѣ", 1;

420 АС, Збирка Т. Динића, кут. 39, „Македонска револуционарна организација на основу података добијених од војводе Глигора Циклева".

421 Коста Новаковиќ, Македонија на Македонците! Земјата на земјоделците!, Скопје, 1959, 29.

422 АИНИ, Фонд Сеќавања..., к. XXXVIII/24, бр. 228. Сеќавање на Васил Гранката, 15.

бандити“, на чело со Михаило Каламатиевиќ (односно Мијалче Каламатија, трговец од Штип, б.м.).[423] Тогаш била создадена и првата „народна милиција“ за вооружена теренска борба против четите на ВМРО. За неполн месец, целиот Брегалнички округ бил опфатен од оваа организација. Вкупниот број организирани и вооружени луѓе изнесувал околу 20 000, под команда на „старите српски комити – четници и активни офицери“.[424] Преку нив М. Каламатиевиќ ги спроведувал тероризирањата, заплашувањата, убиствата и апсењата на македонското население во градот Штип и во околината.[425]

Неподносливата положба на македонскиот народ во Вардарскиот дел на Македонија во овој период предизвикала остри реагирања кај демократските средини во југословенската и бугарската јавност, како и во политичките кругови во светската јавност. Во документите и резолуциите на Комунистичката партија на Југославија од овој период, состојбата во овој дел на Македонија се нарекувала најмизерна од сите области во Југославија, во која великосрпската буржоазија направила „од Македонија вистински пекол, а од македонскиот сиромав народ вистински робови, кој се наоѓа меѓу два огна, две разбојнички банди“.[426]

Извршниот комитет на Сојузот на македонските братства во Бугарија, на својот Петти конгрес, одржан на 15 и 16 февруари 1923 година, доставил Резолуција до владите на големите сили во Европа, Америка и Азија, во која, во името на 300 000 бегалци од Македонија под српска и грчка власт, протестирајќи против положбата на македонското население во овие делови на Македонија, истакнал дека „наместо да се подобрува, таа се влошува со малтретирања, грабежи, опожарувања и убиства, вршени со асимилаторски цели од органите на соодветните влади“.[427] Населението во Македонија во овој период, според написите во англиските весници од април 1924 година, се наоѓало помеѓу „чеканот“ на официјалниот притисок од Белград, не гледајќи никаков излез од таквата тешка положба.[428]

423 Споменица прославе... цит., 29 – 31. За формирањето и активноста на „Здружението против бугарските бандити“, види повеќе кај Александар Апостолов, Злетовската област... цит., 546; и кај Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски, КПЈ и ВМРО (Обединета)... цит., 71 и 88.

424 АИНИ, Фонд ЦК КПЈ, к. XXXVI/12, бр. 12, „Извештај партије (1924). 7. Државна комитска организација у Македонији“, 25.

425 За своите заслуги за спасување на режимот на Кралството на СХС во Вардарскиот дел на Македонија, членовите на т.н. „Народна самоодбрана“ до 1933 година добиле 694 разни одликувања од државните власти (Споменица прославе... цит., 33).

426 АИНИ, Фонд ЦК КПЈ, к. XXXVI/12, бр. 54, „Обласни секретаријат Македоније“, 52/II, 1924.

427 ДАРМ, Фонд МНК, сигн. 5, а.е. 1/312, док. 262.

428 АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVII/16, бр. 140.

Во обидите да влијае за спречување на комитските навлегувања од Бугарија, владата на Кралството на СХС преземала мошне интензивни дипломатски активности. Особено многубројни биле протестите и нотите што таа ги упатувала до бугарската влада, во кои ја изразувала својата огорченост против толеранцијата на бугарските државни органи во организирањето и преминувањето на четите на ВМРО во Вардарскиот дел на Македонија, заканувајќи се, притоа, дека ќе преземе воени мерки против неа.[429]

Од крајот на 1923 и почетокот на 1924 година особено била интензивирана меѓусебната коресподенција на владата на Кралството на СХС со своето дипломатско претставништво во Лондон. Известувајќи постојано за активноста на ВМРО на Тодор Александров, владата на Кралството на СХС настојувала да ја компромитира политиката на бугарската влада како главен виновник за комитските навлегувања во Вардарскиот дел на Македонија и преку своите дипломатски претставници во Лондон да бара поддршка кај англиските политички кругови и од другите големи сили за евентуални дипломатски и воени реагирања против Бугарија. Во оваа смисла била содржана и изјавата на министерот за надворешни работи на Кралството на СХС, д-р М. Нинчиќ, за лондонскиот весник „Тајмс“, во која тој официјално објавил дека за Југославија не смее да постои никакво „македонско прашање“. Во опширното интервју, тој, меѓу другото, изјавил дека „Србите не сакаат војна, но македонското движење може да биде задушено во соработка со бугарската влада“. Притоа, тој се заканувал дека, доколку Бугарија не е во можност или не сака да го изврши даденото ветување за распуштање на ВМРО, Србија сама ќе преземе акција која, според него, нема да биде само „една регуларна војна“, туку Македонија ќе стане „арена на една очајна и жестока борба за уништување“.[430]

Дипломатската активност на владата на Кралството на СХС била проследена и со повеќе вербални ноти и до Министерството за надворешни работи на Италија, со кои подробно го запознавала со комитските напади во Вардарскиот дел на Македонија. Така, од 9 до 22 април 1924 година, владата на Кралството на СХС упатила седум вербални ноти до Министерството за надворешни работи на Италија во Рим. Поседувајќи доверливи информации за соработката и помошта што определени фашистички кругови во Италија ѝ ја давале на ВМРО на Тодор Александров и А. Протогеров, владата на Кралството на СХС

[429] Исто, к. XXXVII/17, бр. 166; Д-р Десанка Тодоровић, Југославија... цит., 107–108 и 166; Ѓорѓе Василиевиќ, Хронологија... цит., 167–176; Paul Gentizon, Le drame Bulgarie, Paris, 1924, 232–233.

[430] ДАССИП, Фонд МИД, Пресбиро, 1924, „Тајмс“, 18. I 1924, „Југославија и Македонија“.

настојувала преку овие ноти да ја запознае европската јавност со последиците што ги предизвикувале вооружените акции на автономистичките чети на ВМРО во Вардарскиот дел на Македонија.[431]

Вооружените акции на четите на ВМРО во Вардарскиот дел на Македонија уште повеќе ја влошиле севкупната политичко-економска и социјална положба на македонскиот народ. Мерките што државните власти на Кралството на СХС ги преземале за спречување на дејствата на комитските чети, како и секое национално пројавување и револуционерно раздвижување на македонскиот народ, биле придружени со убиства и масовно тероризирање, заплашување и апсење. Според статистичките податоци што ги водел Македонскиот национален комитет во Софија, во периодот од 1919 до 1928 година во Вардарскиот дел на Македонија биле убиени 400 луѓе од страна на државните чети.[432] Овие податоци, објавувани во весниците на македонската емиграција во Бугарија, посебно се однесуваат на злосторствата што македонското население ги претрпело од страна на „слугите и агентите на власта“. Според нив, во периодот од 1 јануари 1919 до 1 јануари 1926 година во Вардарскиот дел на Македонија биле извршени: 263 убиства, 178 обесчестувања (од кои 43 на девојки под 18 години), 1 342 опожарени куќи, 4 850 уапсени лица без вина, 5 445 жестоко мачени лица (од двата пола и од секаква возраст), а 12 465 000 динари и 44 250 златни турски лири биле ограбени со заплашување на смрт или со апсење. Исто така, за време на 10 години, од 1919 до 1929 година, жандармериските одделенија и контрачетничките потери изгореле 14 села и над 100 куќи, а биле уапсени или престојувале во затворите повеќе од 25 000 македонски граѓани и селани.[433] Општо земено, се смета дека во наведениот период, односно до 1926 година, биле убиени, без иследување и судење, над 1 600 Македонци, Албанци и Турци, а низ затворите поминале над 30 000 лица.[434]

431 ДАРМ, Фонд АМНРИ – Рим, кут. 914/XXI, Рим, 9. IV. 1924; Исто, кут. 915/V–VII–X, Рим, 22. IV 1924.

432 В. „Македонско дело“, бр. 97, 10. IX 1929, 5.

433 Veritas... цит., CLXXVI, CXVI, XCVIII.
Слични податоци за извршените злосторства од страна на „српските власти“ во Вардарскиот дел на Македонија, изнесува и Иван Михајлов во своите спомени, служејќи се, исто така, со податоци на Македонскиот национален комитет. Според него, „општо во Македонија под српска власт“ биле убиени 422 лица, 47 лица биле исчезнати без трага, 2 900 лица биле уапсени и измачувани, 85 жени биле силувани, 78 лица биле ограбени и 121 куќа биле опожарени (Иванъ Михайловъ, Спомени II... цит., 680).

434 Лазар Колишевски, Политички извештај на ЦК КПМ. Реферат одржан на I конгрес на КПМ, Скопје, 1949, 37.

# ПОЛИТИКАТА НА ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ КОН БУГАРСКАТА ВЛАДА

## Зацврстувањето на ВМРО во Пиринскиот дел на Македонија

За спроведување на вооружената комитска активност во Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија, ЦК ВМРО за кратко време го претворил Пиринскиот дел на Македонија во основна база на Организацијата. Автономистичката ВМРО на Тодор Александров успеала да се наметне како неоспорен фактор и да стане неограничен господар на овој терен, поставувајќи свои луѓе на највлијателните места за да ја контролира полесно ситуацијата во округот.

Пристапувајќи кон зацврстувањето на Организацијата во Пиринскиот дел на Македонија, а наоѓајќи погоден терен сред македонското население и многубројните бегалци од Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија за пропагирање на идејата за „автономна Македонија“[435], Тодор Александров успеал да придобие значителен дел од македонските маси и да го претвори Пиринскиот дел на Македонија во „гнездо на автономистичката организација“.[436]

Пропагирајќи дека се бори за ослободување и обединување на Македонија, ВМРО наишла на голем одѕив, особено кај македонските бегалски маси во овој дел на Македонија. Токму од редовите на овие македонски народни маси, раководството на ВМРО успеало да мобилизира многубројни приврзаници на своите чети.[437] Чувствувајќи страшна огорченост поради распарченоста на својата татковина[438], кај нив, според пишувањето на парискиот весник

---

[435] Иван Каракелев, Септемврийското въстание през 1923 г. в Разлошкия край, Исторически преглед, год. XXIX, кн. 4, София, 1973, 77.

[436] Георги Боков, Владимир Поптомов, София, 1981, 52.

[437] Види повеќе кај Александар Апостолов, Злетовска област... цит., 486–510; Истиот, Специфичната положба на македонскиот народ... цит., 54–55; Истиот, Вардарска Македонија од Првата светска... цит., 57–87.

[438] Ангел Динев, Политичките убиства... цит., 73.



АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ (АЛЕКО-ПАША)

„Тан“, длабоко била присутна „нескриената желба да се вратат во својата родна земја Македонија“.[439] Мнозина од овие млади луѓе, како што вели Пол Гентизон, специјален дописник на весникот „Време“ од Балканот и публицист, само преку тероризмот го гледале единственото средство за постигнување на нивната цел – „победа на нивните политички и културни стремежи“.[440] Загреани за својот идеал, тие, како што вели францускиот поет, публицист и новинар Алберт Лондр, „се втурија со огромна жар и со сета своја сила во борба за Македонија, на која ништо друго не можеа да ѝ дадат, освен својот гол живот, но го даваа од сѐ срце“.[441]

Од 1921 година, ВМРО станала вистински господар во Пиринскиот дел на Македонија, претворајќи го овој дел на Македонија во основна база на својата Организација. Изградувањето и зацврстувањето на организациската мрежа на ВМРО во Пиринскиот дел на Македонија започнало во текот на 1921 и 1922 година, кога Тодор Александров го привлекол за заедничка борба војводата Александар Василев, познат и како Алеко-паша, кој имал неограничена власт во овој крај и кој често го злоупотребувал авторитетот на Организацијата. Покрај тоа, Александров, преку А. Василев, во автономистичката ВМРО ги привлекол и поранешните приврзаници на Јане Сандански – Александар Бујнов, Чудомир Кантарџиев, Георги Ковачев, Георги Пенков и др. – па дури им дал и раководни должности во Организацијата. Исто така, во ВМРО биле прифатени и одделни македонски революционери со анархистички и комунистички убедувања, кои ја прифатиле програмата на ВМРО за ослободување на Македонија.

439 ДАССИП, Фонд Пресбиро, в. “Тан“, (Париз), 21. II 1924.

440 Paul Gentizon, Le drame Bulgarie... цит., 235.

441 Albert Londres, Les Comitadjis. Ou le terorisme dans les Balkans, Pariz, 1932, 53–54. Книгата на А. Лондр во 1933 година е објавена на српски јазик во Загреб под наслов: „Терор на Балкану“. Во 1976 година, во издание на „Култура“ од Скопје, книгата е објавена на македонски јазик под наслов „Комитаџии – Тероризмот на Балканот“, со предговор на акад. Манол Пандевски.


ГЕОРГИ АТАНАСОВ

Организацијата во Пиринскиот дел на Македонија Тодор Александров ја организирал на полувоен карактер, еден вид „помошна организација“ за вооружените акции во другите два дела на окупирана Македонија. Оваа област му служела како главна база за подготовки и праќање на вооружени чети во Вардарскиот и во Егејскиот дел на Македонија. Вооружена сила на Организацијата биле месните чети составени од 10 до 30 вооружени луѓе и т.н. „милиција“,[442] која, според податоците на воените органи на Кралството на СХС од април 1924 година, броела 9 100 луѓе.[443] И покрај тоа што ВМРО се изградувала како нелегална организација, таа, всушност, дејствувала полулегално, бидејќи не наидувала на особени пречки од страна на бугарската државна власт.

Главна и основна воена сила на ВМРО во Пиринскиот дел на Македонија, односно во Македонија под бугарска власт, биле нелегалните и легалните чети. Најголемиот број од нелегалните чети, всушност, биле околиските чети од Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија, кои престојувале и се обучувале во оваа област. Материјалните трошоци за потребите на четите и платите за војводите и четниците биле исплатувани од касата на ВМРО.

Како Тодор Александров гледал на улогата на Пиринскиот дел на Македонија за организацијата се гледа од неговата изјава дадена на рускиот журналист Леонид Неманов од јуни 1924 година: „Ние сметаме на тој крај, со кој Бугарија привремено владее. Тој крај е дел од заедничката држава на Македонија – нашата татковина, и ние ќе си го земеме како што ќе си ги земеме и сите други делови кои сега пиштат под српско и грчко ропство“.[444]

Со цел да ја изложи политичката програма за дејствување на ВМРО во Пиринскиот дел на Македонија, односно во границите на Бугарија, Тодор Александров, во името на ЦК ВМРО, на 22 август 1922 година упатил циркуларно

442 История на Благоевградската... цит., 118–119.

443 АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVII/16, бр. 151.

444 ЦДА, Фонд 1933, оп. 3, а.е. 6, л. 1–3. Објавено кај Тодор Александров – Живот легенда. Документи 1919–1924... цит., 111–112.



ЧЕТАТА НА АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ

писмо до „раководителите на окрузите и до околиските нелегални групи" во овој дел на Македонија. Поаѓајќи од Декларацијата на бугарската влада дека „за создавање Автономна Македонија таа е готова да го отстапи делот од неа што останал во границите на Царство Бугарија" и јасно искажаната желба на „населението во делот од Македонија останат под бугарска власт дека ќе претпочита да влезе во состав на Автономна Македонија, штом таа ќе биде создадена" и „исполнувајќи ја клетвата дадена во минатото пред Организацијата дека не може да не ги помага, морално и материјално, борбите за слобода на своите браќа од поробена Македонија", Александров во писмото им соопштил дека ЦК ВМРО решил: „Да се обнови и да се реорганизира Организацијата во тој крај како помошна на ВМРО", со следниве цели:

1. Да ја помага морално и материјално ВМРО во деловите на Македонија поробени под Србија и под Грција;
2. Да ги отстранува сите пречки за успехот на Организацијата, и тоа: уништување на разбојништвото, на шверцот и на шпионажата, казнување на крадците, на изнудувачите и на чиновниците поткупувачи и зулумџии и др.;
3. Да дава прием и соработка за наоѓање работа на качаци и на бегалци од Македонија под српско и под грчко ропство кои се вратиле на одмор или за работа, како и да им помага на оние од нив кои сакаат да се вратат во своите родни места;


Окръжно. Най-тайно

До завеждущитѣ окръзитѣ и до окол. войводи и управления

въ Македония.

ПИСМО НА ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ ДО РАКОВОДИТЕЛИТЕ НА ОКРУЗИТЕ
И ДО ОКОЛИСКИТЕ ВОЈВОДИ ВО МАКЕДОНИЈА, ОД 25.09.1922 Г.

4. Да создаде и таму милиции, главно за засилување на обезбедувањето на селата и на границата против напади од крадци, шверцери, наши и туѓи разбојнички банди и др.

На крајот во писмото, Александров на раководните органи им соопштил дека ВМРО во Пиринскиот дел на Македонија и воопшто Организацијата „е самостојна и непартиска“ и дека нема да се меша во „внатрешните работи на Царство Бугарија, ниту да зема страна во тамошните партиски борби“. Меѓутоа, ако ВМРО биде засегната или предизвикана од личности или од групи, Александров им дал на знаење дека „Организацијата ќе се расправа со нив лично, во согласност со правилникот и со своите традиции“.[445] Со ова цирку-

[445] ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 63, л. 7–10; ДАРМ Фонд Поединечни документи, к. 1/3, ЦК ВМРО. Објавено и кај Правителството на Стамболийски... цит., 99–100; Иванъ Михайловъ, Спомени IV. Освободителна борба 1924–1934, Indianapolis, 1973, 916; Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 75–77.

ларно писмо, Александров не само што најавил создавање на „помошна организација на ВМРО" во Пиринскиот дел на Македонија, туку создал автономно управување во овој дел на Македонија, отстранување на разбојништвото, шверцот и чиновничките злоупотреби, кои особено се зголемиле по Првата светска војна, и воспоставил ред во округот.

Создавањето „помошна организација на ВМРО" во Пиринскиот дел на Македонија било потврдено и со „тајното" писмо на ЦК ВМРО од 14 март 1923 година, потпишано од Тодор Александров, а испратено до раководните погранични револуционерни окрузи во Македонија. Тргнувајќи од присутната состојба што во пограничната зона на Царството Бугарија со Македонија зеле големи размери разбојништвото, шверцот и изнудувањата од страна на „федералистичките злосторници – непријатели на македонската слобода", а со цел „уништување или ослабување на ВМРО", Александров решил во таа зона да се „создаде тајна Организација – помошна на ВМРО", со следните задачи:

- да ја помага морално и материјално ВМРО;
- да ги отстрани сите пречки за успехот на Организацијата, преку уништување на разбојништвото, шпионажата и шверцот, преку казнување на крадците, изнудувачите и чиновниците – рушветчии и зулумџии и др.;
- да ги прифаќа и да помага за наоѓање работа на вратените на одмор качаци и бегалци од Македонија под српско и грчко ропство, како и да им помага на оние што сакаат да се вратат во своите родни места;
- да ги смири партиските борби во Бугарија до степен да не бидат штетни за каузата на робот;
- да им помага на законодавните власти за зацврстување на редот и законитоста во Бугарија;
- да ја уреди милицијата, главно, за засилување на безбедноста на селата и границата против напади од крадци, шверцери, разбојнички, странски и наши, банди и др.

На крајот од окружното писмо, ЦК ВМРО на раководните погранични окрузи повторно им дал до знаење дека „помошната Организација во таа зона, како и ВМРО, е самостојна и непартиска" организација и дека не се „меша во внатрешните работи на царството Бугарија, ниту зема страна во партиските борби таму".[446]

[446] Исто, Фонд, 1932, оп. 3, а.е. 63, л. 42–46. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 169–171.

ЦК ВМРО на 5 септември 1922 година, со потпис на Тодор Александров, донел „привремени наредби“, во кои првпат Пиринскиот дел на Македонија го нарекува „Македонија под бугарска власт“, исто како што Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија ги нарекува Македонија под српска и грчка власт. Во нив, тој јасно им дал до знаење на „околиските и на месните раководни тела на Организацијата во Македонија под бугарска власт“ дека:

„1. Во Македонија под бугарска власт Организацијата се обновува и се преустројува како помошна на револуционерната Организација во поробените делови на Македонија под Србија и Грција, со заедничка цел за единствена Внатрешна македонска револуционерна организација: Создавање една автономна или независна држава од цела Македонија во нејзините етнографски и географски граници (подвлечено во привремените инструкции, б. м.);

2. Организацијата во Македонија под бугарска власт е тајна; таа е и нелегална (подвлечено во привремените инструкции, б. м.), доколку биде принудена да одговара на предизвици и на прогонства од бугарските влади и власти. Таа Организација е непартиска и не се меша во внатрешните работи на Царството Бугарија, но таа будно внимава да не му дозволи никому да се служи со Македонија како монета за поткусурување со македонското дело – за лични и партиски цели“.

Во „привремените наредби“ Александров ги дал следниве инструкции во врска со организациската поставеност на ВМРО во Македонија под бугарска власт:

– Македонската организација во деловите од Македонија останати под Србија, Грција и Бугарија се раководи од заедничкиот конгрес на Организацијата од затекнатиот Централен комитет, врз основа на последниот правилник на Организацијата и во согласност со инструкциите, циркуларите, привремените наредби и др. издавани од Централниот комитет;
– Организацијата се уредува и раководи од нелегален окружен војвода;
– Околиите се раководат од околиски раководни тела, а секој населен пункт – град, село, колиби – од месно раководно тело, составени од 3–7 членови, избрани од заедничко собрание и утврдени од околискиот или од окружниот војвода или инструктор;
– секоја околија, според условите, има или нелегален војвода со неколку души другари, или легален околиски инструктор;

- во секој населен пункт се создава месна чета од 10 до 30 души, млади, храбри, вешти и чесни сили и милиција – од сите кои имаат оружје. Милицијата е потчинета на околискиот војвода, а преку окружниот војвода – на ЦК на Организацијата;
- милициите ги чуваат селата од крадци, разбојници и секаков вид злосторници, а во пограничните околии милициите ја чуваат и границата од шверцери и од наши и туѓи разбојнички банди и др.;
- милициите или милиционерите, ако не ја извршиле наредбата на повисоките началници или не се јавиле каде што биле повикани на помош, се казнуваат со смрт;
- раководните сили и тела – нелегални и легални – судат и ги казнуваат своите потчинети за престапи од организациски карактер, за кражби, грабежи, лични убиства, како и за пијанство и разврат;
- докажаните шпиони, разбојници и убијци се казнуваат со смрт;
- ¾ од сите приходи во селските каси се внесуваат во околиското раководно тело, откако ќе се задоволат месните организациски потреби;
- приходите од данок, од казни над 2 000 лева, од такси на тутун, ориз и др. се внесуваат во касите на окружниот комитет и на ЦК на Организацијата.[447]

Легализирајќи ги своите организациски институции во Пиринскиот дел на Македонија, а за подобрување на стопанскиот живот на населението и за спречување на злоупотребите со доделувањето земја од напуштените имоти на бегалците, раководството на ВМРО воспоставило контрола и на земјишниот фонд. Со „таен циркулар“ од 10 април 1923 година, Тодор Александров им наредил на раководителите на округот, околиските раководни тела и околиските војводи во Пиринскиот дел на Македонија да преземат мерки за да се применуваат строго наредбите „по прашањето за снабдување со земја на бегалците, на безимотните и на слабоимотните членови на Организацијата“, меѓу кои:

- имотите дадени на бегалците и на локалните безимотни лица според законот за бегалците, им се оставаат ним за да се прехрануваат, до регулирањето на нивната положба;

[447] ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а.е. 63, л. 14; BIA−NMKM, Фонд: 656, а.е. 4, л. 8. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 81–85. Оваа верзија на „Привремените наредби“ е потпишана од Т. Александров, од името на ЦК на Организацијата и од А. Василев, како претседател на Петричкиот округ.

- ако сопственикот на имоти дадени на бегалци и сл. не е бегалец и е сиромашен, неговите имоти, макар и раздадени на бегалци, да му се вратат. Ако пак тој има намера да се исели, неговите имоти да бидат купени од бегалците или од безимотните кои ги обработуваат. Безусловно се забранува во Македонија под бугарска власт да се откупуваат од кого и да било имоти дадени на привремено користење на бегалци и сл.;
- им се забранува купување имоти на Турци кои се иселуваат и на др. бугарски граѓани, во места населени со бегалци, од граѓани кои имаат најмалку 20 декари ниви;
- апсолутно се забранува купувањето недвижни имоти од лица од областите на стара Бугарија;
- бегалците или локалните слабоимотни лица, или безимотните лица, немаат право да купуваат повеќе од 10 декари во полето и 20 декари во ливадите.[448]

Кон крајот на 1922 година, насочувајќи го главниот удар против комунистичкото движење, автономистичката ВМРО на Тодор Александров наполно ја презела контролата на политичката состојба во Пиринскиот дел на Македонија. Како што забележал Владимир Поп Томов, еден од активистите на ВМРО (Обединета), најпрвин автономистичката организација водела борба против административните органи на Земјоделската влада, а подоцна таа започнала крвава борба против комунистите, чие влијание било најголемо во овој дел на Македонија и кои за бугарската буржоазија биле „најголеми непријатели“.[449]

Засилувајќи ја борбата против Земјоделската влада на А. Стамболиски и неговото зближување со Кралството на СХС, а пред сè, реагирајќи против склучената „Нишка спогодба“, на 5 април 1923 година, Тодор Александров упатил строго доверлив распис до раководителите на окрузите, околиските војводи и илегалните чети на ВМРО во Пиринскиот дел на Македонија. Во расписот, меѓу другото, тој им наредил на своите раководни тела и чети да преземат итни и најсериозни мерки „да се уништат“ српските војски ако се појават во Пиринскиот дел на Македонија, како и „оранжевогвардејците“ (односно вооружените државни чети на Земјоделската влада, б. м.). Притоа, тој дал до знаење дека бугарската влада била „своевремено предупредена“ од ВМРО да

448 БИА – НБКМ, Фонд 656, оп. 1, а. е. 12, л. 8–10. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 191–193.

449 Георги Боков, Владимир Поптомов... цит., 60.


Пълномощно

№ 431.
Македония
28/IV 1923 г.
ЦПА, Ф 226 о.п. 3 а.е. 63

Централниятъ Комитетъ на Вътрешната Македонска Революционна Организация упълномощава Крумъ Петишевъ да урежда и вр. да ръководи Кичевската рев. околия.

ЦЕНТР. ДЪРЖ. ИСТОР. АРХИВ

Поканватъ се всички членове и съчувственици на Орг-та да иматъ пълно доверие въ него и да му указватъ най-голямо съдействие.

Въ Цен. Ком. на В.М.Р.Орг.
Т. Александровъ
(Богданъ)

ПОЛНОМОШНО ОД ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ НА ВОЈВОДАТА КРУМ ПЕТИШЕВ

не им допушта на српските воени сили да ја преминуваат границата и да не праќа свои вооружени чети во Пиринскиот дел на Македонија.[450]

Пред парламентарните избори во Бугарија, закажани за 22 април 1923 година, Тодор Александров, во името на ЦК ВМРО, на 20 март 1923 година пратил „тајно“ циркуларно писмо до „раководителите на окрузите, до околиските уп-

450 АС, Збирка Т. Динића, кут. 39; Правителството на Стамболийски... цит., 101–102.

равни тела и до околиските војводи во Македонија под бугарска власт“, во кое се повикувале да организираат за да „се излезе во тамошните избирачки околии со општограѓанска листа од локални (родени од Македонија) (подвлечено во циркуларното писмо, б. м.) чесни, заслужни, со добро име, родољупци – граѓани од разните партии, во согласност со моќта на секоја од нив“. За таа цел, Александров ги повикал сите пратеници што ќе бидат избрани во Пиринскиот дел на Македонија да поднесат писмени изјави до ЦК ВМРО дека се задолжуваат:

„1. Да го поставуваат од говорницата на Народното собрание македонското прашање, инсистирајќи за создавање целокупна Независна Македонија (подвлечено во циркуларното писмо, б. м.);
2. Да влијаат бугарската влада да прифати надворешна политика соодветна на тоа;
3. Да се борат со сите сили, заеднички, против пречките, од каде и да доаѓаат, против борбите за независноста на Македонија;
4. Да ги заштитуваат интересите на локалното население;
5. При секој погоден случај да преземаат мерки – заеднички и поединечно: а) за примена на договорите за заштита на малцинствата во Македонија под српско и под грчко ропство, каде што населението живее под ужасни инквизиторски режими, б) за враќање на бегалците во нивните родни места, под гаранција на Друштвото на народите, в) за амнестија на сите политички затвореници таму итн.;
6. Да настојуваат таму да се праќаат чесни, способни и родољубиви чиновници, претежно од локалните жители, кои ги познаваат подобро потребите на населението;
7. Да преземаат мерки да се казнат сите убијци, разбојници, шверцери, изнудувачи и сите кои го злоупотребуваат името на борбена Македонија за злосторства извршени во Царството Бугарија;
8. Да вложуваат напори бугарската држава да потпомогне за подобрување на лошата судбина на македонските и др. бегалци итн.“

За неизвршување на набележените задолженија, на крајот од циркуларното писмо Александров ги предупредил идните пратеници дека „ќе бидат казнети најстрого сите кои поради небрежност, малодушност или поради др. причини не ги извршат наредбите“.[451]

[451] БИА–НБКМ, Фонд 656, оп. 1, а. е. 11, л. 18–19. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија.

Во едно друго „тајно“ циркуларно писмо од 2 април 1923 година, Тодор Александров ги повикал членовите на „помошната Организација на ВМРО“ во Пиринскиот дел на Македонија слободно да гласаат за која кандидатска листа сакаат и строго да ги казнат „сите кои вршат притисок врз волјата и врз совеста на населението“.[452]

Исто така, со цел ВМРО „да ги зачува својот углед и симпатиите, како и својата досегашна позиција на непартиска идејна организација“, Тодор Александров, во името на ЦК ВМРО, со „тајно“ циркуларно писмо, од 10 ноември 1923 година, ги повикал „привремените задгранични претставници и месните началници на ВМРО“ во Пиринскиот дел на Македонија да се грижат за „строго извршување“ на следниве наредби:

„1. Членовите и симпатизерите на ВМРО кои имаат изборни права во Бугарија, се слободни да гласаат според својата совест, за која партија сакаат;

2. Никој член или симпатизер на Организацијата, под страв од казна, не треба да врши притисок врз волјата на избирачите во полза на една или друга партија“.[453]

По Деветтојунскиот преврат во 1923 година, владата на новиот претседател Александар Цанков, „од благодарност“ за помошта што ВМРО му ја пружила во соборувањето на Земјоделската влада на А. Стамболиски, ѝ ја препуштила власта во Пиринскиот дел на Македонија, при што Тодор Александров го претворил овој дел на Македонија во „држава во држава“.[454]

По убиството на Тодор Александров, Пиринскиот дел на Македонија продолжил да ја игра истата улога, останувајќи и понатаму да биде основна база на ВМРО за подготвување на нејзините вооружени акции, претежно во Вардарскиот дел на Македонија. Давајќи ѝ приоритетно значење на оваа област во идното дејствување на Организацијата, новиот ЦК ВМРО на чело со Иван Михајлов, на VI конгрес одржан на 9–12 февруари 1925 година, донел посебна резолуција за идното дејствување на Организацијата во „Македонија под бу-

Документи 1919–1924… цит., 171–173.

452 ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 63, л. 51–52. Објавено кај Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 183.

453 ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 63, л. 62–67. Објавено кај Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 237–239.

454 Според Танасие Диниќ, Петричкиот округ во тој временски период се нарекувал „Богданија“, по псевдонимот на Т. Александров „Богдан“ (АС, Збирка Т. Динића, кут. 38, „ВМРО и Бугарска“, цитиран елаборат, 69).



ЦПА, ф 226 о.п. 3 а.е. 63 24

За Царевосело.

В.М.Р.О.
Свобода или смърть
№ 358.
Македония,
9 февруари 1923 г.

ЦЕНТР. ДЪРЖ. ИСТ. АРХИВ

Окръжно

Тайно и най-бързо.

До завеждущи окръзитѣ и околийскитѣ войводи въ Македония подъ сръбско робство.

Опититѣ да имаме общи кандидатски листи съ турския джемиетъ въ Македония или съ републиканцитѣ досега не успѣха, а врѣмето за подаване листитѣ напредна много.

За да можемъ непрѣменно да изберемъ за народни посланици въ скупщината наши мѣстни първенци-патриоти и за да има единство при изборитѣ за народни посланици на 18/III т.г.,

Отмѣнява се окръжно № 354 отъ 25/I 923 год. и

разрѣшава се на членове и съучастници на Организацията въ всѣки окръгъ да кандидатиратъ въ листи на сръбскитѣ партии – даже и въ листитѣ на радикали и демократи – добри, честни и смѣли мѣстни родолюбци, но съ условие: щомъ се открие скупщината избранитѣ македонски посланици да се откажатъ отъ партиитѣ, съ листитѣ на които сѫ избрани и да се обявятъ за отдѣлна Македонска парламентарна група.

Които отъ избранитѣ не изпълнятъ това условие, ще бѫдатъ наказани съ смъртъ отъ Ор-та.

Съ много сърдечни поздрави.

Чл. въ Цен. Ком. на В.М.Р. Орг.: Т. Александровъ

ТАЈНО ПИСМО НА ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ ДО РАКОВОДИТЕЛИТЕ НА ОКРУЗИТЕ И ДО ОКОЛИСКИТЕ ВОЈВОДИ ВО МАКЕДОНИЈА ОД 9.02.1923 Г.

гарска власт“, како што и понатаму новото раководство на ВМРО продолжило да го именува Пиринскиот дел на Македонија и која воопшто не отстапувала од вооружената концепција на автономистичката ВМРО на Александров. Во конгресната резолуција, јасно и недвосмислено се истакнувала потребата од непосредно учеството на „бугарска Македонија во борбата за ослободување и обединување на цела Македонија“.[455]

[455] Види повеќе кај Зоран Тодоровски, Внатрешната македонска револуционерна организација 1924 – 1934 – Скопје, 1997, 28–55.

## Акциите на ВМРО во Неврокоп и Ќустендил

За спроведување на комитските акции, автономистичката ВМРО на Тодор Александров го претворила Пиринскиот дел на Македонија во основна организациска база, а пограничниот град Ќустендил во главен воен центар, каде што главно престојувале и се подготвувале комитските чети за префрлање во Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија. Пиринскиот дел на Македонија не само што служел како основна база на ВМРО за подготвување и праќање на комитски чети во Вардарскиот дел на Македонија, туку се користел и како главна вооружена поткрепа на Организацијата.

Посебен интерес за Организацијата претставувале пунктовите распоредени по должината на границата спрема Кралството на СХС, од кои Ќустендил го заземал главното место. Пунктовите ги раководеле „пунктови началници“, кои биле назначувани од ЦК ВМРО и добивале редовна месечна плата. Секој пунктов началник располагал со 30–40 платени нелегални членови, односно четници, и имале широки овластувања при нивното примање и ангажирање во четите. Главна задача на пунктовите началници била да им укажуваат помош на четите при преминувањето на границата во Вардарскиот, односно Егејскиот дел на Македонија, како и при нивното враќање во Бугарија, да се грижат за нивното оружје и опрема, да ги уредуваат пограничните канали и да го организираат доставувањето и примањето на поштата на Организацијата.

Најголема концентрација на комити и комитски чети се наоѓала во пограничните места на Бугарија со Кралството на СХС, а особено во Ќустендил, каде што се населиле голем број бегалци од Македонија. Според разузнавачките извори на воените власти на Кралството на СХС од јануари 1924 година, ВМРО во Ќустендил наплатувала два вида даноци: „граѓански бел данок“, за издршка на милицијата, и „патриотски данок“.[456]

По Првата светска војна, најистакнати пунктови началници на Ќустендил биле Ангел Узунов и Владимир Куртев. Покрај другите задолженија, тие ја организирале „контра-шпионажата“ по должината на границата со Кралството на СХС, раководеле со организирање на терористички акции во Вардарскиот дел на Македонија и се грижеле за префрлање на терористички групи преку границата и за нивно снабдување со оружје.

---

[456] АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVII/17, бр. 170.

Оневозможувајќи го дејствувањето на федералистичките чети во Вардарскиот дел на Македонија и ликвидирајќи го поголемиот дел од раководството на МЕФО, автономистичката ВМРО на Тодор Александров настојувала да го уништи и федералистичкото движење во Пиринскиот дел на Македонија. Пресметувањата меѓу приврзаниците на автономистичките и федералистичките чети се префрлиле во внатрешноста на Бугарија, каде што Ќустендил станал едно од главните места на нивните меѓусебни прогонувања и физички ликвидирања. Во декември 1922 година Александров, преку весникот „Илинден", упатил „ултимативно писмо", во кое, обвинувајќи ги федералистите за престапници, предавници, шпиони, отцепници и за туѓи платеници, им се заканил дека ќе ги употреби сите средства за пресметување со нив.[457]

Прва поголема вооружена акција против федералистичките чети, автономистичката ВМРО презела во градот Неврокоп, кој бил најголемо упориште на федералистичкото движење во Пиринскиот дел на Македонија. Во градот се наоѓала федералистичка чета под раководство на Тодор Паница, следбеник на Јане Сандански, чие присуство претставувало најголема пречка за автономистичкото проникнување во овој град.[458]

Со цел да ги протера федералистите од Неврокоп и да го оневозможи влијанието на Т. Паница во овој град, како и да го зацврсти своето управување во овој дел на Пиринска Македонија, ВМРО преку војводите Александар Василев-Пашата и Георги Атанасов, организирала масовен вооружен напад на Неврокоп. На 16 октомври 1922 година четите на автономистичката ВМРО, предводени од А. Василев и Г. Атанасов, потпомогнати со уште три чети од Егејскиот дел на Македонија и од селската милиција од Неврокопско и Мелничко,[459] на број околу илјада души,[460] најпрвин го блокирале градот, а потоа и го нападнале. Претходно, военият гарнизон во Неврокоп, во договор со раковод-

457 АИНИ, Никола Киров-Майски, Исписи од „В строя за Македония" (Исторически факти, бележки и документи – 1919, 1920, 1921), София, 1957, 96–97.

458 Димитър П. Ефтимов, Борбите... цит., 5–8; Предавниците... цит., 89–91.

459 Константин Палешутски, Вътрешната македонска... цит., 89.

460 Материали по историята на Неврокопската партийіа на организация, Част първа – 1919–1944 г., Гоце Делчев, 1969, 24. Во поновата бугарска историографија, вкупниот број на автономистичките привrзаници што го нападнале Неврокоп се движи околу 3 000 души (Георги В. Димитров, БКП и революционното движение в Благоевградски окръг 1913–1925 г., София, 1972, 172; История на Благоевградската окръжна организация на БКП, София, 1979, 121).
Според изјавата на Васил Ролев од Делчево (дадена во 1979 година), четник во автономистичка чета на Т. Александров и учесник во неврокопските настани, бројот на комитите што го нападнале Неврокоп изнесувал 1 000 души. Приближен број, односно околу 700–800 души, изнесува и Димитар Ефтимов во своите спомени (Димитър П. Ефтимов, Борбите... цит., 7).


ИВАН ЈАНЕВ-БРЛО

ството на ВМРО го напуштил градот под изговор за некакви тактички „маневри“.[461] По жестоките борби, останувајќи без поддршка од официјалните владини административни и полициски сили, Т. Паница бил принуден да го напушти Неврокоп. Во мај 1923 година, Т. Паница со околу 40–50 души повторно се обидел да го поврати Неврокоп од привржаниците на автономистичката ВМРО. Но, под притисок на помногубројните автономистички чети и месната милиција, помогнати од воениот гарнизон, Т. Паница заедно со својата чета бил принуден да се повлече од Неврокоп и се префрлил во Грција.[462] Набргу, автономистичката ВМРО на Александров успеала да го наметне своето влијание не само во Неврокоп туку и врз целата територија на Пиринскиот дел на Македонија.

Една од најголемите вооружени акции на автономистичката ВМРО против федералистите по судирот во Неврокоп, се одиграла во Ќустендил, на 4 декември 1922 година. Тоа, всушност, била вистинска „вооружена демонстрација“,[463] со која им бил нанесен сериозен удар не само на федералистичките чети туку и на Земјоделската влада на А. Стамболиски. Предизвикан од одвлекувањето и убиството на кочанскиот војвода Симеон Георгиев, пунктовиот началник на Ќустендил Велин Алајков, и неколкумина угледни граѓани на Ќустендил,[464] Тодор Александров наредил автономистичките чети на ВМРО и милицијата од пограничните села, на број од 300–600 души,[465] предводени од војводите Панчо Михајлов–Чавдар, Иван Јанев–Брло, Мите Опилски и Борис Тиков, да го нападнат и да го окупираат Ќустендил. Тие на 4 декември 1922 година со митралези, пушки и бомби влегле во Ќустендил и без отпор станале целосни господари на градот. Откако ја разоружиле полицијата и ги уапсиле

[461] Георги В. Димитров, БКП... цит., 182; Материали... цит., 24–25.

[462] Материали... цит., 26.

[463] История на България, Том III, София, 1964, 88.

[464] Иванъ Михайловъ, Спомени II... цит., 196–206.

[465] Йоно Митев, Фашисткият преврат на девети юни 1923 година и юнското антифашистко въстание, София, 1973, 59.

окружниот управник и околискиот началник, тие ги испофаќале припадниците на федералистите и нивните јатаци, кои биле главен објект на нападот.[466]

Притоа, војводата Панчо Михајлов–Чавдар одржал величествен говор пред ќустендилските граѓани, обраќајќи им се со зборовите:

„Драги ќустендилски граѓани! Ние доаѓаме од земјата на вечните солзи – Македонија, балканската голгота…Таму во Македонија ние со успех водиме борба на живот и смрт со онаа бесна власт што го носи валканото име 'српска', со онаа византиска управа што се нарекува 'грчка' и со многу други непријатели на македонската слобода. Нашите позиции таму се непробојни, затоа што целото население застана под знамето на ВМРО, кое единствено војува за слободата на Македонија, зашто маките и солзите ни се заеднички. Борбата за слободата на Македонија ќе ја водиме додека зората на слободата не огрее и над таа, колку измачена, толку убава земја".


ПАНЧО МИХАЈЛОВ-ЧАВДАР

Образложувајќи ги причините за доаѓањето на четите на ВМРО во Ќустендил, тој истакнал: „Ние дојдовме тука не за да ја симнеме владата, зашто во статутот на нашата Организација е содржан принципот: 'Никакво мешање во внатрешните работи на Бугарија'. Ние дојдовме тука не да го запалиме градот, да ги убиваме граѓаните и да ги ограбуваме, не да ги обесчестуваме нашите сестри и мајки, зашто тоа ќе ја покаже нашата ниска култура… Ние доаѓаме тука не за да го манифестираме своето бунтовништво, зашто треба да се знае дека Македонецот е мирољубив по природа и тој секогаш се надевал дека ќе се отстрани теророт над него, а заедно со тоа и бацилот на меѓусебните борби.

466 БИА – НБКМ, Фонд 656 – Александър Василев, оп. 1, а. е. 8, л. 5. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 115–117.

Ние знаеме дека секој има потреба од мир, затоа и нашиот стремеж постојано е насочен кон хармонија меѓу народите. Ние дојдовме тука за да ја парализираме волјата која инспирира престапни дејства против луѓето од нашата моќна организација… Ние дојдовме тука за да го исчистиме градот од оној џган од престапници кој под покровителство на повисоки фактори врши убиства и грабежи над и така ограбениот македонски роб, којшто граби и убива и ваши граѓани, чија вина е што го симпатизираат своето народно дело, респективното ВМРО… Впрочем, нашето доаѓање тука во Ќустендил е почеток на нова ера за градот… Ние ви дадовме докази дека ја почитуваме вашата мака и сега, при целосното наше владеење на градот, ги презедовме сите мерки никој од Вас да не настрада… Ние дадовме наредба да не му падне влакно од главата на ниту еден граѓанин“.

Во говорот, војводата П. Михајлов ги конкретизирал следниве барања на ВМРО: „1) Фаќање на сите разбојници што се против Организацијата, што живеат тука и во Софија; 2) Целосна неутралност на властите во Бугарија спрема нашите расправии, неземање страна со обични престапници. 3) Апсолутна забрана за влегување сомнителни луѓе во Ќустендил, како на наши непријатели, така и на бугарските закони; 4) Корекција на изјавите преку в. ’Земјоделско знаме’ направени од г. Александар Стамболиски пред белградскиот печат; 5) Назначувања на чесна администрација во пограничните околии на Македонија“. Заблагодарувајќи им се на ќустендилските граѓани за „братскиот прием“, кој им го приредиле за време на дводневниот престој на четите на ВМРО во градот, војводата П. Михајлов говорот го завршил со следниве апели: „Да живее независна Македонија! Да живее Бугарија! Ура!!!“[467]

Според софискиот весник „Камбана“, нападот на Ќустендил бил мошне добро изрежиран од П. Михајлов, кој „јасните инструкции од Т. Александров ги извршуваше точно“[468] (подвлечено во написот, б. м.).

Окупацијата на Ќустендил ја затекнала Земјоделската влада неподготвена и немоќна. Министерскиот совет го пратил министерот на војската Коста Томов да воспостави ред во градот, а тој во преговорите со водачите на акцијата,

---

467 Защо дойдохме? Ръчтъа на войводата Панче Михайловъ въ Кюстендилъ, София, 1924.

468 В. „Камбана“, София, бр. 34, 15. VII 1925. 1. За какви „инструкции“ се работи, јасно говори и писмото упатено од Т. Александров до П. Михајлов, на 2 декември 1922 година, само два дни пред нападот на Ќустендил: „Добив вести дека управниците на градот, окружниот и околискиот, играат дволична политика. Фатете ги и држете ги како заложници додека разбојниците (се мисли на федералистите – б.м.) не се предадат, 2. XII. [1922].

војводите П. Михајлов и И. Јанев–Брло,[469] преговарал како со „рамноправна и рамносилна страна“.[470] Притоа, тој „капитулирал“ пред поставените услови од војводите на ВМРО, дозволувајќи автономистичките чети на ВМРО слободно да се повлечат од градот при полна неутралност на државната администрација и воениот гарнизон.[471]

Според тајниот циркулар на Тодор Александров од 7 декември 1922 година, пратен до „раководителите на окрузите и до околиските војводи во Македонија“, „владата во Софија се исплашила Македонскиот одред да не тргне“ кон Софија и да ја собори од власт. Според одлуката на бугарската влада, таа во Ќустендил, „со големи полномоштва“, го пратила министерот на војската К. Томов, со цел да преговара со четите на ВМРО. Војводата П. Михајлов-Чавдар, од името на ЦК на Организацијата, „за напуштање на градот“ им ги предложил следниве три главни услови:

„1. За 15-дневен рок владата да ги фати и да ѝ ги предаде на Организацијата за судење и за казнување преживеаните разбојници, кои вршеле грабежи во Македонија;

2. Во иднина да се назначуваат за чиновници во Ќустендилскиот и во Петричкиот округ чесни луѓе кои не се огрешиле пред Организацијата и родољубиви Бугари; и

3. Крај границата и во Софија да не се оставаат да живеат разбојници, шверцери и др. слични, кои би ѝ пречеле на ВМРО“.

Министерот на војската К. Томов, од името на бугарската влада, ги прифатил барањата на војводата П. Михајлов, по што четите на ВМРО го напуштиле градот истиот ден, во 4 часот вечерта. Дел од четите останал во околината на градот да го чека извршувањето на прифатените услови и да ја организира околијата, „која останала под закрила на ВМРО“. За добро организираната акција на војводите, четниците и милицијата на Организацијата, Тодор Александров, со писмото од 7 декември 1922 година, им искажал „благодарност“.[472]

469 АС, Збирка Т. Динића, кут. 39, „ВМРО и Бугарска“, цитиран елаборат, 71. Йоно Митев, Фашисткият преврат... цит., 123; Георги В. Димитров, БКП... цит., 172–173.

470 В. „Македонско дело“, бр. 91, 10. VI 1929, 5; Къню Кожухаров, Александър Стамболийски. Биографичен очерк, София, 1968, 133; Ал. Радоловъ, Преврата на 9 – юний и престъпното нехайство, София, 1931, 112–113.

471 История на България... цит., 88; Къню Кожухаров, Александър Стамболийски... цит., 133; Ал. Радоловъ, Преврата на 9-ти юний...цит.,112–113.

472 БИА – НБКМ, Фонд 656, оп. 1, а. е. 8, л. 5. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924…цит., 115–117.

Акцијата на автономистичките чети на ВМРО во Ќустендил била силен морален удар што го поткопала авторитетот на Земјоделската влада на А. Стамболиски, а во исто време значително го зголемила престижот на ВМРО и на Тодор Александров кај бугарските воени и опозициони политички средини и кај македонската емиграција во Бугарија. Пишувајќи за одгласот од ќустендилските настани кај македонската емиграција во Горна Џумаја, Софија и во другите градови на Бугарија, Александров во едно писмо до Панчо Михајлов, од 28 декември 1922 година, меѓу другото, му напишал: „Сите се воодушевени од нашите подвизи во Ќустендил“.[473]

По завршувањето на акцијата во Ќустендил, Тодор Александров на 25 декември 1922 година упатил писмо до „ќустендилските граѓани“, во кое подвлекол дека акциите во Неврокоп и во Ќустендил се организирани од „една револуционерна организација – која стои над меѓународното право и која не ги признава решенијата и одлуките на разни конференции – чиишто членови се одговорни само пред Бога, пред својата совест и пред Правилникот на Организацијата“ и дека целите на ВМРО „се толку свети и високи и нејзините средства се толку јавни и чисти што не можат да бидат засегнати од клевети и од интриги на длабоко заведени престапници или на непоправливи манијаци“. Во името на „поробеното македонско население“, и од негово лично име, Александров им се заблагодарил на ќустендилските граѓани за „укажаниот одличен прием, а особено за помошта при завршувањето на работата на другарите од одредот“. Исто така, тој им се заблагодарил на сите „административни и воени власти, кај кои разумот надвладеал за да се избегне непотребно пролевање братска крв“, како и на сите општественици, журналисти и писатели, кои објективно дадоа правилна процена за ќустендилската казнена акција“.[474]

За успешно извршената акција во Ќустендил, Тодор Александров на војводата П. Михајлов му пратил три значки-одликувања од ЦК ВМРО за војводите-учесници во акцијата и му наредил да состави список од 12–15 лица на „војводи, четници, милиционери, офицери и граѓани, најзаслужни во ќустендилската акција“.[475]

За настаните во Неврокоп и Ќустендил ЦК ВМРО во својот Извештај, „Известија бр. 2“ од 30 декември 1922 година, го запознал своето членство

473 Reiss R. A., La question des comitadjis en Serbie du sud, Belgrade, 1924, 112– 113.

474 ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а.е. 33, л. 1–2. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 121–123.

475 АИНИ, Фонд Кралско посланство во Лондон, к. XXXVII/17, бр. 249, 3 и бр. 269, 1. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919-1924… цит., 563.

дека: „Внатрешната македонска револуционерна организација од основањето па сè до денес не се мешаше во внатрешните борби на Царството Бугарија, ниту, пак, дозволи да се меша некој однадвор во нејзините работи. Таа беше и си останува наполно независна.

И покрај тој општопознат факт, некои од бугарските..., обидувајќи се, во согласност со најпознатите и најопасни непријатели на македонската слобода – Србите, да ја уништат ВМРО. А пак други општествени слоеви во Бугарија сакаат да се служат со Македонската организација за да ги заплашат своите политички противници. Со тоа и едните и другите му нанесуваат штета на македонското ослободително движење. Организацијата залудно се обидува, со голем број предупредувања и други легални средства, да ги вразуми сите нив.

И во минатото имаше обиди од одговорни и неодговорни фактори во Царството да ја искористат Организацијата за лични и за партиски цели, а откако тоа не им беше дозволено, мислеа да ја уништат, или најмалку да ја поделат и ослабат... Овие бугарски управувачи помислија – па не се засрамија дури и да го изјават тоа пред ополномоштениот министер на Србија во Софија – дека ако стркалаат 20-30 македонски глави, ќе можат да ја уништат Македонската организација...

Не е доволно тоа, па владата во Бугарија формира платени банди во Неврокоп под водство на осудениот по чл. 4 (се мисли од Правилникот на ВМРО, б.м.) Тодор Паница, познат на бугарското општество по двојното подло убиство на Ив. Гарванов и Б. Сарафов во Софија, и во Ќустендил под водство на Ал. Панов, Крум Зографов, Григор Циклев и др. И, го почнаа безумието, под заштита и соучесништво на бугарската власт... Бандата предводена од околискиот началник и Тодор Паница почна да врши грабежи, обесчестувања, палежи и други зулуми по селата.

Ова и многу други предизвици ја прелеаја чашата на трпениeто и Македонската организација беше принудена да го заземе Неврокоп за да ги казни престапниците и да ја заштити својата чест.

По неуспешниот обид на изнајмените разбојници да го убијат членот во ЦК ВМРО, Тодор Александров, при инвазијата внатре во Македонија – од 24 април до 8 мај 1922 год. – голем дел од тие разбојници, под заштита на бугарските власти и под водство на големите арамии и убијци, кои го срамат бугарското име и човековиот образ: Григор Циклев, Мите Суџукаро, Ване Арсов и Јане Велинов, се прибраа во гр. Ќустендил и почнаа да вршат убиства, грабежи и силувања во градот и во околијата. За кратко време тие извршија неколку

убиства во градот, ги ограбија Власите во раненските колиби и богатите селани во две-три села и почнаа да собираат данок од името на Македонската револуционерна организација – „федералисти“, каква што, всушност, нема и не може да има.

Наспроти многубројните молби и предупредувања од Македонската организација до бугарските управувачи да ја отстранат таа банда од Ќустендил, владата не само што не го стори тоа туку ги прибра под своја заштита и ги потчини на Земјоделскиот акционен комитет во Ќустендил... Се знае дека убиството на Велин Алајков е извршено од разбојниците по решение на овој Акционен комитет. Само неколку дни по тоа убиство, еден од интелектуалните убијци, Димитров, зборувал пред собранието во с. Коњово дека сите македонски дејци, другари на Тодор Александров, се разбојници, а вистински револуционери биле разбојниците Стојан Мишев, Славе Иванов и др., дека владата решила првите да ги гони, а вторите да ги заштити и да им помага, итн.

Како награда за смртта на Алајков и за да се освести владата, Организацијата го казни со смрт овој Ал. Димитров. Наместо опомена, меѓутоа, тоа убиство даде повод за нови убиства и нови закани од разбојниците, за „тркалање на многу македонски глави; Организацијата, за да ги задржи своите членови и соучесници, за да го врати својот престиж, за да не дозволи да се уценуваат граѓаните од нејзино име – реши да го исчисти тоа разбојничко гнездо, уништувајќи ги на самото место фатените разбојници и нивните јатаци, за која цел го прати казнениот одред командуван од војводата Панчо Михајлов-Чавдар“.[476]

Со нападот на Ќустендил, автономистичката ВМРО на Тодор Александров успеала да создаде впечаток дека Земјоделската влада повеќе не била во состојба да ја контролира ситуацијата во земјата, а уште повеќе да го дискредитира нејзиниот меѓународен престиж и да предизвика нејзино паѓање. Акцијата на автономистичките чети на ВМРО била силен морален удар што го поткопал авторитетот на владата на А. Стамболиски, а во исто време значително го зголемил престижот на ВМРО и на Александров сред политичките и военните кругови во Бугарија, а посебно кај автономистичките средини и кај македонските братства во Бугарија. Вооружените акции на автономистичките чети во Неврокоп и Ќустендил, всушност, претставувале „пробна акција“[477]

[476] ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Христо Узунов, Спомени.

[477] Димитър Косев, Септемврийското въстание в 1923 година, София, 1954, 46; Дино Г. Кьосев, Борбите... цит., 123.

за превратот против Земјоделската влада на А. Стамболиски, чии денови веќе биле одброени.

## Мерките на Тодор Александров за зацврстување на ВМРО во Пиринскиот дел на Македонија

Тодор Александров, како лидер на Организацијата, преземал најразлични мерки и активности за зацврстување на организациската дејност, за зајакнување на одговорноста и дисциплината во редовите на ВМРО и за отстранување на негативните појави во Организацијата. Според неговиот секретар Иван Михајлов, Александров сметал дека „борците се создаваат во самата борба", притоа велејќи: „Луѓето се такви, какви што се; вештината е – да ги направиш какви што сакаш... за еден Тодор велеше дека е многу бавен, но храбар; за друг – дека е плашлив, но пргав и снаодлив; на таквите двајца тој им даваше заедничка работа, насочувајќи ги математички".[478]

Во 1922 година ЦК ВМРО изработил Проект за формирање и поддршка на четите, насловен како „Привремени инструкции", и го доставил до „пунктовите за формирање и поддржување на четите" во Пиринскиот дел на Македонија.[479] Во „Привремените инструкции" биле набележани сите поважни задачи околу формирањето на четите, нивната дејност, опремата, паричната издршка, снабдувањето на пунктовите на Организацијата со материјали и односите меѓу четите и пунктовите.

Во главата „Формирање на четите" јасно биле пропишани наредбите:

„1. Не може да се создаде, ниту да влезе во Македонија чета без знаење и без дозвола на ЦК ВМРО, односно на нејзиниот нелегален член – Богдан".[480]

2. Дозволата за поминување на границата се дава за целата чета на име на војводата, со точно наведување на бројот на луѓето, на нивната маршрута, со потпис на членот на ЦК – Богдан, и заверена со печатот на ЦК".

Во главата „Опрема" била определена основната опрема што треба да ја има секој четник на Организацијата:

---

478 ЦДА, Фонд 1933, оп. 3, а.е. 20, л. 1–3. Ив. Михайловъ, „Тодоръ Александровъ".

479 Проектот го изработил секретарот на Т. Александров, Иван Михајлов.

480 Псевдоним на Т. Александров.

- секој нелегален член има право на следниве алишта и опрема: 1. пелерина или шинел, 1 блуза, 1 чифт панталони, 1 шапка, 1 чорапи, 1 чифт мали калци, 1 чифт високи калци (калчуни), 1 кошула, 1 гаќи, 1 ремен, 1 чифт ремчиња за калчуните; 1 пушка, 1 бајонет, 150–200–250–300 патрони, 1 патронташ.
- бомби ѝ се даваат на целата чета; револвер и дурбин му се даваат на војводата; секој може да носи сопствен револвер, кама и др.; чанта со лекови ѝ се дава на целата чета;

Во главата „Парична издршка“ било пропишано: сите суми за заеднички потреби на четата која заминува или која пристигнува, му се даваат на војводата, со расписка. За специјални потреби расписка се дава од одговорниот четник. Во отсуство на војвода, секој четник одделно се отчитува.

Во главата „Односи меѓу четите и пунктовите“ мошне прецизно и детално биле разработени односите меѓу пунктовите началници, војводите и четниците:

- при конфликти од организациски карактер, војводата се жали до ЦК, кога не може да го среди прашањето со пунктовиот началник; од војводата, четниците се жалат првин до пунктовиот началник (кога се работи за мали недоразбирања), а потоа до ЦК; од пунктовиот началник четниците првин се жалат до војводата, а само за големи недоразбирања, ако војводата не може да го реши нивниот конфликт или ако не сака да го стори тоа – директно до ЦК.
- во отсуство на војводата, четниците го слушаат за сè пунктовиот началник, кога немаат специјални наредби од ЦК;
- во својата област, пунктовиот началник има право на контрола на однесувањето на војводите и на четниците и, ако смета дека е нужно, му го соопштува дознаеното на ЦК;
- дисциплински мерки пунктовите началници можат да преземаат против војводи само по наредба на ЦК, а против четници – со согласност на војводата или по наредба на ЦК;
- пунктовите и нивните началници му се потчинети директно на ЦК;
- наредбите на пунктовиот началник, засновани врз наредба на ЦК, безусловно се извршуваат од четниците и од војводите. Наредбите од него (пунктовиот началник) се извршуваат од четниците кои се под команда на присутниот војвода, само со согласност на последниот;

– функциите на ЦК ќе можат да преминат врз други раководни нивоа (војводи во граничните окружни илегални раководни тела итн.) само по изречна наредба на ЦК, односно на неговиот нелегален член Богдан.[481]

Со цел зајакнување на дисциплината во борбените редовите на организацијата, ЦК ВМРО изработил посебна „Таблица за казни" и „Таблица за награди", коишто Тодор Александров на 10 февруари 1923 година со таен циркулар им ги пратил на „раководителите на окрузите на ВМРО во Македонија" за да ги применуваат.

„Таблицата за казни" содржела:

„1. За активните илегални дејци – четници и војводи – можат да се применуваат следниве казни: опомена насамо и пред другарите; вонредно определување часови или друга организациска работа; преместување во друга революционерна околија или округ; разоружување; прогонство надвор од границите на Македонија; и смрт;
2. За легалните дејци: началници на чети, на милиции и раководители се применуваат истите казни како и за илегалните, но може и глоба;
3. Врз горните лица може да се применуваат и другите казни предвидени во Таблицата, но само кога тие ќе станат екстремни престапници: шпиони, разбојници, прогонувачи (потерџии) против Организацијата и јавни развратници или јатаци на такви престапници;
4. Кога првпат ќе се огрешат, највнимателно треба да бидат испитани и за нив да се избира таква казна која нема да ги разочара во организациската работа. Може да се помине дури и само со другарски совет, ако имаат заслуги или ако се многу чесни и надежни;
5. Случајните или несакани грешки не треба да се казнуваат, ако од нив немало многу лоши последици за Организацијата;
6. Ќотек се применува само за оние кои не се разбираат од збор и кои не би можеле да се подобрат со некоја од другите видови казни;
7. Смртна казна се наредува секогаш од суд со пресуда, потврдена од член на ЦК, од раководителите на окрузите или од нивните специјални полномошници. Се дозволуваат исклучоци за докажани: шпиони,

[481] Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Новоиздирени документи за Тодор Александров... цит., 186–188. Објавено и кај Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 129–137.

разбојници и нивни опасни јатаци, и тоа во случај кога престапникот може да избега и да ѝ нанесе нови штети на Организацијата;

8. Протерување надвор од границите на Македонија се применува многу ретко, и тоа главно во Македонија под бугарска власт;
9. Навредливи зборови, пцости и подигрувања апсолутно се отфрлаат.

Началниците никогаш да не заборавaат дека добриот пример, добриот збор и добрите односи кон членовите на Организацијата се задолжителни за сите и секогаш, затоа што тие биле секогаш најсигурните средства како за откривање на извршените грешки и престапи така и за спречувањето на нови.

Тајното циркуларно писмо со „Таблиците за казни“, Александров го завршил со народната поговорка: „Добриот збор железни врати отвора“ (подвлечено во циркуларното писмо, б. м.).[482]

Исто така, во „Таблицата за казни“ на ЦК ВМРО се пропишувале следниве казни:

- шпионство или издавање организациски тајни на противници, се казнува со смрт;
- лично убиство: со умисла, со користољубива или со друга ниска цел – казната е смрт; со умисла, но без користољубива или друга ниска цел, се казнува со ќотек – од 10 до 50 стапа или со глоба од 500 до 50 000 лева, или и двете заедно;
- разбојништво – се казнува со смрт, а ако разбојникот избега или ако се крие повеќе од 10 дена по престапот – му се запалува куќата и семејството му се прогонува надвор од границите на Македонија;
- шверцерство – се казнува со смрт и со конфискување на запленетиот шверц во полза на Организацијата;
- кражба, изнудување, мито и палеж на имоти за лична одмазда, се казнуваат со: ќотек – од 10 до 50 стапа, или со глоба – од 500 до 50 000 лева, или и двете заедно. Ограбеното му се враќа на стопанот. Земениот поткуп се конфискува во полза на Организацијата. Штетите од пожарот се наплаќаат од престапникот;
- за неплаќање – казната е смрт или прогонување надвор од границите на Македонија;

482 ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 63, l. 33–40. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 145–149.

- јавен разврат: ако е: со обесчестување – се казнува со смрт; без обесчестување, со ќотек – од 10 до 50 стапа и со глоба – од 500 до 50 000 лева, а може и прогонство надвор од Македонија;
- прогонувачи и уништувачи на Организацијата: со оружје в рака против луѓе на Организацијата, се казнува со смрт; со пропаганда за расцепување и со заемни борби, се казнува со смрт или со ќотек – од 10 до 50 стапа или со глоба – од 500 до 50 000 лева, или прогонство надвор од границите на Македонија;
- злоупотребување на организациски суми, оружје, муниција и др. материјали, се казнуваат со ќотек – од 10 до 50 стапа, глоба од 500 до 50 000 лева, плаќање на предизвиканите штети на Организацијата, а може и прогонство надвор од границите на Македонија;
- заспивање како стражар се казнува со наредба за вонредна стражарска служба од 1 до 3 пати или со одземање на оружјето, со прогонство надвор од границите на Македонија или без тоа, но ако поради тоа заспивање следувале човечки или големи материјални жртви за Организацијата, казната е смрт;
- неисполнување или прекршување на организациските наредби: казната е ќотек од 10 до 50 стапа или глоба од 500 до 25 000 лева или и двете казни заедно; а кога овој престап предизвикал човечки или големи материјални жртви за Организацијата, казната е смрт; ако месните четници и милиционери не се јават при нивното повикување од месното или од околиското раководно тело за организациска работа, казната е ќотек од 3 до 10 стапа или глоба од 500 до 5 000 лева;
- несовесност во извршувањето на доверената организациска работа: се казнуваат со: опомена насамо или јавно, или глоба од 500 до 5 000 лева, или ќотек од 3 до 25 стапа, или наложување вонредно часови или работа од 1 до 3 пати или разоружување или конфискување на оружјето со глоба од 500 до 5 000 лева;
- трошење непотребни пари по свадби, свршувачки, имендени, за носење скапи свилени алишта и од др. европски штофови кои се 5 и повеќе пати поскапи од локалните костуми, или средни расходи за свадби, свршувачки итн., се казнуваат со глоба од 500 до 25 000 лева;
- проширување на невистинити и вознемирувачки гласови со лоши последици за Организацијата или за населението, се казнуваат со: ќотек од 3 до 25 стапа или со глоба од 500 до 50 000 лева или и двете казни заедно;

- доведување мома: без нејзина согласност, се казнува со ќотек од 10 до 50 стапа, или со глоба од 500 до 50 000 лева;
- пијанство, придружено со тепање, пцуење, навредливи зборови, се казнува со ќотек од 3 до 50 стапа или со глоба од 500 до 5 000 лева;
- стрелба, но безопасна, се казнува со конфискување на оружјето и со глоба или со ќотек, или со одземање на оружјето, ако е организациско.

Смртната казна може да се замени со друга, полесна, само ако осуденото лице заслужува и влева доверба и ако се нафати, со ризик па својот живот, да изврши, во определен рок, некоја акција од голема полза за делото или во заштита на поробеното население.

Во „Таблицата за наградите и за помошта кои им се даваат на заслужни организациски работници и истомисленици на ослободителното дело“ на ЦК ВМРО биле пропишани следниве награди:

- оние кои ќе фатат или ќе елиминираат шпиони, разбојници, шверцери и потерџии, со ризик па својот живот, се наградуваат со: пофалба – јавна или со циркулар, подарок: оружје, бинокл, часовник или друга вредна работа, ако има такви, добиени од фатениот или од убиениот престапник;
- оние кои ќе фатат или ќе елиминираат водачи на: разбојници, шверцери или на потерџии, или група од тројца и повеќе нивни помошници, или пак ќе фатат или ќе елиминираат такви злосторници кои им наштетуваат на цели окрузи, се наградуваат со: пофалба со циркулар од име на ЦК ВМРО; подарок: организациски револвер, бинокл, часовник или сума дадена лично нему или на неговото семејство; одмор: од 1 до 3 месеци;
- оние кои ќе фатат или ќе елиминираат пакосници на целото македонско население, посочени како такви од членови на ЦК или од нивни помошници, се наградуваат со: пофалба: со специјален циркулар од ЦК и со лична благодарница; специјален подарок, определен од ЦК: оружје, бинокл, часовник или поголема сума; одмор, ако сака – од 1 до 3 месеци;
- на инвалидите – привремена лична издршка, лекување и нивно назначување на служба или на работа преку која ќе можат да си обезбедуваат егзистенција;
- на семејствата на убиените – привремена парична помош, потпомагање со орање, со посејување на нивните полски имоти и со нивно прибирање, потпомагање со храна во натура, изградба на куќички од населението во местото каде што живеат;

– оние кои ќе ѝ подарат на Организацијата покрупни суми или материјали потребни за револуционерната работа, се наградуваат со: пофалба и специјална лична благодарница од ЦК; јавна благодарност преку печатот; и специјални организациски значки;
– оние кои ќе го придобијат јавното мислење на некоја од големите држави во полза на каузата на робот, се наградуваат со: јавна благодарност преку печатот и лична благодарница или значка од ЦК.[483]

Според наредбата на ЦК ВМРО од 31 октомври 1923 година, биле излеани 2 000 значки и 2 000 кокарди со црвено емајлирано знаме, наменети да се даваат за заслуги кон ВМРО според посебен правилник. Старите значки без црвено емајлирано знаме им се давале на „најдобрите дејци и симпатизери на ВМРО во европските држави и во Америка и на оние кои ќе соберат и ќе внесат во касата на Организацијата сума повисока од 500 лева златни“.[484]

На смртните пресуди издадени од ЦК ВМРО обично им претходело едно „предупредително писмо“, а секоја пресуда за казнување или убивање ја донесувал и потпишувал лично Тодор Александров. Според пишувањето на „Тајмс“ од 4 јануари 1924 година, потпишувањето смртна пресуда од страна на Т. Александров „било сигнал за ставање во дејство на цела една машинерија“ додека заповедта не била извршена. Според изјавата на Александров за истиот весник, ЦК ВМРО употребувал три вида казнување: казна од 500 до 100 000 лева, тепање од 23 до 50 „тојаги“ и смртна пресуда за шпионите, разбојниците и проститутките.[485]

Заради отстранување на негативните појави во редовите на четничките групи и зацврстување на дисциплината, Тодор Александров во името на ЦК ВМРО, со циркуларно писмо од 16 јули 1922 година, пратено до „нелегалните групи во Македонија“, ги повикал војводите да ги научат своите четници на ред и на дисциплина, да бараат од нив да ги почитуваат правилата на однесување и „да не прават ништо со што се убива духот кај населението“, а непослушните четници да се казнуваат со забелешка насамо, опоменување пред сите другари и, на крајот, со одземање на оружјето и со праќање зад граница.[486]

483 Исто, 149–159.

484 ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 63, л. 61. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија… цит., 227–229.

485 В. „Независима Македония“, 12–18 I 1924, 3, 2. „При Тодоръ Александровъ. Задачитъ на Македонската революционна организация“. Објавено кај Тодор Александров – Живот легенда... цит., 80–91.

486 ЦДА, Ф. 1932, оп. 3, а. е. 63, л. 5. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 85–87.

За да има увид во приходите на касата на Организацијата, ЦК ВМРО, со потпис на Т. Александров, со циркуларно писмо од 17 јули 1922 година ги задолжил „раководителите на окрузите и околиските војводи во Македонија“ да ги достават следниве информации:

- дали определиле данок во градот и во селата на револуционерните околии што им се доверени;
- ако определиле – да означат на кое населено место по колку данок вкупно е определен, колку е собран досега, колку не е и до кога сметаат дека ќе може тој да се собере;
- ако не определиле уште, да јават поради кои причини и кога мислат дека ќе може да го сторат тоа;
- колку од собраниот данок и преку кое лице е внесуван во касата на Организацијата и во кои места е оставен привремено на чување; и
- какви суми се дојдени во околиската каса од други непредвидени приходи.[487]

Со цел да се „обезбедат животот, имотот и честа на своите членови“ во Пиринскиот дел на Македонија, како и да ја подобри нивната „материјална состојба и да ги заштити од лоши обичаи и огромни трошоци“, ЦК ВМРО со циркуларно писмо од 25 август 1922 година, со потпис на Т. Александров, им препорачал на околиските раководни тела да ги издадат следниве наредби, со коишто да се забранат:

- насила земање девојки, како и натрапување девојка за жена, од кого и да е, на момче кое не ја љуби и не ја сака. Женидбите да се прават само ако девојката и момчето се сакаат еден со друг, или ако доброволно се согласат да се земат;
- пијанството;
- беспричинското стрелање со револвери, со бојни пушки и со експлозивни бомби и сл.;
- носење златен накит и правење облека, како фустани од европски ткаенини; претерани трошоци и големите скапи дарови при крштавка, при голема свршувачка, сватовство, свадба и смртен случај (погреб), придружени, честопати, со пијанство и со скандали;

[487] ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 63, л. 6. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919-1924… цит., 69–71.

– височината на трошоците за пијачка, за гоштавките, за даровите и за облеката ги определува раководното тело според имотната состојба на домаќините.

За оние кои нема да ги извршуваат наредбите, во писмото ЦК ВМРО препорачувал да се казнуваат: првиот пат со ќотек 3–25 стапа, со глоба во полза на локалната каса – 100–2 000 лева, одземање на оружјето со кое е стрелано и др., а за секој следен пат, казната се определува во согласност со околиското раководно тело или со околиската чета.[488]

За доследно извршување на наредбите на раководството на ВМРО, Тодор Александров, во името на ЦК ВМРО, на 20 декември 1922 година упатил циркуларно писмо до „пунктовите началници, до раководителите на окрузите и до околиските војводи во Пиринскиот дел на Македонија". Во писмото тој ги повикал „за последен пат да ја извршуваат најстрого" следнава наредба: „Никој не може да праќа во Македонија одделни лица или групи без претходно одобрение од некој од членовите на ЦК или од некој раководител на округ само за во округот". Во циркуларното писмо, строго биле пропишани трошењето на средствата на Организацијата, неопходното снабдување на четниците со алишта и оружје, непотребното трошење луксузни работи, за што Александров во писмото ги предупредил: „Сите да ја штедиме народната пара!"

Во циркуларното писмо, издршката на војводите и на четниците кога доаѓале на одмор, на семејствата на војводите, на ранетите и болни четници и на нивните семејства, како и определувањето на времетраењето на одмор на војводите и на четниците, биле определени на следниов начин:

– на оние кои престојуваат внатре 4–6 месеци – 300–500 лева; на оние кои биле непрекинато 8 – 12 месеци – 600–1 200 лева; и на војводи и на болни – 50% повеќе;
– на војводите им се дава одмор најмногу до 2–3 месеци годишно: на заслужни четници кои се крајно неопходни за водачи 1–2 месеци, а на оние кои се откажуваат во иднина да влегуваат внатре – 45 дена;
– на семејствата на војводи, кои работат внатре и имаат потреба од помош и издршка, им се даваат помош во износи: на семејства на околиски војводи со 1 000–1 200 лева месечно; на семејствата на реонски војводи – 800–1 000 лева месечно; и на семејствата на крајно неопходните четници – 600–800 лева;

488 ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 63, л. 11, 12, 13. Објавено кај Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 77–79.

- издршката можела да се зголеми за 20–25% во места каде што животот бил многу поскап, но со дозвола на ЦК ВМРО. А при поскапување на животот, се предвидувала вонредна помош во износ од 50–150% од месечната издршка на крајот од есента – за набавка на зимница и пред Божик и пред Велигден.

Во критериумите на издршката се предвидувало и: кога мажот на издржуваното семејство ќе остане зад границата повеќе од 3 месеци, на семејството му се дава 50% од определената помош, додека лицето пак да влезе да работи во Македонија. Таква половна помош може да се дава само 2–3 месеци, по што се прекинува ако лицето не влезе внатре. Исклучок од двата случаја се прави само за војводите службено пратени зад граница или задоцнети за лекување.[489]

За засилување на вооружените акции на четите на Серскиот, Солунскиот и Струмичкиот революционерен округ, раководството на Петричкиот округ, Александар Василев и Георги Атанасов, во декември 1922 година решило:

- во Егејскиот дел на Македонија „да се продолжи и да се засили испраќањето на летечките одреди постојано, со задача подолго време да се задржат внатре, да го поддржат духот на населението и да ја пропагираат идејата за автономен режим на Македонија“ и да се „истребуваат шпиони и измачувачи на населението и да се преземаат атентати кои ќе ги засегаат интересите на нивните поданици“;
- во Вардарскиот дел на Македонија „четите да ја продолжат својата досегашна одлична дејност, зголемувајќи ја атентаторската во поголеми размери – по можност подлабоко во Македонија: Тиквешко, Гевгелиско и Воденско – српско – грчката граница“.

Покрај тоа, било донесено решение членовите на ВМРО во Пиринскиот дел на Македонија да се делат на: „а) дејствителни (активни) – кои се постојано на организациска работа како илегални или легални; б) помошни – кои се повикуваат повремено на организациски работи; и в) симпатизери – кои доброволно, кога сакаат, им помагаат на организациските работници“.[490]

За ставање ред во пограничните реони на Бугарија кон Кралството на СХС, односно кон границата со Вардарскиот дел на Македонија, Тодор Александров, од името на ЦК ВМРО, на 14 март 1923 година пратил циркуларно

[489] Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Непубликувани документи за дейността ...цит., 213–214. Објавено и кај Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 117–121.

[490] ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 179, л. 5–8. Објавено кај Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 105–115.

писмо до „раководителите на пограничните револуционерни окрузи во Македонија“. Во писмото Александров им укажал на појавите што биле забележани „во пограничната зона на Царството Бугарија со Македонија“, какви што биле: разбојништвото, шверцот, изнудувањата итн. и дека таму си создале база познати злосторници, „непријатели на македонската слобода, за уништување или за ослабување на ВМРО“. Предизвикан од зголемувањето на теророт „над измаченото борбено население во Македонија“ од страна на српските власти, со што се „отежнувала работата на Организацијата“, ЦК ВМРО, односно Александров, решил:

„Да се создаде во таа зона тајна организација – помошна на ВМРО“ – со следниве задачи:

- да ја потпомага морално и материјално ВМРО;
- да ги отстранува сите пречки за успехот на Организацијата, и тоа: со уништување на разбојништвото, на шпионажата и на шверцот; со казнување на крадците, на изнудувачите и на чиновниците – поткупувачи и зулумџии и др.;
- да ги пречекува и да им помага за наоѓање работа на качаци и на бегалци од Македонија под српско и под грчко ропство кои се вратиле на одмор или за работа, како и да им помага на оние од нив кои сакаат да се вратат во своите родни места;
- да ги ублажи партиските борби таму до степен да не бидат штетни за каузата на обесправениот;
- да создаде милиции, главно за засилување на обезбедувањето на селата и на границата против напади од крадци, од шверцери, од туѓи и од наши разбојнички банди и др.

На крајот од циркуларното писмо, Тодор Александров на раководителите на пограничните револуционерни окрузи на Организацијата им укажал дека: „Помошната Организација во таа област, како и ВМРО, е самостојна и непартиска. Таа не се меша во внатрешните работи на Царството Бугарија, ниту застанува на нечија страна во тамошните партиски борби. Меѓутоа, ако биде засегната или предизвикана од личности или од групи, без разлика какви убедувања имаат тие, помошната Организација ќе се пресмета лично со нив, во согласност со наредбите“.[491]

---

[491] ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 63, л. 42–46. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 167–169.

Против појавите за нарушување на дисциплината, Тодор Александров, од името на ЦК ВМРО, на 27 март 1923 година, пратил „тајно" циркуларно писмо до „раководителите на округот, околиските раководни тела и околиските војводи во Македонија под бугарска власт", во кое ги навел следните поплаки што пристигнале од одделни нелегални групи, војводи и четници:

- дека останувале со недели и со месеци по градовите и станале голем товар за населението;
- дека не бендисувале домашен леб или храна каква што им носат домаќините или десетарите, туку настојувале да им се купува бел леб од фурна или да им се готват кокошки, прасиња, разни слатки, баклави и сл.;
- дека некои од нив ги принудувале своите домаќини ноќно време да им купуваат алкохолни пијачки, кашкавал итн.;
- дека некои си ставале, за сметка на ВМРО, златни заби за илјадници левови;
- дека многумина грубо се однесувале кон населението, тепале без причина невини луѓе, решавале приватни спорови и дела, земале меници и вршеле своеволија и лудости.

Бидејќи со ваквите појави се компромитирале „името и угледот на Организацијата и населението се разочарува во неа", Александров ги повикал, во согласност со Правилникот и наредбите на ВМРО, „мошне внимателно да ги извршите следниве наредби":

1. Околиските чети се потчинети: во борбен однос, преку раководителите на округот, на ЦК ВМРО, а во однос на другата организациска работа – на околиските раководни тела;
2. Околиските чети треба редовно да ги обиколуваат околиите, за да го бодрат духот кај населението, да внимаваат каналите да бидат исправни, да внимаваат да се извршуваат наредбите на Организацијата, да прогонуваат разбојници и секакви непријатели на Организацијата итн. итн., а не да се задржуваат по цели недели и месеци на едно место каде што е попријатно;
3. Околиските чети можат да престојуваат во градовите по 3–5 дена во 3–4 месеци еднаш и да се задоволуваат со храната што ќе им ја дадат гостопримливите домаќини според своите можности, или каква што ќе нареди десетарот. Ако таа не е доволно хранлива, како додаток

може да се купи нешто со пари од касата, а не да се бараат слатки, кашкавал, баклави и други слични деликатеси. Алкохолни пијачки нелегалните можат да употребуваат умерено, само ако домаќините им понудат сами;

4. На војводи и четници кои дошле на одмор во Македонија под српско и под грчко ропство, им се даваат внатре пари за храна и за др. за време на нивниот одмор или, по наредба на војводата, се пренесуваат храни (во натура) до некое погранично село каде што се оставаат да почиваат одделни четници и групи од нив;
5. Им се забранува на војводи и на четници да собираат „даноци“ од населението, од името на ВМРО, за да си купуваат скапи гамаши и какви и да било други, дури и потребни, алишта: сѐ што им е неопходно, им се набавува со пари од касата на Организацијата;
6. Им се забранува на војводи и на четници да си прават златни заби за сметка на Организацијата. Нелегалните кои имаат болни заби можат да ги лекуваат за сметка на Организацијата само на најевтини начини;
7. Им се забранува на војводи и на четници да решаваат приватни спорови и дела;
8. На војводи и четници им се препорачуваат другарски примерни односи еден кон друг и добри, братски односи кон селаните. Се забрануваат: а) пцости, б) лоши зборови и епитети, в) тепања без мотивирано решение донесено со учество на месното раководно тело, г) убиства без надлежна смртна пресуда, освен во случаите предвидени во Правилникот.[492]

Со цел да се зачува „високиот углед кој ВМРО си го извојува со толку многу напори и жртви, за да може да ја постигне својата крајна цел – независноста на Македонија, како и да се создаде единство во нејзините редови и цврста, строга дисциплина“, Тодор Александров, во името на ЦК ВМРО, со „тајно“ циркуларно писмо од 14 ноември 1923 година, пратено до „раководителите на окрузите, околиските војводи во Македонија и до задграничните претставници и месни началници зад границата“, им укажал на „строго извршување на организациските наредби од Правилникот на Организацијата“, од страна на сите членови и симпатизери на ВМРО. Изнесувајќи го фактот дека ВМРО многу се

[492] ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 63, л. 48–50. Објавено кај Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 179–183.

засилила и си создала „добро име, углед и влијание“ не само кај населението во „борбена Македонија“ и кај другите незадоволни народности во Југославија и Грција туку и кај општественото мислење во Европа и Америка, Александров во тајното циркуларно писмо укажал дека е „неопходно да се зачува тој висок углед, којшто ВМРО си го извојува со толку многу усилби и жртви, за да може да ја постигне својата крајна цел – независноста на Македонија“.

Притоа, тој во тајното циркуларно писмо со „тага“ истакнал дека „некои нелегални дејци и бегалци – поранешни легални членови на Организацијата – вршат непристојни дела зад границата, како: пијанство, разврат – јавен и со насилство, расипништво, носат големи коси и бради, носат оружје и беснеат со него, некои, пак, се оддаваат на искушение и се ставаат во услуга на лични интереси и користи, со што го компромитирале доброто име на сите дејци, како и угледот на ВМРО, па му штетат, на тој начин, на ослободителното дело“. За да се стави крај на „тие штетни дејства“, Александров во тајното циркуларно писмо ги повикал сите раководителите на Организацијата во Пиринскиот дел на Македонија „строго“ да ги извршуваат следниве наредби:

- раководителите на окрузите и околиските војводи да им даваат поуки на четниците и на легалните членови кои заминуваат зад границата;
- месните началници и сите членови и симпатизери на ВМРО да следат и за тоа да ги известуваат задграничните претставници, раководителите на окрузите и Централниот комитет;
- на активните и заслужни четници кои заминале зад границата на одмор, ако се појави потреба, да останат повеќе од 1–2 месеца таму, да им се наоѓа соодветна работа, зашто безработицата ги тера луѓето на грешки и на престапи, а од друга страна, на тој начин ќе се заштедат не малку организациски средства за полезни цели;
- клеветниците, т.е. оние кои му припишуваат некому измислени грешки, ќе се казнуваат строго.

Укажувајќи на сите овие пропусти и давајќи насоки за нивно надминување и извршување на неопходните директиви, Александров окружното писмо го завршил со следниов апел: „Распарчената и поробена татковина бара од своите чеда чесност, верност и себеоткажување“.[493]

---

493 ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 63, л. 68–69. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 239–243.

Живеејќи како вистински аскет, посветен само на Организацијата и на македонското дело, Тодор Александров покрај укажувањето на пропустите и слабостите кај четниците и кај нивните војводи, подеднакво се однесувал и кон своите најблиски соработници. Така, во едно писмо од 26 ноември 1923 година до својот секретар во претставништвото на Организацијата, Иван Михајлов, отворено му укажал на неговата „расеаност“ како причина за ненавремено завршување на организациските работи, да стави „ред во расходите и да се штеди народната пара“, да не се шета често со автомобили и со пајтони по софиските локали и да не ги остава незавршени најважните работи. На крајот од писмото му укажал: „Да обрнуваш поголемо внимание на јавното мислење и да го сообразиш својот живот со позицијата што ја заземаш во ВМРО – секретар на Привременото задгранично претставништво. Сето тоа е неопходно: а) за интересите на ВМРО и на борбена Македонија; и б) за тебе лично да го зачуваш своето добро име кое си го стекнал со големите заслуги што ѝ ги даде на Македонската организација во многу тешки денови, кои продолжуваш да ги даваш и сега“.[494]

А за скромноста на Тодор Александров говори едно писмо до војводата Панчо Михајлов-Чавдар, коешто српските власти го заплениле заедно со неговата архива по битките кај селата Саса, Поникваи Тодоровци во јули 1924 година. Во писмото, откако го критикувал П. Михајлов дека злоупотребувал со организациски пари, дека живеел раскошен живот во голема куќа со скапа кирија од 800–900 лева, со слугинка, којашто ја плаќал 400 лева месечно и сл., Александров му напишал: „Јас живеам во мала куќичка во соби со ниски тавани, плаќам 100 лева и во куќата немам никаков мебел, 1–2 маси, едноставно дрвени, и неколку столчиња, 2 железни кревета, коишто моите сестри-учителки, додека беа во Цариброд (1911–1912), ми ги набавија и што мојата сопругата ми донесе од Солун неколку стари меки столчиња, гардероба, мијалник, огледало и др. Во случај ако доаѓаш во Софија, намини и увери се за овие мои наводи“. А на крајот од писмото му укажал: „Според моето мислење, народниот борец треба да живее со еден скромен и примерен, во секој поглед, живот... Сепак, сметам дека е подобро и за тебе и за заедничкото дело, да живееш скромно... Запомни, ние не си припаѓаме само себеси!“[495]

---

[494] 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев...цит.,457–459. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 559–561.

[495] ДАРМ, Фонд Кралско посланство во Лондон, к. XXXVII/17, бр. 269, 1–2. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 761–763.

## Односот на Тодор Александров кон Земјоделската влада на Александар Стамболиски

Зацврстувајќи ги своите позиции во Пиринскиот дел на Македонија, ВМРО на Тодор Александров својата главна политичка акција ја насочила против политиката на Земјоделската влада, која биле против комитските акции на ВМРО. Раководството на ВМРО настојувало со сите средства да ги спречи политичките и дипломатските мерки на А. Стамболиски за зближување со Кралството на СХС. Политичката активност на ВМРО особено била насочена против Земјоделската влада на А. Стамболиски, која била единствена влада во историјата на Бугарија што официјално не го поддржувала и помагала македонското револуционерно движење и неговите раководни тела. Владата на А. Стамболиски се одликувала со изразит антимонархизам и политички радикализам, а како што истакнал Георги Димитров, А. Стамболиски направил прв сериозен обид да ги промени внатрешната и надворешната политика на Бугарија.[496]



АЛЕКСАНДАР СТАМБОЛИСКИ

Кога А. Стамболиски дошол за претседател на владата, Бугарија имала несредени односи со сите балкански земји. Во настојувањето да ја зајакне меѓународната положба на својата земја, прв природен сојузник тој гледал во новоформираното Кралство на СХС, обидувајќи се да постигне траен договор „за спас на балканските народи“, како што тој самиот изјавил.[497] Зближувањето со својот прв сосед било мотивирано и со желбата да ја пробие надворешната политичка изолација на Бугарија веднаш по Првата светска војна, како и да обезбеди евентуална поддршка за добивање територијален излез на Бугарија на Егејското Море.[498]

Сериозна пречка во настојувањето на А. Стамболиски за зближување со Кралството на СХС претставувала неговата политика спрема македонското

496 Димитар Митрев, Пиринска Македонија... цит., 150.

497 Никола Д. Петков, Александар Стамболийски... цит., 62.

498 Д-р Живко Аврамовски, Некои аспекти... цит., 78; Јоно Митев, Фашисткият преврат... цит., 60–61.


НИКОЛА ПАШИЌ

прашање, а посебно спрема вооружените акции што ги преземала ВМРО на територијата на Вардарскиот дел на Македонија. За да ја покаже својата готовност за соработка и зближување со Кралството на СХС, тој изјавил дека Бугарија нема претензии спрема Македонија и ветил дека ќе преземе мерки за спречување на терористичките акции на комитските чети на Тодор Александров.[499]

За да ја увери владата на Кралството на СХС во своите сериозни намери за зближување со неа и за постигнување спогодба за спречување на вооружените акции на четите на ВМРО во Вардарскиот дел на Македонија, А. Стамболиски во ноември 1922 година го посетил Белград, каде што разговарал со претседателот на владата Никола Пашиќ и со кралот Александар. Според известувањето на белградскиот печат, А. Стамболиски, меѓу другото, изјавил дека бугарската влада и целиот Земјоделски сојуз сметаат дека „Македонија не е бугарска".[500] Признавајќи дека „автономистите" на Тодор Александров се поголема опасност за Бугарија отколку за Кралството на СХС, тој рекол: „Фатете ги и сте го решиле прашањето... Ние не ја сакаме Македонија... Земете ги Македонците, кои ни дојдоа до гуша.[501] Притоа, тој се пожалил дека бугарската војска е разоружена и дека „никој во таква положба не може толку лесно да владее со Македонците".[502]

Изјавите на А. Стамболиски предизвикале вознемиреност во редовите на бугарските политички и буржоаски средини и кај раководството на ВМРО. Неговите изјави во Белград, бугарскиот печат ги прикажал како „сензационални", припишувајќи му дека наводно рекол: „Македонците се една бунтовничка раса, дека тие се едно зло и за Бугарија и за Србија и дека тој ќе ги натовари во вагони и ќе им ги испрати на Србите".[503] Преговорите во Белград завршиле со форми-

499 Д-р Десанка Тодоровић, Југославија... цит., 185; Д-р Живко Аврамовски, Некои аспекти... цит., 78–79.

500 Ѓорѓе Василиевиќ, Хронологија... цит., 175–176.

501 Костадин Палешутски, Македонският въпрос... цит., 127–128.

502 Д-р Десанка Тодоровић, Југославија... цит., 185.

503 Димо Казасов, Бурни години... цит., 114; Иванъ Михайловъ, Спомени II... цит., 280.

рање комбинирана југословенско-бугарска комисија, која требало да изработи протокол за обезбедување на граничниот појас од преминувањето на комитските чети на ВМРО и нивните акции во Вардарскиот дел на Македонија.[504]

Надворешната политичка ориентација на А. Стамболиски за зближување со Кралството на СХС наидувала на жестоко спротивставување не само од воените, буржоаските и монархистичките кругови на Бугарија, туку и од страна на раководството на ВМРО. Незадоволството кај раководството на ВМРО особено се зголемило по преговорите што ги водел А. Стамболиски во Белград и со постигнатата југословенско-бугарска соработка. Софискиот буржоаски печат и органите на Извршниот комитет на македонските братства отворено го критикувале и го напаѓале А. Стамболиски, пишувајќи дека соработката со Белград значела откажување од Македонија и спроведување на великосрпските идеи на Никола Пашиќ.[505]

Конфликтот на ВМРО со Земјоделската влада на А. Стамболиски вешто го искористила бугарската буржоазија. Таа успеала да натури уверување кај раководството на ВМРО дека соборувањето на владата на А. Стамболиски е неизбежен услов за слободниот понатамошен развиток на македонското движење и за поорганизирана подготовка на вооружената борба за ослободување на Македонија.[506] На таков начин, бугарската буржоазија уште поцврсто ја привлекла кон себе автономистичката ВМРО, со цел да ги искористи нејзините вооружени сили за соборување на Земјоделската влада.

Во 1921 и 1922 година, Воената лига, во соработка со раководството на ВМРО, на двапати подготвувала преврат за соборување на Земјоделската влада на А. Стамболиски. Но, по сугестија на царот Борис дека сè уште не е момент за насилното преземање на власта, членот на ЦК ВМРО и резервен генерал на бугарската влада, А. Протогеров, се откажал од превратот.[507]

Против политиката на Земјоделската влада Тодор Александров реагирал уште на 2 април 1922 година, во писмото на ЦК ВМРО до „претседателите на сите културни и професионални националистички здруженија во царството Бугарија". Во писмото, во кое ги известил дека ВМРО веднаш по Првата светска војна решила како „свое право и должност да му се помогне на маке-

---

504 Ѓорѓе Василиевиќ, Хронологија... цит., 176; Милан Куманов, Нишката спогодба от 1923 година, „Векове", кн. 5, София, 1972, 39–40.

505 Д-р Десанка Тодоровић, Југославија... цит., 105 и 185.

506 Георги Димитров, Съчинених, Том VIII, София, 1954, 152.

507 Јоно Митев, Фашисткият преврат... цит., 117–118.

донското население останато под ропство на Србите и Грците“, тој ги уверувал дека ВМРО, „иако за своја директна задача ја има борбата за извојување на слободата на Македонија“, не можела да гледа со симпатии на Земјоделската влада која работела за „уништување на ВМРО во Бугарија и против слободата на поробена Македонија“.[508]

Од своја страна, и А. Стамболиски создал своја сопствена армија, т.н. „портокалова гвардија“ за обезоружување на автономистичките чети и поддржување на федералистичките чети во борбата против четите на автономистичката ВМРО на Тодор Александров во Пиринскиот дел на Македонија. Против доаѓањето на новата паравоена војска на А. Стамболиски во Пиринскиот дел на Македонија, Серскиот революционерен комитет, со циркуларно писмо од декември 1922 година, адресирано до „Новодојдените војски во Македонија под бугарска власт – Петрички округ“, реагирал остро до нив, именувајќи ги во писмото со „Браќа војници, офицери и подофицери“. Во писмото, Серскиот революционерен округ ги предупредил бугарските воени лица дека биле пратени од власта за да ги измачуваат нивните „браќа Македонци“ и да ја уништуваат „неуништливата и света за сите Македонци нивна закрилница, **НАРОДНАТА ВНАТРЕШНА МАКЕДОНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА“** (со големи и болдирани букви во писмото, б. м.). Заколнувајќи се во писмото дека ВМРО во Петричкиот округ нема да посегне против нив, Организацијата побарала и од бугарската паравоена војска да не ги извршува наредбите на власта во „измачувањето, малтретирањето и убивањето на невиното македонско население и неговата Организација“. На крајот од писмото, Серскиот революционерен округ им препорачал секој да се упати на своето место: „**Вие за Стара Бугарија** (болдирано во писмото, б. м.), во касарните или во вашите домови, а ние – да ѝ се предадеме целосно на светата борба за ослободување на нашиот брат, којшто стенка под грчко и српско ропство“, завршувајќи со апелот: „**ДА ЖИВЕЕ НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА**“ (со големи болдирани букви во писмото, б. м.).[509]

Незадоволството на раководството на ВМРО од политиката на А. Стамболиски за зближување со Кралството на СХС и за спречување на комитската активност во Вардарскиот дел на Македонија, прераснало во отворени физич-

---

508 ЦДА, Фонд 367, оп. 1, е.е. 669, л. 1–5; Фонд 1932, оп. 3, а.е. 80, л. 1–2; Објавено кај Крстю Гергинов, Цочо Билярски, Из архивното наследство на Тодор Александров... цит., 231 – 234; Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919-1924… цит., 55–63.

509 БИА–НБКМ, Фонд 656, а.е. 8, л. 8.

ки напади и убиства и на одделни раководители на Земјоделската партија, што значително влијаело врз нарушувањето на политичкиот живот на Бугарија.

Прв на удар бил Александар Димитров, министер за внатрешни работи и на војската, еден од најблиските соработници на А. Стамболиски.[510] Во спроведувањето на политиката на Земјоделската влада, на А. Димитров, како министер за внатрешни работи, му била доделена и задачата да ја парализира и осуети секоја акција на ВМРО. Во мај 1921 година, А. Димитров остварил први контакти со претседателот на владата на Кралството на СХС, Никола Пашиќ, за постигнување поблиски пријателски односи меѓу двете земји. Според двајцата државници, прекинувањето на комитските вооружени акции на ВМРО било „единствена солуција за постојан мир“ во Македонија, донесувајќи, притоа, заеднички став дека комитските акции претставувале единствено „јаболко на раздорот“ меѓу двете соседни земји.[511] Според извештајот на чехословачката амбасада во Белград до Министерството за надворешни работи во Прага, од 10 јуни 1921 година, А. Димитров во разговорот со Н. Пашиќ го уверувал дека бугарската влада „цврсто решила да го забрани македонското движење во Бугарија“.[512]

Веднаш по враќањето на А. Димитров во Софија, бугарската влада презела поенергични мерки за оневозможување на комитските акции и најавила интернирање на сите жители околу границата за кои ќе се утврди дека ги помагале акциите на ВМРО.[513] Покрај тоа, Земјоделската влада подготвила законски проект против организирањето комитски чети, со кој се пропишувале остри казни за лицата кои работат против безбедноста на другите држави и го загрозуваат мирот во земјата.[514]

За да ги оневозможат ветувањата на А. Стамболиски и на А. Димитров, Тодор Александров пристапил и кон нивно физичко ликвидирање. Во септември 1920 година, Александров на А. Димитров му пратил застрашувачко писмо насловено како „Прво предупредување“, во кое, поради мерките што ги презел против автономистичките чети и поради формирањето федералистички чети

---

510 Коста Тодоров, Стамболијски, Београд, 1937, 135–138; А. Аврамовъ, Истината по голямитѣ въпроси, Шуменъ, 1937, 24; Къню Кожухаров, Александър Стамболийски... цит., 116.

511 Христо Андонов Полјански, Ѓорче Петров и проблемот на неговото убиство, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот – Скопје, кн. 8/34), Скопје, 1982, 23.

512 Чехословашки извори за българската история. том I, БАН, София, 1985, 118–121.

513 Ѓорѓе Василиевиќ, Хронологија... цит., 163.

514 Ѓорѓе Василиевиќ, Хронологија... цит., 172; Д-р Десанка Тодоровић, Југославија... цит., 114; Христо Андонов Полјански, Ѓорче Петров... цит., 23.



АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ

и нивното праќање во Вардарскиот дел на Македонија, му се заканил дека „бездруго ќе си ја скрши главата“.[515]

За ликвидирање на А. Димитров, Тодор Александров ги ангажирал војводите Панчо Михајлов-Чавдар и Иван Јанев-Брло, кои на 21 октомври 1921 година го убиле во заседа на патот за своето родно село Козница.[516] Убиството на А. Димитров од страна на италијанскиот претставник во Софија било коментирано како „жртва на одмаздата на комитите“, односно дека А. Димитров паднал како жртва на неговата „неспоива“ функција, министер на владата која била наклонета кон пријателски односи со Кралството на СХС, и на неговиот однос како „пријател на Македонците“.[517]

Со убиството на А. Димитров, на Земјоделската влада и на самиот претседател А. Стамболиски им бил нанесен голем удар.[518] Неговото убиство, меѓу другото, имало за цел да се подготви терен за соборување на владата на А. Стамболиски и за негово физичко ликвидирање.[519]

Тодор Александров продолжил и натаму да праќа „предупредувачки писма“[520] и да подготвува атентати на земјоделските раководители. Во средината на декември 1922 година бил извршен атентат и над Рајко Даскалов, кој го заменил А. Димитров на местото министер за внатрешни работи,[521] затоа што не презел мерки за распуштање на федералистичките чети. Според „политичкиот извештај“ на чехословачкиот амбасадор во Софија, Бохдан Павлу, до Минис-

515 Правителството на Стамболийски... цит., 109–111; Иванъ Михайловъ, Спомени II... цит., 199–201.

516 За убиството на А. Димитров види повеќе кај Славе Ивановъ, Тодоръ Александровъ... цит., 29–32.

517 ДАРМ, Фонд АМНРИ – Рим, кут. 909/IV, Софија, 23. X 1921.

518 Потресен од трагичниот настан и од загубата на својот најблизок соработник, А. Стамболиски, според К. Тодоров, изјавил: „Ми ја пресекоа десната рака“ (Коста Тодоров, Стамболијски... цит., 138).

519 Йордан Анастасов, Гъорче Петров. Доклад изнесен по случај 105-годишнината от рождението му на 19. IX. 1969 в София, (София, 1969), 28.

520 Едно такво предупредувачко писмо од Т. Александров му било предадено на А. Стамболиски и од самиот бугарски митрополит Стефан (Йоно Митев, Фашисткият преврат... цит., 116; Иванъ Михайловъ, Спомени II... цит., 210–211).

521 Паун Генов, Райко Даскалов. История на един кратък но с бури испълнен живот, София, 1973, 247.


ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ

терството за надворешни работи во Прага, од 11 февруари 1923 година, „големиот македонски војвода Тодор Александров неколкупати се обраќа писмено и со посредство на доверливо лице кон министерот Даскалов и други членови на кабинетот" со барање да се преземат мерки спрема федералистичките војводи Ване Арсов и Никифоров.[522]

Целиот овој психолошки притисок и поединечните атентати и убиства што ги организирала автономистичката ВМРО на Тодор Александров, имале за цел да се создаде смут во владините средини, да се ликвидираат земјоделските водачи, да се подготви терен за соборување на Земјоделската влада на А. Стамболиски и да дојде нова влада од средината на обединетите буржоаски партии, којашто ќе ги толерира комитските акции на ВМРО.

## Улогата на Тодор Александров во Деветтојунскиот преврат во Бугарија

Во пролетта на 1923 година, конфликтот меѓу ВМРО на Тодор Александров и Земјоделската влада на А. Стамболиски навлегол во решителна фаза. Политиката за зближување на Земјоделската влада со Кралството на СХС и за воспоставување добрососедски односи меѓу двете земји, влијаела и врз степенот на ангажираноста на четите на ВМРО во Вардарскиот дел на Македонија.

На 4 февруари 1923 година бил извршен атентат и на А. Стамболиски во Народниот театар[523]. Веднаш потоа, на 15 февруари, Министерскиот совет го

[522] Чехословашки извори за българската история...цит. 173–177.

[523] Паун Генов, Райко Даскалов, 258–259; Јоно Митев, Фашисткият преврат... цит., 151; ДАРМ, Фонд

усвоил предлогот на А. Стамболиски, со кој се откажал од „македонското прашање“[524] и ја одобрил неговата политика за преземање мерки против ВМРО, со цел да се оневозможи нејзината активност вперена против југословенско-бугарското зближување.[525]

Веднаш потоа, на 3 март 1923 година, Тодор Александров, во името на ЦК ВМРО, му упатил смртна пресуда на министерот за внатрешни работи Рајко Даскалов. Обвинувајќи го дека заедно со А. Стамболиски и А. Димитров со своите предавства придонел за „ново ропство на Македонија“, дека испраќал вооружени групи – разбојнички банди – „федералистички“ групи кои доаѓале „на територијата на Организацијата со цел да ги убиваат нејзините водачи“ и да се стават во услуга „на српската влада на терор и на мачења“ и дека тој, како министер и општественик, не само што се поставил „во целосна спротивност со целата дејност на ВМРО за извојување на независноста на Македонија, туку и си поставил за цел: ДА ЈА УНИШТИ ВМРО, ДА ГИ УБИЕ ВОДАЧИТЕ И ДА ЈА ОСТАВИ МАКЕДОНИЈА ВЕЧНО ПОД ТУЃО РОПСТВО“ (со големи букви во смртната пресуда, б. м.). Поради овие причини, а во согласност со „Правилникот и со наредбите на Организацијата“, ЦК ВМРО, односно Александров, решил да го осуди на смрт Р. Даскалов. Извршувањето на пресудата му била дадена на „Атанас Николов од Македонија“,[526] член на ВМРО, „да ја изврши лично, каде што ќе го најде, при што по секоја цена да го обезбеди посакуваниот резултат“. Притоа, во смртната пресуда се потсетувал извршителот, А. Николов, на неговата клетва и на последиците за него лично во случај на најмало застранување од неговата должност, во согласност со Правилникот на Организацијата.[527] А. Николов, односно вистинскиот атентатор – Јордан Цицонков од Штип, го убил Р. Даскалов во Прага, на 26 август 1923 година.[528]

Како резултат на пројавениот интерес од двете страни за постигнување конкретен договор за нормализирање на односите на границата и за оневозможување на навлегувањето на комитските чети на ВМРО, на 17 март 1923 година во Ниш била потпишана т.н. „Нишка спогодба“ меѓу Бугарија и Кралството

---

АМНРИ – Рим, кут. 914/XVI, Софија, 15. III. 1923.

524 ДАССИП, Фонд МИД, Пресбиро, 1923, в. „Правда“, Београд, 17. II 1923.

525 Д-р Живко Аврамовски, О ставу југословенске владе према деветојунском преврату у Бугарској 1923 године, Историја, XX века, Зборник радова, IX, Београд, 1968, 152–153.

526 Псевдоним на атентаторот Јордан Цицонков од Штип.

527 Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Из архивното наследство на Тодор Александров... цит., 236–237. Објавено кај Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 163–165.

528 Види Тритъ дяла Прага–Таборъ–Виена–Милано. Страници отъ борбата на Македония (София, 1927).

на СХС.[529] Напорите на Земјоделската влада да придонесе за подобрување на меѓународната положба на Бугарија уште повеќе ја влошила нејзината внатрешна политичка ситуација. Потпишувањето на спогодбата во Бугарија било примено со големо незадоволство од страна на буржоаската опозиција. Таа ја обвинила Земјоделската влада дека извршила предавство на националните интереси и на „каузата на Македонија“, со што ја предизвикала автономистичката ВМРО да ѝ објави војна на Земјоделската влада.[530]

Пристапувајќи кон извршување на договорените задолженија од „Нишката спогодба“ за преземање поенергични мерки против ВМРО, Земјоделската влада веднаш спровела строги политички мерки и многубројни апсења на членовите на Организацијата и наредила распуштање на македонските емигрантски организации.[531] Покрај тоа, бил забранет и весникот на Илинденската организација „Илинден“, којшто ги поддржувал и пропагирал комитските акции на ВМРО.[532]

По потпишувањето на „Нишката спогодба“, Тодор Александров, од името на ЦК ВМРО, веднаш реагирал против српските закани за навлегување на бугарска територија со цел да ги прогонуваат четите на ВМРО, како и против доаѓањето на федералистичките чети и на владината паравоена „портокалова армија“ во Петричко. Со „најтајно“ циркуларно писмо од 5 април 1923 година, пратено до „раководителот на округот, до околиските војводи и до нелегалните групи на Помошната организација на ВМРО“ во Пиринскиот дел на Македонија, а „за да го смири населението и да се зачуваат угледот и влијанието на ВМРО“ (подвлечено во циркуларното писмо, б. м.), ги повикал веднаш да ги преземат следниве „најсериозни мерки“:

1. Ако се јават во Македонија под бугарска власт омразените српски капи – синоним на ропството и на крџалиските зулуми – да се убиваат од илегалните групи на Организацијата штом ќе навлезат навнатре од бугарската граница;

529 АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVII/15, бр. 62; Д-р Живко Аврамовски, О ставу... цит., 144–145; Милен Куманов, Нишката спогодба..., цит., 34–41.

530 Йоно Митев, Фашисткият преврат... цит., 61–62; Димитър Косев, Международното значение на Септемврийското въстание през 1923 г., София, 1964, 31. Како едно од пропагандните средства со кое се послужила ВМРО на Т. Александров во борбата против Земјоделската влада на А. Стамболиски, било и објавувањето на брошурата „Владата на Стамболиски и македонското ослободително движење“ во 1923 г.

531 АЈ, Фонд: МУП, Збирка 14 – 34–97. Недатиран извештај за политиката на А. Стамболиски и политичката состојба во Бугарија; ДАРМ, Фонд: АМНРИ – Рим, кут. 914/XIV и кут. 914/XV.

532 В. „Македонско дело“, бр. 51, 10. VI. 1929, 5; Д. Казасов, Въ темнинитѣ на заговора, София, 1925, 46.

2. Ако се упатат таму познатите разбојници – „федералистите“, да се убиваат безмилосно, без да им се дозволи, со своето присуство, „да ја скврнават борбена Македонија“;
3. Ако од безумната бугарска влада бидат пратени „оранжевогвардејците“, кои се „истакнаа“ досега со своите грабежи, убиства и со својата „храброст“ кон незаштитеното население, првиот пат да се предупредат да се вратат назад или да се разоружаат и да се вратат во нивните родни места, а по првото – исто за сите – предупредување, да се нападнат и да се убиваат до последниот од илегалните групи, потпомогнати од четниците коишто се наоѓаат на одмор и од други тамошни илегалци, внимавајќи да не се спаси на никој начин ниту еден од изродите – водачи.

Известувајќи ги раководителите на ВМРО во Пиринскиот дел на Македонија дека „бугарската влада навреме е предупредена да не дозволува српски единици да влегуваат таму, ниту да праќа ’оранжевогвардејци’“, Александров во циркуларното писмо им наредил ако, „наспроти сето тоа“ бугарската влада „се дрзне да нè предизвика (подвлечено во циркуларното писмо, б. м.), бидете беспоштедни во мерките, бидејќи врз неа останува целата одговорност за сите лоши последици од тоа“. Притоа, „на оние, кои поради малодушност, небрежност или поради други причини, нема да ги извршат наредбите“, Александров им се заканил дека „ќе бидат казнети со смрт“.[533]

Како одговор на преземените мерки од страна на бугарската влада, Тодор Александров на 10 април 1923 година му упатил писмо со „последно предупредување“ на А. Стамболиски, а копија од писмото пратил и до министрите на владата, видни општественици, редактори на весници, пратеници и претседатели на здруженија. Реагирајќи до претседателот на бугарската влада дека, ако се осмели да прати во Пиринскиот дел Македонија „разбојници–’федералисти’ и пљачкаши–оранжевогвардејци“ (подвлечено во писмото, б. м), Александров го предупредил дека ВМРО, пред да почне да ги применува одредбите од Правилникот, смета дека е должна да го предупреди „за последен пат“ (подвлечено во писмото, б. м.) дека за сите лоши последици од тоа безумие него ќе го смета одговорен, заедно со сите негови министри и соучесници.[534]

533 БИА – НБКМ, Фонд 656, оп. 1, а. е. 12, л. 3. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 187–189.

534 ДАРМ, Збирка Поединечни документи на ВМРО, к. 1/3, ЦК ВМРО; Објавено и кај Правителството на Стамболийски... цит., Приложение N° 11; Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924…цит., 195.

На 28 април 1923 година, министерот за внатрешни работи Христо Стојанов објавил „Декларација“ во која, меѓу другото, изјавил дека за секое убиство или атентат што ќе биде извршено врз член на Земјоделската влада, виден земјоделски деец или полицаец во Пиринскиот дел на Македонија, ќе ја стави „целата нација на штрек“.[535] На 4 мај министерот Х. Стојанов излегол со една мошне остра и заканувачка изјава пред бугарската јавност: „Не дај Боже настаните да станат такви, што ќе се нареди одмазда на луѓето од Земјоделската организација. Петричкиот крај, а веројатно и Ќустендилско и престолнината, ќе заличат на гробишта“.[536] На 7 мај Министерскиот совет донел одлука, потпишана од Х. Стојанов, да се уапсат сите лица кои нелегално дејствувале на бугарската територија, „автономисти и федералисти, и да се испратат во концентрациони логори. Во истата одлука било објавено да се растурат сите друштва на „Илинден“ и да се забрани издавањето на сите весници на македонската емиграција.[537] Во таквата „македонска кампања“, како што пишува во своите спомени стариот македонски војвода и член на раководството на Илинденската организација, Петар Ацев, биле уапсени и однесени по затворите во Бугарија сите оние кои биле посочени за „Македонец-автономист“.[538] Меѓу нив имало и голем број членови на Македонскиот национален комитет и на Илинденската организација, како и членот на Задграничното претставништво на ВМРО, Кирил Прличев.

Во периодот на најзаострените односи меѓу раководството на ВМРО и Земјоделската влада, се групирале опозиционите буржоаски партии и „Воената лига“ за подготвување заговор и соборување на владата на А. Стамболиски. Немајќи доволно вооружени сили, организаторите на превратот се обратиле до Тодор Александров и побарале помош од четите на ВМРО, и покрај тоа што во „заговорничкиот штаб“ постоело мислење да не се ангажираат четите на ВМРО од надворешно-политички причини, односно да не се предизвикува Кралството на СХС.[539]

[535] АС, Збирка Т. Динића, кут. 39, 11; Костадин Палешутски, По въпроса за споразумението между БКП и ВМРО в навечерието на Септемврийското въстание 1923, III на БКП, бр. 40, София, 1979, 235.

[536] А. Радоловъ, Преврата на 9-ти юни и престъпното нехайство, София, 1931, 146–147; Димо Казасов, Бурни години, 1918–1944, София, 1949, 133–134.

[537] АИНИ, Фонд: КПЛ, к. XXXVII/15, бр. 62; Недю Недев, Александър Стамболийски и заговорът, София, 1984, 73.

[538] Петар Ацев, Спомени... цит, 271.

[539] Според Димо Казасов, еден од учесниците во превратот, Т. Александров во разговорите со Н. Рачев, секретар на „Воената лига“, му ветил вооружена поддршка од 200 луѓе (Димо Казасов, Бурни години... цит., 253).

Според извештајот на разузнавачките служби на воените власти на Кралството на СХС од 11 јули 1923 година, неколку дена пред превратот, Тодор Александров, Иван Михајлов, Панчо Михајлов, полковникот Дрвингов и војводата Милан Ѓурлуков, имале состанок во Софија со генералот Лазаров и со други претставници на „Воената лига“, на кој се договориле за начинот на изведувањето на воениот удар.[540] А според Георги Занков, претседател на Илинденската организација, Александров во април 1923 година му изјавил дека „ВМРО нема да учествува во превратот, што е внатрешна работа на Бугарија и дело на бугарските патриоти“, додавајќи притоа: „Но ние повеќе би сакале една друга влада, којашто нема да нè гони“.[541] Ваквата изјава на Александров, како и претходните изјави и предупредувања не само до владата на Стамболиски и до сите партии дека нејзина територија е Петричкиот крај и дека тој не може да биде поле за меѓупартиски борби, ниту за преврати, ниту за востанија и дека нема да се меша во внатрешно-политичкиот живот на државата, говорат дека Александров не ја подготвувал Организацијата за извршување преврат и соборување на владата на А. Стамболиски.

Во ноќта меѓу 8 и 9 јуни 1923 година, силите на буржоаската опозиција и „Воената лига“ успеале да го извршат превратот и да формираат нова влада на чело со Александар Цанков. Пред и за време на извршувањето на превратот, автономистичките чети на ВМРО биле сконцентрирани во Горна Џумаја, Ќустендил и Петрич и во полна воена готовност чекале наредба да се вклучат во неговото извршување.[542] Во фаќањето и во ѕверското убиство на А. Стамболиски, покрај бугарските воени „специјални одреди“, бил ангажиран и скопскиот војвода Величко Велјанов-„Чичето“ со својата чета.[543]

И покрај тоа што во „техничкото“ извршување на превратот ВМРО не зела директно учество, таа одиграла голема улога во моралната поткрепа на заговорниците во превратот.[544] Ваквата улога не ја негирал ниту Тодор Александров. За да го изложи поведението на Организацијата за време на превратот, во декември 1923 година тој излегол со „Декларација“ во женевскиот весник „Le

540 АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVI/15, бр. 57, Пов. Бр. 6593, Београд, 11. VII. 1923.

541 В. „Македонско дело“, бр. 40, 25. IV 1927, 9–11.

542 ДАССИП, Фонд МИД, Пресбиро, 1923/VI, в. „Политика“, 10. VI 1923; ДАРМ, Фонд АМНРИ – Рим, кут. 914/XII; ДАРМ, Пописник 1, бр.21, Станчев Иванов Славе, цитирани Спомени, 69; В. „Македонско дело“, бр. 91, 10. VI 1929, 5.

543 За ѕверското убиство на А. Стамболиски види повеќе кај Кънъю Кожухаров, Александър Стамболийски... цит., 182–187; Коста Тодоров, Стамболијски... цит., 148–151; Йоно Митев, Фашисткият преврат... цит., 228–230.

544 В. „Македонско дело“, бр. 91, 10. VI 1929, 5.

droit des peuples“, во која признал дека со „енергичната и смела борба против владата на Стамболиски, ВМРО морално придонесе за соборување на режимот“. Притоа, Александров уште еднаш го нагласил политичкото поведение на ВМРО, дека нема да дозволи ниту една власт или политичка партија во Бугарија да се меша во нејзините внатрешни работи.[545] Слична изјава Александров му дал и на рускиот професор и општественик Павел Миљуков, на 30 јуни 1923 година во Ќустендил, кога овој дошол да се информира за поведението на ВМРО во деветтојунскиот преврат: „ВМРО не добива директиви ниту од Софија, ниту од Белград, ниту од Атина. Таа го врши тоа што ѝ го диктираат интересите на поробената татковина. Постоењето на независна Бугарија за Организацијата е неопходно од причина што самиот тој факт го држи отворено македонското прашање. Ако исчезне Бугарија, се оддалечува и извојувањето на слободата на Македонија... Нема сила на земјата, којашто може да ја уништи ВМРО додека не се извојува слободата на Македонија, а којашто би ни го попречило реализирањето на овој идеал“.[546]

Од друга страна, во расписот од 2 август 1924 година Тодор Александров подвлекол дека ВМРО најмногу придонела за „психолошката подготовка“ и „морално ја олесниле задачата на борците од 9 јуни“.[547] И во писмото до хрватскиот политичар Стјепан Радиќ од 15 август 1924 година, Александров ги повторил истите изјави, дека ВМРО му „објавила војна на Стамболиски, што во голем степен ја олесни задачата на творците на 9-ти јуни“.[548]

По Деветтојунскиот преврат, раководството на ВМРО веднаш стапило во дејство за преземање на најважните административно-политички институции во Пиринскиот дел на Македонија, со цел да ги спречи привrзаниците на БЗНС повторно да се вратат на власт.[549] Всушност, раководството на ВМРО само ја легализирало својата власт, присвојувајќи голем дел од надлежностите на централните органи и претворајќи го Пиринскиот дел на Македонија во своја база за организирање на своите вооружени дејства. Покрај тоа, Тодор Александров ја претворил автономистичката ВМРО во „официјален институт“[550] на новата бугарска влада на А. Цанков во овој дел на Македонија.

545 АС, Збирка Т. Динића, кут. 39; В. „Пиринъ“, София, бр. 10, 16. XII 1923.

546 Тодор Александров, Непубликувани спомени, документи и материали...цит., 149–151.

547 В. „Македонско дело“, бр. 91, 10. VI 1929, 5; и бр. 50, 25. IX 1929, 11–13.

548 В. „Илинденъ“, бр. 6, 13. IX 1924, „Радичъ–Тодоръ Александровъ“, 2.

549 Костадин Палешутски, Вътрешната... цит., 97–98.

550 Идейните основи на ВМРО Обединена, София, 1927, 9.



АЛЕКСАНДАР ЦАНКОВ

Констатирајќи ја зголемената терористичка дејност на ВМРО, Димо Казасов во своите спомени забележал дека таа и порано вршела такви дејства, „но претпазливо, а сега врши јавно, од што може да се заклучи дека при новиот режим таа се чувствува сигурна и слободна“. Што се однесува до „револуционерните“ акции на ВМРО, тој, меѓу другото, подвлекол дека тие не претставувале никаква опасност за Југославија, туку дека биле поопасни за Бугарија, во која била концентрирана сета нивна активност.[551]

Прифаќајќи ја соработката да учествува во извршувањето на превратот, под паролата „да се зачуваат интересите на македонскиот народ“[552], ВМРО предизвикала остри реагирања кај Кралството на СХС и во светската јавност. Затоа, новиот претседател на бугарската влада А. Цанков, со цел да го зацврсти меѓународниот углед на земјата, презел итни дипломатски чекори, како спрема големите сили така и спрема Кралството на СХС. Уверувајќи ја владата на Кралството на СХС дека ќе ги почитува сите меѓународни обврски, меѓу кои и „Нишката спогодба“,[553] тој изјавил дека неговата влада нема намера „да води авантуристичка воена политика за Македонија“. Притоа, бугарската дипломатија не пропуштила да нагласи дека превратот бил чиста „внатрешна работа“ на државата, во кој ВМРО немала никакво учество.[554]

По Деветтојунскиот преврат односите меѓу бугарската влада на А. Цанков и ВМРО на Т. Александров добиле подруги димензии. Италијанските, југословенските и бугарските доверливи извори укажуваат и на финансиската помош што новата бугарска влада ѝ ја дала на ВМРО како награда за учеството во превратот. Според нивните дипломатски извори, генералот Лазаров, од името

551 Димо Казасов, Бурни години... цит., 241–242.

552 В. „Балканска федерация“, бр. 7–8, 15. XI 1924, 82–85.

553 Д-р М. Нинчиќ, Спољна политика... цит., 61 и 79.

554 Милен Куманов, Към въпроса за бъгаро-югославските политически отношения (декември, 1923–януари 1926 г.), Изследвания по българска история, Т. III. Външната политика на България (1878–1944), София, 1978, 311; Димитър Косев, Международното... цит., 33; Исто; Йоно Митев, Фашисткият преврат... цит., 178.

на бугарската влада, ветил дека во државниот буџет ќе биде предвиден „посебен кредит“ што ќе му се стави на располагање на „Комитетот“ кој, за време на управувањето на А. Цанков во Бугарија, изнесувал околу 3 милиони лева годишно.[555]

По 9 јуни 1923 година ВМРО на Тодор Александров имала покоректни односи со новата влада на Александар Цанков. Раководството на ВМРО се надевало дека нејзините членови нема и понатаму да се прогонуваат, дека нејзиниот организациски живот нема да се попречува и дека интересите на Македонија нема да бидат жртвувани и поткусурувани меѓу балканските држави. А Александров сметал дека целосно ќе се посвети на интересите и потребите на Организацијата, да ја зачува самостојноста и суверeноста на ВМРО во однос на делото: ослободување на Македонија од власта на балканските држави, нејзино обединување и создавање на независна македонска држава – која може да биде членка и на евентуална балканска федерација, како рамноправен субјект со другите балкански држави.[556]

Непријателствата на ВМРО против земјоделските водачи продолжиле, и покрај нивното емигрирање во странство. На 26 август 1923 година во Прага бил убиен Рајко Даскалов, еден од најблиските останати живи соработници на А. Стамболиски. Тој бил убиен затоа што како министер за внатрешни работи го наредил апсењето на Тодор Александров и на А. Протогеров во ноември 1919 година и под негова заштита МФРО непречено формирала чети кои дејствуваа во Ќустендил и во Петричкиот округ и имале задача да го убијат Александров. Убиството на Р. Даскалов било извршено од страна на атентаторот на ВМРО, Јордан Цицонков од Штип.[557] Александров со посебна одлука на ЦК ВМРО го осудил на смрт Р. Даскалов и го пратил атентаторот Ј. Цицонков од Штип да го убие, а по атентатот се зазел за праќање парична помош во Прага, каде што Ј. Цицонков бил затворен, како и за издржување на неговото семејство.[558] Според признанието на Александров, тој, од името на ЦК ВМРО,

555 ДАРМ, Фонд АМНРИ–Рим, кут. 914/XII; АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVII/15, бр. 54. Илчо Димитров, Българо-италианските политически отношения (1922–1943), София, 1976, 37; Димитър Косев, Международното... цит., 97–99.

556 Види повеќе кај Владо Поповски, ВМРО Александрова, бугарските влади и виенските документи (заемни критики и состојби меѓу ВМРО и Илинденската организација), Гласник на ИНИ, год. 49, бр. 1–2, Скопје 2005, 46–51.

557 За убиството на Р. Даскалов и за судењето на неговиот убиец Ј. Цицонков, види повеќе кај Тритъ дяла Прага–Таборъ–Виена–Милано. Страници отъ борбата на Македония, София, 1927, 15–70; Паун Генов, Рајко Даскалов... цит., дело; Иванъ Михайловъ, Спомени II, цит., 285–290.

558 АИНИ, Фонд: КПЛ, к. XXXVII/17, бр. 269; ДАРМ, Фонд: АМНРИ – Рим, кут. 914/X.

му наредил на Ј. Цицонков да ја изврши смртната казна над Р. Даскалов.[559]



РАЈКО ДАСКАЛОВ

Според истото признание на Александров, Ј. Цицонков ја извршил смртната пресуда над Р. Даскалов издадена од ВМРО, „не за лична одмазда… не за лична полза – тој бил готов да умре, не за слава“, туку тој ја извршил смртната пресуда бидејќи „му беше доверена од ЦК ВМРО, за да си достои на клетвата што ја дал ’да се бори до смрт за слободата на Македонија’, и како извршување на долгот кон борбената татковина и за да го избегне срамот од малодушноста и неизбежната строга казна од Македонската организација за погазување на клетвата“. Според Александров, при извршувањето на атентатот Ј. Цицонков дејствувал под несовладливи сили: „страв од Бога и од гризење на совеста, ако не ја исполни дадената клетва и страв од ВМРО ако не ја исполни доверената работа“.[560]



ЈОРДАН ЦИЦОНКОВ

Против апсењето на Ј. Цицонков од страна на чехословачката полиција, Тодор Александров интервенирал кај министерот за надворешни работи, Христо Калфов, да му нареди на бугарскиот амбасадор во Прага да се „извлече од затвор“ атентаторот на ВМРО, Ј. Цицонков.[561]

Во ноември 1923 година, Тодор Александров преку д-р Ренер, адвокат на Ј. Цицонков, му пратил писмо на претседателот

[559] ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а.е, 35, л. 10. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924…цит., 411–419. По извесно колебање, според изјавата на Т. Александров, Ј. Цицонков го прифатил извршувањето на смртната пресуда над Р. Даскалов и „блескаво ја изврши својата задача“.

[560] Исто.

[561] Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Из архивното наследство на Тодор Александров... цит., 251. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 555–557.

на Земскиот суд во Прага, пред одржувањето на првиот судски процес во Прага, на 13 ноември 1923 година. Пишувајќи му од името на ЦК ВМРО дека жали што одговорното место што го зазема во „една идејна револуционерна Организација, каква што е ВМРО“, не му дозволува да се „оддели секогаш и за долго време од работата“, поради што е невозможно да се јави лично во судот во Прага, Александров во писмото, меѓу другото, му ги изложил целите и задачите на ВМРО: „Најсуштественото што имам да му го кажам на почитуваниот суд и на сите кои досега немале можност да ги изучат суштината, силата и значењето на македонските ослободителни борби и особено на оние кои имаат дрскост да го негираат постоењето на Македонија, со што стануваат многу смешни, бидејќи македонското население многу одамна станало свесно и решило по секоја цена да ја извојува својата независност − дека Македонија има веќе своја историја, своја душа и една силна, непоколеблива волја да биде слободна, дека секој Македонец веќе станал свесен борец и докрај ќе опстои на девизата: ’Слобода или смрт’ и дека поради тоа нема Земјина сила којашто може да го убие слободниот дух на Македонците да бидат слободни. Македонија заслужува слобода, треба да биде слободна, ќе биде независна. Со таа вера живее, легнува и се буди секој Македонец, каде и да се наоѓа тој“.

Во писмото, Александров ја истакнал вистинската причина што сакала да ја постигне ВМРО со Прашкиот судски процес. А тоа било, пред сè, вистината за „постоењето на ВМРО и за неподносливиот српски и грчки терор во распарчена и поробена борбена Македонија“, а европските држави да стекнат „симпатии кон македонското ослободително движење“, да испратат „една морална осуда против тиранскиот денационализаторски режим на империјалистичка Србија во борбена Македонија“ и да дадат „едно индиректно признание на правото на Македонија да се бори за слобода“. Потсетувајќи дека ВМРО неколку пати ги повикувале „оние кои ја оспоруваат вистинитоста или да се согласат на една објективна меѓународна анкета“, Александров на крајот од писмото подвлекол дека „ни Србија ни Грција не сакаат ни да се спомене таква анкета бидејќи знаат дека, во тој случај, ќе се дознае вистината и тие нема да можат да ги држат повеќе во заблуда странците неупатени во македонското прашање.[562]

Исто така, Тодор Александров со посебно циркуларно писмо од 15 ноември 1923 година, пратено „до окружните и околиските раководни тела и војводи во Македонија, до привремените задгранични претставници и специјалните пратеници на ВМРО зад границата“, известувајќи ги за храбриот

562 Исто.

„подвиг“ на Ј. Цицонков, му се заблагодарил „од името на борбена Македонија за извршениот долг, со самопожртвување и со достоинство, кон поробената и распарчена татковина“ и го наградил со „Организациона значка за заслуга со црвено емајлирано знаме со диплома“. Во истото писмо, Александров го пренел задоволството на ЦК ВМРО „од непристрасноста на чешките судии, кои станаа верни изразувачи на совеста кај еден народ штотуку ослободен од туѓото владеење, доволно образован за да сфати дека ние, Македонците, сме во состојба на самоодбрана кон поробувачите на нашата татковина и на нивните орудија, кои секој ден ни ги одземаат животот, здравјето и нашиот имот, посегаат врз нашата национална и лична чест“ и упатил благодарност до адвокатот на Ј. Цицонков, д–р Ренер, како и до странскиот печат, затоа што се јавиле “во заштита на вистината и на правдата“.[563]

А во писмото од август 1924 година, лично пратено до Ј. Цицонков во затворот во Прага, Тодор Александров, меѓу другото, го утешувал дека неговите „страдања се од полза за ослободителното народно дело“, дека тој се покажал како „еден голем идеалист – храбар човек кој решил да ги жртвува својот живот и својата младост за едно големо дело... на една идејна организација која, од жестокостите и од насилствата на тираните на Македонија, е принудена да се бори за слободата на својата поробена Татковина“. Притоа, тој му посакал пред судот да го покаже „своето достојно држење“ и да го зачува „своето добро име“ во услуга на „борбената Татковина!“.[564]

## Поведението на Тодор Александров во Септемвриското востание во Бугарија

Соработката на ВМРО со бугарските буржоаски кругови во Деветтојунскиот преврат ја предодредила натамошната ориентација на Организацијата. По Деветтојунскиот преврат, кај македонските емигрантски и бегалски маси во Бугарија настанало силно незадоволство поради сѐ поотворената соработка на ВМРО со новата бугарска влада, додека левицата на ВМРО сѐ потесно се зближувала со БКП.[565] Имајќи ја предвид силата на автономистичката ВМРО

563 ЦДА, Ф. 1932, оп. 3, а. е. 63, л. 70, 71. Објавено и кај Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 247–249.

564 ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а. е. 29, л. 10–11. Објавено и кај Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 749–751.

565 История на България, Том III... цит., 170.


ВАСИЛ КОЛАРОВ


ГЕОРГИ ДИМИТРОВ

на Т. Александров, како неоспорен фактор и единствен авторитет на македонското револуционерно движење, БКП во подготовките на востанието настојувала да ја придобие ВМРО или да ја неутрализира во претстојните судири.

Поучена од слабостите пројавени во Деветтојунскиот преврат и од неправилната и пасивна политика кон ВМРО и воопшто кон македонското ослободително движење, БКП, а особено нејзините лидери Георги Димитров и Васил Коларов, се ориентирале кон поконкретна работа сред македонската емиграција. Во преземените активности за остварување на поблиска соработка со раководството на ВМРО, Г. Димитров посебно ја подвлекол потребата ВМРО да се ослободи од „национализмот“ и од влијанието на бугарските буржоаски партии и да води ослободителна борба во заеднички фронт со БКП.[566]

Учествувајќи во преговорите со раководството на ВМРО, В. Коларов на членот на Задграничното претставништво на ВМРО, Георги Баждаров, му изјавил дека „БКП секогаш со симпатии гледала на македонското ослободително движење и го помагала македонското дело, додека другите бугарски партии го искористувале за своите цели“, дека БКП со уште поголеми симпатии го следи развојот на македонското дело и дека таа ги убедила српските и грчките комунисти „за правото на македонската кауза“. На тоа, Г. Баждаров му одговорил дека ВМРО „со благодарност прифаќа секаква помош од каде и да доаѓа, при услови за целосно

[566] Дончо Даскалов, Васил Коларов и Георги Димитров и революционните събития в България 1923 – 1925, София, 1978, 25.

зачувување на независноста на Организацијата како национална организација (подвлечено во спомените, б. м.), како организација што се бори, пред сѐ, за национална слобода и права и во која влегуваат луѓе со различни политички убедувања, но ќе си ги зачува за по ослободувањето на Македонија“.[567]

При воспоставувањето на контактите со БКП, Тодор Александров им ги поставил следниве неопходни услови за водење на преговорите: растурање на комунистичката чета на Илија Пандурски, запирање на македонскиот комунистички весник „Ослободување“ и растурање на Емигрантската комунистичка организација.[568] За да ја придобие ВМРО, ЦК БКП го прифатила ултиматумот на Александров.[569]

Во подготовките за вооружено востание и за соборување на буржоаскиот режим, ЦК БКП на заседанието од 5 до 7 август 1923 година донел резолуција за односот кон македонските и другите организации, во која била истакната неопходноста партијата „најенергично да продолжи со работа сред македонската и другите емиграции за зближување со македонската и другите революционерни организации“. Исто така, во резолуцијата се препорачувало да се одржуваат контакти со раководителите на македонските и другите революционерни организации за објаснување на нивните задачи и за избегнување на конфликтите и недоразбирањето со нив.[570]

Врз основа на донесените директиви, ЦК БКП обрнал особено внимание за придобивање на револуционерните сили на ВМРО, и покрај тоа што раководството на Организацијата ја заплашувала БКП дека, доколку таа започне вооружена борба против бугарската влада, „тоа ќе се смета за непријателски акт и против ВМРО.[571] Според Васил Коларов, кога БКП влегла во врска со ВМРО, Тодор Александров со задоволство се согласил за соработка меѓу двете партии, но отворено му рекол на нејзиниот претставник: „Ние, Македонците, сега сме на власт. Владата на Цанков е наша влада, ние сме заинтересирани за нејзино натамошно опстанување, затоа што при таа влада ние подготвуваме наше вооружено востание во Македонија, и затоа ние нема да дозволиме ниту по парламентарен, ниту по вооружен пат да се собори владата“.[572]

---

[567] Георги Баждаров, Моите спомени... цит.,127.

[568] Костадин Палешутски, По въпроса... цит., 237.

[569] Аспарух Аврамов, Политическата стратегия и тактика на БКП 1903–123, София, 1974, 229.

[570] Васил Коларов, Спомени, София, 1968, 538–539; Костадин Палешутски, По въпроса... цит., 236–237.

[571] Дончо Даскалов, Васил Коларов и Георги Димитров... цит., 52.

[572] Септемврийското антифашистко въстание 1923... цит., 328.

Преговорите меѓу БКП и ВМРО, со прекини, траеле до средината на септември 1923 година, при што ЦК ВМРО пратил и неколку декларации и предупредувања до раководителите на БКП, во кои го потенцирала својот познат став дека нема да се меша во внатрешните работи на Бугарија, но „ако биде предизвикана" ќе се пресмета со предизвикувачите, без разлика кои се и каде се наоѓаат.[573]

Продолжувајќи ги преговорите со левоориентираните сили на ВМРО, а пред сѐ со Димо Хаџи Димов и Александар Василев, раководството на БКП постигнало договор, во случај на востание ВМРО да остане неутрална, а БКП од своја страна ветила дека комунистичките организации во Петричкиот округ нема да земат учество во востанието.[574] Наскоро со ваквиот став се согласил и Тодор Александров, кој поради несигурната надворешна политика на Бугарија и сѐ почестите заканувања на А. Цанков дека ќе ја растури ВМРО,[575] го изменил својот однос кон БКП во предвечерието на востанието. Во средината на септември, Александров, преку Арсени Јовков, му соопштил на ЦК БКП дека го „*анулирал предупредувањето*", односно доколку БКП се дигне на востание против владата, таа ќе ја има против себе и македонската организација".[576]

Врз основа на постигнатата спогодба, месните комунистички организации во Пиринскиот дел на Македонија се решиле за ограничени востанички акции и за поддршка на востанието во соседните околии. Во таа насока, Окружниот комитет на партијата во Горна Џумаја изработил воен план за востанието, кој предвидувал од Горна Џумаја да се прати еден востанички одред за да помогне при заземањето на Дупница и во Разлошката околија, каде комунистичките групи и организации биле најмоќни, да се дигне востание, а во Петричка, Неврокопска (денешен Гоце Делчев, б. м.), Светиврачка (денешен Сандански, б. м.) и Мелничка околија да не се дига востание за да не се предизвикуваат „македонските автономисти".[577]

Меѓутоа, по избувнувањето на востанието. востаничките дејства се прошириле во Разлошко, како и во Горноџумајско, при што бил нарушен договорот меѓу БКП и ВМРО. Тоа дало повод четите на ВМРО активно да учествуваат во задушувањето на востанието и во пресметката со идејните противници на Организацијата.

573 Иванъ Михайловъ, Спомени II, цит., 322–323.

574 История на България, Том III... цит., 126; Димитър Косев, Септемврийското въстание..., цит., 218.

575 Дончо Даскалов, Васил Коларов и Георги Димитров... цит., 65.

576 Георги Димитров, Съчинених, Том VII... цит., 331.

577 История на България, Том III... цит., 126.


ВЛАДИМИР ПОП ТОМОВ

Востаничките дејства на комунистите во Разлошко и Горноџумајско, и покрај почетните успеси, биле оневозможени и задушени од четите на ВМРО. При задушувањето на востанието во Разлошко, биле избегнати поголеми крвопролевања, поради тоа што во редовите на ВМРО во оваа околија се наоѓале демократски и прогресивни сили, како што биле Александар Бујнов, Георги Ковачев и др. Исто така, окружниот војвода А. Василев лично се зазел и ги зел во заштита месните раководители на востанието „како заложници" во својата чета, Владимир Поп Томов, Методи Алексов, Георги Захов др. и не дозволил да бидат убиени од четите на ВМРО.[578]


АЛЕКСАНДАР БУЈНОВ

Окружниот партиски комитет во Горна Џумаја, имајќи го предвид договорот меѓу БКП и ВМРО да не се крева востание во овој округ, упатил вооружен одред од 160 луѓе во Дупница, за да им помогне на комунистите од овој град во востаничките акции. Меѓутоа, дознавајќи дека во Дупница востанието било задушено, одредот бил принуден да се врати назад. При враќањето, одредот бил пречекан од четите на ВМРО и околу 100 души биле убиени, меѓу кои и членовите на Окружниот комитет на Горна Џумаја – Иван Илиев, Никола Лисичев, Димитар Ацев, Стојан Велинов, како и Тодор Чопов, внук на Гоце Делчев.[579]

За ваквото поведение на четите на автономистичката ВМРО, Тодор Александров веднаш по востанието, во разговорот со војводата Петар Шанданов, му изјавил дека во преговорите со претставниците на БКП се договориле: „Кому-

[578] Георги В. Димитров, БКП... цит., 196.

[579] Тодор Чопов, Собрани творби. Приредил д-р Блаже Ристовски, Скопје, 1982, 41–43.

нистите и земјоделците да прават револуција во старите предели на Царството и ако тоа успее таму, Петричкиот округ, по наредба на Организацијата, ќе ја признае новата револуционерна влада, но никако жителите на Петричкиот крај да не се креваат на востание против власта, зашто Организацијата во случајов сакала да зачува строга неутралност... Но, кога видовме дека се кренаа и луѓе од наша територија, и притоа вооружени со пушки, решивме дека договореното пропаѓа и според тоа Организацијата се почувствува со одврзани раце да дејствува против востаниците, кои не ги исполнија нејзините наредби за неутралност“.[580]

Изложувајќи го подоцна својот став за време на преговорите со БКП, Тодор Александров во интервјуто за весникот „Тајмс“ изјавил дека ги предупредил бугарските комунисти оти востанието ќе ја усложни и без тоа тешката положба во Бугарија и дека тоа, како „еден комунистички преврат“ би ја загрозило независноста на Бугарија. Затоа, како што изјавил тој, ВМРО сметала дека секој обид за симнување на постојната влада и заменување со влада на земјоделци и комунисти е удар врз независноста на Бугарија и дека таа ќе започне една отворена и беспоштедна борба со авторите на превратот. Во интервјуто, Александров категорички изјавил: „Повторувам – до кога стојам на чело на Организацијата, таа ќе се бори со сите возможни средства против болшевизмот, кој, според мене, е многу штетен за македонското национално движење“. Од името на ВМРО, тој „повторно“ им изјавил на бугарските комунисти дека таа „нема да дозволи комунистички преврат во Бугарија“.[581]

Спогодбата меѓу ЦК БКП и раководството на ВМРО завршила неуспешно, не само поради принципиелната политика на Тодор Александров туку и поради погрешната политика на раководството на ЦК БКП. Според мислењето на Владимир Поп Томов, основната грешка на ЦК БКП била отсуството на континуирана работа сред широките македонски маси и создавање единствен фронт со нејзината вооружена милиција и нелегалните чети, а посебно во непотребното впуштање во „дипломатски“ преговори и „уверувања на пријателство и неутралност“ со раководството на ВМРО.[582] Уште поголема грешка била секташката политика на БКП по националното прашање на македонското население во Пиринскиот дел на Македонија. Како што подоцна констатирал и самиот ЦК БКП, неговото раководство „гледаше на македонското прашање

[580] Петар Шанданов, Спомени...цит., 99.

[581] В. „Независима Македония“, бр. 77, 26. IX 1924, 1; в. „Миръ“, бр. 7280, 22. IX 1924, 1.

[582] Георги В. Димитров, Септемврийското въстание в Благоевградски окръг, Благоевград, 1970, 42–43.

повеќе како на бугарско прашање, отколку како на општо балканско прашање, какво што всушност и е [583] (подвлечено во оригиналот, б. м.). Затоа, БКП не можела да добие поголема поддршка од македонските маси, чија единствена цел била борбата за решавање на националното прашање на македонскиот народ, воспоставување на целоста на Македонија, ослободување на Македонија и создавање од Македонија посебна самостојна државно-политичка единица на Балканот.[584]

Учеството на ВМРО во задушувањето на Септемвриското востание наишло на неодобрување кај левоориентираните македонски емигрантски и бегалски маси во Бугарија.[585] Анализирајќи го поведението на ВМРО во септемвриските настани, Павел Шатев подвлекол дека „македонската кауза“, што дотогаш во Бугарија се сметала како општонационално ослободително дело, се претворила во „македонофобија“ и била на штета на вистинското македонско национално ослободително движење.[586]

За време на Септемвриското востание, Тодор Александров настојувал ВМРО да ја зачува како единствена и општа револуционерна организација, изјавувајќи дека ВМРО нема да се меша во внатрешните партиски борби во државата. Во согласност со политиката на ВМРО за немешање во внатрешните работи на Бугарија, Александров се определил ВМРО да не учествува во востанието, бидејќи востаничката акција на комунистите имала за цел да востанови селанско-работничка влада, што било спротивно на политичките цели на Организацијата. Притоа, Александров категорично изјавил дека доколку бугарските комунисти и припадниците на левите македонски организации сепак земат учество во востаничките настани во Петричко, во тој случај ВМРО беспоштедно ќе го задуши сечиј обид за востание и за крвави немири во македонскиот дел под бугарска власт. При таквите настани, Александров настојувал „таа територија да ја држи надвор од случувањата во царството, сметајќи дека таа не е Бугарија, туку Македонија и сходно на тоа таа е простор под суверената дејност на ВМРО“.[587]

583 Българската комунистическа партия... цит., 179.

584 Д–р Иван Катарџиев, Време на зреење. Македонското национално прашање меѓу двете светски војни (1919 – 1930), I–II, Скопје, 1977, 216–217.

585 Българската комунистическа партия... цит., 248–249.

586 АМ, Пописник 1, бр. 6, Д-ръ Павелъ П. Шатевъ, „Балканската проблема и Македония“, София, 1945, 55.

587 Види повеќе кај Владо Поповски, ВМРО Александрова… цит., 46–51.

# СОРАБОТКАТА НА ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ СО СОВЕТСКИОТ СОЈУЗ И СО КОМИНТЕРНАТА

## Поврзување на Тодор Александров со претставниците на Советскиот Сојуз

Учеството на Тодор Александров во Деветтојунскиот преврат и во Септемвриското востание силно се одразило не само кај широките македонски емигрантски маси во Бугарија туку и во редовите на автономистичката организација. Разочарана од последните поведенија на раководството на ВМРО, левоориентираните сили во Организацијата сè повеќе се оддалечувале од нејзиниот основен курс, а македонските емигрантски демократски средини отворено се дистанцирале од политиката на раководството на автономистичката ВМРО, на ЦК и на Задграничното претставништво. Соочени со опасноста да го загубат влијанието меѓу македонските емигрантски маси, членовите на ЦК ВМРО, Тодор Александров и А. Протогеров, биле принудени да го променат своето политичко дејствување и да ги обединат македонските сили во единствен македонски револуционерен фронт.

Од политиката на Тодор Александров и А. Протогеров јавно се дистанцирал и третиот член на ЦК, Петар Чаулев. Престојувајќи повеќе години во странство, П. Чаулев дошол до сознание дека за извојување на слободата и независноста на Македонија треба да се бараат нови патишта и методи. Во своите писма од Италија, тој ги изложил новите лични погледи, истакнувајќи дека ја признава само онаа револуција која се потпира на своите сопствени сили и се стреми да постигне целосна победа, а не „револуционерно предизвикување коешто се стреми да донесе туѓа помош“. Посочувајќи ги патиштата за ослободување на Македонија, тој сметал дека тоа може да се оствари единствено „преку бесен национализам или преку интернационализам“ (подвлечено во оригиналот, б. м.) .[588]

---

588 В. Македонско дело, бр. 16, 25. IV 1926, “Петъръ Чаулевъ“, 4–5.

За projавените недоразбирања меѓу членовите на ЦК ВМРО, Тодор Александров во разговорот со војводата П. Шанданов му се исповедал дека тој најмалку сакал да постојат такви односи меѓу раководните личности на Организацијата, напомнувајќи му: „Јас сум готов да ги поднесам уште сега последиците, ако се покаже нешто што ме обвинува во намерно создавање на ситуација за раздор меѓу нас тројцата“. Притоа, тој му рекол на П. Шанданов да му напише писмо на П. Чаулев во Рим, со кое го повикува да се врати во Софија, што П. Шанданов и го сторил. Во одговор на писмото од П. Шанданов, П. Чаулев му напишал дека неговото враќање во Софија е „непотребно“ и дека тој во април 1924 година планирал од Албанија да влезе во западна Македонија.[589]

По Септемврискoто востание настапил период на постепено отрезнување на раководството на ВМРО и оддалечување од политиката на владата на А. Цанков, а особено на почесто контактирање со претставниците на БКП. Ваквата ориентација на ЦК ВМРО била резултат на новата надворешна политика што започнала да ја води бугарската влада за постигнување добрососедски односи со Кралството на СХС и губењето на главната поддршка од страна на фашистичка Италија. Имено, со потпишувањето на „Сплитската спогодба“ во почетокот на 1924 година меѓу Италија и Кралството на СХС, Италија не можела повеќе отворено да ја помага ВМРО, а на Кралството на СХС му го отворила патот да ги сконцентрира сите сили за елиминирање на конфликтите на границата спрема Бугарија и за стабилизирање на состојбата во Вардарскиот дел на Македонија.[590] Ваквата политика на Италија, според Михаил Монев, член на раководството на ВМРО и зет на Тодор Александров, била причината Тодор Александров да побара контакти со Советскиот Сојуз.[591]

Исто така, кај раководството на ВМРО сѐ повеќе било присутно сознанието дека со бугарската влада не е можна понатамошна соработка бидејќи, според југословенските разузнавачки извори, таа ја искористувала македонската

---

589 Петар Шанданов, Спомени...цит., 101–102.

590 Дечо Добринов, Майският манифест и създаването на ВМРО (Обединена) 1924–1925, Политически партии, организации и управления в България 1879–1944 г., Известия на Института по история, София, 1983, 214.

591 ДАРМ, Фонд Благој Видов (необработен), „Някои моменти от македонското революционно движение в България. Втора част. Убийството на Тодор Александров – 1924 година“, 25.
Според Благој Видов, на средбата со Иван Харизанов, д-р Филип Атанасов и Михаил Монев во 1934 година, М. Монев им рекол дека по Сплитската спогодба Т. Александров го повикал и му рекол: „Состојбата е многу сериозна, не останува ништо друго освен да побараме врска со болшевиците“. Кога на тоа М. Монев му се спротивставил велејќи му: „По многу убиства на комунистите коишто ги изврши Организацијата, крајно непријатно е да дејствуваме заедно со нив“, Т. Александров му одговорил: „Тоа е веќе минато. Состојбата е таква што ние и со ѓаволот треба да се сојузиме само да ја постигнеме нашата цел“.

организација за свои внатрешни борби и за пресметување со своите политички противници.[592]

Поврзувањето на ВМРО со Советскиот Сојуз и со Коминтерната претставува пресврт во натамошното политичко и воено поведение на Организацијата. Во почетокот на 20-тите години на XX век Советскиот Сојуз, пројавувајќи посебна заинтересираност за класните и националните движења на Балканот, настојувал да ги мобилизира сите прогресивни сили и националноослободителни движења, меѓу кои и македонското национално револуционерно движење, кое го сметал за единствена револуционерна сила не само на Балканот туку и во Европа.[593]



СТЈЕПАН РАДИЌ

Тоа било и сигнал Тодор Александров посериозно да пристапи кон остварување контакти со претставниците на Советскиот Сојуз и со Коминтерната, во кои левицата на ВМРО гледала можен покровител и искрен сојузник во идните револуционерни борби за ослободување на Македонија и за решавање на македонското прашање. Истовремено, Александров се обидел да влезе во врска со Косовскиот комитет и со црногорските револуционери, а посебно со Хрватската селсанска републиканска партија на Стјепан Радиќ,[594] и покрај тоа што тој не ги прифаќал неговите легални методи на борба. Во едно писмото до С. Радиќ, од август 1924 година, изложувајќи му ги целта и методите на ВМРО за борба против „хегемонијата на Белград“ и „суровата и крвава диктатура на Белград“, Александров му напишал дека „со српските властодршци не може да се разговара поинаку освен со пушка, нож и бомба“.[595]

Контактите меѓу претставниците на Советскиот Сојуз и на Коминтерната и претставниците на ВМРО датирале уште од средината на 1922 година. Најпрвин претставниците на Советскиот Сојуз во Софија се поврзале со вете-

---

592 АЈ, Фонд МУП, Збирка 14 – 30–79, „Кратак хисторијат о постанку и развој обавештајне службе–разне пропаганде“ (недатиран извештај).

593 В. „Свобода или смъртъ“, бр. 49, 15. III 1927, 5–8.

594 Димитър Влахов, Предателите... цит., 104.

595 В. „Илинденъ“, бр. 6, 13. IX 1924, „Радичъ – Тодоръ Александровъ“, 2; В. „Балканска федерация“, бр. 2 – 3, 15. VIII 1924, 37–38; в. „Свобода или смъртъ“, бр. 78, 31. VIII 1928, 3–4.

ранот на македонското револуционерно движење, Павел Шатев, кој имал голем авторитет кај прогресивната македонска емиграција. Тие самите, според изјавата на П. Шатев, во името на владата на Советскиот Сојуз му предложиле „финансиска помош" во заедничката борба на „сите Македонци" против предавниците на македонското дело.[596]

Преку П. Шатев, советските претставници се поврзале и со федералистите, д-р Филип Атанасов, Славе Иванов и Чудомир Кантарџиев.[597] Поаѓајќи од убедувањето дека спасот во ослободувањето на Македонија лежи во „обединувањето на сите македонски револуционерни сили", П. Шатев во преговорите со советските претставници предвидувал да го вклучи и Тодор Александров, како водач на најмасовно вооружената сила на ВМРО, сметајќи ја автономистичката ВМРО „посилна и од самата бугарска држава".[598] За остварување на оваа задача, П. Шатев планирал да побара средба и да го придобие Александров за соработка со Советскиот Сојуз, и покрај неговото конспиративно дејствување и јавно прокламираниот антикомунистички став.

Обидот за воспоставување контакт со Тодор Александров му бил доверен на Илија Кушев[599]. На средбата, кога И. Кушев го известил за желбата на Советскиот Сојуз за соработка со автономистичката ВМРО, Александров бил мошне претпазлив, воздржан и не му дал „никаков одговор".[600] По извесно време, И. Кушев од Александров бил назначен за велешки војвода и во мај 1922 година заминал со чета во Велешко,[601] каде што бил убиен кај с. Оризари на 28 ноември 1922 година.[602]

---

596 ДАРМ, Пописник 1, Материјал бр. 19, Извод од изјавата на Шатев Поцев Павел, 1; АИНИ, Записник од сослушувањето на Шатев Павел, работено на 2. II 1950 год. во УДБ за Македонија – Скопје. 2. За контактите и преговорите на П. Шатев со претставниците на Советскиот Сојуз и Коминтерната види повеќе кај: Павел Шатев, Спомени. Предговор и редакција: д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2013; Павел Шатев, Полициско досие. Предговор и редакција: д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2013.

597 ДАРМ, Пописник 1, бр. 19, Извод од изјавата на Шатев Поцев Павел, 1; Исто, Пописник 1, бр. 20, Извод од изјавата на Станчев Иванов Славе, 6–7.

598 ДАРМ, Пописник 1, бр. 18, Спомени на Павел Шатев (ракопис), 494; Исто, Пописник 1, бр. 20, Извод од изјавата на Станчев Иванов Славе, 13.

599 Според Михаил Монев, Т. Александров му рекол дека најпрвин треба да оствари контакт со Димитар Влахов преку инж. Христо Станишев, близок роднина на Д. Влахов, а потоа тој да ги поврзе со претставниците на Советскиот Сојуз. Средбата набргу била остварена во домот на Х. Станишев, на која присуствувал и Тома Карајовов. Истовремено, Т. Александров го запознал и Павел Шатев со идејата да се поврзе со Советскиот Сојуз (ДАРМ, Фонд Благој Видов „Некои моменти...", цитиран ракопис, 25–26).

600 ДАРМ, Пописник 1, бр. 19, цит. изјавата на П. Шатев, 2–3.

601 Петар Шанданов, Спомени...цит., 70–79.

602 ДАРМ, „Фамилия Кушеви", София, 1985 г. Копија од ракописот ми отстапи на користење неговиот автор, арх. Михаил Кушев, најмалиот брат на Илија Кушев, при нашата средба во неговиот дом во Софија, во декември 1990 г. За престојот и загинувањето на И. Кушев во Велешко, види повеќе кај:

Кога првиот обид за воспоставување контакти со Тодор Александров пропаднал, П. Шатев самиот се зафатил да побара средба и лично да разговара со него, сметајќи на неговото познанство кога учителствувал во Кратово во 1901 година и кога заедно биле вклучени во пренесувањето на динамитот преку Кочани и Велес во 1903 година, наменет за солунските атентати.[603] На средбата, организирана преку Михаил Монев, зет на Т. Александров, П. Шатев, откако му ја изложил новата политичка ориентација на македонското револуционерно движење и потребата од „нови форми на борба", односно дека понатаму не е возможно организацијата да се бори „со терор и со пари од казнување на населението" и дека Русите сакале да му помогнат „со пари и со оружје на македонското движење", Т. Александров ја прифатил соработката со Советскиот Сојуз.[604]

Во понатамошните контакти и преговори, како што вели Димитар Влахов, била „скицирана идната платформа за заедничка дејност на Советска Русија и на организацијата на Т. Александров".[605] Заради конспиративно одржување на контактите со претставниците на Советскиот Сојуз, П. Шатев во пролетта на 1923 година отворил канцеларија во Софија, односно биро-претставништво, како „камуфлажа" за средбите со советските претставници. Оттогаш, всушност, започнала и неговата професионална разузнавачка служба, со постојан месечен надомест, известувајќи го Советскиот Сојуз „за македонските работи".[606]

Во натамошните преговори со претставниците на Советскиот Сојуз, Тодор Александров го вклучил и Димитар Влахов, повикувајќи го од Варна, каде што работел како секретар на Трговско-индустриската комора, сметајќи на неговите контакти со руските комунисти и со Крсто Раковски[607] и како што самиот за себе вели Д. Влахов, „дека сум пријател на Советскиот Сојуз".[608] На сред-

Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски, КПЈ и ВМРО (Обединета)... цит., 55–58; Зоран Тодоровски, Прилог кон расветлувањето на генеалошкото стебло на велешкото семејство Кушеви, сп. „Велес", год. IX, бр. 10, Велес, 2006, 7–22.

603 Павел Шатев, В Македония под ропство, София, 1968, 323–324. П. Шатев во своите спомени за средбите со Т. Александров запишал: „Тој ми направи впечаток на многу разумен трезвен ум и подготвен за сите жртви пред олтарот на ослободителното дело".

604 ДАРМ, Пописник 1, бр. 19, цитирана изјава на П. Шатев, 3.

605 Димитар Влахов, Мемоари, Скопје, 1970, 228.

606 АИНИ, Записник од сослушувањето на Шатев Павел, работено на 2. II 1950 год. во УДБ за Македонија–Скопје, 2–5; АИНИ, Павел Шатев, Изјава на Славе Иванов, 1950/III к.

607 Според спомените на П. Шатев и Г. Баждаров, К. Раковски му бил кум на Д. Влахов (Павел Шатев, Спомени… цит., 208; Георги Баждаров, Моите спомени… цит., 126).

608 Димитар Влахов, Мемоари... цит., 212.
Д. Влахов, пред завршувањето на Првата светска војна, бил назначен за бугарски трговски конзул во Одеса, каде што одржувал контакти со руските и украинските социјалисти и комунисти (Димитар Влахов, Мемоари... цит., 195–198).


ДИМИТАР ВЛАХОВ

бата со Александров, Д. Влахов во своите Мемоари запишал дека Александров му изјавил оти тој не е „против комунистите, дека е за независна Македонија“ и дека сакал „само Советска Русија да го поддржи македонското движење за независна и обединета Македонија“.[609]

По неколку средби со претставниците на Советскиот Сојуз во Бугарија, била постигната согласност автономистичката ВМРО да прати своја делегација во СССР и таму да ги продолжи официјалните преговори со Советскиот Сојуз и со Коминтерната за добивање политичка и дипломатска поддршка за разрешување на македонското прашање.[610] За членови на делегацијата на ВМРО, Тодор Александров ги определил Д. Влахов и М. Монев, зет на Т. Александров,[611] и тие во јуни 1923 година заминале за Москва.

Истовремено, во Москва заминала и делегација на Македонската федеративна революционерна организација, предводена од д-р Ф. Атанасов и Славе Иванов.[612] Според С. Иванов, во разговорите што ги имале со повеќе советски државници, им било сугерирано дека во интерес на борбата на македонскиот народ е потребно да се воспостави единство во македонското национално-револуционерно движење, односно да постигнат согласност со автономистичката ВМРО на Тодор Александров.[613]

609 Димитар Влахов, Мемоари... цит., 221.

610 Димитар Влахов, Мемоари... цит., 212–213. В. „Балканска федерация“, бр. 7–8, 15. XI 1924, „Кои сѫ гузни?“, 93–99; Предателите... цит., 103.

611 Определбата на Т. Александров за член на делегацијата на ВМРО што ќе води преговори во Москва со претставниците на Советскиот Сојуз и Коминтерната, не била само во тоа што М. Монев бил негов зет и еден од најдоверливите соработници во раководството на Организацијата, туку и заради тоа што М. Монев во 1913 година бил назначен за „домаќин-сметководител“ во бугарската амбасада во Санкт Петербург, каде што имал контакти со руски политичари и дипломати. Истовремено, М. Монев „имал полномоштво од ВМРО“ да ја претставува Организацијата и да ги следи односите на царска Русија со балканските држави и за евентуалната нејзина поддршка, а за тоа да го информира Т. Александров (ЦДА, Фонд 771 – Колекция „Националноосвободително движение − оп. 4, а.е. 5, „Биография на Михаил Монев“. Види и кај Зоран Тодоровски, Животниот и револуционерниот пат на Михаил Монев (1881– 944), Музејски гласник, Година 1, број 1, Кратово, 2003, 67–82).

612 АС, Збирка Т. Динића, кут. 39 (непотполн и недатиран извештај).

613 ДАРМ, Пописник 1, бр. 20, цитирана изјава на С. Иванов, 12.



МИХАИЛ МОНЕВ

Преговорите меѓу претставниците на Советскиот Сојуз и Коминтерната со двете струи на ВМРО, автономистичката и федералистичката, се одвивале токму за време на Деветтојунскиот преврат и Септемвриското востание во Бугарија. Имајќи го предвид поведението на ВМРО во овие настани, Советскиот Сојуз настојувал Тодор Александров да го измени својот политички курс, бидејќи сè уште немал целосна доверба во него.[614] Затоа, во таа прва фаза од преговорите во Москва, според Д. Влахов, била скицирана идната платформа за заедничка соработка на Советска Русија и на автономистичката ВМРО на Александров, врз база да не се поддржува бугарската влада, да се поведе борба за единствен македонски фронт и за слобода и независност на сите народи на Балканот во тесен контакт со сите прогресивни сили во балканските држави за создавање Балканска федерација.[615] За разговорите во Москва, Д. Влахов доставил два различни извештаја, до ЦК ВМРО и до ЦК БКП.[616]

Во непосредните контакти со претставниците на ВМРО, претставниците на Коминтерната почнале да го менуваат својот однос од претходно заземените ставови и оцени во врска со оваа македонска револуционерна организација, третирајќи ја како „национална и граѓанска“ организација од „чисто народен карактер“, а Тодор Александров го именувале како „националист, национал-либерал и реален политичар“.[617]

Поврзувањето на ВМРО со Советскиот Сојуз било внимателно следено и од дипломатските и воените претставници на Кралството на СХС, кои и самите биле изненадени од ваквиот пресврт во политиката на ВМРО. Мотивите за

---

[614] Според пишувањето на в. „Илинден“, советските државници Раковски и Зиновјев му изјавиле на С. Радиќ дека ним им требала ВМРО, но биле уверени дека не можеле да ја имаат сè додека Т. Александров бил на чело на Организацијата (В. „Илинденъ“, бр. 11, 17. X 1924, 3).

[615] Димитар Влахов, Мемоари... цит., 228.

[616] За ваквата постапка Д. Влахов бил критикуван на Првата општа конференција на ВМРО (Обединета), одржана во Берлин, во јули 1929 година, од страна на П. Шатев и Наум Терзијанов (Павел Шатев, Спомени… цит., 320–321; Павел Шатев, Полициско досие... цит., 115–119).

[617] Види повеќе кај Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање во документите на Коминтерната...цит.


ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ

поврзувањето на автономистичката ВМРО на Тодор Александров со БКП и Советскиот Сојуз, воениот претставник на Кралството во Софија ги гледал од две причини. Првата била од материјален карактер, бидејќи бугарската влада и фашистичка Италија престанале парично да ја помагаат ВМРО, а обидот да добие средства од граѓаните по насилен пат, особено од Евреите, ѝ нанел огромна морална штета на Организацијата. Втората причина била во тоа што ВМРО очекувала од новата влада на А. Цанков да им помогне во акцијата за ослободување на Македонија. Измамени и разочарани од политиката на бугарската влада, раководството на ВМРО се свртело кон бугарските комунисти и кон Советскиот Сојуз, кои го уверувале дека само со помош на комунистичкиот режим и Советскиот Сојуз може да се оствари македонскиот идеал. Од тие причини, ВМРО на Александров ја прифатила понудената соработка за да го искористи „комунизмот“ како средство за постигнување на одамна поставената цел: „Ослободување на Македонија“.[618] А според мислењето на амбасадорот на Кралството на СХС во Софија, Милан Ракиќ, „македонската револуционерна организација одвај би преминала на советска платформа, но Македонците се навикнати да се сојузуваат дури и со ѓаволот“.[619]

Слично мислење имал и италијанскиот дипломатски претставник во Софија, којшто соработката меѓу ВМРО и „болшевиците“ ја гледал единствено низ призмата на материјална поддршка, односно дека ВМРО прифаќала помош “од која било партија и од каде било“.[620]

Обидот за поврзувањето на Тодор Александров со Советскиот Сојуз чехословачкиот амбасадор во Софија, Бохдан Павлу, во својот „политички из-

[618] АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVII/17, бр. 240 и бр. 262.

[619] Чехословашки извори за българската история...цит., 304.

[620] ДАРМ, Фонд АМНРИ – Рим, кут. 915/3 – к.

вештај" испратен до Министерството за надворешни работи во Прага, од 18 септември 1924 година, го толкува на следниов начин: „Ете зошто Македонците махинално започнаа да бараат нова ориентација. За многу од нив советската ѕвезда стана ѕвезда на спасот.[621]

Во духот на преговорите водени во Москва, а со цел да го изложи новиот „карактер на македонското ослободително и револуционерно движење", односно „политиката и тактиката на ВМРО", Тодор Александров, од името на ЦК ВМРО, на 6 септември 1923 година излегол со Декларација до претставниците на Организацијата во странство. Пишувањето на оваа Декларација до светската јавност му било доверено на Д. Влахов, кој ја составил со "јавно левичарска тенденција", но потоа текстот на Декларацијата бил коригиран и поправан од К. Прличев, Г. Баждаров и Александров.[622]

Давајќи јасно на знаење дека „ВМРО не е шовинистичка организација, туку таа е национална организација" и дека „таа ја води својата револуционерна борба само против угнетувачките влади и нивните поддржувачи", Александров во Декларацијата подвлекол дека „ВМРО ќе продолжи и понатаму да води своја самостојна политика, а за постигање на своите цели таа смета на поддршка од страна на прогресивното општествено мислење во целиот свет и на сите организации и групи кои напишале на своите знамиња 'заштита на правото на самоопределување на нациите'". Притоа, во Декларацијата Александров „најгласно" изјавил дека „нема да го положи оружјето додека не ја постигне сакананата цел – целосно ослободување и обединување на борбеното македонско население во една политичка целина: слободна и независна Македонија" (подвлечено во Декларацијата – б. м.).

Во однос на идниот статус на Македонија, Александров во Декларацијата ги издвоил следниве две компоненти:

Првата: „Македонското население ја поддржува револуционерната организација, зашто таа е негова организација, зашто таа си поставила за цел ослободување и обединување на Македонија во нејзините географски граници во една политичка целина, во која сите народности ќе имаат еднакви политички и граѓански права и ќе се радуваат на една иста духовна културна слобода"; и

Втората: „Внатрешната македонската революционерна организација се бори за остварување на својата цел за создавање од Македонија една незави-

[621] Чехословашки извори за българската история...цит., 320

[622] 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев... цит., 114; Георги Баждаров, Моите спомени... цит., 128.

сна и слободна држава, која ќе послужи како гаранција за балканскиот мир. Со создавањето на Македонија во самостојна политичка единица ќе престанат борбите и ривалствата меѓу балканските држави. Независна и слободна Македонија ќе придонесе за побратимувањето на балканските народи“.[623]

Во Декларацијата, впрочем, како и во сите мемоари, меморандуми, соопштенија, апели и писма на ЦК на автономистичката ВМРО од 1919 година до убиството на Тодор Александров во август 1924 година, потпишани од него, постојано се укажува на ослободување и обединување на трите дела на Македонија кои се под власт на Бугарија, Кралството на СХС и Грција, дека власта на бугарската, југословенската и грчката влада е таа која треба да отстапи од тие делови за конечно да се смири целиот регион, а како крајна цел на ВМРО е создавањето политичка единка која подоцна ќе стане рамноправен член на една Балканска федерација. Токму тие цели, прецизно дефинирани во документите на ЦК ВМРО и адресирани до европските држави, институции и организации, претставувале трајната константа во политичкото кредо и во политичкото дејствување на Александров од 1919 година, па до неговото убиство во 1924 година.

За да ги изложи основните правци на својата организација во натамошните преговори со Советскиот Сојуз, Тодор Александров на 30 декември 1923 година изготвил „Проект за спогодба меѓу ВМРО и Руската Советска Република“. Проектот, всушност, требало да послужи како база за идните разговори меѓу претставниците на ВМРО и Советскиот Сојуз, а тргнувајќи од официјалните изјави на Советскиот Сојуз дека ќе соработува за ослободување на потиснатите народи. Промовирајќи ја ВМРО како организација „којашто ги претставува Македонците кои се борат за национално самоопределување, политичка слобода и самоуправување, а со цел обединување на Македонија, распарчена меѓу Бугарија, Србија и Грција во 1913 г. по Букурешкиот договор за мир и на Нејскиот во 1919 г. – во една политичка единица, која потоа да биде рамноправен член на една Балканска федерација или барем во првата своја етапа – на една југословенска федерација“, Александров во „Проектот“ ја прифатил соработката со Руската Советска Република врз следните начела:

„1. ВМРО се задолжува заедно да работи со другите револуционерни организации на Балканот за федерирањето на балканските држави во нивните етнички граници, чиишто добро сфатени политички и економски интереси се совпаѓаат со тие на РСР;

[623] 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев... цит.,448–451. Објавено и кај: Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање... цит., Т. 1, Док. 24; Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 217–223.

2. Руската Советска Република ја признава ВМРО како единствен изразувач на суверената волја на Македонија;
3. ВМРО и РСР контактираат преку свои редовни полномошници што ги имаат својствата на дипломатски и воени претставници;
4. Двете страни, зачувувајќи ја својата самостојност во внатрешната и надворешната политика, можат да преземаат, со заедничка согласност и во зависност од политичките услови, конкретни заеднички акции;
5. ВМРО со благодарност би ја примила материјалната, дипломатската и моралната поткрепа на РСР“.[624]

Овој „Проект“ подоцна ќе послужи како основа на платформата на Мајскиот манифест и како еден вид писмени „инструкции“ на Д. Влахов за натамошните преговори во Виена[625], односно рамка кон која треба да се придружува. Истовремено со „Проектот“, Тодор Александров настојувал на својата организација да ѝ обезбеди целосна независност во водењето на внатрешната и надворешната политика со морална и материјална поддршка од Советскиот Сојуз. „Проектот“ бил изготвен и со цел Александров самиот да ги насочува и да ги контролира идните преговори, бидејќи се плашел ВМРО да не се „советизира“. Според неговата подоцнежна изјава за весникот „Тајмс“, ваквиот услов на претставниците на Советскиот Сојуз не го прифатил и затоа преговорите биле прекинати.[626] Истите причини за прекинување на преговорите со претставниците на Советскиот Сојуз по откажувањето на потписите од Мајскиот манифест ги потврдува и италијанскиот дипломатски претставник во Софија. Во својот извештај од 15 септември 1924 година до своето Министерство за надворешни работи во Рим, тој, меѓу другото, соопштил дека Тодор Александров ги прекинал преговорите со Москва кога разбрал дека се бара целосна потчинетост на организацијата за „болшевички цели“.[627]

Под влијание на септемвриските настани и контактите со Советскиот Сојуз и Коминтерната, како и под притисок на европската дипломатија за запирање на комитските акции, Тодор Александров од крајот на 1923 и почетокот на 1924 година ќе го измени и својот политички курс во изнаоѓањето решение

624 ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а.е. 61, л. 1–3. Објавено во Македония, Сборник... цит., 676–677; Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање... цит., Т. 1, Док. 24; Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924 ... цит., 263–265.

625 В. „Балканска федерация“, бр. 7–8, 15. XI 1924, 94.

626 В. „Независима Македония“, бр. 77, 26. IX 1924, 1.

627 ДАРМ, Фонд АМНРИ – Рим, кут. 914/XLVII/1.



ПРОЕКТ ЗА СПОГОДБА МЕЃУ ВМРО И РУСКАТА СОВЕТСКА РЕПУБЛИКА,
ИЗРАБОТЕН ОД ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ НА 30.12.1923 Г.

за ослободување на Македонија и за создавање „автономна Македонија“. Во документите на ЦК ВМРО и во неговите писма, изјави и интервјуа за странскиот печат, залагајќи се за „автономна Македонија“, јасно се уочува неговата нова ориентација и со употребата на вообичаените македонски автентични термини: „Македонци“, „македонски селанец“ и „Македонија“, како посебна политичка и територијална целина.

Во таков тон било и соопштението на ЦК ВМРО во софиските весници, во почетокот на 1924 година, со цел да ја запознае европската јавност со политиката и тактиката на својата организација и „да го врати уверувањето“ за чистиот ослободителен и национално-револуционерен карактер на Организацијата. Во соопштението, меѓу другото, ЦК ВМРО изјавил дека и натаму ќе продолжи да води своја самостојна политика, дека нема да го положи оружјето додека не ја постигне целта на која ѝ служи: „За целосно ослободување и обединување на борбеното македонско население во слободна независна Македонија“.[628]

Дистанцирајќи се од политиката на бугарската влада и изложувајќи ги целите и принципите на ВМРО, Тодор Александров во писмото до владините

[628] В. „Радник–Делавец“, бр. 99, 6. I 1924, „Македонски покрет поводом једне изјаве“.

министри за внатрешни и надворешни работи, генералите Иван Русев и Христо Калфов, од 3 јануари 1924 година, им укажал дека ВМРО „не го насочува својот поглед ниту кон Запад ниту кон Исток, ни на друго место и нема да дозволи никој да се служи со нејзиното име и со нејзиниот углед за лични и за други цели и дека во сите свои дела тргнува од интересите и дека работи за идеалите на борбена Македонија и бугарското племе“.[629]

Реагирајќи против склучените конвенции меѓу Бугарија и Кралството на СХС во ноември 1923 година, ЦК ВМРО на 15 февруари 1924 година пратил „строго доверливо соопштение“ до „политичките фактори и до раководителите на јавното мислење во Бугарија“. Во соопштението, ЦК ВМРО „констатирал“ дека кај мнозина бугарски општественици постои целосна неинформираност и површни познавања „на програмата и на духот на Организацијата“. Со цел да ги изложи целите на Организацијата, во соопштението ЦК ВМРО им дал до знаење дека на Македонската организација „по составот, по идеите и по искуството кое го има од своите триесетгодишни борби, ѝ е совршено туѓ секаков дух на авантуризам и на утопизми, дека таа го организира македонското население, без разлика на народност и на социјална положба, за да го подготви да си ја извојува онаа автономија која била идеал на две поколенија и дека нејзиното решение ќе биде диктирано, пред сè, од интересите на македонското население и ќе се донесе тогаш кога условите ќе дозволат да смета на сигурен успех“.[630]

Во барањето решение по мирен пат да се дојде до „идеалот за автономна Македонија“, Тодор Александров во писмото до Ноел Бекстон,[631] од јануари 1924 година, првпат ќе побара меѓународна „објективна анкета“ за состојбата и вистината за Македонија. Во писмото, Александров го уверувал дека ВМРО „и понатаму ќе се спротивставува на моралното и на политичкото угнетување на освојувачите“ на Македонија и дека ќе се подготвува „со удвоена енергија, за денот кога Македонија конечно ќе им биде вратена на Македонците“.[632]

Исто така, и во интервјуто за лондонскиот весник „Тајмс“ од 4 јануари 1924 година, Тодор Александров повторно ја изразил готовноста на ВМРО за спроведување „објективна анкета“ за положбата на Македонија од страна на

---

[629] Крстю Гергинов, Цочо Билярски, Из архивното наследство на Тодор Александров... цит., 252. Објавено и кај: Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 277–279.

[630] Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Непубликувани документи за дейността... цит., 248–249. Објавено и кај: Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 287–291.

[631] Ноел Бекстон, англиски политичар, министер и претседател на Балканскиот комитет во Лондон.

[632] Крстю Гергинов, Цочо Билярски, Новоиздирани документи за Тодор Александров... цит., 190–191. Објавено и кај: Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 283–287.

големите сили. Пренесувајќи ги впечатоците од средбата со Александров, новинарот бил воодушевен од неговата верба на принципот „Македонија на Македонците“, на неговата посветеност на „автономна Македонија“ и на неговата единствена идеја: „Прогласување автономија на Македонија со престолнина Солун“. Во интервјуто, Александров изјавил дека доколку не може да ѝ се даде автономија на Македонија, ВМРО „со радост ќе го прифати поставувањето на Македонија под заштита на некоја голема сила, првенствено на Англија“.[633]

## Заострување на односите на Тодор Александров со бугарската влада и со Илинденската организација

Во почетокот на 1924 година, односите меѓу Бугарија и Кралството на СХС повторно се влошиле. Владата на Кралството на СХС постојано ја предупредувала и обвинувала бугарската влада на А. Цанков за навлегувањето на комитските чети од нејзина територија и енергично барала да ја растури ВМРО и да ги распушти комитските чети што се наоѓале во Пиринскиот дел на Македонија.[634] Исто така, и одделни кругови на бугарската влада почнале отворено да реагираат против мешањето на ВМРО и на Тодор Александров во внатрешните државни работи и се плашеле од евентуалните конфликти со Кралството на СХС. Според разузнавачките извештаи на полициските власти на Кралството на СХС од јули 1922 година, кај српската и бугарската јавност сè повеќе било присутно уверувањето дека Македонскиот комитет е едно зло и за Бугарија и за Србија.[635]

Владата на Кралството СХС во неколку наврати реагирала кај бугарската влада на А. Цанков со барање за распуштање на четите на ВМРО, заканувајќи се дека ќе ги прогонува четите до Перник и до градовите покрај границата со Македонија, Ќустендил, Горна Џумаја и Петрич, каде што престојувале четите. Добивајќи информации за ваквите заканувања на владата од Белград, Тодор Александров, со писмо од 24 јануари 1924 година до пунктовиот началник на Ќустендил, А. Узунов, му напишал дека ВМРО треба да изгради мрежа во српските градови, Босилеград, Цариброд (денешен Димитровград, б.м.), Пирот и

633 В. „Независима Македония“, бр. 40 и бр. 41, София, 12. I – 18 I 1924. Објавено и кај: Тодор Александров, Живот легенда... цит., „При Тодор Александров. Задачите на Македонската революционна организация“, 80–91.

634 Димитър Косев, Международното значение... цит., 94–106.

635 АЈ, Фонд: МУП, Збирка 14 – 36–114.

Ниш за да го знае „редовното движење на непријателите" и какви акции тие предвидуваат да преземат. ЦК ВМРО за кратко време успеал да создаде мрежа од свои информатори, коишто добиените информации ги испраќале до пунктовиот началник во Ќустендил, кој понатаму ги препраќал во канцеларијата на ВМРО во Софија.[636]

Добивајќи постојани дипломатски ноти од Кралството на СХС дека главните сили на ВМРО се наоѓале во Ќустендил, Дупница, Горна Џумаја и Петрич, како и во околните села, и дека во тие реони имало големо движење на четите, одделни претставници на бугарската влада, блиски до ВМРО, и некои странски дипломати во Софија го советувале раководството на ВМРО да го забрани движењето на четниците со нивните униформи и оружје. Реагирајќи веднаш на ваквите совети, ЦК ВМРО презел неопходни мерки за забрана на јавно носење униформи и оружје. За кратко време, четниците се облекле во цивилна облека, дел оружјето било прибрано во магацините, извесен дел од четниците биле вработени во градските служби, а некои испратени во внатрешноста на Бугарија. Со тоа бугарската влада и странските дипломати извесно време беа „смирени" од ваквите мерки на Организацијата.[637] Но, кога бугарската влада „пријателски" му укажала на раководството на ВМРО дека со неговите вооружени акции може да дојде во прашање слободата и независноста на Бугарија, тоа, според дипломатските извори на Кралството на СХС од 22 февруари 1924 година, ѝ одговорило: „И Бугарија нека ги загуби слободата и самостојноста. Да видите и вие како изгледа да се биде роб".[638]

Во почетокот на март 1924 година, бугарската влада на А. Цанков за да даде доказ за својата лојална политика кон Кралството на СХС, а заради зачувување на врховните интереси на државата, презела голем број апсења сред привврзаниците на автономистичката ВМРО. Најголем број од уапсените Македонци биле од редовите на македонските емигрантски братства и од Илинденската организација, а помал дел од раководителите на автономистичката ВМРО и на Македонскиот национален комитет. Дипломатскиот маневар на владата на А. Цанков со апсењето на Македонците не останал без одглас кај македонските братства и кај автономистичките кругови на ВМРО. Најпрвин, против „произволните апсења" остро протестирал Македонскиот национален

[636] ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Христо Узунов, Спомени.

[637] Исто.

[638] АИНИ, Фонд: КПЛ, к. XXXVII/17, бр. 190.

комитет до претседателот на владата и до министерот за надворешни работи.[639] Наскоро Тодор Александров, во името на ЦК ВМРО, на 10 март 1924 година упатил остар протест до претседателот на бугарската влада и до претседателот на Друштвото на новинарите во Софија. Осудувајќи ги таквите „противзаконски и нечовечки апсења“[640] против „насилството на човечката личност“, Александров ја предупредил бугарската влада дека за последиците од нивните дејства таа најмногу ќе зажали.[641] Цитирајќи ја на почетокот на писмото мислата на Густав Лебон „моралните сили не може да се победат ниту со закони ниту со војска“, Александров јасно ѝ дал до знаење на бугарската влада дека „стремежите за слобода и самоуправување на македонското население и Револуционерната организација“ се во согласност со мотото на Вилијам Гладстон: „Македонија на Македонците“ и дека „Бугарија преку апсења на македонски бегалци не може да ги заштити „врвните државни интереси... српските империјалисти“. Во писмото Александров уште еднаш ја повторил изјавата дека ВМРО нема „да се меша во надворешната или во внатрешната политика на Бугарија или, пак, на која било соседна земја на Македонија“. „Но, кога Македонци, мирни граѓани во Царството Бугарија, сред зима се апсат, се малтретираат по полициски станици, се раселуваат и не им е оставена можност да се грижат за своите семејства, без престапи спрема законите на земјата, во која нашле прибежиште – а секој престап се утврдува само од судската власт (се вели понатаму во писмото, б.м.) ЦК ВМРО најенергично протестира против тоа насилство над човечката личност и првпат ги предупредува авторите на тие дела дека последиците од нивните активности ќе ги натераат да зажалат“. Сметајќи ја владата на Бугарија одговорна за „незаконските прогони и незаслужените страдања“ на Македонците во Бугарија, Александров на крајот од писмото истакнал: „Борците за слободата на Македонија, кои преживеаја многу премрежиња без да се расколебаат, нема да се вознемират од тие беззаконија; нивната вера е непобедлива, а нивното дело неуништливо, бидејќи нема физичка сила што би можела со успех да се бори против моралните сили на еден народ: тие се непобедливи“.[642] Со ваквиот став, всушност, Александров ја

[639] В. „Независима Македония“, бр. 48, 8. III 1924, 1. Протести против апсењата на Македонците се содржани и во броевите 48, 49, 50, 51 и 52.

[640] ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а.е. 28, л. 2. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 569–571.

[641] „Независима Македония“, бр. 51, 28. III 1924, „Протестъ на ВМР Организация“, 1. В. „Пиринъ“, бр. 25, 30. III 1924, 1; АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVII/16, бр. 148.

[642] ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Христо Узунов, Спомени.

покажал својата лидерска улога во раководството на автономистичката ВМРО и ја демонстрирал самостојноста на ВМРО како посебна организација, спротивставувајќи ѝ се на бугарската влада и на нејзината политика кон ВМРО.

Со апсењето на припадниците од средината на македонската емиграција во Бугарија, владата на А. Цанков настојувала не само да го исполни ветувањето на Кралството на СХС туку и да ја ослаби Илинденската организација, чие скршнување налево јасно се чувствувало во редакциската политика на нејзиниот орган „Илинден". Имено, по Деветтојунските и септемвриските настани, Илинденската организација постепено се ослободувала од влијанието на автономистичката ВМРО на Тодор Александров и се издигнала како вистински заштитник на осамостојувањето на македонското ослободително движење од државните интереси на Бугарија. Судирите меѓу бугарската влада и ВМРО на Александров, од една страна, и Илинденската организација, од друга страна, особено се заостриле по Септемвриското востание, кога Илинденската организација отворено почнала да реагира против убиствата на левоориентираните дејци на македонското ослободително движење од страна на автономистичката ВМРО и Цанковата влада и против политиката на бугарската влада спрема Кралството на СХС. Тоа била и основната причина што бугарската влада во септември 1923 година го забранила излегувањето на нејзиниот орган „Илинден".[643]

Самостојната политичка ориентација на Илинденската организација била изложена уште во декември 1923 година од членовите на раководството на оваа организација, Георги Занков и Арсениј Јовков, во интервјуто за италијанскиот весник „Il Pikolo de la sera". Во интервјуто тие, меѓу другото, изјавиле дека нивниот идеал за „независна Македонија и државниот идеал на Бугарија се во непримирлива противречност" и дека „Илинденската организација е легална културно-просветна организација, што нема ништо општо со Македонската револуционерна организација која учествува во српска и грчка Македонија[644] (подвлечено во оригиналот, б.м.).

Спротивставувајќи се на политиката што ја водела Илинденската организација, Тодор Александров пишувал заканувачки писма до редакцијата на весникот „Илинден", во кои го осудувал нејзиното пишување во весникот, осо-

---

643 В. „Независима Македония", бр. 24, 20. IX 1923, 3.
Весникот „Илинден" продолжил да излегува под името „Пирин", а по неговото забранување во април 1924 година излегувал под името „20 Јули" (Д-р Боро Мокров, Развојот на македонскиот печат и новинарството, Скопје, 1980, 312).

644 В. „Пиринъ", бр. 13, 6. I 1924, „Погледъ върху Македонскиятъ въпросъ". 1. Написот е пренесен од италијанскиот весник „Il Pikolo de la sera" во бројот од 24. XII 1923.

бено во написите со кои ги предизвикувале „Србите и Грците“.[645] Посебно на удар биле Г. Занков и А. Јовков, кои на неколку наврати биле предупредувани и заплашувани од Александров поради нивната уредувачка политика на весникот „Илинден“.[646]

Во април 1924 година бугарската влада повторно го забранила издавањето на новиот орган на Илинденската организација „Пирин“, што било повод Илинденската организација на 17 април да упати остар Меморандум до претседателот на бугарската влада. Бранејќи ја енергично самостојноста на македонското дело, раководството на Илинденската организација во Меморандумот ја критикувало основната цел на политиката на бугарската влада дека „потчинувањето на македонското прашање и дејноста на македонската емиграција за бугарски државни интереси – е историскиот пат на бугарската држава (подвлечено во оригиналот, б.м.). На крајот од Меморандумот, раководството на Илинденската организација му дала до знаење на претседателот на бугарската влада А. Цанков дека македонската емиграција треба „еднаш засекогаш“ да биде третирана „не како дел од бугарската држава, туку како независен политички елемент“.[647]

По повод објавувањето на Меморандумот, Македонскиот национален комитет издал „коминике“, во кое го осудил Меморандумот на Илинденската организација. Притоа, тој ѝ ставил до знаење на македонската емиграција дека „само тој – врз основа на Уставот и конгресните решенија има право да ја претставува македонската емиграција во Бугарија и во странство“ и дека сите други македонски организации „се должни да ја подредуваат својата акција во полна хармонија со политиката на Националниот комитет“.[648]

Меморандумот на Илинденската организација исто така било повод Тодор Александров и Иван Михајлов остро да се нафрлат врз нејзиното раководство, а особено врз Г. Занков и А. Јовков, осудувајќи ја нивната „нова ориентација“ на македонското ослободително движење.[649]

---

645 В. „Македонско дело“, бр. 41, 10. V 1927, 10–13; и бр. 43, 10. VI 1927, 9–11.

646 В. „Илинденъ“, бр. 10, 10. X 1924, 3; В. „Независима Македония“, бр. 91, 2. I 1925, 3; В. „Македонско дело“, бр. 44, 25.VI 1927, 8–10; Иванъ Михайловъ, Спомени III... цит., 691.

647 АС, Фонд Министарство војске и морнарице, Главни генералштаб Обавештајно одељење, Збирка Т. Динића, кут. 38, „До Господина Пръдседателя на Министерскиятъ Съвътъ“, Ръководно тяло на Илинденската организация, № 432, София, 17 априлъ, 1924.

648 АИНИ, Фонд КПЛ, к. XXXVII/816, бр. 169.

649 Заговорътъ противъ Тодоръ Александровъ... цит., 63.



МИШО ШКАРТОВ

Независната политичка ориентација на Илинденската организација особено била присутна на нејзиниот конгрес, одржан од 24 до 26 јуни 1924 година во Пловдив. На конгресот, според известувањето на дипломатскиот претставник на Кралството на СХС во Софија од 19 септември 1924 година, најенергичен во истапувањето бил стариот прилепски војвода и еден од раководителите во Илинденската организација, Петар Ацев, кој, меѓу другото, рекол: „Не сакаме повеќе да водиме сметка за политиката на бугарската влада, на глупавата политика на бугарската влада можеме да ѝ се заблагодариме што Македонија сè уште стенка под српскиот јарем. Ние веќе сметаме на нашите надворешни пријатели кои ќе ни помогнат во борбата за ослободување на Македонија. Во прв ред на Русија, на комунистите кои секој ден се сè посилни и кои ќе ја решат судбината на балканските народи, па и на Македонија“.[650]

На Конгресот, веќе поделеното раководство на ВМРО, пратило свој делегиран претставник да ја следи работата на Илинденската организација. А. Протогеров и А. Василев го делегирале тиквешкиот војвода Мишо Шкартов, додека Тодор Александров и Иван Михајлов – Јордан Чкатров,[651] и преку него извршиле притисок кај делегатите Г. Занков и А. Јовков да не бидат избрани во раководството на Илинденската организација. И покрај заканувањата, уценувањата и агитациите кај делегатите на конгресот, Г. Занков и А. Јовков повторно биле избрани во раководството на Илинденската организација.[652] Тоа, всушност, беше и првиот случај каде што Александров беше бојкотиран, а тоа не можеше да им го прости на Г. Занков и А. Јовков.[653]

[650] АИНИ, Фонд: КПЛ, к. XXXVII/17, бр. 248. Интересно е дека Петар Ацев во своите спомени не ја спомнува цитираната дискусија на конгресот (Петар Ацев, Спомени... цит., 290).

[651] Петар Ацев, Спомени… цит., 297–302.

[652] В. „Македонско дело“, бр. 50, 25. IX 1927, 11–13; Предавниците... цит., 187–189; Иванъ Михайловъ, Спомени III... цит., 688–692.

[653] Петар Шанданов, Спомени...цит., 110.

## Тодор Александров и Мајскиот манифест

Кон крајот на 1923 и во почетокот на 1924 година ВМРО се нашла во мошне незавидна положба. Како последица на Деветтојунските и септемвриските настани, ВМРО на Тодор Александров сè повеќе ги губела позициите и влијанието кај македонската емиграција во Бугарија, а односите со новата бугарска влада на А. Цанков во голема мера биле нарушени. ВМРО продолжила да го има истиот однос кон владата на А. Цанков како што го имала и со А. Стамболиски, бидејќи беше против сите бугарски фактори што бараа зближување со Кралството на СХС и со Грција за сметка на Македонија. Притоа, највисоките претставници на бугарската држава во еден момент дури им се заканиле на членовите на ЦК ВМРО, Тодор Александров и А. Протогеров, дека владата ќе преземе сериозни мерки „лично против нив“, ако се спротивставуваат на нејзината политика за зближување со Кралството на СХС.[654]

Ваквите политички состојби во Бугарија влијаеле членовите на ЦК ВМРО, Тодор Александров и А. Протогеров, да ги продолжат започнатите преговори со претставниците на Советскиот Сојуз. Притоа, Александров го ополномоштил Д. Влахов да ги продолжи преговорите со претставниците на Советскиот Сојуз во Виена, како и да ги прошири со претставниците на Балканскиот револуционерен центар. Тие, од своја страна, изразиле готовност за соработка и за создавање балкански револуционерен фронт, под услов Александров да ги прекине врските со владата на А. Цанков, да ги прекрати убиствата над Македонците од редовите на другите револуционерни сили и да објави, односно да даде доказ, дека е за самостојност на македонското ослободително движење.[655]

Кон крајот на март 1924 година Тодор Александров и А. Протогеров заминале во Рим, а потоа во Виена, лично да ги продолжат преговорите со претставниците на Советскиот Сојуз. Нивното заминување во странство било и под сугестија од министерот на војската, Иван В’лков, „да се оддалечат од Бугарија“, за да ѝ дадат јасен сигнал на владата на Кралството на СХС дека привремено ќе запрат комитските акции на ВМРО.[656]

Заминувајќи во Рим, Тодор Александров и А. Протогеров се сретнале со Петар Чаулев, со цел да се постигне спогодба и да се надминат недоразбирањата што ги имале со него, како и да се отстранат конфликтите со Македонската

---

654 Предавниците... цит., 116 – 117.

655 Исто, 115.

656 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев... цит., 126.

федеративна организација. П. Чаулев од 1922 година престојувал во странство, односно во Албанија и Италија, и сè повеќе се оддалечувал од политиката на ВМРО. Според Правилникот на ВМРО, П. Чаулев бил задолжен да го организира Битолскиот револуционерен округ и од Албанија преку Охридско да создаде база за навлегување на четите на ВМРО, исто како што Александров го организирал од Бугарија кон источниот дел на Вардарска Македонија. Меѓутоа, П. Чаулев повеќе престојувал во градовите во Албанија и Италија и не се ангажирал за спроведување на договорените задачи со ЦК ВМРО, и покрај укажувањата и реагирањата на Александров. Така, во писмото до А. Протогеров и П. Чаулев од 26 март 1923 година, Александров остро реагирал што П. Чаулев не се јавувал со писма, а особено што, и покрај ветувањата, не влегол во Вардарскиот дел на Македонија „за да го организира Битолскиот револуционерен округ, а потрошил десетици илјади – ако не и стотици – левови народни пари".[657] Во едно друго писмо од 10 јули 1923 година, пратено, исто така, до А. Протогеров и П. Чаулев, Александров го повикал П. Чаулев „за последен пат (подвлечено во писмото, б.м.) да замине најбрзо за Битолскиот револуционерен округ", забележувајќи му дека „цели три години" не ја исполнил својата обврска кон ЦК ВМРО да започне „револуционерна дејност во Македонија", иако имал „спротивно мислење" од раководството на ВМРО да си поднесе „оставка во ЦК ВМРО" и да почне „легална дејност во Македонија под српско ропство, штом тој смета дека имало услови за неа".[658]

Само по неколку месеци, на 30 септември 1923 година, Тодор Александров му пратил и трето писмо на П. Чаулев во Рим, во кое го предупредувал „ако за десет дена" по добивањето на писмото не замине „внатре, во Македонија", тогаш да си поднесе оставка од членството на ЦК ВМРО. Во спротивен случај, како што му напишал во писмото: „За да не мораме ние дејците однатре да те исфрлиме официјално од нашите редови" (подвлечено во писмото, б.м.).[659]

По иницијатива на Д. Влахов дошло до успешно завршување на преговорите со федералистите, со цел да се стави крај на заемното прогонување и да се постигне обединување на македонското ослободително движење врз

[657] ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 71, л. 6–7. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 175–179. Во писмото Т. Александров реагирал и поради тоа што П. Чаулев ја повикал жена си во странство и живеел со неа на трошок на Организацијата и поради тоа ги посрамотил и другите членови на ЦК и угледот на Организацијата.

[658] ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 71, л. 8. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 201 – 205.

[659] ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 71, л. 9. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919-1924… цит., 223–225.

прогресивна база.[660] За постигнување спогодба за обединување на македонските револуционерни сили, во голема мера придонел П. Чаулев, кој одамна ги прифатил принципите за самостојноста на револуционерната борба на македонскиот народ и за единствен македонски и балкански фронт. Како што и самиот подвлекол во „Отвореното писмо" до членовите на ВМРО и до „сите борци за слободата на Македонија", само тактиката на единствен македонски и балкански фронт може да даде нов моќен поттик на борбата на ВМРО за ослободување на Македонија и спас за сите балкански народи. Врз основа на ваквата платформа, како што вели П. Чаулев во истото писмо, тројцата членови на ЦК ВМРО, Тодор Александров, А. Протогеров и П. Чаулев, „еднодушно донеле решение" да започнат нови преговори со другите револуционерни групи, организации и фактори на Балканот, „со цврсто уверување" преговорите успешно да ги приведат кон крај.[661]

По иницијатива на претставниците на Коминтерната, а под мотивација „во интерес на Македонија",[662] преговорите за обединување на македонското револуционерно движење продолжиле во Виена и завршиле со потпишување на неколку документи, кои ја навестиле новата ориентација на ВМРО.[663]

Пред почнувањето на преговорите и потпишувањето на документите, било потребно да се постигне договор меѓу ЦК ВМРО и Македонската федералистичка револуционерна организација, за што биле задолжени Д. Влахов и П. Чаулев. Со посредување и присуство на претставникот на Советска Русија, Черски, на 11 април 1924 година бил потпишан Протокол за соработка меѓу ЦК ВМРО и МФРО. Потписници на протоколот биле П. Чаулев и Д. Влахов, како делегати на ЦК ВМРО, и д-р Филип Атанасов и Славе Иванов, како делегати на МФРО. Врз основа на констатираната состојба дека „е можна во иднина една заедничка револуционерна активност за ослободување на Македонија како независна историска единица што влегува во состав на балканската Федерација", и врз „можната поткрепа на Советска Русија", двете страни дошле „до еднодушна" спогодба и согласност:

„1. Прекинување на секакви непријателски дејства меѓу двете страни, за да почнат преговори за обединување на двете организации;

---

660 Димитар Влахов, Мемоари... цит., 234–235.

661 В. „Балканска федерация", бр. 2–3, 15. VIII 1924, 38–39.

662 АМ, Пописник 1, бр. 21, Станчев Иванов Славе, цитирани Спомени, 73.

663 За текот на преговорите и потпишувањето на виенските документи види повеќе кај Димитар Влахов, Мемоари... цит., 235–248; Предавниците... цит., 117–139; Мајскиот манифест и Декларацијата на ВМРО (Обединета), Скопје, 1948.

2. Двете страни се задолжуваат да направат итни постапки пред сите свои органи за прекинување на секакви непријателски активности и прогонувања меѓу себе“.[664]

Кога го видел Протоколот потпишан, Тодор Александров веднаш реагирал за содржината и преземените обврски на ЦК ВМРО. Во писмото до К. Прличев од 23 април 1924 година, тој му напишал дека заедно со А. Протогеров се нашле „во многу тешка ситуација“, бидејќи Д. Влахов и П. Чаулев прифатиле пред претставниците на Советскиот Сојуз „писмени обврски многу тешки и понижувачки“ за ЦК ВМРО, „без да имаат мандат за тоа“.[665]

Првиот документ што го потпишале членовите на ЦК ВМРО, Тодор Александров, П. Чаулев, А. Протогеров, на 29 април 1924 година, била „Декларација“, што послужила како платформа за обединување на македонското национално-револуционерно движење „во единствен македонски револуционерен фронт“. Во Декларацијата, ВМРО, во својство на „Вистинска револуционерна сила“, изјавила дека „се бори за ослободување и обединување на раскинатите делови на Македонија во една наполно самостојна (независна) политичка единица, во нејзините природни етнографски и географски граници“. Понатаму, дека ќе ги прекине врските со бугарските влади и „ќе води борба против нивната политика“, дека ќе стапи во контакт со комунистичките партии во балканските држави и со сите вистински револуционерни движења во другите балкански земји кои „го прифаќаат и се борат за вистинско самоопределување на своите народи“ и дека ќе се бори за „ослободување и обединување на Македонија во самостојна политичка единица во една Балканска федерација“.[666]

Вториот документ бил „Протокол за обединување на македонското револуционерно движење“, потпишан на 30 април 1924 година. Протоколот, всушност, претставува спогодба во која се содржани основните принципи врз кои требало да се обединат ВМРО и Македонската федеративна организација „во единствен македонски револуционерен фронт, како основа за формирање единствен балкански револуционерен фронт“. Во Протоколот, двете органи-

---

[664] Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање... цит., Т. I, Док. № 47. Објавено кај Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 301

[665] 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев... цит., 465–465. Објавено кај Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 581–583.

[666] Предавниците... цит., 119 – 121. Македония. Сборник,... цит, IV. 31; Документи за борбата на македонскиот народ... цит., Т. 2. III. 48, 85 – 86; ВМРО (Обединета). Документи и материјали, Книга I и II. Избор, предговор и редакција Иван Катарџиев, Скопје, 1991. Т. 1. Док. 1; Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање... цит., Т. I, Док. № 56; Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919-1924… цит., 303 – 305.



РАБОТНАТА ВЕРЗИЈА
НА МАЈСКИОТ МАНИФЕСТ НА ВМРО, 1924 Г.

зации се изјасниле дека ќе ги прекинат сите непријателски акции меѓу себе, а тоа истовремено значело и укинување на сите смртни пресуди и прогони против одделни членови и чети на двете организации.[667]

Третиот и основен документ бил „Манифестот кон македонскиот народ, до организираното революционерно население во Македонија и до македонските револуционери“,[668] донесен на 6 мај 1924 година. Според П. Чаулев, Манифестот претставувал „свештен завет“, односно директива и програма за претстојната борба на македонскиот народ.[669] Манифестот бил изработен за објавување и со цел да се запознае македонскиот народ, македонската емиграција и општественото мислење на Балканот со новите принципи врз кои ќе се води национално-ослободителната борба на македонскиот народ.

Во Манифестот, ЦК ВМРО изјавил дека ВМРО „се бори и ќе се бори со сите средства на революционерната борба за ослободување и обединување на распарчените делови на Македонија во една целосно независна и самостојна политичка единица, во нејзините природни, географски и етнографски граници“ (подвлечено во Манифестот, б. м.) и за „демократизирање на соседните на Македонија балкански држави и нивно сојузување во една Балканска федерација, која единствено може да го гарантира политичкото постоење на независна Македонија и независноста на другите балкански народи“.

---

667 Предавниците... цит., 121 – 123.

668 АС, Збирка Т. Динића, кут. 39, “Манифестъ къмъ македонския народъ“, 6 май 1924 г.

669 В. „Балканска федерация“, бр. 2 – 3, 15. VIII 1924, 39; и бр. 7 – 8, 15. XI 1924, 86 – 88.

Во опширниот Манифест најостро се осудувала антимакедонската политика на бугарската влада на А. Цанков, при што ЦК ВМРО отворено изјавил дека „политиката на владата на Цанков е непријателска спрема македонскиот и бугарскиот народ и апелира кон сите Македонци и Бугари да поведат најрешителна борба против неа“. За да ја увери македонската јавност дека автономистичката ВМРО својата дејност ја насочува по новиот пат, потписниците на Манифестот „најсвечено“ изјавиле дека ВМРО „ги прекинува сите потери и ги укинува сите егзекутивни мерки и наредби против одделните македонски дејци, групи, организации и струи“ (подвлечено во оригиналот, б.м.).

Исто така, во Манифестот ЦК ВМРО изјавил дека „во својата борба за независна Македонија и Балканска федерација смета, пред сè, на обединетите револуционерни сили на целото македонско население, без разлика на вера и народност, кои ќе ја поведат својата борба во тесна соработка со револуционерните сили на работните маси во другите балкански држави“. На крајот од Манифестот, ЦК ВМРО изразил надеж дека со создавањето „единствен македонски револуционерен фронт“, ќе ги „извојува слободата и независноста на Македонија, ќе го наметне создавањето на Балканска федерација и ќе обезбеди мир на Балканот за да помогне за воспоставување мир цела Европа“.[670]

Завршен документ на виенските преговори била „Декларацијата на Македонската парламентарна група“, изработена и потпишана на 6 мај.[671] Со Декларацијата, македонските претставници од Пиринскиот дел на Македонија требало да истапат на XX народно собрание на Бугарија за да се оформат во одделна парламентарна група, која во својата дејност ќе се раководи од принципите на Манифестот. Во целата оваа Декларација провејува осудата на противмакедонската политика на бугарската влада. Протестирајќи „најенергично против целата внатрешна политика“ на бугарската влада, Македонската парламентарна група му искажала недоверба на кабинетот на А. Цанков, барајќи, меѓу другото, да си оди, изјавувајќи дека ќе ја даде својата поддршка на онаа бугарска влада која искрено ќе ја поддржи борбата на македонскиот народ за

670 ЦДА, Фонд 396, оп. 2, а.е. 12, л. 1–7; АС, Збирка Т. Динића, кут. 39, „Манифестъ...“., цит; Предавниците... цит., 124–133. В. „La Fédération Balcanique“, N 1, 15 юли 1924, 14–15; В. „Илинденъ“, 2 август, 1924, 3; Изменниците…цит., 57–63; БКП, Коминернът и македонският въпрос (1917–1946). Том първи. Съставители: Цочо Билярски и Ива Бурилкова, София, 1998, 216–222; Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање… цит., 471–487. Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 307–321.

671 По овластување на Т. Александров, кој во меѓувреме отпатувал од Виена, Декларацијата, како и Манифестот, во негово име ги потпишале А. Протогеров и П. Чаулев (Предавниците... цит., 133–137).

ослободување и обединување на поробена Македонија и за создавање Балканска федерација.[672]

Во виенските документи на ВМРО, од април и мај 1924 година, изработени со цел обединување на македонското револуционерно движење во „единствен македонски револуционерен фронт", решавањето на македонското прашање единствено се барало во создавањето Балканска федерација.

Во изработката на Мајскиот манифест, лично учествувал и Тодор Александров, а во негово отсуство, но по претходно овластување, документот во негово име го потпишале А. Протогеров и П. Чаулев. Овој документ, всушност, претставува врв на неговото идејно свртување кон лево, односно кон претстојната борба за „независна и самостојна" Македонија во нејзините „природни, географски и етнографски граници".

Потписот врз овој документ мошне скапо ќе го чини Тодор Александров, бидејќи ВМРО прв пат ѝ објавила војна на бугарската влада, односно првпат во документите на ВМРО се бара прекинување со политиката на Бугарија и се повикува „македонскиот народ" во борба против „политиката на владата на Цанков".

Сите документи донесени во Виена претставуваат почеток на една нова етапа во развојот на македонското ослободително движење. Во нив е содржана новата политичка ориентација со која требало да се стави крај на долгогодишните идејни разлики и постојани конфликти меѓу раководните сили во македонското национално-револуционерно движење. Новата ориентација посебно се огледала во подготвеноста на раководството на автономистичката ВМРО да ги прекине врските со бугарската влада и да пристапи во заедничката борба со сите револуционерни сили на Балканот за извојување обединета и независна Македонија во рамките на Балканската федерација.

Виенските документи, изработени врз основа на соработката на ЦК ВМРО со претставниците на Коминтерната, а со цел обединување на македонското револуционерно движење, претставуваат круна на желбите и надежите на Тодор Александров за создавање слободна и независна македонска држава. Тоа, всушност, се потврдува и од неговото писмо упатено до П. Чаулев од 4 јули 1924 година, веднаш по објавувањето на Манифестот: „ВМРО се бори за независноста на Македонија, таа е самостојна Организација и не може да ѝ служи на никоја држава, ниту на некакви партии во која и да е држава".[673]

---

672 Предавниците... цит., 133–137.

673 ЦДА, Фонд 396, оп. 2, а.е. 28, л. 52–56. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919-1924… цит., 649–655.

## Откажување на Тодор Александров од Мајскиот манифест

Со потпишувањето на документите од виенските преговори, било извршено само формално обединување на македонските революционерни сили. По потпишувањето на документите, било договорено Тодор Александров и А. Протогеров по своето враќање во Бугарија да ги запознаат членството на својата организација и македонската емиграција со Манифестот, како основен програмски документ за формирањето единствен револуционерен фронт. Уште при потпишувањето на документите, Александров барал најмалку еден месец за публикување на Манифестот, „за да го сондира мислењето на неговите луѓе во Централниот комитет“.[674] Притоа, Александров дал до знаење дека сака Манифестот да го стави на разгледување на општиот конгрес на ВМРО.

Преговорите и потпишувањето на Мајскиот манифест и на другите документи во Виена, и покрај големата конспирација од страна на членовите на ЦК ВМРО, Тодор Александров и А. Протогеров, не останало тајна кај претставниците на БКП во Виена и кај бугарската влада. Претставникот на Советскиот Сојуз, Черски, секојдневно ги информирал своите претпоставени за текот на преговорите, а тие ЦК БКП. Преку ЦК БКП, Димо Хаџи Димов и припадниците на левицата на ВМРО, меѓу кои и Мишо Шкартов, биле информирани за сите случувања што се одвивале во Виена.[675]

Исто така, според Петар Ацев, потпишаните документи директно од бугарскиот конзулат, каде што се одвивале преговорите, поради невниманието на конзулот, Д. Влахов, биле доставувани до бугарската влада во Софија од страна на секретарот на конзулатот.[676] Според подоцнежните изјави на службениците во бугарската амбасада во Виена, Димитар Ризов-Везир и Златарев, дадени на Благој Видов, сите средби на Тодор Александров во Виена со советските претставници и изработените документи, со знаење на Д. Влахов, биле препраќани со тајна шифра до владата на А. Цанков во Софија и до министерот за надворешни работи, Христо Калфов.[677] Така, уште пред да се врати Александров во Софија, бугарските политички фактори и раководството на ЦК БКП биле информирани за постигнатиот договор на ЦК ВМРО со Советскиот Сојуз и со Коминтерната.

---

674 ДАРМ, Пописник 1, бр. 20, цит. изјава на Славе Иванов, 21.

675 Петар Ацев, Спомени... цит., 314–315; Петар Шанданов, Спомени... цит., 108.

676 Петар Ацев, Спомени... цит., 314–315.

677 ДАРМ, Фонд Благој Видов, „Некои моменти...“, цитиран ракопис, 55.

Меѓутоа, кога Тодор Александров во почетокот на јуни 1924 година[678] се вратил во Софија и го видел текстот на Манифестот, изненаден му напишал на А. Протогеров: „Стигнаа преписите од Манифестот и од Декларацијата на пратениците. Кога ги читав, косата ми се креваше. Со нивното публикување ќе се нанесат неизмерни штети, не само на борбена Македонија туку и на целото бугарско племе". Во писмото, Александров го известил А. Протогеров дека му пратил телеграма на Никола Велев, претставник на ВМРО во Виена, за да му соопшти на Д. Влахов да не го објавува Манифестот и да дојде на средба во Софија.[679]

Тодор Александров реагирал за содржината на Манифестот уште кога бил изготвен како „нацрт" од Д. Влахов. Во писмото до К. Прличев и Г. Баждаров од 1 јуни 1924 година, тој им се пожалил дека П. Чаулев и А. Протогеров „не се труделе да се поправат некои јавни лаги" што се однесувале на ВМРО и не спречиле „ништо што би ја претворило ВМРО во комунистичка организација и во орудие на Москва".[680]

Според белешките на Тодор Александров, најдени пред раскинувањето на односите со Д. Влахов и П. Чаулев, во преговорите со претставниците на Советскиот Сојуз, тие настојувале од „ВМРО да направат свое орудие, или да ја расцепат и ослабат". Нивните барања, како што запишал Александров во својот нотес, биле „не само неприфатливи и навредливи, туку и страшно одвратителни", бидејќи барале да постигне договор со федералистите и да формираат заеднички Централен комитет, да се свика општ конгрес на ВМРО во странство, да не се прогонуваат „разбојниците-ренегати" С. Мишев, Суџукаро, Г. Циклев и ВМРО да се договори со бугарските комунисти за соборување на владата на А. Цанков.[681]

Како што е познато од досега познатите извори, а поновите објавени документи од Коминтерната истото го потврдуваат, пишувањето на концептот на

---

678 Според спомените на Ангел Узунов, Т. Александров се вратил во Софија на 1 јуни 1924 година и со писмо од истиот датум му напишал на А. Узунов: „Драг Димитров (псевдоним на А. Узунов, б.м.), наближив веќе и наскоро ќе се видиме. Чувај го тоа во најголема тајност. Треба брзо да се досредат некои важни работи, по што ќе преминам и јас внатре за да ги затегнам здраво врските таму и да го подигнам духот на населението. Ако се позадржам, јас ќе те викнам ти да дојдеш" (ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени).

679 ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а. е. 28, л. 10; Исто, а. е. 26, л. 6; Објавено кај: 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев... цит., 452–467; Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 933.

680 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев... цит., 466. Објавено кај Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924...цит., 585.

681 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев... цит., 469–471.

Мајскиот манифест му било доверено на А. Протогеров, додека дефинитивното оформување на текстот му било препуштено на Д. Влахов.[682] Меѓутоа, тој како изграден комунист, а под влијание на претставниците на ЦК БКП и на Коминтерната во Виена, во текстот ставил препознатливи комунистички термини, „во согласност со гледиштето на левицата на ВМРО“[683] и според потребата на советските и бугарските комунисти. Па оттаму, Мајскиот манифест бил составен „пренагласено комунистички“, каде што доминирала класната селанско-работничка идеологија, а не општонародниот карактер на организацијата со граѓанско-демократска идеологија. Оттаму, Манифестот не бил во согласност со волјата и погледите на Тодор Александров, како и со ставовите и карактерот на автономистичката ВМРО. Со потписот врз Манифестот, ЦК ВМРО станал заложник на Советскиот Сојуз и на Коминтерната, кои во однос на македонското движење и во односите со ВМРО дејствувале координирано со ЦК БКП.[684]

Во преговорите со претставниците на Советскиот Сојуз, Тодор Александров, како што вели П. Шатев, се покажал како „добар конспиратор“, криејќи ги и од своите најблиски соработници, членот на ЦК ВМРО, А. Протогеров, и неговиот секретар Иван Михајлов[685], а за нив знаеле само членовите на Задграничното претставништво, Георги Баждаров и Кирил Прличев.[686] А раководителите на Петричкиот округ, А. Василев и Г. Атанасов, Александров во едно писмо од 11 јуни 1924 година, ги известил само дека при својата „обиколка“

682 Види повеќе кај: Димитар Влахов, Мемоари, Скопје, 1970; Предавниците на македонското дело. ЦК ВМРО (Об.). Редакција и коментар: Иван Катарџиев, Скопје, 1983; Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање...цит.; Владо Поповски, Л. Жила, Македонското прашање во советската надворешна политика (1922–1940). Документи, Книга I и II, Скопје, 2008; Павел Шатев, Спомени. Предговор и редакција: д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2013.

683 Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање… цит., 889.

684 Владо Поповски, ВМРО Александрова, бугарските влади и виенските документи... цит, 46–51.

685 Павел Шатев, Спомени…цит., 195.

686 Георги Баждаров, Моите спомени... цит., 126.
Според П. Шатев, делегацијата на ВМРО, пратена од Т. Александров за преговори со Советскиот Сојуз во Москва, во состав Д. Влахов и М. Монев, до Виена ја придружувал П. Шатев за да ја поврзе со советскиот центар, а до градот Русе била испратена од И. Михајлов, кој не знаел за нивната мисија и им било кажано дека таа одела во странство да изврши „ревизија“ во центрите на ВМРО во Европа“ (Павел Шатев, Спомени… цит., 208–209). Кога делегацијата во Виена случајно ја сретнал А. Протогеров и дознавајќи за нивната мисија, рекол: „Така еднаш да се поврземе со една голема земја па да биде нешто“ (ДАРМ, Пописник 1, Материјал бр. 18, цит. изјава на П. Шатев, 5).
Според изјавата на Евангелија Александрова, сопруга на Т. Александров, за преговорите со претставниците на Советскиот Сојуз и за потпишувањето на Мајскиот манифест, Т. Александров по враќањето во Софија не ѝ кажувал сè и бил мошне мистериозен. (Сп. „Македония“, 3 юни, 1990, „Ново сведение за убийството на Тодор Александров, от съпругата му Евангелия, 16 април 1958 г“., 15).

низ Европа имал средби со „Албанци, Црногорци и др“. и дека ВМРО имала „големи симпатии во Рим“ и „охрабрувања од Лондон“ од видни пријатели на ВМРО.[687]

По запознавањето со Мајскиот манифест, членот на Задграничното претставништво на ВМРО, Г. Баждаров, еден од најблиските соработници на Тодор Александров, му рекол: „Тодоре, вие сте ја болшевизирале ВМРО, вие сте ја дале во служба на Третата интернационала. Јас во таква организација не учествувам. Од денес, мене ме нема таму“.[688] Тогаш, според спомените на Г. Баждаров, Александров бил „доблестен да признае“, дека со А. Протогеров направиле една „капитална грешка што треба да се исправи“ и дека „тој не може да учествува во една таква болшевизирана македонска организација“. На Г. Баждаров му појаснил дека тој се потпишал на некои од документите коишто биле готови и со полномоштво ги задолжил П. Чаулев и А. Протогеров да го потпишат под Манифестот, „зашто останал во душата осамен со посебно чувство, плашејќи се дека ќе биде убиен ако го каже и не се потпише“. Притоа, Александров додал: „Никогаш нема да си ја простам таквата малодушност. Опасноста беше реална, но сепак не требаше да се потпишам“.[689]

За да се предупреди бугарската јавност дека ВМРО „не плива во болшевички води“, раководството на ВМРО го овластило Г. Баждаров да напише декларација што ќе биде наменета само за бугарските владини и политички кругови и за директорите на софиските весници.[690] Во Декларацијата од 10 јули 1924 година, ЦК ВМРО, со потпис на Тодор Александров, ја запознал бугарската општествена јавност дека „патувањето во странство на некои членови од Централниот комитет“ дало повод во некои странски весници и во Бугарија да се пишува и да се шири дека „ВМРО во својата меѓународна политика се определила на страната на Советска Русија“ и дека е речиси на пат да ѝ „стане орудие на московската влада или на Третата интернационала, во нејзината балканска политика“. По тој повод, ЦК ВМРО изјавил дека треба многу малку да ѝ се познати составот на ВМРО, нејзините традиции, нејзините цели и нејзините методи за да може да циркулираат такви гласови и да има сериозни луѓе кои им веруваат. Притоа, ЦК ВМРО им дал до знаење дека „Внатрешната

---

687 ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а. е. 28, л. 13. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 599–601.

688 Георги Баждаров, Моите спомени... цит., 138.

689 Исто, 138.

690 Исто, 139.

македонска револуционерна организација, по својата суштина, е национална организација. Таа се бори за лични, човечки и граѓански права, за слободно културно самоопределување на народностите и за политичка самоуправа на Македонија“ и дека средствата што ги употребува ВМРО се „револуционерни, затоа што легалните се невозможни во поробена и поделена Македонија“, а македонските дејци ќе бидат „првите кои ќе се радуваат кога ќе се даде можност за водење легална борба врз уставна и парламентарна основа“. Преку Декларацијата, ЦК ВМРО ја искористил можноста да изјави дека „Организацијата не ѝ служи и не може да ѝ служи ниту на една држава и ниту на една партија во која и да е држава“ и дека ВМРО смета на помошта и на симпатиите на сите држави и на сите партии во разните држави во „нејзината борба против угнетувачите на Македонија и против непријателите на македонската слобода“ за што таа воспоставува врски со голем број политички и општествени фактори во светот. На крајот од Декларацијата, ЦК ВМРО изјавил дека „не е работа на ВМРО да се меша во внатрешниот политички живот на Бугарија, но дека ќе се бори, со сите сили и средства, против непријателите и против злоупотребувачите на нејзиното име и на нејзиниот углед, без разлика кои се и каде се наоѓаат тие“ и дека е време сите политички партии во Бугарија да го определат, јасно и недвосмислено, својот став кон ВМРО, „која е единствено компетентна да ја насочува својата дејност во остварувањето на својот идеал – слободна и независна Македонија“.[691]

Повторувајќи го ваквиот став кон бугарската политика и влада, Тодор Александров во писмото од 19 јули 1924 година до Јанко Пеев, претставник на ВМРО во Цариград, му напишал дека ВМРО е независна и ќе оди заедно со него „ни налево ни надесно туку напред, како национална револуционерна организација со целото поробено население“ и дека грешеле сите оние кои сакале „да ја прават комунистичка“.[692]

Набргу, Тодор Александров и А. Протогеров го пратиле М. Монев во Виена, за да бара од Д. Влахов и П. Чаулев согласност за одлагање на објавувањето, бидејќи, според нив, било „неудобно во сегашниот момент публикувањето на Манифестот од чисто тактички причини“.[693] Исто така, и П. Шанданов на средбата со Д. Влахов и П. Чаулев во Виена барал од нив да не се публикува

691 ЦДА, Фонд 1685, оп. 1, а. е. 9, л. 1–2. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит, 345–349.

692 ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а. е. 28, л. 83. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит, 687–689.

693 Костадин Палешутски, Вътрешната македонска... цит. 119–120.

Манифестот. На средбата насамо со П. Чаулев, П. Шанданов му предочил дека „содржината на Манифестот и на Декларацијата е крајно левичарска и бидејќи за таква нова ориентација не се подготвени ниту револуционерните кадри на ВМРО, ниту емиграцијата во Бугарија, добро ќе биде ако се одложи публикувањето на тие документи до свикувањето на конгресот“.[694]

И покрај настојувањето на Тодор Александров да не се брза со публикувањето на Манифестот, по иницијатива на Д. Влахов и П. Чаулев, а под притисок на претставниците на Советскиот Сојуз и на БКП,[695] за да го компромитираат Александров пред бугарската влада, тој бил објавен во првиот број на весникот „Балканска федерација“ на 15 јули 1924 година. Како што подоцна изјавил Ризо Ризов, Д. Влахов му се доверил дека советскиот претставник Черски најмногу настојувал да се публикува Манифестот „за да ги компромитира (Александров и другите) пред бугарските власти и на тој начин да ги има наполно покрај себе“.[696] Ваквата констатација била присутна и во тезите од заедничките седници на ЦК БКП и на Президиумот на Балканската комунистичка федерација (БКФ) од октомври 1924 година, во кои било заклучено дека „со објавувањето на Манифестот се сакаше да се постигне агитациска работа: да се разобличи Т. Александров пред масите“ и да се придонесе за оформување и образување на левицата во ВМРО.[697]

Исто така, според изјавите на П. Шатев и М. Шкартов, дадени на Благој Видов, и бугарската влада на А. Цанков посакувала да биде објавен Мајскиот манифест „за да биде дискредитиран Тодор Александров пред бугарската реакција“.[698]

Наскоро Манифестот бил публикуван и во Бугарија, во органот на Илинденската организација „Илинден“, на 2 август 1924 година, поради што бугарската влада го конфискувала весникот и дала наредба да се спречи препечатувањето на Манифестот.[699] Со тоа, всушност, му била изречена и смртна пресуда на Тодор Александров од страна на бугарските владини кругови.

Објавувањето на Мајскиот манифест предизвикало силно воодушевување и одобрување кај Македонците во Бугарија и раздвижување кај левицата во ма-

694 Петар Шанданов, Спомени... цит., 117.

695 ДАРМ, Пописник 1, бр. 19, цитирана изјава на П. Шатев, 16.

696 Исто, бр. 23, Извод од изјавата на Ризов Коста Ризо, 36.

697 Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање… цит., 897.

698 ДАРМ, Фонд Благој Видов „Некои моменти...“, цитиран ракопис, 55.

699 В. „Балканска федерация“, бр. 2–3, 15. VIII 1924, 34–37; В. „Македонско дело“, бр. 50, 25. IX 1927, 11–13; Петар Ацев, Спомени... цит. 2011, 308.

кедонското револуционерно движење. Паралелно со тоа, одело и зближувањето и сè почестото контактирање со претставниците на ЦК БКП.[700] Од друга страна, Манифестот предизвикал голема вознемиреност кај владејачките кругови во Бугарија. Појавата на Манифестот за нив претставувал тежок и ненадеен удар, во којшто гледале не само раскинување со ВМРО туку и опасност за нивното натамошно опстојување на власта во лицето на еден обединет и силен револуционерен фронт. Бугарската влада презела итни мерки и преку својот министер Јанко Стојанчов извршила силен притисок врз Тодор Александров и А. Протогеров да се откажат од Манифестот и да излезат со декларација.[701]

Најголемо незадоволство од објавувањето на Манифестот пројавило потесното, интелектуално раководство на ВМРО, кое го задолжило Г. Баждаров, од името на ЦК ВМРО, да состави „еден проект за декларација", со кој да се „демантира и да се откаже Манифестот". Откако Декларацијата била составена и одобрена од потесното раководство на ВМРО[702], без присуство на Тодор Александров и А. Протогеров, кои биле надвор од Софија, го пратиле Наум Томалевски во Горна Џумаја, каде што се наоѓал Александров, да ја потпише, а потоа и А. Протогеров.[703]

Декларација на ЦК ВМРО, потпишана од Тодор Александров и А. Протогеров, била објавена на 1 август 1924 година. Во неа, тие јавно се откажале од Манифестот и од своите потписи и прогласувајќи го за „мистификација",

---

[700] Д. Влахов, Македонија: Моменти од историјата на македонскиот народ, Скопје, 1950, 307; Стела Димитрова, Борбата на БКП за свързване с масите. Септември 1923–април 1925, София, 1963, 151; Любомир Панайотов, Витошката нелегална конференция на Българската комунистическа партия (1924 г.), София, 1959, 82.

[701] ДАССИП, Фонд: МУД, Пресбиро, 1924/IX, „Бугарска штампа", 2; Боян, Кастелов, Димо Хаджидимов... цит., 260; Дечо Добринов, Майският манифест... цит., 225; ДАРМ, Фонд Благој Видов "Некои моменти...", цитиран ракопис, 63.
Според спомените на Петар Ацев, министерот за внатрешни работи, генералот Иван Русев, на една средба со резервните офицери изјавил: „Лесно ја куртуливме државата од ноктите на земјоделската простотија, се справивме и со комунистите, но не знам како ќе се спасиме од неодговорните фактори – алудирајќи на ЦК ВМРО" (Петар Ацев, Спомени... цит., 330–331).

[702] Декларацијата, составена од Георги Баждаров, била одобрена од Никола Милев, Георги Кулишев, Кирил Прличев, Јордан Бадев и Наум Томалевски (Георги Баждаров, Моите Спомени... цит., 142).

[703] Георги Баждаров, Моите спомени... цит., 142; Петар Шанданов, Спомени... цит., 119.
Според кажувањето на Н. Томалевски на П. Шанданов: „Леснотијата, со која Тодор ја потпиша Декларацијата за откажување можеше да се објасни со фактот што тој фактички не го ставил својот потпис под Манифестот". Кога истата Декларација му ја однеле на потпис на А. Протогеров, тој многу се колебал пред да го стави својот потпис под Декларацијата, при што рекол дека „преживеал веќе еднаш страшни колебања кога го ставил потписот под Манифестот и Декларацијата во Виена и сега со тој потпис сигурно ќе си го уништи авторитетот како општественик и револуционер". Притоа, додал: „Штом пријателите така решиле дека тоа е неопходно за опстанокот на Организацијата и на Бугарија, тогаш ќе ја испијам и таа горчлива чаша" (Петар Шанданов, Спомени... цит., 119).

изјавиле дека тој е „дело на егзалтирани комунисти“. Во Декларација, Александров и А. Протогеров категорички изјавиле дека:

- Внатрешната македонска револуционерна организација ќе продолжи да следи една линија на независно поведение;
- Таа смета на поддршката на сите народности што живеат во државите, коишто ја поделија Македонија и коишто се борат за својата национална и политичка слобода;
- ВМРО, пред сè, смета на своите сопствени сили и изјавува категорички дека нема да го положи оружјето пред да ја постигне својата цел – целосно ослободување и единство на македонските населенија и создавање слободна и независна Македонија;
- ВМРО е единствено компетентна да ја насочува својата дејност во остварување на својот идеал – слободна и независна Македонија.

Изложувајќи го гледиштето на ЦК ВМРО, во Декларацијата Александров и А. Протогеров подвлекле дека не е работа на ВМРО „да се меша во внатрешниот политички живот“ на Бугарија, заканувајќи се, притоа, дека ВМРО ќе се бори со сите сили и средства против непријателите и оние што го злоупотребуваат нејзиното име и престиж.[704]

Давајќи до знаење дека ВМРО повторно се враќа на старите патишта и дека стои непоколебливо на старите позиции, Тодор Александров и А. Протогеров на 2 август излегле со специјален опширен „Распис“ до македонската емиграција. Оправдувајќи ги своите активности во преговорите и во потпишувањето на виенските документи дека биле „од интерес за македонското ослободително движење“, во Расписот тие изјавиле дека би сториле „страшен престап“ ако не ги отфрлеле документите откако ги сфатиле „вистинските замисли и намери на нивните автори“. Нафрлувајќи се остро врз Д. Влахов и П. Чаулев и обвинувајќи ги за предавници на ВМРО, Александров и А. Протогеров изјавиле дека опасноста која се подготвувала за ВМРО била избегната, а „поставената примка отстранета“. Расписот, двајцата членови на ЦК ВМРО го завршиле со оптимизмот: „Денес ние сме многу поблизу до изгревот на македонската слобода отколку кога и да било другпат“. [705]

[704] БИА–БКМ, Фонд 656 Александър Василев, а.е. 15, л. 7–8; АС, Збирка Т. Динића, кут. 39, „Декларация на Т. Александровъ и А. Протогеровъ“, № 772, 1 августъ 1924; в. „Независима Македония“, бр. 70, 9. VIII 1924, 3. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит..., 357–361.

[705] Заговорътъ противъ Тодоръ Александровъ... цит., 103–117. Расписот бил издаден на 16 август, и покрај тоа што носел датум од 2 август (Дечо Добринов, Майският манифест... цит., 225). Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 363–381.

На 10 август 1924 година Тодор Александров и А. Протогеров пратиле „тајно“ циркуларно писмо до „раководителите на окрузите и до окружните и околиските раководни тела“ во Пиринскиот дел на Македонија и до привремените задгранични претставници, пунктови началници и специјалните пратеници на ЦК ВМРО надвор од границите на Бугарија. Со цел да ги запознаат дека ЦК ВМРО преку Декларацијата од 1 август 1924 година на најкатегоричен начин го отфрлил „партизанскиот комунистички манифест, неприфатлив за ВМРО од секое гледиште“, во тајното циркуларно писмо тие уште еднаш изјавиле дека ВМРО нема да се меша „во внатрешните работи на Царството Бугарија“, и дека во Пиринскиот дел на Македонија и во пограничните околии на Македонија нема да дозволи никакви обиди за изменување на основниот курс на Организацијата.[706] И во едно друго писмо што го пренесува весникот „Слобода или смрт“, Тодор Александров, огорчен „од дното на душата“, го негирал својот потпис на виенските документи, изјавувајќи дека не можел да даде согласност „да се руши од основа едно народно дело, изградено со толку усилби и жртви“.[707] Исто така, и во своите дневнички белешки од август 1924 година, Александров забележал: „Обидите на болшевиците се или ВМРО да ја направат свое орудие, или да ја расцепат и ослабат“.[708]

Слична изјава Тодор Александров му дал и на Димо Казасов на средбата во Ќустендил, кој „од партиските раководители“ бил замолен да дојде до вистината за откажувањето на потписите од виенските документи: „Вистина е дека ние водевме преговори со федералистите и комунистите, постигнавме договор со нив и го потпишавме заедничкиот манифест. За нас тој договор не беше цел, туку средство да го привлечеме европското општествено мислење за македонското прашање... Ние ја постигнавме целта. Договорот повеќе не ни е потребен. Ние сме националисти, патриоти и не можеме со комунистите да имаме заеднички фронт“.[709]

Според спомените на Ангел Узунов, кој присуствувал на истата средба во Ќустендил, Александров воопшто не ги искажал тие зборови. Утредента по средбата со Д. Казасов, Александров во разговорот со А. Узунов му се исповедал: „Ах, тие двајца, Чаулев и Влахов, да не ја искривеа работата! Што ќе

---

706 ЦДА, Ф. 1932, оп. 3, а. е. 63, л. 78–85; ДАРМ, Збирка Поединечни документи на ВМРО, к. 1/3, „Окръжно“ (Тайно), ВМРО, N° 787, 10. VIII 1924. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 401–405.

707 В. „Свобода или смъртъ“, бр. 17, 29. VIII 1925, „Моральтъ и мисълъта на Тодора“, 3–4.

708 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев...цит.,469–471.

709 Димо Казасов, Бурни години... цит., 259.



АНГЕЛ УЗУНОВ

станеше, знаеш ли? Чудо, ти велам, чудо... Но нејсе... и така е добро... Ангеле, ние сакаме таков договор, право или криво, го сакаме... Нели затоа ги пративме Влахов и Мирчо (се однесува на Михаил Монев, б.м.) во Москва, потоа Влахов во Виена. Го сакаме и ни беше потребен и корисен... Поставивме машки и чесни услови. Тие како да не се ни потрудиле да го прочитаат нашиот проект. И со тоа нѐ огорчија, нѐ понижија... Зар ништо во него не беше прифатливо? Кога не нѐ признаваат за сила, зошто нѐ бараат? Нека си ги земат Мишев, Атанасов, Петрини (се однесува на П. Чаулев, б.м.)... Ние и без нив сме нешто, а што се тие без нас? Ништо, братко, ништо! Ќе ги згазам! И тие и ние знаеме повеќе. Сега е крај... Кога ја превртевме колата... но сега – крај... Ние научивме некои работи. Нашите очи се отворија, ние гледаме повеќе, Ангеле! Ни се отворија очите“.[710]

Откажувањето на својот потпис од Мајскиот манифест Тодор Александров пред П. Шанданов го објаснувал со неединството меѓу тројцата членови на ЦК ВМРО при подготвувањето на текстот на Манифестот, дека ако не се потпишел Манифестот „ќе имало целосен расцеп меѓу раководните лица во Организацијата“. Понатаму, дека ВМРО веќе „не можела да се зачува ако своето постоење го продолжела како дотогаш“, дека тој „не знаел како е редактиран Манифестот, бидејќи отсуствувал при неговото редактирање“ и дека во моментот го сметал „за многу силен“. Притоа, Александров додал дека атмосферата во Виена кога се редактирал Манифестот била „доста задушлива“ и дека „неговиот живот бил во опасност“, бидејќи околу него постојано се вртеле луѓето на Т. Паница и С. Иванов. На ваквото објаснување, П. Шанданов му одговорил дека со откажувањето на Манифестот тој ќе го загуби својот авторитет во Организацијата и оти заедно со А. Протогеров „политички ќе се самоубијат“.[711] А што, всушност, и набргу се случи.

[710] ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени.

[711] Петар Шанданов, Спомени... цит., 121.

Откажувањето на потписите од Мајскиот манифест Тодор Александров го потврдил и во изјавите пред странските дописници кои, исто така, пројавиле голем интерес за Манифестот и за настаните што следувале по неговото објавување. Во интервјуто за весникот „Тајмс“, тој категорички изјавил дека не потпишал никаков документ и доколку неговиот потпис стоел на Манифестот, тој бил фалсификат. Понатаму, Александров изјавил дека тој и А. Протогеров немале никаква желба да се борат против европскиот капитализам, којшто не ги засегал. На крајот од интервјуто, тој го изложил враќањето на старите позиции на ВМРО, изјавувајќи дека ВМРО е националистичка патриотска организација, дека не може со комунистите да има „заеднички фронт“ и додека е жив и стои на чело на Организацијата нема да дозволи таа да се оттргне од својата основна цел и да стане орудие на туѓи нејзини цели, како и дека Организацијата немала ништо општо со комунизмот и со болшевизмот.[712]

Откажувањето на Тодор Александров и А. Протогеров од виенските документи било пречекано со големо разочарување од страна на широките македонски емигрантски и бегалски маси, а особено кај демократските прогресивни сили во македонското национално-револуционерно движење. Во одбрана на водените преговори и потпишаните документи, енергично протестирале Д. Влахов, П. Чаулев и Никола Харлаков.[713]

Притоа, хрватскиот политичар и лидер на Хрватската селанска републиканска партија, Стјепан Радиќ, го обвинил Тодор Александров дека во договор со „злосторничката“ влада на А. Цанков се ставил во услуга на „најбруталната и најкорумпираната влада“ што дотогаш Бугарија ја имала и со таквиот чин тој го загубил приматот на „вистински борец за слободата на Македонците и на Македонија“.[714] Во одговор на неговите обвинувања, Александров во едно писмо од август 1924 година му дал до знаење дека „македонското движење е едно и единствено и дека како во минатото, така и сега, ВМРО искрено мисли дека за да се урне српската хегемонија, за да се ослободат угнетените народи и за да се дојде до среќен политички и културен соживот на независните и слободни народи што ја населуваат СХС и Балканот, апсолутно се потребни координирани усилби на борбените народи за слобода и независност, но без туѓо туторство“. Потенцирајќи ги методите на ВМРО за борба против „хегемонијата на

[712] В. „Миръ“, бр. 7280, 22. IX 1924, „Македонскитѣ искания“. Написот е пренесен од весникот „Тајмс“ од 16. IX 1924; ДАССИП, Фонд: МУД, Прес-биро, 124/IX, „Англеска штампа“.

[713] В. „Балканска федерация“, бр. 2–3, 15. VIII 1924, 39–40, 38–39 и 34–37.

[714] Исто, стр. 37–38; Чезаре Спеланзонъ, Победени и победители... цит., 289–290.

Белград“ и „суровата и крвава диктатура на Белград“, Александров во писмото му дал до знаење на хрватскиот политичар дека „со српските властодршци не може да се разговара поинаку освен со пушка, нож и бомба“.[715]

Откажувањето на Тодор Александров и А. Протогеров од Мајскиот манифест предизвикало огромно внимание и преземање на дополнителни политички активности од страна на ЦК БКП и на БКФ во Виена. Особено биле изненадени претставниците на Коминтерната и на Советскиот Сојуз во Виена, бидејќи нивното влијание, насочување и вршење притисок во составувањето и објавувањето на Мајскиот манифест било мошне забележително, а одлуката за негово објавување ја издало и Политбирото на ЦК РКП (б), потпишана од Ј. Сталин.[716]

И на самите седници на ЦК БКП и на Президиумот на БКФ, при оценувањето на околностите што довеле до објавувањето на Мајскиот манифест, била истакната „неоспорната грешка“ при објавувањето на Манифестот, при што било укажувано и на последиците за македонското ослободително движење.[717] На седниците се обвинувал ЦК БКП за „погрешната примена на тактиката за единствен фронт во однос на ВМРО и македонските маси и дека направил голема грешка со објавувањето на Мајскиот манифест“, и покрај тоа што „Тодор Александров се противел, а предвременото објавување на Манифестот го натерало Тодор Александров да го демантира“.[718]

Ваквата погрешна тактика на ЦК БКП најдобро ја илустрира нејзиниот член, Коста Јанков, задолжен за македонските работи, во едно писмо од 10 август 1924 година, веднаш по откажувањето на Тодор Александров и А. Протогеров од Мајскиот манифест. Во писмото, тој го критикува ЦК БКП дека во неговото сфаќање за односите со „Македонците и во примената на тактиката за единствен фронт со нив“ се однесувал „недопустливо“ и „доктринерски“. Притоа, ќе му забележи на ЦК БКП дека во својата платформа по македонското прашање недостасувало уште и да биде запишано: „Тодор Александров да прогласи советска република во Бугарија и да го покани др. Виктор (псевдоним на Георги Димитров, б.м.) за претседател на републиката“, појаснувајќи

715 ЦДА, Фонд 396, оп. 2, а.е. 24, л. 3–5. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 753–761.

716 Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање… цит., 617–619.

717 Васил Ат. Василев, Майския, манифест на ЦК ВМРО от 1924 г., – обстановка, преговори и последици, Исторически преглед, кн. V, София, 1980, 39–63; Дечо Добринов, Майски манифест... цит., 208–241; Димитър Косев, Положението в Блгария и проблемът за курса на БКП след Септемврийското въстание во 1923 г. (до април 1925 г.), Известия на българското историческо дружество, кн. XXVIII, София, 1970, 193–196.

718 Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање… цит., 841–873.

дека ВМРО се борела и војувала да ги ослободи Бугарија и Македонија, а БКП на готово чекала да ја преземе власта.[719]

Во документите на Коминтерната и на БКП од овој период и во извештаите на нејзините претставници за откажувањето на Тодор Александров од Мајскиот манифест, јасно се укажува на настојувањето на нивното раководство дека дошло време за заменување на Александров од раководното место на ВМРО со полевичарски струи во македонското револуционерно движење, каков што бил П. Чаулев. Според Г. Димитров, по настанатата криза по убиствата во редовите на ВМРО, П. Чаулев и другите останати живи македонски револуционери од левицата се подготвувале „да создадат нов, привремен" ЦК ВМРО врз почвата на Мајскиот манифест и да пристапат кон обновување и обединување на сите активни револуционерни сили.[720] Исто така, високи советски претставници сметале дека по смртта на Александров настапиле услови за „преземање на ВМРО од левите сили, со посредство на Чаулев", давајќи му до знаење дека „треба да го обнови ЦК ВМРО со нови кадри" врз платформата на Мајскиот манифест.[721]

Ваквите изјави како да го охрабриле П. Чаулев и тој во својот „Повик до македонските револуционери и македонскиот народ", како „преостанат единствен член на ЦК ВМРО", предлагал „создавање на еден привремен Централен комитет кој ќе дејствува од името на ВМРО во духот на Мајскиот манифест" и одржување на „вистински конгрес на Организацијата, кој ќе избере свое законско раководно тело".[722] И во отвореното писмо до К. Прличев од 13 октомври 1924 година, П. Чаулев предлагал свикување конгрес на Организацијата, на кој, според него, требало да присуствуваат „најинтелигентните Македонци кои дале данок во борбите и да се избере нов Централен комитет".[723]

Со откажувањето на Тодор Александров и А. Протогеров од виенските документи пропаднал и последниот обид за обединување на македонските сили во единствен револуционерен фронт кога веќе била подготвена платформата на новата ориентација на македонското револуционерно движење. Самиот чин

---

719 Исто, 697–705.

720 БКП, Коминетрнът и македонският въпрос (1917–1946), Том първи... цит., 357. Од писмото на Г. Димитров до В. Коларов од 1 октомври 1924 г.

721 Види повеќе кај Владо Поповски, ВМРО Александрова, бугарските влади и виенските документи... цит., 56–63.

722 В. „Балканска федерация", бр. 7–8, 1924, 86–88. Објавено кај Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање… цит., 1243–1253.

723 В. „Балканска федерация", бр. 7–8, 15. XI, 1924, 102–104. Објавено кај Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање…цит., 1253–1267; БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917–1946), Том първи...цит., 371–376.

на откажувањето на нивните потписи од виенските документи, Д. Влахов го коментирал на следниов начин: „Никогаш ВМРО не била толку дискредитирана и не ѝ бил нанесен таков тежок удар каков што ѝ нанеле авторите на Декларацијата. Тоа би било уникум во историјата на револуционерното движење во целиот свет. Тоа би било уникум и во историјата на македонското револуционерно движење“.[724]

Од друга стана, според извештајот на романскиот амбасадор од Софија до своето Министерство за надворешни работи во Букурешт, бугарската влада со откажувањето на потписите од Манифестот сакала да го дискредитира Тодор Александров во македонските средини, бидејќи објавувањето на Манифестот, според мислењето на романскиот амбасадор, „предизвика голема сензација во Бугарија, каде што падна како бомба“, од која најзагрижена била бугарската влада, гледајќи во него „зголемување на комунистичката опасност“.[725] И според спомените на Благој Видов, откажувањето на Александров од потписот на Мајскиот манифест „беше голем успех за владата на Цанков“ за негова „дефинитивна дискредитација“ сред македонските средини и сред бугарската општествена јавност. Но, тоа не било доволно за бугарската влада, којашто размислувала како да се организира неговото убиство, а вината да не падне врз владата.[726]

## Дејствувањето на Тодор Александров до убиството

Последните месеци од животот на Тодор Александров, и покрај тоа што бил напаѓан, оспоруван и критикуван од сите страни, биле исполнети со најразновидни активности: со праќање многубројни инструкции на ЦК и ВМРО, со организирање окружни конгреси на Организацијата и со водење интензивна кореспонденција и давање интервјуа и изјави на странски дописници.[727] Тој сè уште се обидувал да ја држи цврсто Организацијата во свои раце, да ја стабилизира политиката на ВМРО и да ја врати во средиштето на нејзината рево-

---

724 В. „Балканска федерация“, бр. 2–3, 15. VIII 1924, „Писмо на Д. Влахов до Редакцията на Баланска федерация“, 29.

725 АМНР – Р, досие 9/2/71, бр. 50067, 24. IX 1924, 281–282.

726 ДАРМ, Фонд Благој Видов „Некои моменти...“, цитиран ракопис, 63.

727 За напишаните и пратените писма и инструкции на Т. Александров до раководителите и војводите на организацијата види кај Тодор Александров, Сé за Македонија. Документи 1919 – 1924. Предговор и редакција д – р Зоран Тодоровски, Скопје, 2005.

луционерна база, настојувајќи што побрзо да се одржат конгресите на револуционерните окрузи и Општиот конгрес на ВМРО, за да може Организацијата да излезе од мрежата на идеолошките и класните комунистички интереси, кои на ВМРО и на македонското дело можеле да им нанесат несогледливи штети.

Планирајќи да свика конгрес на Организацијата, Тодор Александров на 2 август 1924 година испратил „тајно" циркуларно писмо на ЦК ВМРО до „раководителите на окрузите и до околиските војводи во Македонија, до привремените задгранични претставници и до пунктовите началници на ВМРО зад граница". Известувајќи ги дека се подготвува „отчет на Централниот комитет за досегашната дејност на ВМРО за претстојниот општ конгрес", тој во писмото им наредил да испратат „финансиски отчет" и „Отчет за развојот на организациската и борбената дејност" до ЦК ВМРО до 1 октомври 1924 година, напомнувајќи дека отчетите треба да бидат составени за временски период од последниот општ конгрес на Организацијата, во 1908 година, до 31 август 1924 година.[728]

Отсуството на Тодор Александров подолго време од редовните активности на Организацијата, а особено од територијата на источниот дел на Вардарска Македонија, осетно се одразило на попуштањето на дисциплината во редовите на четите. Забележувајќи ја ваквата појава, Александров во едно писмо од 13 јули 1924 година до Ангел Узунов, пунктов началник на Ќустендил, одговорен за префрлањето и прифаќањето на четите преку границата со Кралството на СХС, му напишал дека „можат да се збијат редовите, да се воспостави дисциплината и да се зацврсти Организацијата" само ако тој влезе и ако почне оттаму да ги дава наредбите, напомнувајќи му дека ако не му излегле „важни работи", тој одамна ќе бил таму и дека наскоро ќе го стори тоа.[729]

На 2 август 1924 година, Тодор Александров напишал неколку писма, меѓу кои и циркуларното писмо на ЦК ВМРО, бр. 777, испратено до „раководителите на окрузите и до околиските војводи во Македонија и до привремените задгранични претставници и специјалните пратеници на ЦК ВМРО зад граница". Со цел да го подигне опаднатиот дух на воените сили на Организацијата на теренот во Македонија, известувајќи ги за разбојништвата што ги вршеле федералистичките чети предводени од С. Мишев и С. Иванов и за по-

[728] ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 63, л. 77. Објавено кај Тодор Александров, Сé за Македонија. Документи 1919 – 1924... цит., 383-384.

[729] ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а. е. 28, л. 65. Објавено кај Тодор Александров, Сé за Македонија. Документи 1919 – 1924... цит., 675.

следното убиството на ренегатот Мите Суџукаро, тој во писмото ги охрабрил со зборовите: „Мили браќа, ние, Македонците, се бориме за праведно и свето народно дело. Со божја помош, разбојниците-ренегати и шпионите ќе ги убиеме, дојденците: Шумадинците-свињари и грчките паликари[730] ќе ги прогониме од нашата татковина и Македонија задолжително ќе биде слободна. Затоа, сите во борбените редови под знамето на нашата света народна Организација! Да живее ВМРО! Да живее Независна Македонија, ура!“.[731]

Покрај тоа, Тодор Александров презел широка кампања за запознавање на европската политичка и општествена јавност со македонското дело. Тој уште на 11 јули 1924 година на Наум Томалевски, член на Задграничното претставништво на ВМРО, задолжен за одржување на врските со странските дипломатски претставници, му ги дал следните инструкции: да ги информира странските известувачи и странците во Софија „за македонското прашање и за борбата за слобода“ да го следи странскиот и бугарскиот печат; да ги демантира навреме „сите клевети против ВМРО“; и да ги добива, да ги систематизира, да ги коригира и да им ги дава на бугарските и на странските весници „сите информации од Македонија“.[732]

Еден месец подоцна, во едно друго писмо до Н. Томалевски од 16 август 1924 година, Тодор Александров му ги изложил инструкциите, коишто требало да му ги пренесе на дописникот на парискиот весник „Последни новости“, Леонид Неманов[733]:

„б) Примена на Договорот за малцинствата под контрола на Друштвото на народите и гаранција на некоја голема сила, на пример, Франција;

в) Целосна амнестија за затворениците и за враќање на бегалците и на емигрантите Македонци, под гаранција на Франција или на друга голема сила;

г) Слободни избори со право Македонците да формираат свои легални партии;

730 „Јунаци“ (грчки).

731 ДАРМ, Поединечни документи, кут 1/3, ЦК ВМРО. Објавено кај Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Непубликувани документи за дейността на Вътрешната македонска революционна организация и Тодор Александров (1922–1924 г.), Известия, том 49, София, 1990, 256–257. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 667–669.

732 ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а. е. 29, л. 23. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 385–391.

733 Л. Леманов бил близок пријател на раководството на ВМРО и дошол во Бугарија изворно да се информира за состојбата во Организацијата по објавувањето и откажувањето на Мајскиот манифест.

д) Федеративно раководство во Југославија, со Македонија како рамноправен член на Федерацијата;

ѓ) При неминовното распаѓање на Грција, присоединување на Македонија под грчко ропство кон автономна Македонија;

е) Откако целосно и искрено ќе се применат горните барања, присоединување кон автономна Македонија и на делот од Македонија останат под бугарска власт;

ж) По желба и со заемна согласност на членовите на федерацијата и на Бугарија, и последната да влезе како рамноправен член. Само така, без болшевизирање на Балканот и без крв ќе има мир на Балканот и во Европа и силна Југославија, сојузничка на Франција“.[734]

За да ги информира изворно поддржувачите на ВМРО и македонската емиграција во Цариград за случувањата околу потпишувањето и откажувањето на Мајскиот манифест, Тодор Александров во писмото од 16 август 1924 година до Јанко Пеев, претставник на ВМРО во Цариград, му напишал: „Вистина е дека водевме извесни разговори во Виена, се обидовме да добиеме помош, поддршка за нашето народноослободително дело, при што мислевме дека големата словенска земја ќе ни помогне..., без да сака да ја претвора нашата национална Организација во комунистичка и во инструмент на Москва и без да инсистираат ВМРО да им помага да прават нови побуни во Бугарија за доведување на власт на работничко-селански влади и без да инсистираат ВМРО да го поправа целиот свет – да се бори со европскиот капитализам и сл. и сл. простаклаци.

Дури и ако некогаш би потпишал манифест со слични штури мисли и со цели тешки за ВМРО, во момент на слабост, на занесеност или на заблуда, штом ќе ги откријам вистинските намери на неговите автори – банда измамници, би бил предавник ако не си ја осознам грешката, ако не се откажам јавно од извршеното и ако не се вратам повторно на испробаниот прав пат“.

Понатаму, во писмото Александров му напишал дека тој немал „ставено потпис под таков партизански и престапен Манифест“, дека на сите средби и разговори „се искажувал против комунизирањето на ВМРО и против нејзиното нагрбување со не нејзини и несоодветни за нејзиниот растеж и цели“ (подвлечено во писмото, б.м.), а кога го прочитал, се револтирал „од дното на

[734] ЦДА, Фонд 396, оп. 2, а.е. 29, л. 31. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 731–733.

душата“ поради извршеното предавство од страна на Д. Влахов и Н. Харлаков. Повторувајќи дека не ставил „потпис под објавениот Манифест“, Александров во писмото пишува дека на сите средби во Виена зборувал „дека ВМРО е национална Организација, дека таа не може да стане болшевичка (подвлечено во писмото, б.м.) – ако стане, ќе се распадне“ и дека не е работа на ВМРО „да се бори со европскиот империјализам“, туку таа „ќе се бори со српскиот, со грчкиот и со бугарскиот империјализам“.[735]

По откажувањето на потписите од Мајскиот манифест и согледувајќи ја бескорисноста на вооружената дејност на ВМРО во Вардарскиот дел на Македонија, Тодор Александров ја изменил и политичката програма на Организацијата, свртувајќи го вниманието и на европската јавност. Во последното интервју пред својата смрт за весникот „Тајмс“, под наслов „Македонските барања – последни изјави на Тодор Александров“, објавено по неговото убиство на 16 септември 1924 година, Александров не отстапил од своите револуционерни цели и идеали за слобода на Македонците и за независна Македонија, барајќи Македонија да влезе како „член на југословенската федерација со еднакви права како и другите членови на југословенската федерација“. Само на таков начин, подвлекол тој, „ќе биде можно да се избегне болшевизмот на Балканскиот Полуостров, да се осигури мирот на Балканот и да се создаде една силна и трајна Југославија“. Изложувајќи ги своите „последни минимални барања“ во однос на Македонија, Александров изјавил: „Нашите барања се мошне скромни. Ние не сакаме распаѓање на Југославија; напротив, ние сакаме Југославија да стане федерална, слободна и силна држава“.

Од името на автономистичката ВМРО, Александров ги поставил следниве услови за прекинување на вооружената борба во Вардарскиот дел на Македонија:

„1. Распуштање на официјалните српски банди на Мишев, Циклев и други предавници и истрага на злосторствата што ги извршиле;
2. Примена на клаузулите на договорот за мир, за заштита на националните малцинства под контрола на Друштвото на народите и под гаранција на големите сили;
3. Амнестија на сите уапсени Македонци под исти гаранции;
4. Слобода на изборите во Собранието и давање право на Македонците да формираат легални политички партии...“.

[735] ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а. е. 29, л. 29–30. Објавено кај Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924...цит., 727–731.

Интервјуто Александров го завршил со следниов апел: „Долг на западноевропската дипломатија, во која ние сè уште имаме верба, е да се спасат Македонија од смрт и македонското население од уништување, или, што е наполно исто, од болшевизмот“.[736]

Во август 1924 година, раководството на ВМРО решило да прати еден опширен и добро аргументиран меморандум до Друштвото на народите во Женева, пред одржувањето на годишното собрание, закажано за почетокот на септември 1924 година. Изработувањето на Меморандумот било со цел да му се даде до знаење на Друштвото на народите дека со неспроведувањето на договорите за малцинствата и неможноста за легална борба, ВМРО ќе биде принудена да употреби нелегални акции и нема да понесе одговорност за компликациите што може да настанат на Балканот како резултат од непочитувањето на правата на македонското население. Текстот на Меморандумот го составиле Наум Томалевски и Никола Милев, а бил пратен по убиството на Тодор Александров.[737] Меморандумот, всушност, претставува последен дипломатски настап на Александров пред светската политичка јавност, и покрај тоа што бил пратен со негов фалсификуван потпис.

Во Меморандумот, под наслов „МАКЕДОНСКИТЕ БАРАЊА (со големи букви во Меморандумот, б.м.). Историски преглед – сегашна состојба“, се дава историјат на борбата за слобода на македонскиот народ и на неговите стремежи за создавање сопствена држава, за положбата на Македонија под српскиот и грчкиот режим и неколку прилози за убиствата, злосторствата, силувањата, пожарите, грабежите и конфискувањата во Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија од страна на српските и грчките власти во периодот 1919–1924 година.

На крајот од Меморандумот, ЦК ВМРО побарал:

– спроведување на клаузулите за заштита на малцинствата во Македонија, под контрола на Друштвото на народите;
– право на школување на мајчин јазик, право на здружување и слобода на печатот, враќање на сите владици, учители, попови, лекари и др., како и на сите македонски емигранти кои сакаат да се вратат во

[736] ДАССИП, Фонд МИД, Пресбиро, 1924/IX, „Тајмс“ од 16. IX 1924, „Македонски циљеви“, 1–2; Исто, Прес-биро, 1924/IX, „Последни 'минимални' захтеви Тодора Александрова“, 27. В. „Независима Македония“, бр. 77, 26. IX 1924, 1, „Македонскитѣ искания – Послѣдни изявления на Тодоръ Александровъ“. 1. Написот е пренесен од весникот „Тајмс“ од 16. IX 1924 година. Објавено кај Тодор Александров, Живот легенда.... цит.,115–118.

[737] Георги Баждаров, Моите спомени... цит., 148.

нивните родни места и да ѝ служат на татковината со својот талент, знаењата и работата;

- амнестија на сите политички обвиненија;
- гарантирање политички права на претставниците на различните етнички малцинства и можност за создавање национални институции;
- создавање услови, во рамките на уставните права, за остварување на еволуцијата на југословенската држава кон децентрализација и кон федерација.

Со прифаќањето на ваквите барања, ЦК ВМРО ги уверувал големите сили дека ВМРО „ќе биде првата, којашто ќе го поздрави пресвртот во внатрешната политика на Југославија во однос на Македонија и ќе биде среќна да помага како легална партија за заздравување и за развојот на една федерална југословенска држава… во која Македонија ќе се вклучи како верен член“, а Организацијата „ќе ги продолжи, со удвоени сили и со сите средства, своите усилби за победата на својот благороден идеал за мир, слобода и разбирање на Балканот“.[738]

Само еден месец пред убиството, на 30 јули 1924 година, Тодор Александров се сретнал со Коста Јанков, член на ЦК БКП, во Ќустендил. Според Павел Шатев, К. Јанков бил пратен од раководството на партијата лично да се информира за Мајскиот манифест, за причините за откажувањето од Манифестот и за поблиско „зближување на ВМРО со БКП“, по препорака на Советскиот Сојуз.[739] На средбата со Александров, К. Јанков му предложил да се „определат претставници од двете страни“, односно од ВМРО и БКП, да ги разгледаат допирните точки за соработка и да се „извршат преземените обврски“ од Мајскиот манифест. Во разговорот, Александров му изјавил дека ВМРО „не може да земе страна во борбите“ во бугарскиот политички живот и дека за ВМРО е „важно да постои независна Бугарија, макар да се раководи дури и од Стамболиски, а да не биде окупирана од Срби, од Грци или од други земји“.[740]

[738] Кр. Гергинов, Ц. Билярски, Меморандумът на ЦК ВМРО от август 1924 г. до Обществото на народите, Известия на държавните архиви, кн. 58, София, 1989, 126–133. Објавено кај Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924... цит, 421–439.
Истиот Меморандум ЦК ВМРО му го пратил и на претседателот на бугарската влада, со укажување, во придружното писмо, дека Меморандумот „го одразува ставот на Организацијата за македонското прашање, и извештај за сегашната положба во Македонија“ (Исто).

[739] Павел Шатев, Спомени... цит., 218–219; Павел Шатев, Полициско досие... цит., 92–93.

[740] ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а.е, 29, л. 3–4. Објавено кај Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 701–705. Од писмото на Т. Александров до К. Прличев и Г. Баждаров од 31 јули 1924 г.

Веднаш по средбата, на 2 август, Тодор Александров му пратил писмо на К. Јанков, во кое му се исповедал дека бил „огорчен од дното на душата“ поради објавувањето на Мајскиот манифест во весникот „Балканска федерација“ од името на ВМРО и со негов потпис, бидејќи, како што му напишал во писмото, „ниту сум го ставил својот потпис под таков партизански документ ниту можам да давам согласност да се урива од темел едно народно дело, изградено со толку напори и жртви!“ Изложувајќи му ги своите погледи за дејноста и карактерот на ВМРО, Александров во истото писмо на К. Јанков му напишал: „За голема жал, малкумина го знаат основното: карактерот на македонското движење, цврстината и издржливоста на Македонецот, неговиот здрав разум, неговата силна волја и неуништливата револуционерна енергија и, поради тоа, многумина досега се разочараа и добија скапи лекции во борбите за освојување или за уништување на ВМРО. И при такви нови обиди за мешање во нејзините внатрешни работи, најмалку посакувани од нас, таа останува на својата позиција и нема никакво сомневање дека крајниот успех ќе биде на нејзината страна“.[741]

Само по неколку дни, со писмо од 7 август 1924 година, К. Јанков му напишал на Тодор Александров дека дошол кај него во момент кога ВМРО раководено од него „стои пред една историска етапа на својот понатамошен развиток: кога Македонија повторно се гледа расцепкана и разделена и опколена со непријатели од целиот свет, што се гледа повторно и повеќе од секој друг пат; кога херојското ослободително движење на Македонија, исполнето со неуништлива слава, без разлика на направените грешки, кое покажало ’цврстина и издржливост, силна волја и несовладлива революционерна енергија’“ и дека дошол да му даде „конкретен и јасен предлог“ да почнат преговори „врз основа на помагање на понатамошната вистинска борба за национално ослободување на Македонија“, односно ВМРО да се поврзе со Советскиот Сојуз, која е „единствена потпора и гаранција на Македонците кои се борат за својата слобода“. Во писмото К. Јанков му предложил на Александров привремено да ги надминат „појавените недоразбирања“ во Виена и „чесно ’подавање братска рака’“, дека Советскиот Сојуз не сака да „ги минира основите“ на неговото „големо дело“ и да го „помести македонското национално движење од неговиот природен пат, нацртан со потоци крв од најдобрите македонски синови“, туку дека претставниците на Советскиот Сојуз сакаат преку преговори и донесени решенија продолжување на „заедничката понатамошна борба, почиту-

[741] ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а.е. 29, л. 5. Објавено во: БКП, Коминтернът и македонският въпрос... цит., 297; Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 705–707.

вајќи ги конкретните услови и можности... до крајниот и решителен успех". На крајот од писмото, К. Јанков му предочил на Александров дека „другарите" од Москва „очекуваат јасен одговор на конкретно направените предлози".[742]

Од писмото на К. Јанков до Тодор Александров јасно се гледа дека Советскиот Сојуз преку К. Јанков не се откажал од постигнување договор со ВМРО, дека и понатаму Александров го смета за лидер на Организацијата и го признава „неговото големо дело" во македонското револуционерно движење, и покрај „привремено појавените недоразбирања" во Виена. Уште повеќе што Советскиот Сојуз бара продолжување на „заедничката понатамошна борба", со почитување на конкретните услови создадени по неуспешните преговори во Виена и постигнување „краен решителен успех", и тоа директно со Советскиот Сојуз, без да се инволвира БКП. Колку бил упорен Советскиот Сојуз во постигнувањето договор со ВМРО и со Тодор Александров говори и последната напомена на К. Јанков во писмото – дека советските другари очекуваат јасен одговор на конкретните дадени предлози.

Во август 1924 година Тодор Александров последен пат се обидел да ги убеди Д. Влахов и П. Чаулев за нивното погрешно поведение во преговорите и објавувањето на Мајскиот манифест на штета на македонското ослободително дело, осудувајќи ги што не го заштитиле „своето човечко достоинство и авторитетот на ВМРО". Притоа, тој им пратил и неколку писма и предупредувања да дојдат во Софија за да се договорат. Во едно од тие писма, од 19 август 1924 година, пратени до П. Чаулев, а со цел да го исполни „својот долг кон измачената, борбена татковина Македонија", Александров го повикал да се вразуми, додека не станало доцна, да престане да прави нови грешки и престапи и да дојде во Софија, заканувајќи му се дека, ако не послуша, „брзо ќе се кае за тоа".[743] Во следното писмо, на 20 август 1924 година, Александров му напишал на П. Чаулев: „И можеме ли ние да станеме предавници на татковината Македонија и на племето, кога ние сме им го посветиле животот ним? Манифестот направи ужасен впечаток во цела Бугарија и во сите македонски кругови; истиот впечаток го направи и во сите општествени кругови во Европа кои се занимаваат со нашите работи". Предупредувајќи го дека, ако скршне од патот зацртан од „заветите на толку наши загинати другари", ќе го носи „проклетството на поколенијата со внесување расцеп" во Организацијата, Александров повторно го

[742] ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени.

[743] ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а. е. 29, л. 37–38. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924...цит., 735–739.

поканил „неодложно“ да се врати во Софија, советувајќи, го притоа, пријателски: „Никој не сака да те држи со сила ако ти си решил самиот да се давиш, но сакаме, пред да се удавиш, да го чуеш нашиот последен другарски совет“.[744]

По објавувањето на Мајскиот манифест и по откажувањето на потписите од страна на Тодор Александров и А. Протогеров, односите меѓу овие двајца највлијателни членови на ЦК ВМРО и бугарската влада во голема мера биле оладени. И покрај тоа што Александров се откажал од Манифестот, бугарската влада и натаму се сомневала во неговите изјави дека сосема ја отфрлил новата ориентација на македонското револуционерно движење и никако не можела да се помири со фактот дека ВМРО може да дејствува самостојно и независно од нејзината политика.[745] Ваквата недоверба кај бугарската влада ја потврдуваат и Мишо Шкартов и Благој Видов, според кои, и покрај откажувањето на Александров од потписот на Мајскиот манифест, „сомневањата кај владата на Цанков не исчезнаа“ и таа ја загубила довербата кај него дека „не може веќе да биде слепо орудие во прогонувањето на левите елементи“. Поради тоа, кај владините средини созреала идејата „Александров да биде отстранет“. Долго време се размислувало „да се организира убиството на Тодора“, а да „не падне вината врз владата“, туку да се „заблуди општественото мнение и целата вина да падне врз македонската левица и Комунистичката партија“.[746]

Исто така, според извештаите на романскиот амбасадор од Софија, кај бугарската влада „завладеала недоверба и не можела да смета на целосна соработка со Македонците во случај на комунистички револт“, како што било за време на Септемврискoто востание во 1923 година. Ваквите сомневања на бугарската влада за „искреноста на Александров“ во откажувањето на потписите и дека тоа „е направено само да се смират духовите“, се содржани и во разговорот на министерот за надворешни работи на Бугарија, Христо Калфов, со романскиот амбасадор во Софија, во кој тој, меѓу другото, му се доверил дека се „сомнева во помошта“ од ВМРО во евентуалните „борби со комунистите“.[747]

Натамошното опстојување на Тодор Александров станало неподносливо и опасно и за самата бугарска влада, која не можела наполно да смета на него.

744 ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 71, л. 10–12. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 741–743.

745 Сомневањето на бугарската влада било засновано врз продолжувањето на контактите на Т. Александров со претставниците на БКП (Македония, Сборник...цит., 690–691; Заговорътъ противъ Тодоръ Александровъ... цит., 85; Дечо Добринов, Майският манифест... цит., 227).

746 ДАРМ, Фонд Благој Видов „Некои моменти...“, цитиран ракопис, 56.

747 АМНР–Р, досие 9/2/71, бр. 50067, 24. IX 1924, 281–282.

За да ги парализира и да ги ограничи неговите дејства, односно да го спречи неговото идно „самоволие“,[748] владата на А. Цанков сметала дека само со негово физичко отстранување од раководната улога во автономистичката ВМРО ќе ја врати Организацијата во своите редови. Според подоцнежната изјава на Мишо Шкартов, за „извршувањето на планот за убиството на Александров“ бил задолжен Јанко Стојанчов, министер за правосудство во владата на А. Цанков и близок пријател на Александров. За извршување на планот, тој се сретнал со Александар Василев во Петричкиот округ, а на средбата присуствувале и физичките убијци на Александров, Штерју Влахов и Динчо Вретенаров.[749] Според Благој Видов, во планот за убиството на Александров учествувала и друга група од Војниот сојуз, кој, исто така, не бил задоволен од контактите на Александров со Советскиот Сојуз, нарекувајќи го „болшевички агент“. Претставниците на Воениот сојуз, офицерите блиски на ВМРО, Кочо Стојанов и Порков, во Св. Врач се сретнале со Георги Атанасов, и како поранешен полковник му го изложиле планот за отстранување на Александров, ветувајќи му помош заедно со А. Василев да застанат начело на ВМРО.[750]

Со тоа, како што забележал Димитар Поп Ефтимов во своите спомени, судбината на Тодор Александров била решена: „Тој беше веќе незгоден за бугарската влада. Во него ’народот’, државата и царот, немаа и не можеа да имаат никаква доверба“.[751]

Во редовите на ВМРО настапила внатрешна криза и атмосфера на недоверба меѓу членовите и меѓу нејзиното раководство. Колебливото однесување на Тодор Александров, исто така, во голема мера го нарушило и неговиот авторитет во раководството на ВМРО. Особено се заостриле односите со левите струи во Организацијата, предводени од А. Василев, кои во духот на Манифестот барале енергична самостојна акција, а меѓувремено, потесно се зближиле со прогресивните и комунистичките средини во македонската емиграција и побарале потесни контакти и со БКП.[752] Одделни лица во раководството на ВМРО започнале и отворено да ја критикуваат политиката на Организација-

[748] Върховизма и неговата гибелъ, София, 1933, 8.

[749] ДАРМ, Фонд Благој Видов „Некои моменти...“, цитиран ракопис, 56, 64.

[750] Исто, 65–66.

[751] Димитър П. Ефтимов, Борбите... цит., 12 (79).

[752] Дончо Даскалов, Васил Коларов и Георги Димитров... цит., 185.
Според спомените на Петар Ацев, Александар Василев пред одржувањето на конгресот на Илинденската организација, во средината на јуни 1924 г., на Георги Занков му рекол: „Стрпете се до конгресот, на кој ние ќе го вразумиме Тодора, или пак нема да го избереме, но сме решени да се ослободиме од неговите самоволија, од кои ако не се откаже, може и друго да го снајде“. Притоа, уште еднаш му појаснил:

та за соработката со бугарската влада, обвинувајќи го, притоа, Александров за убиствата извршени по негова наредба на македонските дејци.[753] Особено се заостриле односите со раководителите на Петричкиот округ, А. Василев и Г. Атанасов, како и со нивните војводи Штерју Влахов и Динчо Вретенаров, коишто Александров ги обвинувал за криминал и им се заканувал дека ќе им биде судено на наредниот конгрес на ВМРО.[754]

Според спомените на Петар Шанданов, на средбата со Тодор Александров на 26 август 1924 година во Ќустендил, само неколку денови пред неговото убиство, пожалувајќи му се на внатрешните односи во раководството на Организацијата, тој му се исповедал: „Перо, не сме добро... Моите односи со Алеко и Атанасов се затегнати до прекинување. На мое големо изненадување... изгледа дека на нивниот акал се ујдисал и Протогеров. А паралелно со тоа... е создадена атмосфера на несогласување и сред емиграцијата во Бугарија, особено во врвот на Илинденската организација. Потребно е едно коренито прочистување, како во раководството на ВМРО, така и во раководството на емигрантските организации во Бугарија. Ете зошто е потребно што поскоро да се свика конгрес, затоа што решенијата што ќе бидат донесени на конгресот ќе се пресретнат со поголем респект од сите незадоволници во ВМРО и во емигрантските организации, отколку ако се зафатам јас да ги правам тие чистки. Независно од тоа, треба да знаеш дека веќе не можам да прибегнувам кон оружје за расчистување на тие фронтови, бидејќи досега доста обвинувања се упатија на моја адреса – дека не сум можел да трпам во сопствената средина поинтелигентни и поспособни луѓе“. Притоа, Александров на П. Шанданов му рекол дека „собрал цело досие со престапи на Алеко и Атанасов“, што се состоеле од грабежи и убиства, предлагајќи го за член на судот, заедно со Иван Караџов и Панчо Михајлов.[755] Понатаму, во своите спомени, П. Шанданов вели дека по убиството и по погребувањето на Александров, за време на одржувањето на Серскиот

„Ти реков и пак ќе повторам, стрпете се и ќе видите, ние најпосле ќе го убиеме, но нема повеќе да му дозволиме да тормози кого ќе најде“ (Петар Ацев, Спомени... цит., 325).
Слични навестувања за убиството на Т. Александров на Петар Ацев му изјавил и Велко Думев, веднаш по конгресот на Илинденската организација: „Е! Свршено е веќе, Петре. Запамти ми го зборот, крст се стави на ВМРО, зашто Тодор Александров ќе биде убиен и болшевиците ќе ја лапнат Организацијата!“ (Исто, 302).

753 Предавниците... цит., 149; В. „Балканска федерация“, бр. 4–5, 1. X 1924, 46.

754 За недоразбирањата и обвинувањата во редовите на ВМРО, види повеќе кај: 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев... цит.; Иванъ Михайловъ, Освободителна борба, 1919–1924... цит.; Петар Шанданов, Спомени... цит.; Премрежијата на македонското револуционерно движење. Спомени на Атанас Џолев. Предговор и редакција: д–р Зоран Тодоровски, Скопје, 2003.

755 Петар Шанданов, Спомени... цит., 124–125.

конгрес, пристигнало писмо од двајцата физички убијци, Д. Вретенаров и Ш. Влахов, во кое тие напишале: „Го убивме Тодор, зашто тој сакаше нас да нè убие... Готови сме да се јавиме пред еден конгрес за да одговараме“.[756]

Од јуни до август 1924 година, во месеците од доаѓањето во Софија до неговото убиство, Тодор Александров дејствувал мошне конспиративно, престојувајќи во Петричкиот округ и во Ќустендил, кај пунктовиот началник Ангел Узунов, криејќи се и од своите најблиски соработници.[757] Во едно писмо до К. Прличев од 19 јуни 1924 година, критикувајќи ги мерките што ги презел министерот за внатрешни работи, Иван Русев, против припадниците на ВМРО, Т. Александров му напишал да се разгласи дека решил „во иднина да го чува своето престојувалиште во голема тајна од сите, а особено од одговорни лица и групи (подвлечено во писмото, б.м).[758] Престојувајќи во Ќустендил, Александров во едно писмо до еден ќустендилски граѓанин, Тодор Андреев, кој барал средба со него за остварување соработка со комунистите, му напишал: „За нас, Македонците, не е време да се делиме на класи и партии, туку треба сите заедно да се бориме за да извојуваме елементарни човекови права и политички слободи, а најпосле да се бориме за социјална правда“.[759]

## Убиството Тодор Александров

На 31 август 1924 година, била свикана конференција на Серскиот револуционерен округ, на која требало да се разгледаат следниве прашања: „1. Извештај за состојбата на округот; 2. Разгледување на Виенскиот манифест; 3. Недоразбирањето во Организацијата и меѓу некои членови од раководното тело на Илинденската организација“.[760]

Тодор Александров тргнал да присуствува на конгресот, и покрај предупредувањата на К. Прличев и И. Михајлов да не оди сам во Петричко, каде што го очекувале А. Василев и Г. Атанасов со нивните војводи и истомисленици.[761] Мошне интересно било поведението на Александров на пат кон закажа-

756 Исто, 132.

757 Петар Ацев, Спомени... цит., 330; ДАРМ, Фонд Ангел Узунов, Ангел Узунов, Спомени.

758 ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а. е. 28, л. 27–28. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит, 615–617.

759 ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени.

760 В. „Илинденъ“, бр. 7, 20. IX 1924, 2.

761 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев... цит., 129; Иванъ Михайловъ, Освободителна борба, 1919–1924... цит.



ГЕОРГИ АТАНАСОВ , АЛЕКСАНДАР ПРОТОГЕРОВ И АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ, ФОТОГРАФИРАНИ ПРЕД УБИСТВОТО НА ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ

ната конференција. Според изјавата на сведокот на настанот, Аргир Манасиев, претседател на Горноџумајското раководно тело на ВМРО, Александров откако со автомобил пристигнал во Симитли и се збогувал со месниот раководител упатувајќи се низ клисурата со придружбата на коњи, и покрај тоа што не бил многу религиозен, извадил една банкнота од сто лева со желба да запали свеќи во блиската црква, велејќи: „Сакав да исполнам еден христијански долг, зашто лоши претчувства ми тежат на душата, како нешто да ќе се случи со мене“.[762]

На пат за да присуствува на конференцијата, во близина на с. Лопово, Мелничко, во присуство на А. Протогеров, Тодор Александров бил убиен од двајцата нивни придружници, војводите на Организацијата во Петричкиот округ, Штерју Влахов и Динчо Вретенаров, блиски на Александар Василев. При убиството на Александров, бил убиен и неговиот телохранител Панзо Зафиров, а А. Протогеров се уплашил дека и тој ќе биде убиен, се онесвестил.

Според сведочењето на А. Протогеров, веднаш по убиството на Александров на 3 септември 1924 г., кога убијците стрелале кон Александров и кога го видел како од главата му шикала крв, тој се втурнал да бега и во истиот миг го видел Ш. Влахов како извикал: „Наместо ти да ме убиеш, јас те убив; ти толку невини души изеде, па и мене сакаше да ме изедеш“. Потоа Ш. Влахов дошол кај него и му рекол дека Александров тоа го заслужил, додавајќи: „Сега нека ни суди Организацијата“.[763] Подоцна А. Протогеров на Петар Ацев му ја кажал

762 Петар Ацев, Спомени... цит., 348.

763 Александър Протогеров– генералът–войвода. Съставител Цочо В. Билярски, София, 2012, 79–80.


ИВАН В’ЛКОВ

следнава верзија за убиството на Александров. По пукањето врз Александров, тој се онесвестил, а по освестувањето го видел Ш. Влахов како надвиснат над главата на Александров, кој сè уште се грчел од рањувањето, разгневено му се обратил: „А ти, едно време ти ме осудуваше на смрт, грчи се сега ти“.[764]

По убиството на Тодор Александров, убијците и присутните на настанот ги одвлекле мртвите тела на Александров и на неговиот телохранител Панзо Зафиров во шумата и со гранки и лисја ги покриле. Потоа А. Василев и Г. Атанасов, по телефон и со телеграма, од името на Александров и А. Протогеров, ги повикале од Софија да дојдат итно во Св. Врач: Иван Михајлов, Кирил Прличев, Михаил Монев, Панчо Михајлов и Никола Велев. По нивното пристигнување на местото на настанот, набрзина бил организиран погребот во блиската црквичка, на кој говореле К. Прличев и И. Михајлов.[765]

Раководството на Организацијата и присутните делегати на конференцијата, изненадени и огорчени од случајот, до 12 септември го криеле убиството на Тодор Александров за да се пресметаат со физичките убијци и со сите „интелектуални убијци“ кои биле замешани во него. Планот го спровел во дело Иван Михајлов, со помош на бугарскиот министер на војската, Иван В’лков, ликвидирајќи ги во Горна Џумаја не само виновниците во заговорот против Александров, А. Василев и Г. Атанасов, туку и најистакнатите претставници на македонските револуционерни сили, како и физичките убијци – војводите Ш. Влахов и Д. Вретенаров, за да не се дознаат интелектуалните наредбодавци на убиството.

Убиството на Тодор Александров претставува едно од најмистериозните убиства во македонското револуционерно движење и предизвикало голема

764 Петар Ацев, Спомени... цит., 349.

765 Иванъ Михайловъ, Спомени III. Освободителна борба 1924–1934, Louvain, 1967, 35. Според Кирил Прличев, на погребот на Александров говореле „тројца-четворица“ (36 години във ВМРО...цит., 130), а според П. Шанданов на погребот говореле А. Василев, И. Михајлов и П. Михајлов (Петар Шанданов, Спомени...цит., 135).

сензација не само во македонските емигрантски средини туку имало и мошне голем одглас во европската јавност. Заземањето на новиот курс во однос на борбата за решавање на македонското прашање и потоа откажувањето од Мајскиот манифест од страна на Александров и А. Протогеров, создале предуслови за тоа повеќе фактори да се заинтересираат за отстранување на Александров од лидерската позиција во ВМРО. Убиството на Александров претставува вистинско политичко сценарио во редовите на Организацијата. Тој бил убиен во присуство на членот на ЦК ВМРО, А. Протогеров, за да се насочи вината кон него и кон левицата на ВМРО. Затоа, убиството на А. Протогеров во јули 1928 година И. Михајлов го оправдувал со изјавите дека тој бил замешан во убиството на Александров.[766]

На 13 август 1924 година, ЦК ВМРО првпат излегол со соопштение за убиството на Тодор Александров, потпишано од А. Протогеров. Во краткото соопштение, било напишано: „На 31 август оваа година беше извршено едно големо злосторство: предавнички беше убиен легендарниот водач на македонското револуционерно движење, членот на Централниот комитет на ВМРО Тодор Александров. Физичките убијци, изродите Штерју Влахов и Динчо Вретенаров, двајцата најверни и предани орудија на Алеко Василев, уште не се фатени. Но, заговорот е целосно откриен. Организаторите на атентатот, заговорниците-предавници Алеко Василев, Георги Атанасов и нивните соучесници се казнети со смрт од Организацијата. Тодор Александров е мртов. Да живеат Тодор Александровци! Да живее слободна и независна Македонија. За Централниот комитет на ВМРО (потпис: А. Протогеров, б.м.).[767]

Раководството на ВМРО веднаш објавило посебна брошура „Заговорот против Тодор Александров", во која го претставиле убиството на Тодор Александров како дело на левата струја во Организацијата, а пред сè, на А. Василев, Г. Атанасов, раководството на Илинденската организација на чело со Г. Занков и А. Јовков, на П. Чаулев, Д. Влахов и на комунистите околу Димо Хаџи Димов[768], кои сакале да формираат „Советска република" во Петричко. Слична информација била содржана и во политичкиот извештај на дипломатскиот претставник на ВМРО во странство, Тома Карајовов, во кој, според запленетите документите од интелектуалните убијци на Александров, убиството

766 Види кај Зоран Тодоровски, Внатрешна македонска револуционерна организација, 1924–1934, Скопје, 1997, 165–172.

767 ЦДА, Фонд 1933, оп. 3, а.е. 7, л. 1.

768 Заговорътъ противъ Тодоръ Александровъ... цит., 9; В. „Балканска федерация", бр. 4–5, 1. X 1924, 42–46.



В.М.Р.О.
№ ........
13-IX 1924
МАКЕДОНИЯ

На 31. августъ т.г. бѣ извършено едно велико злодѣяние: измѣннически бѣ убитъ легендарния вождъ на македонското революционно движение, член на Централния Комитетъ на В.М.Р.О. ТОДОРЪ АЛЕКСАНДРОВЪ.

Физическитѣ убийци, извергитѣ Щерйо Влаховъ и Динчо Вретенаровъ, двѣ най-вѣрни и прѣданни оръдия на Алеко Василевъ, още не сѫ заловени.

Заговора, обаче, е напълно разкритъ.

Устроителитѣ на атентата, заговорницитѣ-измѣнници Алеко Василевъ, Георги Атанасовъ и тѣхнитѣ съучастници сѫ наказани съ смърть отъ Организацията.

Тодоръ Александровъ е мъртавъ.

Да живѣятъ Тодоръ Александровци!

Да живѣе свободна и независима Македония.-

За Централния Комитетъ на В.М.Р.О.

Протогеровъ

ПРВОТО СООПШТЕНИЕ НА ЦК ВМРО ЗА УБИСТВОТО
НА Т. АЛЕКСАНДРОВ, ПОТПИШАНО ОД А. ПРОТОГЕРОВ, ОД 13.09.1924 Г.

на Александров „било решено во Москва“, со цел „советизирање на Бугарија и на Балканот“, коешто требало да „опфати едно востаничко движење во Петричкиот и Неврокопскиот округ“.[769]

Во најновиот бугарски историографски труд посветен на убиството на Тодор Александров од Кирил Прличев, внук на Кирил Прличев, членот на Задграничното претставништво на ВМРО, кој приведува и анализира мноштво документи и изјави, убиството на Александров е лоцирано, пред сè, во „личните мотиви на убијците Штерју Влахов и Динчо Вретенаров, кои биле охрабрени од ескалацијата на постојните антиалександровски настроенија“.[770]

769 ЦДА, Фонд 1079-Тома Карайовов, оп. 1. а.е. 60, л. 1–3.

770 Кирил Пърличев, Убийството на Тодор Александров (Изследване и документи), София, 2002, 14–15.

Имајќи ги предвид настаните што претходеле по објавувањето на Мајскиот манифест и неговите политички импликации во бугарските буржоаски и воени кругови, како и во редовите на ВМРО, убиството на Тодор Александров било инспирирано и мошне внимателно организирано и раководено од бугарската влада и Воениот сојуз. Искористувајќи ги внатрешните судири во Организацијата, бугарската влада, со помош на воените кругови и министерот на војската Иван В'лков, а преку Иван Михајлов, дотогашен секретар на Александров, гледајќи во него нов водач на Организацијата и лојален спроводник на нејзината политика, го организирала убиството на Т. Александров.[771] Слично мислење имал и Петар Шанданов, кој по убиството на Александров тврдел дека во заговорот учествувал и Михајлов и „поради тоа го оставиле на чело на ВМРО“.[772]

За мотивите за убиството на Тодор Александров, Ангел Узунов, еден од најблиските и најдоверливи луѓе на Александров и на И. Михајлов, и негов кум, во своите необјавени спомени пишува: „Откако дознав за убиството на Александров, јас претпоставувам дека тоа беше дело на Михајлов. Зашто, веројатно, тој се здружил со Владата, која, плашејќи се од преговорите со болшевиците, бараше сојузници кои ќе ја елиминираат и ќе ја отстранат ВМРО од тој пат. Можеби Михајлов им се видел како најсоодветен, како помлад, а и беше учествувал во прогонот на земјоделците. Многу е веројатно дека Цанков знаеше дека Александров нема многу добро мислење за Михајлов и го нарекуваше често 'заборавенко', го обвинуваше за трошење на пари на Организацијата итн. Сето тоа претпоставувам, веројатно, беше го озлобило Михајлов против него и затоа...“.[773]

Новинарот и член на ВМРО (Обединета), Благој Видов, по потекло од Кавадарци, во своите ракописни материјали за убиството на Тодор Алексан-

---

[771] Ваквата верзија ми ја потврди Џон Битов, поранешен претстедател на МПО, при нашата средба во Торонто, Канада, во април 2010 г., дека, наводно, Иван Михајлов при нивната средба во Рим во 1960 г., му признал дека тој го организирал убиството на Т. Александров (изјава на Џон Битов снимена на касетофон).
Истото мислење го има и познатиот германски историчар Стефан Требст, дека убиството на Т. Александров било организирано од И. В'лков и извршено од И. Михајлов (Stefan Troebst, Mussolini, Makedonien und die Mächte 1922–1930, Koln–Wien, 1987, 157).
Во 1929 г. секретарот на претседателот на бугарската влада Андреј Љапчев, Методија Јанчулев и војводата Петар Костов-Пашата го обвиниле И. Михајлов за убиството на Миле (псевдоним на Т. Александров–б.м.). (Цочо Билярски, Непубликуван дневник и автобиографии на И. Михайлов, сп. „Македонски преглед“, кн. 3, София, 97–99).

[772] ДАРМ, Фонд Благој Видов, „Някои моменти...“, цитиран ракопис, 122;

[773] ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени.

дров пишува дека Александров поради својата „противречна природа стана жртва", бидејќи бугарската буржоазија не можела да му прости „за потписот на виенските протоколи, сметајќи дека станал комунист и затоа го подготвила неговото физичко отстранување". Но, како што пишува понатаму Б. Видов, непотребни биле стравувањата на бугарската буржоазија, „Александров не стана ниту комунист, ниту го измени своето поведение со тоа што го направил, а стана жртва само на проектираниот допир со комунистите".[774]

За убиството на Тодор Александров, генералот Иван В'лков, министер на војската, пред својата смрт во софискиот затвор признал дека генералот Иван Русев, како раководител на Воениот сојуз, ја решил судбината на Александров, со знаење на А. Протогеров. Ваквиот чин, И. В'лков го објаснува со констатацијата дека Воениот сојуз бил вознемирен од политичките потези на Александров и од прокламираниот принцип за автономија на Македонија, што, според Воениот сојуз, водело кон раскинување на националното заедништво и го поставувал под прашање суверенитетот на бугарската држава над националната територија.[775]

Исто така, и Георги Занков, претседателот на Илинденската организација и мошне добро запознат со внатрешните состојби во ВМРО, во „Отвореното писмо до членовите на Илинденската организација во Бугарија", од декември 1924 година, вели дека убиството на Тодор Александров е извршено со учество на „крвавата" влада на А. Цанков, чија жртва стана и Тодор. Ваквата констатација Г. Занков ја темели врз пишувањето на официјалниот владин весник „Слободна реч", веднаш по убиството на Александров, дека неговата дејност била пречка за зближување со Кралството на СХС и дека неговата голема загуба ќе послужи за подобрување на соседските односи. Покрај тоа, Г. Занков го споменува и интервјуто на владиниот министер на војската, Иван В'лков, кој за белградскиот весник „Политика" изјавил дека ВМРО многу пати пречела на договорањето со Кралството на СХС и покрај тоа што кај бугарската влада имало искрена желба за зближување и договор.[776]

774 ДАРМ, Фонд Благој Видов, „Некои моменти...", цитиран ракопис,125.

775 Иван В'лков по Втората светска војна, како државен непријател, бил осуден на смрт од комунистичката власт на Бугарија, но поради староста – смртната казна му била заменета со доживотен затвор.

776 Цочо Билярски, Документи за убийството на Тодор Александров през 1924 година, Известия на държавните архиви, бр. 75, София, 129, 149.

Според Георги Димитров, убиството на Тодор Александров било извршено со цел да се предизвика распаѓање на македонската организација.[777] А како што забележале во своите спомени Павел Шатев и Димитар Ефтимов, убиството на Александров било средство да се ослободи бугарската влада и Организацијата од сите смутители и од сите лица и македонски групи за да се уништат нивните идеи и сфаќања за разрешување на балканскиот и на македонскиот проблем.[778]

По повод убиството на Тодор Александров, А. Протогеров и И. Михајлов, од името на ЦК ВМРО, на 15 септември 1924 година,[779] упатиле опширно соопштение до „комитетите на револуционерните окрузи и до Задграничното претставништво на ВМРО", во кое ја изложиле хронологијата на настаните што довеле до убиството на Александров. Во соопштението, тие истакнале дека „во лицето на покојниот ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ (со големи букви во соопштението, б.м.) член на ЦК ВМРО, таа губи еден голем револуционер и водач". Давајќи пресек на револуционерната дејност на Александров, во соопштението тие навеле дека: „Историјата на македонското револуционерно движење во последните 16 години е историја на дејноста на Тодор Александров. Неговата смрт е неизмерна загуба за Организацијата". Соопштението тие го завршиле со препораката: „Секој на својот пост" и со пораките и мечтите на покојниот Александров: „Да живее македонската револуционерна борба! Да живее утрешна СЛОБОДНА И НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА!" (со големи букви во соопштението, б.м.).[780]

За ненадејната смрт на Тодор Александров, неговата сопруга Вангелија Александрова „со еден спокоен тон" изјавила: „За нас смртта на Тодор не е изненадување. Ние знаевме дека смртта го демне на секој чекор во борбата. Тој се посветил во служба на великото дело. Ако жалиме тоа е затоа што тој не умре така како што тој самиот сакаше".[781]

Бугарската влада побрзала преку печатот, „јавно и упорно",[782] да го објави убиството на Тодор Александров како „чист политички заговор" од страна на

777 Георги Димитров, Съчинения, Том VIII... цит., 35.

778 АИНИ, Димитър П. Ефтимов, Борбите... цит., 13 (80); ДАРМ, Пописник 1, бр. 18, Павел Шатев, цитирани Спомени, 565–566.

779 ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени.

780 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев... цит., 480–482.

781 БИА-НБКМ, Фонд 603-Владислав Ковачев, а.е. 678. В. „Дневникъ", София, 17 септември 1924, 2. „При вдовицата на Т. Александровъ – Александрова за своя покоенъ съпругъ – какъвъ бъше той".

782 ДАРМ, Фонд Анастас Митрев, кут. 2, „Отзивъ", София, бр. 37, 16. IX 1924, 2.

левицата во Организацијата и на неговите пријатели А. Василев и Г. Атанасов, кои биле орудие на комунистичката пропаганда и сакале да прогласат „советска република во Петричкиот крај“.[783] Притоа, бугарските владини весници и печатени органи на ВМРО во своите написи подвлекувале дека Александров паднал како „будна стража“ на западната демократија од притисокот на комунизмот, кој се заканувал да го запали Балканот, Европа и целиот свет.[784]

Со цел да го отстрани сомневањето за вмешаноста во убиството, министерот на војската, генералот Иван В’лков, проширил вест дека убиството на Тодор Александров е извршено по налог на комунистите, навестувајќи ја, притоа, „веројатноста дека убиството на Т. Александров е организирано од Белград“ (подвлечено во оригиналот, б. м.), поврзувајќи го престојот на југословенскиот воен разузнавач Танасие Диниќ во Софија.[785]

Објавувајќи ја веста за убиството на Тодор Александров, речиси сите софиски весници ја оплакувале неговата смрт како „најголема загуба за македонското револуционерно движење“.[786] Смртта на Александров во бугарскиот општествен живот била сметана како „национална жалост“. Панихидата организирана во Софија по повод неговата смрт се претворила во „мирна и скромна манифестација“ во која учествувале околу 10 000 луѓе.[787]

Според опширниот „политички извештај“ на чехословачкиот амбасадор од Софија, Бохдан Павлу, до Министерството за надворешни работи во Прага, од 18 септември 1924 година, „погребните церемонии за Тодор Александров се одржале во цела Бугарија“, а во Софија учествувале околу 10 000–12 000 души и биле печатени 63 некролози, некои од нив на романски и турски јазик.[788] А според „доверливиот извештај“ на австрискиот вршител на работите во амбасадата во Софија до министерот за надворешни работи д-р А. Гринбергер, од 20 септември 1924 година, под наслов „Македонската трагедија“, во „голема погребна манифестација организирана од Македонците“ учествувале околу 30 000 лица, при што биле положени стотици венци на споменикот на Левски.[789]

783 ДАССИП, Фонд: МИД, Пресбиро, 1924/IX, „Бугарска штампа“.

784 Исто, Фонд: МИД, Пресбиро, 1924/IX, Београд; В. „Свобода или смъртъ“, бр. 17, 29. VIII 1925, 7.

785 АС, Збирка Т. Динића, „ВМРО и Бугарска“, цитиран елаборат, 88.

786 ДАССИП, Фонд: МИД, Пресбиро, 1924/IX, Београд; АИНИ, сл. IV, 196, Панајот Хаџиев, Спомени, (Ракопис), 116.

787 АМНР – Р, досие 9/2/71, бр. 50067, 24. IX 1924, 281–282.

788 Чехословашки извори за българската история, Том I, БАН, София, 1985, 313–320.

789 Македонија во австриските документи. Предговор и редакција: доц. д-р Ѓорѓи Стојчевски, проф. д-р Даринка Петреска, Скопје, 2011, 208–209.

По повод убиството на Тодор Александров, германскиот амбасадор во Софија, Еуген Римелин, во Извештајот од 18 септември 1924 година го информирал своето Министерството за надворешни работи во Берлин дека „најголем и најтраен впечаток во јавноста“ направило убиството на Тодор Александров. Според неговиот Извештај, Александров важел „како великан, чија легендарна фигура им даваше повод на странските журналисти да преземат опасни патувања во македонските планини, за да го видат и да зборуваат со славниот комита“. Поводот за убиството на Александров германскиот амбасадор го гледал во „внатрешните расправии кај Македонците, коишто избија поради пријателската политика на Москва спрема федералистите“, на коишто „Тодор Александров остро се спротивставил“ и поради тоа „тој падна за независноста на својата партија и неговата смрт го најави почетокот на борбата против комунистичкото расположение на федералистите“.[790]

А германскиот дипломат Лудвиг Розелиус во в. „Франкфуртски весник“, на 5 октомври 1924 година, објавил „некролог“ по повод убиството на Тодор Александров, во кој, меѓу другото, напишал: „Го убија на спиење. Кој би се осмелил да го крене оружјето за да го убие... Само подмолно предавство би можело да го собори... Од обичен војвода стана ослободител на Македонија, бесмртен херој на целата земја. Откако тој падна од подмолното дело, во земјата Македонија нема повеќе радост. Секоја куќа е во длабока жалост“.[791]

Хрватскиот весник „Загреб“ од 27 септември 1924 година, по повод убиството на Тодор Александров, ја дава следнава карактеристика: „Тодор Александров беше гениј во животот и ќе остане вечно гениј, на смртта и на бесмртноста... Го претставуваат за империјалист, за милитарист и за разбојник, но тој не беше таков, туку напротив: живееше и работеше за својот народ. Се бореше за слободата на својата земја и за неа загина... Тој беше војвода на македонските комити, а и тој беше комита, но комита полн со гордост... Тодор Александров е мирољубец. Тој го сакаше мирот, се придружуваше кон своето мирољубие, кога тоа му беше остварливо, но умееше во исто време да се брани и себеси и својот народ. Тодор беше надарен со ретка интелигенција“.[792]

Од друга страна, печатот на Кралството на СХС веста за убиството на Тодор Александров ја пречекал со големо воодушевување, ликувајќи дека „стра-

---

790 ДАРМ, Фонд Министерство за надворешни работи на Германија во Берлин, 1.1297.4.12/34–35.

791 Исто, 1.1297. M-4530/10052–10053.

792 Иван Михайлов, Спомени III. Освободителната борба 1924–1934 г...цит., 55–56.

шилото за нивната држава е убиено“.[793] Исто така, и чешкиот печат, коментирајќи дека „длабоко воздивна Балканот ослободен од Александров, а воздивна и цела Европа“, не можел да ја скрие радоста за убиството на Александров, осудувајќи го како главен виновник кој го вознемирувал целиот свет.[794] А органот на БЗНС „Земјоделско знаме“, убиството на Александров им го припишувал на Македонците кои увиделе „во каква пропаст ги довел водачот на македонската организација“.[795] На ваквите реагирања се приклучил и весникот „Балканска федерација“, кој се нафрлил врз следбениците на Александров останати во Бугарија, барајќи да престанат да ја оплакуваат неговата смрт и осудувајќи ја неговата противмакедонска дејност.[796]

Чехословачкиот амбасадорот во Софија, Бохдан Павлу, во „политичкиот извештај“ за состојбите во Бугарија и во ВМРО, испратен до Министерството за надворешни работи во Прага, известува дека „смртта на Тодор Александров сигурно е почетокот на крајот на идеалистичко-романтичарската фаза во македонското ослободително движење, коешто трае точно 30 години“.[797]

Во своите подоцнежни пишувања, давајќи оцена за ВМРО и за севкупното дело на Тодор Александров, Георги Димитров, еден од најдобрите познавачи на состојбите во македонското револуционерно движење, во едно писмо од септември 1927 година, ќе напише дека „ВМРО е ослободително-национално движење и самостојна организација“, а Т. Александров „признат водач на старата автономистичка организација“. Понатаму, Г. Димитров препорачувал да се „заземе еден диференциран однос спрема Тодор Александров“, делејќи ја неговата дејност во македонското революционерно движење на два периода. За првиот период, до 1923 година, Александров „треба да се осудува“, додека за вториот период, од 1924 година, Александров треба да се третира како „македонски водач“, кој стапил на „правилен револуционерен пат“ и претставува „политички капитал“ на македонското револуционерно движење. Поради тоа, како што вели Г. Димитров, „апсолутно погрешен, политички нецелесообразен и крајно штетен е негаторскиот однос спрема Т. Александров, како бугарски националист, македонски предавник, главорез, бандит и др.“.[798]

793 В. „Илинденъ“, бр. 9, 4. X 1924, 2; В. „Независима Македония“, бр. 77, 26. IX 1924, 2.

794 ДАССИП, Фонд: МИД, Пресбиро, 1924/IX, „Чешка штампа“, В. „Словенски деник“, 19. X 1924.

795 В. „Землоделско знаме“, бр. 40, 26. IX 1924, 2.

796 В. „Балканска федерация“, бр. 13, 31. I 1925, 175–176.

797 Чехословашки извори за българската история...цит., 320.

798 Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање… цит., 1239–1243.

Од сите претходни цитирани документи, сведочења пишувања, изјави, мислења и констатации, сметаме дека зад убиството на Тодор Александров стои бугарската влада и Воениот сојуз, кои со знаење на Иван Михајлов го организирале неговото убиство. Нивната определба да застанат зад И. Михајлов, кога веќе Александров стана непослушен и самостоен со воспоставувањето на контактите со Советскиот Сојуз и со потпишувањето на виенските документи, тргнува од самиот факт што тој бил најупатен човек во раководството на ВМРО, пунктов началник на Софија и одговорен за врските со министерот на војската, Иван В'лков, а секако и млад и крајно амбициозен за власт. Тие веднаш по убиството на Александров застанале зад неговата кандидатура за лидер на ВМРО, сметајќи дека тој успешно ќе го продолжи генералниот курс на Организацијата и ќе им биде попослушен од Александров во водењето на нивната внатрешна и надворешна политика. Не случајно, И. Михајлов веднаш по убиството на Александров бил определен за негов заменик, односно самоиницијативно се ставил за секретар на ЦК ВМРО, функција што според Правилникот на Организацијата не била предвидена, и во тоа својство почнал да ги потпишува окружните писма на ЦК ВМРО.

Анализирајќи ги сите околности коишто доведоа до убиството на Тодор Александров и претходните цитирани изјави и пишувања на лицата што непосредно биле вклучени во тајните на ВМРО, за вмешаноста на Иван Михајлов во убиството на Александров, меѓу другото, ги приведуваме и следниве факти:

1. Во своите спомени Иван Михајлов пишува дека кога на 29 август 1924 година Тодор Александров се подготвувал да замине за Серскиот окружен конгрес, и покрај тоа што претчувствувал дека нешто ќе се случи, укажувајќи му дека нема „верба во Алековци", како одговорен човек во ВМРО за безбедноста, не презел доволно мерки за обезбедувањето на Александров.[799]
2. Кога Тодор Александров заминал од Софија за Серскиот окружен конгрес, Иван Михајлов, како што пишува во спомените, заминал со некој негов „универзитетски другар", а не кажува со кој, на два дни на екскурзија до Витоша, наводно да се одморел од тешката работа во Претставништвото на ВМРО, бидејќи не излегувал „три години. Затоа, два дни по убиството на Александров, кога го барале по телефон од Св. Врач, не можеле да го најдат.[800]

[799] Иванъ Михайловъ, Спомени III. Освободителна борба 1924–1934...цит., 69.

[800] Исто, 28.

3. Кога по убиството на Тодор Александров, Иван Михајлов го повикале по телефон од С. Врач да дојде заедно со Кирил Прличев, Михаил Монев, Панчо Михајлов и Никола Велев, тој во разговорот со К. Прличев долго се двоумел, се сомневал, па и бил заплашен дека „серчаните“ можат и ним да им направат стапица, велејќи му: „Мене ме нема таму, каде што е Тодор“.[801] Притоа, на инсистирање на К. Прличев дека треба задолжително да се оди, И. Михајлов му рекол: „Не верувам да одат до крајност, но во секој случај претполагам една можност од 5%“.[802] Со ваквите изјави, И. Михајлов дава до знаење дека ако Александров биде убиен, тој треба да остане жив за да продолжи да ја раководи Организацијата, сомневајќи се во натамошните дејства на „серчаните“, односно на А. Василев и Г. Атанасов.
4. Кога во Мелничко Аргир Манасиев првпат на групата, во која биле Иван Михајлов, Кирил Прличев, Михаил Монев, Панчо Михајлов и Никола Велев, возбудено ѝ соопштил дека „великиот Тодор не е повеќе жив“, некои од групата не сфатиле точно што кажал А. Манасиев. Кога П. Михајлов веднаш прашал: „Што, што рече, Аргир“, И. Михајлов, како да знаел што сакал да каже А. Манасиев, и му појаснил на П. Михајлов: „Јасно е што, убиен е Тодор“.[803] Значи, од нејасните и конфузни зборови на А. Манасиев, на И. Михајлов му било јасно дека Александров бил убиен, како претходно да бил известен за убиството.
5. Првото сомневање за учеството на Иван Михајлов во убиството на Тодор Александров ми се појави во летото на 1982 година, кога бев да го посетам гробот на Тодор Александров. Во селото Сугарево разговарав со една стара жена, која му ги испрала крвавите алишта на Александров во малата рекичка, и со еден стар човек кој го направил сандакот, од некоја стара врата, во кој бил погребан Александров.[804] Човекот ми раскажа дека по погребот на Александров, испекле некое теле, дека сите што биле присутни јаделе, зборувале меѓу себе, некои и се шегувале, додека само Иван Михајлов не зел да касне од месото, се држел мошне воздржано, претпазливо и уплашено. Ваквото сомнително однесување на И.

801 36години във ВМРО... цит., 129

802 Петар Шанданов, Спомени... цит., 133.

803 Иванъ Михайловъ, Спомени III. Освободителна борба 1924–1934...цит., 29.

804 Т. Александров бил двапати погребан. Првиот пат веднаш по убиството, на 31 август 1924 година, кога убијците набрзина го покриле неговото мртво и крваво тело со гранки и лисја, и вториот пат, по два дни, во присуство на дојденото раководство на ВМРО од Софија и присутните делегати на Серскиот револуционерен округ.

Михајлов може да се објасни дека тој се плашел некој од присутните на погребот да не знаел, или да ги открие неговите заткулисни дејства, околу подготовките на заговорот против Александров.

6. Кога на 11 септември 1924 година во Софија се договарале Иван Михајлов, Панчо Михајлов, Петар Шанданов, Кирил Дрангов и Јордан Ѓурков да заминат за Горна Џумаја за да ги ликвидираат интелектуалните убијци на Тодор Александров, И. Михајлов повторно не заминал, преправајќи се дека е болен и уплашен и му рекол на П. Шанданов дека „ако Алековци дознаат“ оти и тој патува со нив заедно, „не е исклучена веројатноста да ни подготват некаква заседа пред Горна Џумаја и да нè испотепаат уште по патот“.[805]

7. Во фаќањето на главните виновници во заговорот против Тодор Александров, А. Василев, Г. Атанасов и физичките убијци, војводите Ш. Влахов и Д. Вретенаров, Иван Михајлов не се ни обидел живи да бидат фатени и да бидат подложени на испитување за да ги кажат интелектуалните наредбодатели на убиството. По наредба на бугарскиот министер на војската Иван В’лков и полковникот Крстев, бугарските воени единици и милицијата ги ликвидирала физичките убијци на Александров, Ш. Влахов и Д. Вретенаров, без да се обидат да ги фатат и да ги распрашаат.[806] Според некои извори, и самиот И. Михајлов ги диригирал акциите од канцеларијата на И. В’лков. Па дури и била запалена плевната во која се криеле убијците на Александров, Ш. Влахов и Д. Вретенаров, и покрај тоа што постоеле услови живи да бидат фатени, само за да не се дознаат наредбодателите на убиството на Александров.[807] А И. Михајлов во писмото до А. Протогеров од 22 септември 1924 година, му напишал: „Се радуваме на убивањето на Штерју-Динчо“, наместо да се радува на фаќањето и испитувањето на двајцата убијци на Александров.[808]

805 Петар Шанданов, Спомени...цит., 141–142.

806 ДАРМ, Фонд Благој Видов, „Някои моменти от македонското революционно движение в България. Горно-джумайските събития през септември 1924 година“, Трета част, 58–59.

807 ЦДА, Фонд 1932, оп, 4, а.е. 26. Атанас Джолев, „Спомени от миналото на мрачната и трагична македонска история за времето от началото на 1922 год. до края на 1924 год. – за така наречените ’Горноджумайски македонски убиства’, включвайчи тук и убиството на Тодор Александров“, 5. III 1979; ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени; Исто, Фонд Благој Видов, „Някои моменти...“, цитиран ракопис, 122; Исто, „Някои моменти от македонското революционно движение в България. Горно-джумайските събития през септември 1924 година“, Трета част, 58–59.

808 36години във ВМРО...цит., 141–142.

8. Според повеќето извори, на погребот на војводата Панчо Михајлов во Софија, убиен по наредба на Иван Михајлов, сопругата на Тодор Александров, Евангелија, пред блиските изјавила дека „убиството на двајцата (Т. А. и П. М.) потекнува од еден исти центар и за едни исти грешки“.[809]
9. Изјавата на Џон Битов, поранешен претседател на МПО, за вмешаноста на Иван Михајлов во убиството на Тодор Александров. Во еден подолг разговор при мојата средба со него во Торонто, Канада, во април 2010 г., тој ми изјави дека Иван Михајлов при нивната средба во Рим во 1960 г., му признал дека тој го организирал убиството на Тодор Александров.
10. И на крајот, кога го ја привршував монографијата за Тодор Александров, ми ги дадоа да ги редактирам ракописните спомени на Ангел Узунов, необјавени и непознати на историската јавност. Моите сомневања што ги имав повеќе од 30 години дека Иван Михајлов е замешан во убиството на Александров ми ги поткрепи токму кумот на Иван Михајлов, Ангел Узунов. Посочувајќи го него како главен виновник во убиството на Александров, Ангел Узунов во своите спомени пишува: „Откако дознав за убиството на Александров, јас претпоставувам дека тоа беше дело на Михајлов. Зашто, веројатно, тој се здружил со Владата, која, плашејќи се од преговорите со болшевиците, бараше сојузници кои ќе ја елиминираат и ќе ја отстранат ВМРО од тој пат. Можеби Михајлов им се видел како најсоодветен, како помлад, а и беше учествувал во прогонот на земјоделците. Многу е веројатно дека Цанков знаеше оти Александров нема многу добро мислење за Михајлов и го нарекуваше често ’заборавенко’, го обвинуваше за трошење пари на Организацијата итн. Сето тоа претпоставувам, веројатно, беше го озлобило Михајлов против него и затоа...“.[810]

[809] Фонд Благој Видов, „Някои моменти...“, цитиран ракопис, 38.

[810] ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени.

## ВМРО по убиството на Тодор Александров

По убиството на Тодор Александров, планот на раководството на ВМРО за ликвидирање на убијците на Александров и на левицата во организацијата се проширил во сите места во Пиринскиот дел на Македонија. Планот на новиот лидер на ВМРО, Иван Михајлов, дотогашен секретар на Александров, предвидувал обезглавување и уништување на припадниците на серското крило и на федеративната организација, на левицата групирана околу Д. Х. Димов и на опозицијата во редовите на организацијата, предводена од Г. Занков, А. Јовков, Г. Пенков и др.[811]

За остварување на ваквиот план, во Организација на И. Михајлов, без знаење на членот на ЦК ВМРО А. Протогеров, било организирано „советување“[812], односно „заговор“ во Горна Џумаја, на кое наводно требало да се отстранат недоразбирањата во Организацијата, а особено со раководството на Илинденската организација.[813] Всушност, со импровизираното советување се сакало, на едно место и во исто време, да се соберат сите истакнати раководители на македонското ослободително движење и противници на автономистичката ВМРО, за да се изврши поефикасно нивното ликвидирање. Меѓу нив биле повикани и дошле во Горна Џумаја и членовите на раководното тело на Илинденската организација: Георги Занков, Арсени Јовков, Петар Ацев, Михаил Чаков и Владо Георгиев. За таа цел, на 12 септември 1924 година, И. Михајлов ги пратил во Горна Џумаја војводите Панчо Михајлов и Петар Шанданов, на кои им се придружиле и неговите блиски соработници, Кирил Дрангов и Јордан Ѓурков, да ги ликвидираат интелектуалните убијци на Тодор Александров. Истовремено, со знаење на владата, во Горна Џумаја биле пратени воени и полициски сили кои, под изговор да го чуваат редот[814], го блокирале градот, не дозволувајќи никој да излезе од него.[815]

Со доаѓањето на раководството на Илинденската организација во Горна Џумаја, вечерта на 12 спроти 13 септември 1924 година, започнало физичкото

---

[811] В. „Македонско дело“, бр. 97, 10. IX 1929, 3–4.

[812] История на България, Том III... цит., 174.

[813] В. „Македонско дело“, бр. 50, 25. IX 1927, 11–13.

[814] История на Благоевградската... цит., 158; Христо Калайджиев, Удара върху македонската демокрация, Сп. „Македонска мисъл“, год. I, кн. 3–4, София, 1945, 116–120.

[815] История на Благоевградската... цит., 158; Христо Калайджиев, Удара върху македонската демокрация... цит., 116–120; В. „Балканска федерация“, бр. 10, 15. XII 1924, 131–133; Предавниците... цит., 154; Дечо Добринов, Тодор Александров... цит., 92–93.



ПЕТАР ШАНДАНОВ



КИРИЛ ДРАНГОВ



ЈОРДАН ЃУРКОВ

ликвидирање на сите сомнителни вмешани во убиството на Тодор Александров, познато како „Вартоломејска ноќ". Во првиот налет на припадниците на автономистичката ВМРО биле убиени А. Василев и Г. Атанасов кои, меѓу другото, биле обвинети како интелектуални убијци на Александров. Во исто време, биле убиени и раководителите на Илинденската организација, А. Јовков[816] и М. Чаков, додека П. Ацев бил ранет[817], а Г. Занков се спасил со бегство[818].

Истиот ден, убиствата се прошириле и во Неврокопско, Петричко и Разлошко, каде што биле убиени привrзаниците на серското крило, Александар Бујнов, Георги Ковачев, Георги Пенков, Методи Алексов, Георги Манолев и др. Во потерата по физичките убијци на Тодор Александров, Ш. Влахов и Д. Вретенаров, во која учествувале воени единици и милиција и околу 20–25 чет-

[816] Централен партиски архив – София, Спомени на Любица, Арсени Йовкова (ќерка на А. Јовков, б.м.), записани на 14 април 1977 г. За убиството на Арсени Јовков види повеќе кај Зоран Тодоровски, Новопронајдени документи околу убиството на Арсени Јовков. Арсени Јовков – живот и дело. Зборник од Научниот собир по повод 75 години од неговото убиство, одржан во Луково, на 16 и 17 октомври 1999 година, Струга, 2001, 63–70.

[817] За ранувањето на Петар Ацев види повеќе во неговите спомени; Петар Ацев, Спомени... цит., 349–365.

[818] В. „Македонско дело", бр. 50, 25. IX 1927, 11–13. Историја на македонскиот народ, книга прва, Скопје, 1969, 205; Димитар Митрев, Пиринска Македонија, Скопје, 1986, 174; Ангел Динев, Политичките убиства во Бугарија, Скопје, 1983, 134–135; Иван Катарџиев, Време на зреење... цит., 278; Д-р Боро Мокров, Арсени Јовков – журналистика, Скопје, 1988, 31–36.
Истата верзија за убиствата во Горна Џумаја и на членовите на Илинденската организација е содржана и во историографските трудови објавени и во Бугарија: Костадин Палешутски, Вътрешна македонска ревплюционна организая, 1918−1924, Благоевград, 1983, 59; Истиот, Македонският въпрос в буржоазна Югославия, 1918−1941, София, 1983, 169; Истиот,Македонското освободително движение след Първата световна война (1918−1924), София, 1993, 229; Делчо Добринов, Последният цар на планините, София, 1992, 133.
Меѓутоа, најавтентичен извор за хронологијата на убиствата во Горна Џумаја дава самиот учесник во настаните Петар Шанданов во своите спомени: Петар Шанданов, Спомени. Предговор и редакција: д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2002.

ници, на 18 септември 1924 година тие биле откриени во една плевна кај с. Препечино, Петричко.[819] Потерџиите без да се обидат живи да ги фатат и да ги подложат на испитување кој стои зад убиството на Александров, ја запалиле плевната во која се криеле убијците на Александров, а тие, гледајќи ја безизлената состојба, се самоубиле.[820]

Набргу, убиствата ги зафатиле и другите градови во Бугарија: Пловдив, Банско, Свиленград, Софија и др., каде што биле убиени следбениците на Јане Сандански – Стојо Хаџиев, Чудомир Кантарџиев и Георги Скрижевски. На 13 септември во Софија биле убиени најистакнатите претставници на македонското комунистичко и федеративно движење, Димо Хаџидимов и Владислав (Славчо) Ковачев. За нивно физичко ликвидирање Иван Михајлов ги пратил најискусните атентатори на Организацијата, Владимир Георгиев-Черноземски и Мирчо Кикиритков од Штип.[821]

За убиствата во Горна Џумаја претседателот на бугарската влада А. Цанков веднаш, на 13 септември 1924 година, пратил три шифрирани телеграми до министерот за надворешни работи и до дипломатскиот претставник на Бугарија во Женева, Коларов. Во нив А. Цанков ги известил дека во Горна Џумаја, „во расправиите меѓу разните фракции на македонската револуционерна организација“ во „заемно самоистребување“, вечерта на 12 септември е убиен Алеко Василев, а утрото, на 13 септември, Георги Атанасов, додека на 13 септември во Софија се убиени Славчо Ковачев и Димо Хаџи Димов.[822]

Според податоците што ги објавиле софиските весници, се смета дека во септемвриските денови на 1924 година биле убиени 193 македонски дејци.[823]

За да ги оправда извршените убиства, ЦК ВМРО на 13 септември 1924 година излегол со соопштение во бугарските весници, потпишано од А. Протоге-

[819] ЦДА, Фонд 1932, оп, 4, а.е. 26. Атанас Джолев, „Спомени от миналото на мрачната и трагична македонска история за времето от началото на 1922 год. до края на 1924 год. – за така наречените ’Горноджумайски македонски убиства’, включвайчи тук и убиството на Тодор Александров“, 5. III. 1979; ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Ангел Узунов, Спомени; 36 години във ВМРО... цит., 131–132. Види и кај Премрежињата на македонското револуционерно движење. Спомени: Христо Калајџиев, Крсто Лазаров, Крум Петишев, Атанас Џолев, Мирчо Кикиритков. Предговор и редакција: д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2003, 246-247.

[820] ДАРМ, Фонд Благој Видов, „Някои моменти...“, цитиран ракопис, 122; Исто, „Някои моменти от македонското революционно движение в България. Горно-джумайските събития през септември 1924 година“, Трета част, 58–59.

[821] Фонд 1932, оп. 4, а.е. 33. Мирчо Кикиридков, Спомени (ракопис), София 1973. Види и кај: Боян Кастелов, Димо Хаджидимов, Живот и дело, София, 1985, 312; Владислав Ковачев, Политичкото веруjу на Македонците. Предговор и редакција: Зоран Тодоровски, Скопје, 2000, 26–27.

[822] ЦДА, Фонд 176 – Министерство за външни работи, оп. 4, а. е. 775, л. 39–41.

[823] Дончо Даскалов, Васил Коларов и Георги Димитров... цит., 186.

ров. Во соопштението, првпат било објавено убиството на Тодор Александров, а како главни виновници во заговорот биле посочени А. Василев, Г. Атанасов, кои Организацијата, заедно со нивните соучесници, ги казнила со смрт и ги ликвидирала.[824]

Септемвриските настани во Горна Џумаја и во целиот Пирински дел на Македонија го промовираа новиот лидер на ВМРО, И. Михајлов. Во негова организација, како што пишуваа весниците „Балканска федерација" и „Македонско дело", беа убиени „најдобрите македонски синови, борци за слободата и независноста на својот народ", при што ѝ беше нанесен голем „удар на ослободителната кауза на македонскиот народ".[825]

Со ликвидирањето на левоориентираните револуционерни сили во македонското ослободително движење, во голема мера се успокоило и Кралството на СХС. Според известувањето на нејзиниот воен претставник во Софија од 11 октомври 1924 година, со убиствата на „комунистите и болшевизираните војводи", ВМРО паднала во рацете на бугарската влада и не можело да се очекуваат никакви енергични движења за востание во Македонија.[826]

Внатрешните судири и убиствата во редовите на ВМРО, бугарската влада ги пречекала со големо олеснување не само за својата надворешна политика во односите со Кралството на СХС туку и за внатрешните состојби во државата, предизвикани со нараснатите комунистички опасности. Според романскиот амбасадор во Софија, ваквата оцена му ја изложил и претседателот на бугарската влада, А. Цанков, кој во разговорот му рекол дека „братоубиствата што се случија низ цела Бугарија имаат и добра страна – односно укажаа на навременото сомнение за заговор којшто се подготвуваше меѓу Македонците и комунистите против безбедноста, па дури и опстанокот на бугарската држава – затоа што, иако владата располага со доволно сила за расчистување на каков и да е неред, во каква незавидна состојба таа можеше да се најде, доколку во случај на комунистички револт, Македонците се најдеа блиску со бунтовниците, а не против нив како што беше минатиот септември (се мисли на Септемвриското востание во 1923 г., б. м.), кога интервенцијата на Македонците беше најефикасна помош".[827]

---

[824] Иванъ Михайловъ, Спомени III... цит., 73.

[825] В. „Балканска федерация", бр. 7–8, 15. XII 1924, 81; В. „Македонско дело", бр. 25, 10. IX 1926, 1, бр. 26, 25. IX 1926, 1–2.

[826] АИНИ, Фонд: КПЛ, к. XXXVII/17, бр. 262.

[827] АМНР – Р, досие 9/2/71, бр. 50067, 24. IX 1924, 281–282.

По убиството на Тодор Александров, раководството во ВМРО го презема Иван Михајлов, опкружен од неговите соработници, Кирил Дрангов, Јордан Ѓурков, Страхил Развигоров, Јордан Чкатров, Иван Караџов, Владимир Куртев, Георги Настев и др. Противречностите со А. Протогеров за преземање на раководната улога во Организацијата траеле до јули 1928 година, кога А. Протогеров беше убиен од привржаниците на И. Михајлов, обвинет како главен виновник за убиството на Александров.

## НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

### Мечтите на Тодор Александров за автономна и независна Македонија

Веднаш по Првата светска војна, а особено пред и за време на одржувањето на Парискатa мировна конференција, Тодор Александров, заедно со членовите на ЦК ВМРО, Александар Протогеров и Петар Чаулев, ја обновил Организацијата и го најавил револуционерниот вооружен метод на дејство, како единствено средство за борба против новите поробувачи на Македонија. Со ваквиот свој револуционерен став, тој се издигнал за прв лидер на ВМРО, оставајќи неизбришлив печат во македонското ослободително и револуционерно движење. Неговата историска фигура, како најголем авторитет на Организацијата и неодминлив фактор на Балканот и Европа, особено ќе се манифестира со барањата за ослободување на Македонија и за создавање посебна македонска држава, а особено преку вооружените акции во Вардарскиот дел на Македонија, со што постојано ги вознемирувал балканските влади и европските дипломатски кругови, претставувајќи, истовремено, најголема опасност за мирот на Балканот.

Апелите, барањата, желбите, мечтите и настојувањата на Тодор Александров за ослободување и за создавање самостојна и независна Македонија, се изразени во многубројните мемоари, меморандуми, декларации и окружни писма на ЦК ВМРО, потпишани од него, како и во личната коресподенција со неговите соработници и со домашни и странски политичари, дипломати и интелектуалци, во периодот по Првата светска војна до неговото убиство во крајот на август 1924 година. Во нив се содржани не само мечтите на Тодор Александров за слободата на сопствената татковина, туку и како го замислува идниот статус на ослободена Македонија.

Во периодот пред и по Балканските војни, кога раководството на ВМО-РО целокупната своја воена сила ја ставило во услуга на Генералштабот на

бугарската армија, Тодор Александров во меморандумите и мемоарите на ЦК ВМРО, меѓу другото, барал, исто како и Крсте Мисирков од Русија, вклучување на Македонија во рамките на Бугарија, со цел да се зачува територијалната целост на Македонија. И покрај тоа, во најголемиот дел од меморандумите и мемоарите на ЦК ВМОРО тој се залагал за „автономија на Македонија“.

Уште пред започнувањето на Балканските војни, во Мемоарот на ЦК ВМОРО од октомври 1911 година, испратен до генералните конзули на големите сили во Солун, Скопје, Битола и Одрин, Тодор Александров изјавил дека ВМОРО „во иднина, како и во минатото, ќе се бори со сите средства, со коишто располага, за постигнување на својата цел – автономија на Македонија“.[828]

Гледајќи ја опасноста од распарчување на Македонија по Првата балканска војна, Тодор Александров во Меморандум на ЦК ВМОРО од 6 декември 1912 година упатен до бугарскиот цар Фердинанд му предочил дека „Внатрешната организација застанала на идејата најпрвин да дејствува само за автономија на Македонија. Имено, да ја спаси од распарчување“.[829]

Осудувајќи ги решенијата на Букурешкиот мировен договор, ЦК ВМОРО во април 1914 година ја објавил Декларацијата во која на европската јавност ѝ дал до знаење дека: „Македонската внатрешна револуционерна организација со голема огорченост го пречека жестокото дело на Балканската конференција во Букурешт... Револуционерната организација, која во еден момент на надеж го положи своето испробано оружје, одново го зеде и застана на сегашната и неизменета позиција – автономија“.[830]

По Првата светска војна, Тодор Александров мошне јасно и гласно се застапувал единствено за создавање автономна, независна и обединета Македонија.

Уште во првиот Мемоар на обновениот ЦК ВМРО, испратен до претседателот на Париската мировна конференција од 1 март 1919 година, Тодор Александров и Александар Протогеров, како задгранични претставници на Организацијата, дале до знаење – „додека не се реши правилно македонското прашање, нема да има мир на Балканот“.[831] А на полномошникот на ВМРО на Париската мировна конференција, Димитар Наумов, Тодор Александров во

---

828 Вътрешната македоно-одринска революционна организация (1893–1919 г.)...цит.,7, 1014–1015.

829 Исто, 1041–1042.

830 Тодор Александров, Непубликувани спомени, документи и материали. Подготвил за печат Цочо В. Билярски, София, 2002, 176.

831 Македония. Сборник от документи и материали, София, 1978, 626–632.

писмата од 22 и 26 август му дал конкретни инструкции на Конференцијата да се застапува пред големите сили за „прогласување на Македонија во независна држава“.[832]

Во првата „директива“ на ЦК ВМРО по Првата светска војна, од 11 јуни 1920 година, потпишана од Тодор Александров и Петар Чаулев, јасно била истакната целта на автономистичката ВМРО: „Целта на Организацијата си останува како и досега: извојување слобода – под форма на автономија или независност – на Македонија, во нејзините етнографски и економски граници. Во Македонија под српско ропство, Организацијата си ја поставува следната директна задача: извојување федеративно управување на Југославија со Македонија – како рамноправен член во федерацијата“.[833]

Уште со самото доаѓање во источниот дел на Вардарска Македонија, Тодор Александров на 28 јуни 1920 година упатил окружно писмо до „членовите на ВМРО во Македонија и до нејзините истомисленици зад границата“, во кое истакнал: „Борбата за ослободување на Македонија ќе продолжи додека се извојува автономна управа на трите делови на областа, сега разделена меѓу Србија, Грција и Бугарија. Таа цела, обединета, независна или автономна Македонија може да биде ставена под покровителство на Советот на Друштвото на народите или на една од големите сили, негови членови, или дури може да влезе во југословенската држава, како рамноправен член во федерацијата, ако Србите го прифатат федеративното управување во новата држава“.[834]

Во писмото на ЦК ВМРО од 2 април 1922 година, упатено до „претседатели на сите културни и професионални националистички здруженија во царството Бугарија“, Тодор Александров им укажал дека „ВМРО за своја директна задача ја има борбата за извојување на слободата на Македонија“.[835]

Во „привремени наредби“ на ЦК ВМРО од 5 септември 1922 година упатени до „околиските и месните раководни тела на Организацијата во Македонија под бугарска власт“, Тодор Александров ги известил дека „Општата цел на Внатрешната македонска револуционерна организација е – создавање една автономна или независна држава од цела Македонија во нејзините етнографски и географски граници“.[836]

---

[832] Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Из архивното наследство на Тодор Александров, Известия на държавните архиви, кн. 60, София, 1990, 229–231.

[833] Македония. Сборник … цит., 658–660.

[834] Иванъ Михайловъ. Спомени II. Освободителна борба 1919–1924 г., Louvain, 1965, 116–118.

[835] ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а. е. 80, л. 1–2.

[836] Исто, а.е. 63, л. 14.

Во Мемоарот на ЦК ВМРО до Друштвото на народите и до претседателите на владите на големите сили, од октомври 1922 година, Тодор Александров барал: „Создавање една независна Македонија, ставена под заштита на Друштвото на народите или на некоја ополномоштена од него сила“.[837]

Запознавајќи ја општествената јавност со актуелните новини за вооружената активност на Организацијата, Тодор Александров во циркуларното писмо на ЦК ВМРО од 15 октомври 1922 година резимирал: „Работата оди одлично и внатре и надвор. Македонското прашање веќе го привлекува вниманието и на јавното мислење во целиот свет, на дипломатијата, и нема да помине многу време – борбена Македонија ќе ја извојува својата независност“.[838]

Во писмото на ЦК ВМРО до „Мухаџирите Срби во Македонија“, од 16 јануари 1923 година, Тодор Александров на „српските управници во Македонија“ им се заканил: „Нема да има мир на Балканот, додека не се создаде Независна Македонија“.[839]

Во Декларацијата на ЦК ВМРО до претставниците на Организацијата во странство, од 6 септември 1923 година, изложувајќи го „карактерот на македонското ослободително и револуционерно движење“ и „политиката и тактиката на ВМРО“, Тодор Александров ги издвоил двете компоненти на Организацијата: „1. Македонското население ја подржува Револуционерната организација, зашто таа е негова Организација, зошто таа си поставила за цел ослободување и обединување на Македонија во нејзините географски граници во една политичка целина; и 2. Внатрешната македонската револуционерна организација се бори за остварување на својата цел за создавање од Македонија една независна и слободна држава, која ќе послужи како гаранција за балканскиот мир“.[840]

На средбата со францускиот журналист Пол Ерио во октомври 1923 година, Тодор Александров му изјавил: „Ако Македонија, засега разделена меѓу Србија и Грција, добие една полна автономија и ако се создаде една југословенска заедница, во која сите држави што претставуваат дел од неа, ќе ги користат истите права, Бугарија, во тој случај, ќе биде готова на автономна Македонија да ѝ го врати делот од нашата територија што ѝ беше даден, а и самата таа би можела да влезе во таа конфедерација чие создавање би довело до мир на Балканот“.[841]

837 Тодор Александров, Непубликувани…цит., 188–190.

838 Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Непубликувани документи за дейността на Вътрешната македонска революционна организация и Тодор Александров (1922–1924 г.), Известия, том 49, София, 1990, 209–210.

839 ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а.е. 81, л. 1.

840 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев...цит., 448–451.

841 Тодор Александров, Живот-легенда. Съставител Цочо Билярски, София, 1991, 70.

Во писмото до д-р Ренер, адвокат на Јордан Цицонков во судскиот процес во Прага, Тодор Александров во ноември 1923 година му напишал: „Најсуштественото, што имам да му кажам на почитуваниот суд и на сите, кои немале досега можност да ја изучат суштината, силата и значењето на македонските ослободителни борби и особено на оние, кои имаат дрскост да го негираат постоењето на Македонија, стануваат многу смешни, бидејќи македонското население многу одамна станало свесно и решило по секоја цена да ја извојува својата независност, дека Македонија има веќе своја историја, своја душа и една силна, непоколеблива волја да биде слободна, дека секој Македонец веќе станал свесен борец и докрај ќе опстои на девизата: 'Слобода или смрт' и дека поради тоа нема Земјина сила којашто може да го убие слободниот дух на Македонците да бидат слободни. Македонија заслужува слобода, треба да биде слободна, ќе биде независна. Со таа вера живее, легнува и се буди секој Македонец, каде и да се наоѓа тој“.[842]

Во „Проектот за спогодба меѓу ВМРО и Руската советска република“ од декември 1923 година, Тодор Александров, меѓу другото, ја изложил и целта на Организацијата: „Обединување на Македонија, распарчена меѓу Бугарија, Србија и Грција... во една политичка единица, која потоа да биде рамноправен член на една Балканска федерација или барем во првата своја етапа – на една југословенска федерација“.[843]

Во интервјуто за лондонскиот весник „Тајмс“, од 4 јануари 1924 година, Т. Александров изјавил: „Доколку не може да се даде автономија на Македонија, Организацијата со радост ќе го прифати поставувањето на Македонија под заштита на некоја голема сила, првенствено на Англија“. [844]

Во соопштението на ЦК ВМРО до софиските весници, во почетокот на 1924 година, Тодор Александров, меѓу другото, изјавил: „ВМРО и натаму ќе продолжи да води своја самостојна политика и нема да го положи оружјето додека не ја постигне целта на која ѝ служи: наполно ослободување и обединување на борбеното македонско население во слободна независна Македонија“.[845]

[842] ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а.е. 35, л. 10. Писмото е без датум, а по сѐ изгледа е од ноември 1923 година, пред одржувањето на првиот судски процес во Прага, којшто се одржал на 13 ноември 1923 година (Иванъ Михайловъ. Спомени II…цит., 286).

[843] ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а.е. 61, л. 1–3; Македония. Сборник ... цит., 676–677.

[844] В. „Независима Македония“, бр. 40 и бр. 41, София, 12. I–18 I 1924. Објавено и кај: Тодор Александров, Живот легенда... цит., „При Тодор Александров. Задачите на Македонската революционна организация“, 80–91.

[845] В. „Радник – Делавец“, бр. 99, 6. I 1924, „Македонски покрет поводом једне изјаве“.

Виенските документи од април и мај 1924 година, изработени врз основа на соработката на ЦК ВМРО со претставниците на Коминтерната, а со цел обединување на македонското революционерно движење, претставуваат круна на желбите и надежите на Тодор Александров за создавање слободна и независна македонска држава.

Во првиот документ, „Декларација на ЦК ВМРО", потпишана на 29 ноември 1924 година, што послужила како платформа за обединување на македонското революционерно движење во „единствен македонски революционерен фронт", ЦК ВМРО изјавил: „ВМРО, во својство на вистинска революционерна сила, се бори за ослободување и обединување на распарчените делови на Македонија во една целосно самостојна (независна) политичка единица во нејзините природни, етнографски и географски граници. Таа смета дека политичкото постоење на независна Македонија може да биде гарантирано само од сојуз на самостојно определените балкански народи во форма на една Балканска федерација".[846]

Во вториот документ, „Протокол за обединување на македонското революционерно движење", донесен на 30 април 1924 година, ЦК ВМРО изјавил дека успехот на ослободителната революционерна борба во Македонија е можен само кога таа борба ќе биде поставена за: „Ослободување и обединување на распарчените делови на Македонија во една целосна независна и самостојна политичка единица, во нејзините етнографски и географски граници".[847]

Во „Манифест до македонскиот народ, до организираното революционерно население во Македонија и до македонските револуционери", познат како Мајски манифест, донесен на 6 мај 1924 година, ЦК ВМРО изјавил, меѓу другото, дека тој се бори и ќе се бори со сите средства на револуционерната борба за: „Ослободување и обединување на распарчените делови на Македонија во една целосно независна и самостојна политичка единица, во нејзините природни, географски и етнографски граници".[848]

Исто така, и во „Декларација на Македонската парламентарна група" на ЦК ВМРО јавно било содржано дека: „Македонскиот народ се бори за ослобо-

[846] Изменниците на македонското дело, Прага, 1926, 53–55; Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање во документите на Коминтерната...цит.,439–443.

[847] Изменниците…цит., 55–56; Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање…цит., 443–447.

[848] ЦДА, Фонд 396, оп. 2, а.е. 12, л. 1–7; В. „La Federation Balcanique", Н 1, 15 юли 1924, 14–15; в. „Илиндень", 2 август, 1924, 3; Изменниците…цит., 57–63; БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917–1946). Том първи. Съставители: Цочо Билярски и Ива Бурилкова, София, 1998, 216–222; Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање…цит., 471–487.

дување и за обединување на сите распарчени делови на Македонија во една самостојна политичка единица, во нејзините природни, етнографски и географски граници“.[849]

Во Декларацијата на ЦК ВМРО од 1 август 1924 година, по повод објавувањето на Мајскиот манифест, Тодор Александров и А. Протогеров, изјавиле: „ВМРО категорички изјавува дека нема да го положи оружјето пред да ја постигне својата цел – целосно ослободување и единство на македонските населенија и создавање на слободна и независна Македонија“ и дека „ВМРО е единствено компетентна да ја насочува својата дејност во остварување на својот идеал – слободна и независна Македонија“.[850]

По објавувањето на Мајскиот манифест, Тодор Александров во писмото до Наум Томалевски од 16 август 1924 година, меѓу другото, му ги изложил инструкциите за кои треба да се застапува во европските држави: „Федеративно раководство во Југославија, со Македонија како рамноправен член на Федерацијата; При неминовното распаѓање на Грција, присоединување на Македонија под грчко ропство кон автономна Македонија; присоединување кон автономна Македонија и на делот од Македонија останат под бугарска власт; По желба и со заемна согласност на членовите на федерацијата и на Бугарија, и последната да влезе како рамноправен член. Само така, без болшевизирање на Балканот и без крв, ќе има мир на Балканот и во Европа и силна Југославија, сојузничка на Франција“.[851]

И, на крај, Тодор Александров во една изјава објавена по неговото убиство, ја повторил целта на ВМРО: „Македонците се стремат да не се делат на разни партии, туку сите да се групираат околу ВМРО, сплотени да ги насочат сите желби, сите свои усилби за извојување на независноста на Македонија“.[852]

Од изнесените многубројни барања и залагања на Тодор Александров за идниот слободен статус на Македонија, и покрај тоа што претрпувале извесни изменувања и модифицирани дополнувања согласно со политичките околности, се гледа дека главната и основна негова борба била создавање автономна и независна Македонија. Сумирајќи ги многубројните барања и предлози, според хронологијата на неговата политичка и вооружена борба, тие, главно, се однесувале на :

---

[849] Изменниците…цит., 63–67; Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање…цит., 487–493.

[850] ЦДА, Фонд 656, а.е. 15, л. 7-8. В. „Независима Македония“, бр. 70, 9. VIII 1924, 3.

[851] Исто, оп. 2, а.е. 29, л. 31.

[852] В. „Свобода или смъртъ“, София, 29. VII 1925.

- „зачувување на целокупноста на Македонија и борба против нејзиното распарчување";
- „прогласување автономна и независна Македонија во нејзините етнографски, економски и географски граници";
- „Македонија да влезе како рамноправен член на југословенската федерација";
- „автономна управа на разединетите делови на Македонија во обединета, независна или автономна Македонија под покровителство на Друштвото на народите или на една од големите сили";
- „ослободување и обединување на Македонија во самостојна политичка единица";
- „Македонија како самоуправна единица во рамките на општобалканска федерација (заедно со Србија, Хрватска, Словенија, Босна, Црна Гора, Бугарија и со Грција, Албанија и Романија)";
- „обединета Македонија во една политичка единица, како рамноправен член на Балканска федерација или на југословенската федерација";
- „целосно самостојна и независна политичка единица во нејзините природни, етнографски и географски граници, со присоединување на деловите на Македонија што се наоѓаат под власта на Грција и Бугарија и со Солун, како престолнина на независна Македонија";
- „независна Македонија во една Балканска федерација";
- „политичко самоуправување на Македонија",
- „спроведување на клаузулите за заштита на правата на националните малцинства".

Во сите овие набележани барања, залагања и предлози, на прв поглед се согледува политичката и државно-правната еволуцијата на Тодор Александров за идниот слободен статус на Македонија, согласно со политичката програма на ВМРО и тековните политички околности на Балканот и Европа, а особено од меѓусебните политички односи меѓу Бугарија и Кралството на СХС. Тие, главно, се движеле во неколку етапи: од автономија до независност на Македонија; од Македонија, како рамноправна политичка единица во југословенската федерација, до независна Македонија во Балканската федерација; и на крај признавање на малцинските права на населението во Македонија, односно на бугарското население.

А што се однесува до методите за остварување на крајната цел за ослободување на Македонија и за создавање посебна држава, тие, главно биле: вооружена борба со комитски чети и акции; и легална борба со политички средства, слободни избори и право на создавање македонски политички партии.

Во барањата за создавање слободна и независна Македонија, Тодор Александров се залагал и за остварување на основните граѓански и демократски права на населението во новата македонска држава, како што се: „слободни избори за народни пратеници и право на Македонија да формира свои легални партии", „автономни права на јазик, училишта и црква", „зачувување на националното сознание и на своето народно име", „извојување на човечки права и слободи", „еднакви политички и граѓански права", „заштита на економската, духовната и културната слобода", „рамноправни и еднакви права", „слободно национално и културно самоопределување", „политичка слобода, самоуправување и најголема социјална правда", „зачувување на елементарните права на народот", „право на настава на мајчин јазик, право на здружување и слободен печат", „гарантирање политички права на етничките малцинства и можност за создавање национални институции", „заштита на правата на националните малцинства" и сл.

За одбележување е дека во сите барања на Тодор Александров за идниот слободен статус на Македонија, и покрај тоа што македонското население го третира за бугарско, присутни се лозунзите за: автономна, самостојна, независна, самоуправна, целокупна и обединета Македонија во една посебна македонска држава на Балканот, и Солун како престолнина на независна Македонија. Во ниеден случај не се барало обединување или приклучување на Македонија во која и да било балканска држава, туку како посебна политичка единица, и тоа како рамноправен член, кога се барало Македонија да влезе во рамките на југословенската или Балканската федерација.

## Тодор Александров за себе

Личноста и делото на Тодор Александров беше загатка на повеќе историографии и историчари. Неговата контроверзност беше продукт на епитетите и квалификациите што доаѓаа, пред сѐ, од непријателите на Македонија и на слободата на македонскиот народ. Меѓутоа, мора да се каже дека во дводецениската револуционерна и лидерска дејност името на Тодор Александров стана „синоним" на ВМРО и главен „организатор и душа" на Организацијата.

Оригиналните документи на ВМРО, а особено окружните писма на ЦК ВМРО, напишани и потпишани од Тодор Александров, како и неговата лична коресподенција, покрај политичката програма, проблемите за решавањето на македонското прашање и оружената и дипломатската активност на Организацијата, изворно нѐ запознаваат и со личноста на Тодор Александров, односно што вели тој за себе, за карактерот, целите и задачите на ВМРО и какви мерки преземал за зачувување на редот и дисциплината во Организацијата.

Тодор Александров за себе и за многубројните епитети како „најголемиот човек на Македонија" и на ВМРО што доаѓале од сите страни, ќе изјави: „Македонија во минатото даде великани, имиња кои ги изговараме со смирена благонаклоност и со страхопочит; Македонија и сега создава големи по душа и неповторливи маченици и херои, подготвени за самопожртвување, пред споменот или ликот на кои им симнуваме капа. Ако Македонија немаше создадено голем број горди и скромни маченици, никому непознати, храбри луѓе, при многубројните непријатели кои ја опкружуваат, одамна би престанала да постои и како морална сила и како географски поим. Јас лично, со своите слаби сили и способности, не сум направил ништо повеќе од совесно исполнување на долгот кон распарчената и поробена борбена татковина – Македонија. Функцијата, инаку, ми помогна да работам во моментот со капитал, создаден од сите творци на македонската епопеја и да ги претставувам засега идеализмот, моралната сила и цврстината на борбена Македонија. Драгоцените квалитети (и дарби) на Македонија се залог за сигурноста и брзо извојување независност на Македонија, а не способностите на малкутемина водачи".[853]

А за искажаните епитети на негова адреса, при што го споредувале со Даме Груев, Тодор Александров во едно писмо до Иван Михајлов од 26 јули 1924 година, го предупредил дека со тоа ѝ се „нанесува штета на ВМРО и мене лично", образложувајќи му пошироко: „Македонија навистина има дадено големи великани, но што сме ние во споредба со нив?! Кога ги читам спомените на Коцето за Даме Груев и си помислувам што би бил тој денес, да беше жив и да го имаше искуството на 30-годишна борба, со силниот пргав ум, со својата голема активност и смелост, со своите ораторски и организаторски таленти, со својата железна волја и со силната енергија и со префинетиот психолошки усет?!. Пред еден великан каков што е Груев, јас ја чувствувам својата ништожност, стојам мирно и се поклонувам пред неговиот спомен и се срамам

[853] ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а.е. 28, л. 32. Објавено кај Тодор Александров, Сѐ за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 621–623. Од писмото на Т. Александров до П. Стаматов, од 20 јуни 1924 година.

од изнасилените преувеличени процени за мојата досегашна дејност, особено за некакви мои ’големи’ способности и квалитети, какви што, всушност, не поседувам. Човек со просечен ум, но со донекаде силна волја и со навика да се посветам и да извршувам најсовесно и докрај едно славно дело, во чија исправност и корисност сум се убедил, јас можев со огромни натчовечки напори да сторам нешто за воздигање на македонското име, поради недостиг на дејци подготвени од мене за нашите тешки услови за борба. Но, колку многу ми недостига за местото што го заземам, јас најмногу сфаќам и чувствувам!“[854].

Во пролетта на 1920 година, кога Тодор Александров дошол во Ќустендил со намера да заминат преку границата во Македонија и таму непосредно да ги организира четничките акции, пунктовиот началник на градот, Ангел Узунов, настојувал да го задржи во околината на Ќустендил и да му организира „една колиба на скришно место“ на планината Осогово, близу границата. На неговите настојувања, Александров му приговорил: „Ангеле, Ангеле, не заобиколувај, братко! Знам зошто си го измислил сево ова. За мене ти е жал, а! Да не ме убијат... Но само со командување не се врши работа... Претстави си сега дека јас сум влегол внатре. Сум се сместил во колиба, се разбира, зашто нема каде на друго место. Праќам оттаму наредба до некој војвода да влезе и да си го заземе реонот. Може ли да ми откаже? Може ли да рече: тој си седи во Бугарија, а мене ме праќа внатре? Не, Ангеле, илјада пати не! Прво ќе влезам јас, а потоа ќе ги викам другите. Не, нема да ги викам туку ќе им наредувам, зашто имам право не само според Уставот туку и според мојот личен пример. Кој ќе ја исполни мојата наредба, му благодарам, кој не, за него има закони на Организацијата. Тогаш никој нема да може да ми се лути“.[855]

Доаѓајќи на самиот терен во Вардарскиот дел на Македонија, меѓу македонското население, Тодор Александров во септември 1920 година, упатил писмо до министерот за внатрешни работи на Бугарија, Александар Димитров, во кое му пишува: „Господине министре, пред неколку месеци го напуштив Царството, угнетувано од тиранскиот режим, наметнат од Вашите другари и од Вас, и заминав за мојата поробена Македонија, за да го исполнам, како што јас сметам, својот долг кон моите несреќни сонародници... Јас не припаѓам на ниедна бугарска политичка партија и нема да се зачленам во таква до ослободувањето на Македонија. Треба да го знаете следново: никој не може да ми го

[854] ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а.е. 28, л. 89. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 695–697.

[855] ДАРМ–Одделение Охрид, Фонд Христо Узунов, Спомени, 213.

одземе правото да располагам со својот живот, како што ќе сметам за корисно и да работам според моите сили и согласно со моите сфаќања за мојата поробена татковина. Кој ќе се обиде да го стори тоа, уверен сум – благодарение на закрилата на Провидението и на поддршката на организираното македонско население –бездруго ќе си ја скршите главата“.[856]

Својот однос и почит кон великаните на Македонската револуционерна организација Тодор Александров ќе ги искаже и при прибирањето и зачувањето на коските на Гоце Делчев. Во таа пригода е и неговото писмо до Михаил Чаков од 2 август 1923 година, во кое му пишува: „Пријатен долг ми е да Ви искажам голема благодарност и од името на другарите–борци за независноста на Македонија и од мое име за патриотската идеја да ги најдете и приберете светите коски на нашиот претходник и голем учител – Гоце Делчев, еден од основачите на ВМРО и за Вашата грижа да го погребите како светиња во својот дом, со што заслуживте признание на денешна борбена и утрешна независна Македонија“.[857]

На пишувањата на српските весници дека во судирите меѓу автономистичките чети и бугарските единици Тодор Александров бил убиен, тој во едно циркуларно писмо од 26 мај 1923 година на српската јавност ѝ дал до знаење дека: „Тодор Александров е жив и здрав, се наоѓа во Македонија меѓу борците и продолжува да ја раководи револуционерната борба внатре за извојување на независноста на распарчената и поробена борбена Татковина... Сите нека ги продолжуваат трудољубиво борбите со целосна верба дека наскоро ќе се извојува слободата на нашата убава татковина Македонија“.[858]

Своите слабости и доблести Тодор Александров најпластично ќе ги изложи во преписката со својот колега во ЦК ВМРО, Александар Протогеров. Така, во едно писмо од 20 август 1924 година, тој му пишува: „Не одрекувам дека имам недостатоци – зар ти немаш слични? – ниту дека сум правел грешки – кој е безгрешен?… Фактот што од 25 години сум раководно лице во една идејна организација, а од 1912–13 година заземам едно од највидните места во нејзиното раководење, и особено фактот што на двапати – 1909–1910 г. и во 1919–20 сред разочарувањето што ги имаше обземено речиси сите македонски кругови и

[856] ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а.е. 31, л. 1.

[857] ЦДА, Фонд 1932, оп. 3, а.е. 77, л. 10. Објавено кај Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Новоиздирени документи за Тодор Александров и Вътрешната македонска революционна организация...цит., 189; Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 209.

[858] Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Непубликувани документи за дейността на Вътрешната македонска революционна организация и Тодор Александров (1922–1924 г.)...цит., 237–238. Објавено кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924... цит., 199–200.

фактори, јас лично, во соработка со добри другари ја пресоздадов и преустроив ВМРО која мнозина ја сметаа за мртва, за непостојна, е најголемиот доказ дека во мене има другарско чувство, и тоа многу посилно отколку што мнозина мислат. Да не беше така, немаше да ме следат илјадници дејци на ВМРО“.[859]

Во едно друго писмо до А. Протогеров, од 14 август 1924 година, својата патриотска дејност и долг кон татковината, Тодор Александров му ја изложил во неколку реченици: „Јас не сум сторил ништо повеќе од совесно исполнување на својот долг; не за некаква слава – што јас со години ја поднесувам со најтежок и ризичен живот – отколку сите другари… Како заклучок ќе ти кажам: Како и досега, така и во иднина, во сите свои дејства сум се раководел и ќе се раководам единствено само од интересите на ВМРО“.[860]

А во писмото од 21 јули 1924 година, повторно до А. Протогеров, во врска со нивните меѓусебни недоразбирања, Тодор Александров му напишал: „Можеби постојат принципиелни разлики меѓу нас, можеби постојат различни мислења за определени прашања, можеби дури и се презираме еден со друг, но додека го носиме овој тежок крст – да стоиме на чело на една голема револуционерна организација каква што е ВМРО, не ни е дозволено да правиме ништо што нè отстранува од исполнувањето на задолженијата или што ја забавува работата“.[861]

Во едно друго писмо, без датум, Тодор Александров му напишал на А. Протогеров: „Како човек, и јас имам свои недостатоци и допуштам грешки, но 1) не сум способен за нечесности; 2) во „клика“ нема да влегувам; 3) детектив и орудие – освен на Татковината – на никој друг нема да станам; 4) никаков разбојник и злоупотребувач, а особено со организациски финансии нема да трпам, па бил тој не само мој братучед и другар, туку и брат и татко да ми биде; 5) за лично збогатување не сум мислел и не мислам, иако последниве 15–20 години сум имал илјадници можности – се разбира дека цело време откако им се имам предадено на организациските работа се издржувам со организациски средства; 6) не поседувам никакви мои пари или недвижен имот, освен нивите, лозјата и ½ чифлиг во Штип и во Неманци[862] добиени во наследство од татко ми и од дедо ми“.[863]

---

859 ЦДА, Фонд 1909, оп. 2, а. е. 206, л. 65–70; Исто, Фонд 1933, оп. 2, а.е.29, л. 40–45.

860 Исто, Фонд 1933, оп. 2, а. е. 28, л. 68–73.

861 Исто, Фонд 1909, оп. 2, а. е. 206, л. 64.

862 Веројатно се однесува на с. Немањица, Светиниколско.

863 ЦДА, Фонд 1909, оп. 2, а. е. 207, л. 19–20.

Секогаш подготвен да го зачува единството во Организацијата, Тодор Александров во едно писмо до Наум Томалевски, член на Задграничното претставништво на ВМРО, задолжен за одржување на врските со странските дипломатски претставници, известувајќи го за дејноста на „разбојниците-'федералисти' и како се губи драгоцено време во заемни борби", загрижено му напишал: „Жално е што нашиот народ толку лесно се дели, се оддава на разврат и се оддава на крајности што се погубни за него. Историјата се повторува, но длабоко верувам дека ќе се најдат родољупци да го запрат одењето надолу, за да се насочиме сите нагоре и напред!"[864]

За скромноста на Тодор Александров говори едно писмо до војводата Панчо Михајлов од јули 1924 година. Во писмото, откако го критикувал дека злоупотребувал со организациски пари, дека живеел раскошен живот во голема куќа со скапа кирија од 800–900 лева, со слугинка, којашто ја плаќал 400 лева месечно и сл., му напишал: „Јас живеам во мала куќичка во соби со ниски тавани, плаќам 100 лева и во куќата немам никаков мебел, 1–2 маси, едноставно дрвени, и неколку столчиња, 2 железни кревети, коишто моите сестри-учителки, додека беа во Цариброд (1911–1912), ми ги набавија и што мојата сопругата ми донесе од Солун неколку стари меки столчиња, гардероба, мијалник, огледало и др. Во случај ако доаѓаш во Софија, намини и увери се за овие мои наводи... Според моето мислење, народниот борец треба да живее со еден скромен и примерен, во секој поглед, живот... Сепак, сметам дека подобро и за тебе и за заедничкото дело, да живееш скромно... Запомни, дека ние не си припаѓаме само себеси!"[865]

Како главен организатор и раководител на комитските акции во Вардарскиот дел на Македонија и водејќи татковска грижа за своите борци, Тодор Александров секогаш со оптимизам ги испраќал и им пожелувал успех во извршувањето на „светото дело". Тоа најдобро може да се согледа во едно писмо до својот соработник Кирил Стефанов од 18 јули 1924 година: „Се радувам што ти и твоите другари одите да работите за слободата на поробената борбена татковина Македонија со ентузијазам и со целосна верба во крајниот успех. Ви пожелувам добар пат и успех во работата, тебе и на твоите другари и срдечно ве поздравувам".[866]

Исто така, Тодор Александров во новогодишните честитки и верски празници до своите соборци речиси секогаш им посакувал „бодрост и здравје за идна корисна дејност и долг живот", за да се радуваат „на слободна, независна

[864] Исто, а.е. 17, л. 1.

[865] АИНИ, Фонд Кралско Посланство во Лондон, к. XXXVII/17, бр. 258.

[866] ЦДА, Фонд 1933, оп. 2, а.е. 28, л. 77.

Македонија“[867] и желби за „најбрзо реализирање на народниот идеал – Независна Македонија“.[868] А на раководните органи на ВМРО, честитајќи им ја новата 1924 година, Александров во окружното писмо на ЦК ВМРО им посакал: „А новата година ние ја пречекуваме со цврста верба дека таа ќе донесе посветла иднина за Македонија и за светот. Упатувајќи ги нашите честитки од името на Централниот комитет на ВМРО до сите членови на Организацијата во Македонија, како и на нејзините симпатизери надвор од границите на Македонија, ние посакуваме високосната година, којашто сега започнува, да биде СРЕЌНА ГОДИНА (со големи букви во писмото, б.м.), очекувана со толку нетрпение не само од борбена Македонија, туку, исто така, и од сите угнетени и обесправени луѓе на земјата. Да живее независна Македонија! Да живее самоопределувањето на народите, братството меѓу нив и долготрајниот и справедлив мир во светот. Искрени честитки. Член на ЦК ВМРО, Тодор Александров“.[869]

А на својот секретар во ЦК ВМРО, Иван Михајлов, во писмото од 20 јануари 1924 година, честитајќи му го именденот, му посакувал: „Здравје, среќа и успех во секоја твоја иницијатива за извојување на многуочекуваните права и слободи на поробените Македонци. Господ да ги благослови и поддржи борците на ВМРО идниот ’Иванден’ (Св. Јован, б. м.) да го празнуваме во Штип – Македонија“. Слична честитка Александров му пратил и на игуменот на Рилскиот манастир, отец Паисиј. Благодарејќи му „од името на борбена Македонија“ и од него лично дека ќе му служи „најверно до успешното завршување на светото велико дело, Т. Александров му посакал: „До скоро видување во Солун и во Независна Македонија“.[870]

За односот на Тодор Александров кон четниците и војводите, неговата најмала сестра Константина Александрова во своите кратки спомени запишала: „Кај Тодор дојдоа неколку четници кои му објаснија дека се незадоволни од својот војвода. Кога сите ги ислуша многу внимателно, тој им рекол: ’На земјата и во животот нема ангели и херои, воопшто безгрешни луѓе не постојат. И јас и сите луѓе, како и вие самите, имаме недостатоци. Некои се помали, а не-

867 Исто, Фонд 1909, оп. 2, а. е. 202, л. 35. Од писмото, без датум, до Александар Протогеров, под псевдоним „Ангел“.

868 Исто, Фонд 1932, оп. 3, а.е. 77, л. 3–4. Од писмото до Александар Василев, под псевдоним „Орфо“, и Георги Атанасов, под псевдоним „Петар“, од 1 јануари 1923 година.

869 Иванъ Михайловъ. Спомени II. Освободителна борба 1919–1924... цит., 120–121.

870 В. „Илустрация Илинденъ“, бр. 9–10 (49–50), София, 1933, 15. Објавено кај: Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Новоиздирени документи за Тодор Александров и Вътрешната македонска революционна организация, август...цит., 186 – 188. Објавено и кај Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919–1924… цит., 767.

кои поголеми. Така што, ако јас ви испратам друг војвода и тој самиот ќе има некаков недостаток. Затоа, ве советувам да бидете внимателни и исполнителни кон сите негови наредби и јас сум сигурен дека сè меѓу вас ќе се среди'".[871]

Својот однос кон македонското ослободително дело и кон политичката ориентација на ВМРО по Мајскиот манифест, Тодор Александров ги изложил во писмото до Јанко Пеев, претставник на ВМРО во Цариград, од 19 јули 1924 година: „ВМРО е независна и ќе оди заедно со Богдан (псевдоним на Тодор Александров, б. м.) ни на лево ни на десно, туку напред, како национална револуционерна организација со целото поробено население. Грешат сите кои сакаат да ја прават комунистичка или народна или заговорничка – чие и да било орудие… За мене другари и пријатели се сите кои чекорат чесно, несебично и смело по патот на ВМРО, што е веќе зацртан со потоци крв, а непријатели се сите кои застрануваат од тој пат и сакаат да му наштетат на ослободителното дело".[872]

Во врска со учеството во потпишувањето на Мајскиот манифест, Тодор Александров во писмото од 16 август 1924 година, повторно до Јанко Пеев во Цариград, пишувајќи му дека не го потпишал Мајскиот манифест и дека на сите средби и разговори се искажувал „против комунизирањето на ВМРО", истакнал: „Ниту сум се сметал себеси за еден од 'вистински големите луѓе', како што пишуваш ти, ниту сум се сметал за безгрешен, ниту сум ги криел своите недостатоци и грешки".[873]

## Другите за Тодор Александров

Целокупната политичка и вооружена дејност на Тодор Александров, како лидер на ВМРО и неодминлив фактор на мирот на Балканот и во Европа, не остана незабележана кај европската општествена јавност. Неговата револуционерна активност по Првата светска војна го привлече вниманието на многумина европски државници, политичари, дипломати, општественици и научни и културни јавни личности како најистакнат водач на ВМРО и неодминлив фактор на мирот на Балканот и во Европа. Многумина од нив, без лично да го запознаат, искажаа најразлични ласкави епитети за него, за неговата личност и преданост кон македонското ослободително дело, за предизвиците на ВМРО и за борбата на македонскиот народ за извојување на своја слобода и држава.

[871] ЦДА, Фонд 1933, оп. 3, а.е. 17, л. 1.

[872] Исто, оп. 2. а.е. 28. л. 83.

[873] Исто, а.е. 29, л. 29–30.

Британскиот бригаден генерал С. Б. Томсон, изразувајќи ги своите лични чувства и погледи во однос на борбите што ВМРО ги водела во Македонија и посебно за нејзиниот водач Тодор Александров, во лондонскиот весник „Обсервер" од 21 октомври 1923 година, за Александров ќе напише: „Околу еден од водачите на таа Организација веќе се создава легенда. Тодор Александров е последниот херој на Македонија... Т. Александров е најпознатиот херој на Македонија... Сега тој е апсолутниот водач на сите македонски чети, коишто при една целосно мобилизација можат да привлечат од 50 000 до 60 000 доброволци, повеќето од нив обучени војници, вооружени со пушки и бомби. Александров води беспоштедна, тешка војна против српската администрација и војска". Воодушевен од средбата со Александров и настојувајќи што пореално да ја запознае британската јавност за неговата личност, генералот Томсон ќе напише: „Неговите маршрути се како царски поход. И најоддалечената долина одеднаш оживува, на секој рид има набљудувач, секоја грмушка крие пријателски очи; и селаните се собираат по патиштата, шепотејќи: 'Тодор ќе помине оттука'... Александров е во цветот на своите сили, и покрај тоа што се говори дека е туберкулозен, тој е маж со неизгасната животна енергија и железна волја". Можеби заради своето искуство, Александров е повеќе војник отколку политичар, тој води беспоштедна и жестока војна не само против српската администрација, жандармерија и војска, туку и против доведените колонисти. За политичката програма на Александров, генералот Томсон ќе напише: „Неговиот идеал е независна Македонија во границите определени во 1912 г., но тој е подготвен за компромис врз базата на Автономна Македонија, која би ги вклучила грчките и српските области (коишто беа одземени во 1912 г.) и би составувала дел од една преустроена Југославија со федерално управување".[874]

Во една друга пригода за личноста на Тодор Александров, англискиот генерал Томсон ќе изјави: „Александров е идеален и мистериозен вожд и претставува исто што би бил еден цар за Македонците, тој е единствен нивни заштитник, надеж и иднина на распарчена и поробена Македонија".[875]

На 31 јануари 1924 година генералот Томсон и по третпат ќе се огласи за Тодор Александров. За весникот „Нир ист" ќе напише: „Тој верува дека решавањето на македонското прашање лежи во автономијата. Автономијата на Македонија и покрај сѐ, ќе се добие".[876]

---

874 ЦДА, Фонд 1933, оп. 3, а. е. 4, л. 1-5. Објавено кај Тодор Александров, Непубликувани спомени, документи и материјали...цит., 115–119.

875 Димитар Галев, Тодор Александров. Од автономија до самостојна држава...цит., 76

876 Исто.

Рускиот професор и општественик Павел Миљуков за средбата со Тодор Александров на 30 јуни 1923 година во Ќустендил, на која присуствувал и дописникот на парискиот весник „Последни новости“, Леонид Неманов, за Александров вели: „Не го бев видел Александров од времето на Големата европска војна. Тодор беше се променил. Иако никогаш не се радувал на своето здравје, сега ми се виде многу истоштен, преуморен; најверојатно од многу бессони ноќи поминати во напорна и напрегната работа. Скромно облечен во четнички алишта, со кусо палто и во панталони од најобичен кафеав шајак, на нозете носеше груби шарени селски чорапи, под кои се гледаа обични селски опинци. Макар изморен од долгиот пат, којшто го беше поминал претходната вечер, и тоа по дожд и кал и со температура на 38 степени“. По разговорот со двајцата руски пријатели на Македонија, Александров се збогувал со нив и, како што напишал П. Миљуков, исчезна, „најверојатно воден од свои луѓе кои го чекаа некаде таму близу до градот, за да се скрие во пазувите на Осоговската Планина. Си замина човекот, кој задаваше страв и трепет на целата југословенска империја, си замина тој, пред чие име како пајажина исчезна тоа што се нарекуваше Земјоделски сојуз и портокаловите,[877] а пред името автономист ги принудуваше да треперат сите разбојници и родоотстапници. Си замина човекот, со чија волја, карактер и логичен ум создаде над урнатините на една организација посилна во морален и физички поглед од онаа во минатото.[878]

Истиот професор Павел Миљуков, во парискиот весник „Последни новости“, на 18 септември 1924 година во уводната статија, меѓу другото, за Тодор Александров пишува: „Александров имаше прекрасна дарба да се ориентира каде е местото на македонското прашање меѓу другите европски проблеми. Тој знаеше каде се непријателите на Македонија и каде да се бараат нејзините пријатели. Тој успеа да ги фиксира со зачудувачка точност границите на компромисот, којшто, во случај на едно правилно разбирање на македонското прашање, би можело, макар и привремено, да ги задоволи Македонците, бидејќи знаеше истовремено да биде прифатлив за Европа и со време и за самата Југославија. Александров разбра дека македонското прашање е европско прашање и дека моментот е благопријатен за неговото разрешување, под услов Македонците да бидат умерени и да покажат реалистички дух“.[879]

---

[877] Паравоени милиција на Земјоделската влада.

[878] Тодор Александров, Непубликувани спомени, документи и материјали...цит., 146–154.

[879] Иван Михайлов, Спомени III. Освободителната борба 1924–1934 г...цит., 57.

Романскиот публицист Бацарија во весникот „Диминјца“, за Тодор Александров напишал: „Тодор Александров, кој имаше квалитети на интелигентна солидна култура, бестрашен, дрзок и непоколеблива енергија на револуционер и фанатик – борец за еден идеал што тешко се остварува, беше со години душата на македонското револуционерно дело“.[880]

Чехословачкиот публицист Вл. Сис во весникот „Народни листи“, во септември 1924 година, за Тодор Александров пишува: „Неговите црти ми се запечатија во мојата памет: висок, костенлив, црна брада, темен тен на лицето, проникалив поглед; тој беше тип – револуционер, којшто не ги познаваше земните радости, пожртвувајќи сѐ – дури и своето семејство – за ослободување на својата татковина. Тој не познаваше одмор. Брутален, но праведен, тој живееше само за идејата. Тој успеа брзо да напредува и во последните години неговото име стана симбол на ВМРО“.[881]

За рускиот дописник на парискиот весник „Последни новости“, Леонид Леманов, Тодор Александров „има поголеми квалитети“ и од „големите фигури на светот“ со коишто се сретнувал: Лојд Џорџ, Жорж Клемансо и Стјепан Радиќ.[882]

Германскиот дипломат Лудвиг Розелиус, во весникот „Франкфуртски весник“, на 5 октомври 1924 година, објавил „некролог“ по повод убиството на Тодор Александров, во кој, меѓу другото, напишал: „Го убија на спиење. Кој би се осмелил да го крене оружјето за да го убие... Само подмолно предавство би можело да го собори... Од обичен војвода стана ослободител на Македонија, бесмртен херој на целата земја. Откако тој падна од подмолното дело, во земјата Македонија нема повеќе радост. Секоја куќа е во длабока жалост“.[883]

Професорот по историја на Виенскиот универзитет, Ханс Јубербергер, во својата статија во весникот „Ноје Фраје Пресе“ на 13 јули 1925 година за Тодор Александров пишува: „Тодор Александров припаѓаше кон оние ретки, но целосно исполнети мажи со својата мисија, којшто не го живеат својот живот, туку животот на својот народ. Непретенциозен, скромен, но со нескршлива енергија и длабока мисла, некогаш имајќи ја пред очи големата цел – сѐ уште го гледам тој редок човек, јасно и отворено пред себеси, макар што поминаа близу 10 години, откако го сретнав и зборував со него прв и последен пат. Ос-

[880] Исто, 55.

[881] Исто, 57.

[882] Тодор Александров, Непубликувани спомени, документи и материјали...цит., 152.

[883] ДАРМ, Фонд Министерство за надворешни работи на Германија во Берлин, 1.1297. М–4530/10052–10053.

вен Лав Толстој, никој друг не ми остави таков неизбришлив впечаток, како Тодор Александров“.[884]

Хрватскиот историчар Иво Бањац, за разлика од македонските историчари, многу порано ја увидел вистината за Тодор Александров и во 1984 година ќе рече: „Тодор Александров беше последниот пример на својот вид, комбинација на ајдучки вожд и политичар... Тој е македонски Бугарин кој се борел за автономија на Македонија... Животот го поминал во постојано прогонство, во акции и во илегалност... Не дозволувал да го нарекуваат господине, господа се оние – велел тој – кои на зелена маса ја распарчија Македонија... ВМРО на Тодор Александров брзо прерасна во моќна Организација, којашто не само што не дозволи какво било стабилно српско владение во Вардарска Македонија, туку беше и извор на политичка моќ и во самата Бугарија“.[885]

Англиските учени за личноста и делото на Тодор Александров се произнеле и на научно и на државно ниво. Британската енциклопедија од 1944 година за Тодор Александров, меѓу другото, пишува: „Самиот Александров посакуваше една автономна Македонија со престолнина Солун... Александров, во продолжение на многу години, беше некрунисаниот и апсолутен крал на бугарските Македонци, кои речиси го боготвореа. Тој беше една многу фина фигура, висок, со црна брада, и јуначиште, и колку што беше жесток, толку беше и храбар... Згора на сè, тој беше човек со лична чистосрдечност и со предан патриотизам“.[886]

Од друга страна, политичката и револуционерна дејност на Тодор Александров кај странските дописници предизвикуваше еден вид легенда и мит на немирниот Балкан и многумина бараа да се сретнат со него и да направат интервјуа. Во текот на 1923 и 1924 година, поголем број новинари на угледни и влијателни европски весници успеаја да се сретнат во планините каде што се движел и дејствувал Александров, прикажувајќи го во своите интервјуа и големи репортажи како „легенда“ и „последен херој на Македонија“.

Во интервјуата од средбите, Тодор Александров јасно им даваше до знаење дека неговиот идеал е „Независна Македонија“, дека тој има само една идеја: „Прогласување на автономијата на Македонија со престолнина во Солун“.

[884] Иван Михайлов, Спомени III. Освободителната борба 1924-1934 г...цит., 59–60.

[885] Димитар Галев, Тодор Александров. Од автономија до самостојна држава...цит., 111.

[886] Иван Михайлов, Спомени III. Освободителната борба 1924–1934 г...цит., 61.

Ева како тие го виделе, го доживеале и напишале за Тодор Александров:

Британската агенцијата „Ројтер", чија вест од средбата со Тодор Александров во септември 1923 година ја пренеле лондонските весници: „Дејли експрес", „Дејли мејл", „Дејли телеграф" и „Манчестер гвардијан", меѓу другото, пишува: „Водачот на револуционерите беше облечен во костум од шајак со капа 'крумка' на главата и имаше војнички бинокл и револвер кои му висеа на вратот... лицето му е испиено и потемнето, затоа што било изложено на најразнообразни времиња, но тоа е полно со енергија и има очи коишто го издаваат внатрешниот оган на една проаждерска цел и на еден пламенен ентузијазам... Јас сакав да ги видам комитаџиите. Александров ме претстави и јас разговарав со мнозина од нив, бидејќи поголемиот дел од нив се образовани луѓе, кои ги напуштале своите домови и сопствената кариера за да ѝ се предадат на народната кауза".[887]

Француксиот новинар на парискиот весник „Журнал" Пол Ерио, барајќи средба со Тодор Александров во септември 1923 година, со човекот, како што вели во своето интервју, „Какви се плановите на тој човек, кој само со еден гест може да ја крене Македонија", ќе напише: „Јас очекував да најдам еден страшен кондотиер, фанатичен и егзалтиран. Но, сосема друг човек седеше пред мене. Слаб, доста висок, бледо лице, правилен профил што завршува со една ретко прошарена брада, пробивни очи, понекогаш замислени, но секогаш нежни, Тодор Александров, кој е на 42 години, зборува спокојно, слаткоречиво, речиси без гестови и за најважните прашања за неговата татковина и за себе лично. Неговото спокојство и ладнокрвност одушевуваат. Строг, но секогаш љубезен со своите чувари, кои со него ги споделуваат опасностите, јас не забележав ниту еднаш тој да го повиши гласот, било кога даваше наредби или пак им даваше некакви инструкции. И покрај тоа, овој човек, кој е душата на македонскиот отпор, има една железна волја и неговиот решителен дух не престанува да ги одушевува оние кои го опкружуваат". За неговиот живот како револуционер, истиот новинар ќе додаде: „Носејќи иста униформа како своите четници, Тодор Александров живее како нив, оди пеш, спие на земја, секој ден на различно место и многупати се храни само со леб. Како и неговите другари, и тој носи пушка со 250 куршуми, бомби, раница, во која се наоѓа архивата и која не е полесна од другите". А за неговите револуционерни идеали, истиот новинар од разговорот со Александров ќе резимира: "Денес тој е највлијателниот меѓу сите Македонци кои се стремат кон независност" (на Македонија, б.

[887] Тодор Александров, Живот-легенда...цит., 59–63.

м.); „Неговиот живот е легендарен“; „Тој е војник и дипломат истовремено, тој е шеф на партизанските одреди што водат борба“. [888]

Германските и австриските коментари, кои се однесуваат на Македонија и на личноста на Тодор Александров, пишуваат: „Македонецот е многу итар, трудољубив и не сака ништо повеќе од тоа, да си го поседува своето со крв натопено парче земја. Меѓу четниците таму ќе ги видиме еден покрај друг селанец и студент, учител и учесник, стари и млади, и сите се потчинети пред многу строгите правила на Организацијата изработени само за ослободувањето на Татковината. Лозунгот е: Македонија на Македонците, нема да згасне. Тој лозунг ќе ги занимава за долго време европските дипломати“.[889]

Еден друг германски автор ќе напише: “Јас не сум сигурен дали сите Македонци знаат кој е Цар Душан и што има сторено тој, но јас можам со сигурност да гарантирам дека сите Македонци знаат кои се Даме Груев, Гоце Делчев и особено кој е Тодор Александров - херојот на македонското движење, Македонците со почит стојат пред тие имиња“.[890]

Името и делото на Тодор Александров биле присутни и во печатот и во дипломатијата на Соединетите Американски Држави. На 10 август 1924 година, весникот „Њујорк Тајмс“ за Тодор Александров и за ВМРО пишува: „ВМРО е организирана до совршенство, со своја пошта и центри за пратки, со своја милиција и одлично вооружени сили, располага со сопствена култура, економска политика и претставува една вистинска држава, мистериозна и силна и која има строго определена цел – прогласување на Македонија за слободна држава со главен град Солун“.[891]

Обземен од личноста на Тодор Александров, американскиот публицист Волтер Колинс во весникот „Чикаго дејли њус“ во 1923 година ќе напише: „Македонците се обединија околу нивната стара институција – ВМРО, која како и секогаш предизвикува сеопшто восхитување... Тодор Александров, сакан и уважуван од целиот народ, го зеде во своите раце раководењето со движењето. Роден е во Македонија, 42-годишен. Тодор Александров го посвети својот живот на македонската кауза уште кога беше на 18-годишна возраст. Учител, тој е човек со нескротлива енергија и строга моралност, народот го

[888] Исто, 64–74. Интервјуто на Пол Ерио со Т. Александров е објавено во в. „Утро“ на 5 и 7 октомври 1923 г. под наслов: „Во засолништата на Тодор Александров“.

[889] Димитар Галев, Тодор Александров. Од автономија до самостојна држава...цит., 80–81.

[890] Исто, 81.

[891] Исто.

вика ’СТАРИОТ’ и го почитува. Војводите и четниците му се предани до крај. Таа преданост ви го објаснува неуспехот на српските и грчките власти, да му ги откријат скривалиштата, и покрај тоа што Србите за неговата глава даваат 700 000 динари. Тодор Александров се движи низ цела Македонија како апостол, тој ги посетува сите предели еднoподруго. Тој влегува во села и градови и ги собира жителите, им говори, ги советува... Тој никогаш не организира мерки за лична заштита, селаните му се предани, сите знаат каде оди и никој и не помислува за предавство, напротив, сите жители на Македонија го чуваат на штрек... Александров е опкружен од една сила која не дозволува никакво негово фаќање“.[892]

Во Советска Русија, иако национализмот и антикомунизмот на Тодор Александров не им се допаѓал многу на болшевиците, сепак комунистичката руска цензура дозволила да се пишува за ВМРО и да се објавуваат и коментираат изјавите на Тодор Александров. Така, во август 1923 година весникот „Последни новости“ објавил коментар од познатиот новинар Леонид Неманов, кој, пренесувајќи го разговорот од средбата со Александров, напишал: „Нашиот идеал – ни рече Тодор Александров – е независна Македонија од 1912 година. Ние сме готови да ја прифатиме автономијата на целокупна Македонија со српскиот и грчкиот дел во пазувите на една преуредена Југославија на федеративни принципи... Нека ѝ се даде на Македонија една чесна администрација, нека престанат Србите со неправдите, нека не ги затвораат училиштата, како и да престанат да ги прогонуваат нашите учители и свештеници и ние ќе престанеме да дејствуваме против нив со сегашните револуционерни методи“.[893]

Лондонскиот весник „Тајмс“, од неговиот специјален дописник од Балканот, на 4 јануари 1924 година објавил статија под наслов: „Водачот-револуционер Александров од Македонија. Уставот на еден водач во нелегалност“. Во статијата новинарот од средбата со Александров ќе напише: „Тој води скитнички живот, посветен на создавањето на автономна Македонија. Секогаш пеш и секогаш ноќе Александров патува низ цела Македонија, без да влегува во големите градови како Солун или Битола. Зиме тој живее во некоја скромна селска колиба, а лете тој спие на отворено. Преку денот тој се крие, никогаш не застанувајќи повеќе од два или три дена на едно исто место, придружуван од една мала чета верни пријатели... Александров изгледаше како роден борец и началник на луѓе... Четниците кога говорат за Александров секогаш го наре-

[892] Исто, 81–82.

[893] Исто, 82–83.

куваат ’Стариот’. Тие велат дека неговата популарност меѓу селаните е необична. Тој никогаш не презема некакви особени претпазливи мерки за својата лична безбедност и насекаде, каде што оди, сите жители знаат за неговата присутност. Но, никој никогаш ниту помислил да го предаде“. За посветеноста на Александар кон македонското дело, новинарот на весникот „Тајмс“ ќе напише: „Секогаш верен на принципот „Македонија на Македонците“ и комита, Александров го презеде водството на револуционерното движење во 1919 г... Тој има само една идеја и таа е конечно прогласување автономија на Македонија со престолнина во Солун. Тој изјавува дека населението нема да трпи да биде управувано од Срби и Грци или Бугари, и дека кога првите две земји му откажат на народот секаква слобода на говорот и религијата, само вооружената борба може да му го донесе она коешто тој го сака“.[894]

Унгарскиот весник „Еко дју Данјуб“, што излегувал на француски јазик во Будимпешта, на 6 јануари 1924 година објавил „сензационално интервју со царот на македонската мистерија“, како што го именувал Тодор Александров, од својот специјален известувач од Балканот. Во опширното интервју, во кое пишува за скромноста, интелигенцијата и срдечноста на „познатиот војвода Тодор Александров“, новинарот кога ја видел фигурата на Александров, ќе напише: „Тоа е Тодор Александров, врховниот и моќен водач на Внатрешната македонска револуционерна организација, прочуениот и бележит војвода... Тој има љубезни, учтиви, елегантни, дури и аристократски манири; фини и грижливо зачувани раце; очи, во коишто блеска пламенот на апостолот; бистар поглед; уста со фини усни и малку бледи. Лицето му изгледа како на еден Исус. Тука тој е Исус на планината, воинствениот Исус“. Понатаму, за неговата секојдневна револуционерна работа и за политичката програма на неговата ВМРО, новинарот ќе напише: „Тој е министер за надворешни работи, главен командант, социјален управник, министер за финансии. Тој ги држи во своите раце нишките на една опширна мрежа на таинствената организација: Внатрешната организација. Понекогаш тој работи по 16 часа на ден, бидејќи е разбудуван по неколку пати во ноќта за да ги прими куририте, коишто му носат писма и извештаи од цела Македонија, од Солун до Скопје и од Дебар до Драма. Секогаш сам одговара, потпишува, дава упатства, собира даноци, се занимава со сè, знае сè, предвидува и распоредува. Неговата соба личи како на еден началник на штаб на фронтот. Меѓутоа, тој нема карти, зашто ја познава

[894] ЦДА, Фонд 1933, оп. 3, а.е. 5, л. 1–6. Објавено кај Тодор Александров, Непубликувани спомени, документи и материјали...цит., 119–129.

земјата до најмалите патеки, таа земја, Македонија, тој не еднаш ја изодил... Александров е насекаде и никаде. Кога тој се движи, крај него на едно растојание, кое тешко може да се установи, исто така се движи цела армија од истомисленици, кои секогаш се на штрек... Неговата организација е вистинска држава во држава, којашто не води сметка за државите... Тој го почитува само својот идеал: Слободата на Македонија“. При крајот на средбата, Александров му изјавил на унгарскиот новинар: „Кога ќе посакам, односно кога околностите ми го диктираат тоа, јас можам во секој момент да преземам една голема акција. Мојата организација е како една локомотива, која стои секогаш под пареа и во посакуваниот момент ќе тргне во правецот што сум го избрал“.[895]

Белгискиот публицист Пјер Деј, во бриселскиот весник „Ле соар“, од 6 јануари 1924 година, за Тодор Александров ќе напише: „Ќе биде ли Македонија скоро независна! Чекајте, Македонија сè уште не живее како држава, иако поседува една одлична првокласна организација. Таа организација е тајна и мистериозна... На чело на таа организација се наоѓа недофатливиот војвода Тодор Александров“.[896]

Во турскиот печат Тодор Александров, иако би требало да биде напаѓан затоа што до пред Балканските војни се борел против Турците, турските автори го фалат како балканско „Величие“ и ги нагласуваат неговиот револуционерен и дипломатски опус. Во органот на Илинденската организација „Илинден“, објавени се повеќе текстови од турски автори во кои за Александров пишува: „Нема македонска душа денес која не го велича Тодор Александров. Браќа муслимани, треба да признаеме дека Тодор Александров е авангарда на нашата независност, тој е Вилхелм Тел на Македонија. На чело со Тодор Александров денес Македонија го прави тоа што Швајцарија го направи пред неколку века“.[897]

Италијанскиот дописник на весникот „Секоло“ од Лондон, Марио Орсини, за средбата со Тодор Александров, кога тој по потпишувањето на Мајскиот манифест во Виена, преку Париз дошол во Лондон, на 20 јуни 1924 година во весникот ќе напише: „Таен беше разговорот што го водев во еден мал салон со еден господин со типично словенски лик, со огнени очи, заострена брада, засукани мустаќи, коректно облечен во црни алишта. Ми остави впечаток дека тој скоро ја сменил воената облека – така горд и воинствено изгледаше. Мислев дека разговарам со личниот секретар на Александров, шефот на Централниот

[895] Тодор Александров, Непубликувани спомени, документи и материјали...цит., 129–137.

[896] Димитар Галев, Тодор Александров. Од автономија до самостојна држава...цит., 83.

[897] В. „Илинден“ бр. 19, Софија, 1 август 1923 г.

комитет на ВМРО, јас се зачудив на необичната интелигентност на мојот соговорник, на неговите длабоки познавања на прашањата што ги дискутиравме, на неговото установено мнение и детално гледиште“. Во разговорот со италијанскиот новинар, Александров му изјавил дека македонското население, како угнетен народ во Србија, се бори за своја слобода, упатувајќи ги, притоа, пораките кон српските власти во Македонија: „Ние не сакаме тие да управуваат добро. Ние сакаме тие да си одат“.[898]

Лондонскиот весник „Тајмс“, соопштувајќи за убиството на Тодор Александров, ја напишал следнава карактеристика за него: „Тодор Александров беше еден од најзабележителните водачи на Балканот. Поседувајќи крајно магнетски лик, тој беше тип на фанатичен патриот, којшто не би застанал пред ништо за да ја постигне својата цел – создавање на автономна Македонија“.[899]

Весникот „Дојчес фолксблат“,орган на Германците во Југославија, на 6 септември 1924 година за Тодор Александров напишал: „Убиениот Александров беше водач на македонскиот комитет и деец за независноста на Македонија. Тој беше од најпознатите балкански политичари и играше улога не само во внатрешниот живот на Бугарија, туку и во балканската политика“.[900]

Рускиот новинар Леонид Леманов, од последната средба со Тодор Александров пред неговото убиство, го објавил разговорот со него во весникот „Тајмс“ на 16 септември 1924 година под наслов „Македонските барања – последни изјави на Тодор Александров“. Во последното интервју пред својата смрт, Александров изјавил: „Организацијата има само една цел: ослободување на Македонија. Додека сум жив и додека сум на чело на организацијата, јас нема да дозволам таа да скршне од својата основна и единствена цел и да стане орудие на цели коишто се туѓи на неа. Организацијата нема ништо општо со комунизмот и болшевизмот... Додека Македонија се управува со варварски методи, Организацијата нема да се откаже од својата вооружена борба; напротив, нејзината борба ќе се засили. Но, ние со готовност ќе се откажеме од оружјето и ќе започнеме политичко и културно суштествување, штом на македонското население му се гарантираат неопходните услови за слободно политичко и културно суштествување... Долг на западноевропската дипломатија, во која ние сѐ уште имаме верба, е да се спасат Македонија од смрт и македонското население од уништување, или, што е наполно исто, од болшевизмот“.[901]

---

[898] Тодор Александров, Непубликувани спомени, документи и материјали...цит., 143–145.

[899] Иван Михайлов, Спомени III. Освободителната борба 1924–1934 г...цит., 55.

[900] Исто, 56.

[901] Тодор Александров, Живот легенда.... цит., 115–118.

Загрепскиот весник „Обзор" на 17 септември 1924 година, за смртта на Тодор Александров, напиша: „Загина Тодор Александров, легендарниот водач на целата акција. И најголемите противници на македонското движење и тие кои го очекуваа неговиот смртен час, и ако имаат капка објективност, ќе ги заборават, макар за момент, омразата и непријателството пред крвавиот труп на македонскиот борец, ќе оддадат почит на неговата силна и бестрашна личност, проникната од некаков идеализам, непознат за Западна Европа".[902]

Дописникот на парискиот весник „Последни новости" од Балканот, Р. Словцов, на 18 септември 1924 година, пишувајќи за средбата со Тодор Александров во 1923 година, се сеќава: „Тој беше меѓу оние коишто во продолжение на долгата борба за ослободување на Македонија, ја сплотија нејзината непрекината сила и висок идеализам. Надарен со извонредна организаторска способност, со железна волја, со истанчен усет за реалноста, со една секогаш будна интелигентност, тој не се поколеба да стане шеф на революционерното движење, кога по светската војна стана неопходно да се подноват кадрите на ВМРО. Надарен со челична волја, Александров носеше ореол на извонредна нежност, којшто создаваше впечаток кај тој човек со болникав и скромен изглед".[903]

Парискиот дописник на софискиот весник „Зора", Рис, на 23 септември 1924 година, за Тодор Александров ќе напише: „Самата личност на Александров е исклучителна. Благородно срце, горд дух, организаторска генијалност – какво ретко спојување на квалитети за нашето време!".[904]

Швајцарскиот весникот „Трибун де Женев" од 24 септември 1924 година, во уводната статија по повод убиството на Тодор Александров, ќе напише: „Со своите високи квалитети, и покрај физичките страдања од една болест, којашто не проштава, Александров стана легендарен конспиратор, кој дејствуваше неуморно во планините на Македонија. Неговата врховна цел беше независноста на Македонија, која да ги вклучи во една самостојна држава деловите што сега им припаѓаат на Југославија, Грција и Бугарија, и создавањето на еден нов фактор за мир и балкански договор".[905]

Хрватскиот весник „Загреб" од 27 септември 1924 година, по повод убиството на Тодор Александров, ја дава следнава карактеристика: „Тодор Александров беше гениј во животот и ќе остане вечно гениј на смртта и на бесмртнос-

---

902 Иван Михайлов, Спомени III. Освободителната борба 1924–1934 г... цит., 55.

903 Исто, 58–59.

904 Исто.

905 Исто, 56.

та... Го претставуваат за империјалист, за милитарист и за разбојник, но тој не беше таков, туку напротив: живееше и работеше за својот народ. Се бореше за слободата на својата земја и за неа загина...Тој беше војвода на македонските комити, а и тој беше комита, но комита полн со гордост... Тодор Александров е мирољубец. Тој го сакаше мирот, се придружуваше кон своето мирољубие, кога тоа му беше остварливо, но умееше во исто време да се брани и себеси и својот народ. Тодор беше надарен со ретка интелигентност“.[906]

Исто така, и грчки весник „Елефтерион вима“ по повод убиството на Тодор Александров во 1924 година, ќе напише: „Вестите од Бугарија овозможуваат да се разбере дека убиениот архикомитаџија Александров е на пат да се претвори во светило – свет национален симбол на владата на Александар Цанков. За тоа нешто нема сомневање. Вистинскиот водач на денешната влада беше убиениот Александров“.[907]

[906] Исто, 55–56.

[907] Димитар Галев, Тодор Александров. Од автономија до самостојна држава...цит., 186.

# БИБЛИОГРАФИЈА

**Извори**


1. Архив Војно-историјског института – Београд
   Пописник: 4 (Пописник ратне архиве Армија и Армијских области (1914–1920)

2. Архив на Институтот за национална историја – Скопје
   Фонд: Главен генералштаб
   Фонд: Кралско посланство во Лондон
   Фонд: III Армиска област
   Фонд: Централно Пресбиро
   Фонд: ЦК КПЈ
   Фонд : Коминтерна
   Фонд: Сеќавања, биографии, изјави, статии, белешки

3. Архив Југославије – Београд
   Фонд: Министерство унутрашњих послова (Збирка Одељење јавне безбедности − револуционарни комитет ВМРО (1925)
   Фонд: Централно Пресбиро (Група: Македонско питање)

4. Архив на Македонската академија на науките и уметностите – Скопје
   Фонд: Василие Трбиќ
   Фонд: Ставан Симиќ

5. Архив на Македонската патриотска организација –
   Форт Вејн, Индијана, САД

6. Архив на Министерството за вЍтрешни работи – София Збирка: ВМРО

7. Архив на Министерството за надворешни работи на Романија – Букурешт Досие 9/2/71

8. Архив на Музејот на македонската борба за државност и самостојност – Скопје
Фонд: Документи

9. Архив Србије – Београд
Фонд: Министарство војске и морнарице. Главни
Генералштаб, Обавештајно оделење (Поверљива архива)
Збирка: Танасије Тасе Динића (1920–1935)

10. Библиотека на Институтот за историја на Филозофскиот факултет, Скопје

11. Български исторически архив при Народната библиотека
Св. „Кирил и Методий“, София
Фонд 189 – Тодор Александров
Фонд: 324 – Ефтим Спространов
Фонд: 540 – Климент Бояджиев
Фонд: 583 – Семеен фонд Димитър, Христо и Ангел Узунови
Фонд: 589 – Христо Коцев
Фонд: 603 – Владислав (Славчо) Ковачев
Фонд: 656 – Александър Василев
Фонд: 808 – Сребрен Попетров

12. Дипломатски архив Државног секретаријата за иностране послове – Београд
Збирка: Делегација Краљевине СХС на Конференцији мира у Паризу (1919–1920)
Фонд: Посланство Краљевине СХС у Лондону (1918–1924)
Фонд: Министарство иностраних дела, Пресбиро,
Поверљиви преглед штампе (1919–1924)

13. Државен архив на Република Македонија – Скопје
Фонд: Македонски национален комитет
Фонд: Министерство за внатрешни работи на Кралството на СХС
Фонд: Милан Стојадиновиќ
Збирка: Револуционерно минато на македонскиот народ
Фонд: Поединечни документи ВМРО

Фонд: Министерство за надворешни работи – Белград

Фонд: Кралско посланство – Лондон

Фонд: РСВР/МВР

Фонд Централно Пресбиро

Фонд: Архив на Министерството за надворешни работи на Италија – Рим

Фонд Министерство за надворешни работи на Германија во Берлин

Фонд: Павел Шатев

Фонд: Димитар Влахов

Фонд: Никола Киров-Мајски

Фонд: Анастас Митрев

Фонд: Благој Видов

14. Државен архив на Република Македонија – Одделение Охрид

    Фонд: Ангел Узунов (необработен)

15. Научен архив на БАН, София

    Фонд 36 к – Ефтим Спространов

    Фонд 73 к − Петър Георгиев Дървингов

    Сб. IV, а.е. 128, Стойчо Мошанов, „Из спомените ми“.

    Сб. IV, а.е. 153, Благой Видов, „Първите години от властуването на Иван Михайлов (1925−1928 г.)“.

    Сб. IV, а.е. 194, Методи Янчулев, Спомени

16. Централен воен архив, Велико Търново

17. Централен държавен архив, София

    Фонд: 176 – Министерство за външни работи

    Фонд: 252 − Андрей Тасев Ляпчев

    Фонд: 367 − Крстю Станчев

    Фонд: 396 – Македонска вътрешна революционна организация

    Фонд: 403 – Национален комитет на Съюза на македонските емигрантски организации

    Фонд: 771 – Колекция „Национално освободително движение“

    Фонд 1803 – Крум Петишев

    Фонд: 1075 – Дружество „Илинден“

    Фонд: 1079 − Тома Карайовов

    Фонд: 1909 – Александър Протогеров

Фонд: 1685 – Наум Томалевски

Фонд: 1932 – Национално освободителни организации на македонските българи след Берлинския договор 1878 година

Фонд: 1933 – Тодор Александров

Фонд: 1945 – Иван Михайлов

Фонд: 1948 – Кирил Пърличев

Сп. 296 − Спомени на Благой Видов

Сп. 2120 – Спомени на Петър Шанданов

19. Централен партиен архив – София

**Необјавени спомени, сеќавања и изјави**

Константина Александрова, Спомени за Тодор Александров

Благой Видов, „Някои моменти от македонското революционно движение в България“, Втора и Трета част.

Благой Видов, „Първите години от властуването на Иван Михайлов (1925−1928 г.)“.

Васил Гранката, Сеќавање.

Ефтимов П. Димитър, Борбите на прогресивната македонска емиграция във България, Спомени и изповеди, кн. I и II, Варна, 1935.

Танасије Динић, ВМРО и Бугарска, Београд, 1933.

Славе Иванов Станчев, Спомени.

Славе Иванов Станчев, Извадоци од необјавените спомени.

Славе Иванов Станчев, Извод од изјавата.

Пиљури Јуска, Върховизмътъ и неговитъ последици.

Никола Киров – Майски, В строя за Македония, Исторически факти, бележки и документи.

Никола Киров – Майски, Документи за делото ’В строя за

Македония’ (Исторически факти, бележки и документи).

Никола Киров – Майски, Исписи од ’В строя за Македония’ (Исторически факти, бележки и документи) 1919, 1920, 1921, София, 1957.

Никола Киров – Майски, „Образи“ на група видни македонски революционерни деици, София, 1962.

Арсо Куюнджиев, Как се зароди ВМРО в Струмичко след војната 1919.

Анастасъ Лозанчевъ, Спомени.

Коста Ризов, Извод од изјавата.

Стеван Симиќ, Успомене.

Кољо Бумбаров Панев, Сеќавање.

Димчо Стефанов Иванов, Извод од изјавата.

Симеон Хаџи Кимов, Спомени.

Танасије Динић, ВМРО и Бугарска, Београд, 1933.

Крум Петишев, „Спомени по революционното освободително дело в Македония" (Продължение).

Сребрен Попетров, Спомени.

Процес срещу ВМРО, София 1946.

Ангел Узунов, Спомени.

Панајот Хаџиев, Спомени.

Петър Шанданов, Спомени.

Петър Шанданов, Спомени I част.

Павел Шатев, Спомени.

Павел Поцев Шатев, Извод од изјавата.

### Објавени архивски и други изворни материјали

Албум. Делбите на Македонија (1912–1934), Скопје, 1972.

Албумъ Македония въ образи, SOFIA 1919.

Архив Христо Матов. Документален сборник. Съставител Цочо В. Билярски, София, 2004.

Тодор Александров, Дневник и коресподенция от Първата световна война 1915-1918 г. Съставители: Цочо Билярски, Тодор Петров, София, С.А.

Тодор Александров – Живот легенда. Съставител: Цочо В. Билярски, София, 1991.

Тодор Александров, Непубликувани спомени, документи и материали. Подготвил за печат Цочо В. Билярски, София, 2002.

Тодор Александров, Сé за Македонија. Документи 1919–1924. Предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2005.

Цочо Билярски, Документи за убийството на Тодор Александров през 1924 година, Известия на държавните архиви, бр. 75, София, 120–168.

Цочо Билярски, Непубликуван дневник и автобиографии на И. Михайлов, сп. „Македонски преглед", кн. 3, София.

Цочо Билярски, Борис Николов, Непубликувани писма на Тодор Александров, Военноисторически сборник, г. 58, кн. 3, София, май-юни 1989.

БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917–1946), Том първи и втори. Съставители: Цочо Билярски и Ива Бурилкова, София, 1998.

Бугарска под црном руком македонског комитета. Доживљаји бившег функционера ВМРО адвоката Димитрија Илиќа, Београд, 1933.

Българската комунистическа партия въ резолюции и решения на конференциите и пленумите на ЦК, том III, София, 1954.

Veritas – Македония под иго 1919–1929, I–II дел, Документи и свидетелства, София, 1931.

В защита на Македония, (S.L.) 1929.

ВМРО (Обединета). Документи и материјали, Книга I и II. Избор, предговор и редакција Иван Катарџиев, Скопје, 1991.

Д–р Никола Генадиев, Между политиката и властта, заговорите и затвора. Подготвил за печат Цочо В. Билярски, София, 2002.

Влахов Димитар, Одбрани говори и статии 1924–1947, Скопје, 1948.

Върховизма и неговата гибелъ, София, 1933.

Крстю Гергинов, Цочо Билярски, Из архивното наследство на Тодор Александров, Известия на държавните архиви, кн. 60, София, 1990.

Кр. Гергинов, Ц. Билярски, Меморандумът на ЦК на ВМРО от август 1924 г. до Обществото на народите, Известия на държавните архиви, кн. 58, София, 1989, 126–133.

Крстю Гергинов, Цочо Билярски, Непубликувани документи за дейността на Вътрешната македонска революционна организация и Тодор Александров (1922–1924 г.), Известия, том 49, София, 1990.

Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, Непубликувани документи за дейността на Тодор Александров и ВМОРО (1910–1919 г.), Военноисторически сборник, г. 56, кн. 2, София, март–април 1987.

Крстю Гергинов, Цочо Билярски, Новоиздирани документи за Тодор Александров и за Вътрешната македонска революционна организация,  Военоисторически сборник, г. 57, кн. 4, юли – август, София, 1988.

Георги Диъмитров, Съчинения, Том VII – VIII, София, 1954.

Докладъ на Обединителната комисия, избрана от деветия Съборъ на Македонскитъ братства въ България (София, 1919).

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава, Том I, Скопје, 1981.

Заговорътъ противъ Тодоръ Александровъ. По данни на Вътрешната македонска революционна организация, София, 1924.

Защо бя убитъ Александъръ Протогеровъ, (София), 1928.

Идејните основи на ВМРО – Обединена, София, 1927.

Истината върху кризата въ ВМРО, Задгранично издание (С.Л.) Августъ, 1929.

Кои са самозванцитъ? Едно обяснение на Изпълнителния комитетъ на македонскитъ братства, София, 1919.

Владислав Ковачев, Политичкото верују на Македонците. Предговор и редакција: Зоран Тодоровски, Скопје, 2000.

Г. Кулишевъ, Македонската криза, София, 1928.

Кюстендилският конгрес на ВМРО 1908 г. Съставител Кирил Пърличев, София, 2001.

Македонија во австриските документи. Предговор и редакација: доц. д-р Ѓорѓи Стојчевски, проф. д-р Даринка Петреска, Скопје, 2011, 208–209.

Македония – минало и нови борби, София, (С.А.).

Македония, Сборник от документи и материали, София, 1978.

Материали по историята на Неврокопската партийна организация, Част първа – 1919–1944, Гоце Делчев, 1969.

Международните конгреси и македонскиятъ въпросъ, София, 1922.

Мемоаръ до претседателиъ на конференцията на мира и правителствата на Американскитъ Съединени …ати, Велика Британия, Италия, Франция и Япония отъ Испълнителния комитетъ на македонскитъ братства въ България, София, февруари 1919.

Назадъ към автономията. Изложоение по разрършението на македонския въпросъ, София, 1919.

Национално-освободителното движение на македонските и тракийските българи 1878-1944, Том 3, София, 1997.

Отчетъ за прѣдконгресното съвъшание на обединената бивша вътрешна македонска революционна организация, (София), октомври, 1919.

Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање во документите на Коминтерната, Том I, Дел 1: 1923–1925, Дел 2: 1923–1935 г., Скопје 1990.

Владо Поповски, Л. Жила, Македонското прашање во советската надворешна политика (1922–1940). Документи, Книга I и II, Скопје, 2008.

Правителство на Стамболийски и македонското освободително движение, София, мај, 1923.

Предавниците на македонското дело. ЦК на ВМРО (Об.). Редакција и коментар: Иван Катарџиев, Скопје, 1983.

Александър Протогеров – генералът – войвода. Съставител Цочо В. Билярски, София, 2012.

В. Пундевъ, Следъ злодейството. Шестъ месеца от убийството на Александъръ Протогеровъ, София, 1929.

Резолюция на Великия Съборъ на македонскитъ братства в България (28 септември – 1 октомври 1919), (София).

Родоотстъпници, София, 1929.

Септемврийското антифашистко въстание 1923. Документи и материали, Том II, София, 1983.

Споменица прослава двадесетгодишњице брегалничке битке и десетогодишњице оснивања Народне самоодбране, Штип, 1933.

Стенографске белешке Народне скупштине Краљевине СХС. Редован сазив за 1923 – 1924 год.

Тритъ дяла Прага – Таборъ – Виена – Милано. Страници отъ борбата на Македония, (София, 1927).

Чехословашки извори за българската история. том I, БАН, София, 1985.

Павел Шатев, Полициско досие. Предговор и редакција: д – р Зоран Тодоровски, Скопје, 2013.

**Спомени**

Петар Ацев, Спомени. Съставителство, предговор и бележки Александър Г. Пелтеков, София, 2011.

Георги Баждаров, Моите Спомени. Предговор, съставителство и бележки: Ангел Джонев, София, 2001.

Димитар, Влахов, Мемоари, Скопје, 1970.

Михаил Герджиков, Спомени, Документи, Материали, София, 1984.

Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски, КПЈ и ВМРО (Обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920–1930, Скопје, 1974.

Димо Казасов, Бурни години, 1918–1944, София, 1949.

Димо Казасов, Видяно и преживяно 1981–1944, София, 1969.

Иван Крекманов, Записка на политемигранта, София, 1962.

Васил Коларов, Спомени, София, 1968.

Т. Кантарджиевъ, Въ Софийската бастилия или Централния затворъ: Ада на Данте, (S.L.), 1927.

Алексо Мартулков, Моето учество во револуционерните борби на Македонија, Скопје, 1954.

Димитар Мирчев, Спомени. Предговор и редакција: д – р Зоран Тодоровски, Скопје, 2010.

Иванъ Михайловъ, Младини, Elimana Selci Umbro, 1958.

Иванъ Михайловъ, Освободителна борба, 1919 – 1924, Louvain, (1965).

Иванъ Михайловъ, Спомени III. Освободителна борба 1924–1934, Louvain, 1967.

Иванъ Михайловъ, Освободителна борба 1924–1934 г. (Продължение), Indianapolis, Indiana, 1973.

Георги Пирински, Какво видях и преживях в Америка, София, 1970.

36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев. Съставител и редактор Кирил Пърличев, София, 1999.

Премрежињата на македонското револуционерно движење. Спомени: Христо Калајџиев, Крсто Лазаров, Крум Петишев, Атанас Џолев, Мирчо Кикиритков. Предговор и редакција: д–р Зоран Тодоровски, Скопје, 2003.

Коста Тодоров, Из мојих успомена, Београд, 1934.

Коце Ципушевъ, 19 години въ сръбскитѣ затвори. Спомени, София, 1943.

Петар Шанданов, Спомени. Предговор и редакција: д – р Зоран Тодоровски, Скопје, 2002.

Павел Шатев, Спомени. Предговор и редакција: д – р Зоран Тодоровски, Скопје, 2013.

**Весници**

В. „Автономна Македония“, София, 1920–1922.

В. „Балканска федерация“, Виена, 1924–1925.

В. „Бюлетинъ“, София, 1919.

В. „Землоделско знаме“, Прага, 1923–1924.

В. „Илинденъ“, София, 1921–1924.

В. „Македония“, София, 1919–1923.

В. „Македонско дело“, Виена, 1925–1933.

В. „Македонски съзнание“, Виена, 1923–1926.

В. „Народни фронт – слободе“, Београд, 1926.

В. „Независима Македония“, София, 1923–1924.

В. „Освобождение“, София, 1920–1923.

В. „Пиринъ“, София, 1923–1924.

В. „Политика“, Београд, 1920-1924.

В. „Протогеровь листь“, София

В. „Радничке новине“, Београд, 1920-1922.

В. „Свобода или смъртъ“, София, 1925–1934.

В. „Свободна Македония“, София, 1924.

**Литература**

Аспарух Аврамов, Политическата стратегия и тактика на БКП 1903 – 1923,София, 1974.

Д – р Живко Аврамовски, Некои аспекти на македонското прашање во односите на Југославија со Грција и Бугарија од 1918 до 1925 година, Гласник на ИНИ, год. XVI, бр. 1, Скопје, 1972.

Д – р Живко Аврамовски, О ставу југословенске владе према деветојунском преврату у Бугарској 1923 године, Историја XX века, Зборник радова, IX, Београд, 1968.

А. Аврамовъ, Истината на Голямитѣ въпроси, Шуменъ, 1931.

Александаръ Стамболийски. Личностъ и идеи. По документи събрани и подредени од Никола Д. Петковъ, София, 1930.

Йорданъ Анастасовъ, Рефератъ по организиране на македонската емиграция, София, 1924.

Йордан, Анастасов, Гьорче Петров. Доклад изнесен по случай 105-годишнината от рождението му на 19. IX. 1969 год. в София, (София, 1969).

Христо Андонов – Полјански, Велика Британија и македонското прашање на Парискана мировна конференција од 1919 година, Скопје, 1973.

Христо Андонов – Полјански, Ѓорче Петров и проблемот на неговото убиство, Годишен зборник на Филозофскиот факултет – Скопје, Кн. 8 (34), Скопје, 1982.

В. Андоновски, „Кон 60-годишнината од убиството на Ѓорче Петров", „Нова Македонија", 22–29. VI 1981.

Александар Апостолов, Вардарска Македонија од Првата светска војна до изборите на Конституантата – 28 ноември 1920 година, Годишен зборник на Филозофскиот факултет – Скопје, кн. 13, Скопје, 1962.

Д-р Александар Апостолов, Злетовска област – Историски осврт, Скопје, 1974.

Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, Скопје, 1966.

Д-р Александар Апостолов, Специфичната положба на македонскиот народ во Кралството на Југославија, Гласник на ИНИ, год. XVI, бр. 1, Скопје, 1972.

Д-р Александар Апостолов, Струи, влијанија, организации и партии во Македонија во периодот на создавањето на Кралството СХС, Гласник на ИНИ, год. VI, бр. 1 – 2, Скопје, 1962.

Astibo, I – XX, Штип, 1964.

Йор. Бадевъ, Тритъ Македонски организации, София, 1921.

М. А. Бирман, Революционная ситуация в Болгарии в 1918 – 1919 гг., Москва, 1957.

Крсте Битоски, За положбата на македонската емиграција во Бугарија меѓу двете светски војни (до 1934 година), Гласник на ИНИ, год.VI, бр. 1–2, Скопје, 1962.

Д-р Крсте Битоски, Македонските благотворни братства во Бугарија со одделен осврт врз дејноста на Гевгелиското братство. Ангел Динев, Материјали од симпозиумот одржан на 18 и 19 VI. 1982 година, Скопје, 1982.

Д-р Крсте Битоски, Македонските добротворни братства во Бугарија и нивната активност за создавање на обединета и независна Македонија (1919–1934), Гласник на ИНИ, год. XV, бр. 2, Скопје, 1971.

Георги Боков, Владимир Поптомов, София, 1981.

Васил Ат. Василев, Великобритания и македонският въпрос (1924−1929), Исторически преглед, кн. 1, София, 1984, 20−42.

Васил Ат. Василев, Майският манифест на ЦК на ВМРО од 1924 г. – опстановка, преговори и последици, Исторически преглед, кн. 5, София, 1980, 39 – 63.

Ѓорѓе Василиевиќ, Хронологија на настаните од југословенско – бугарските односи за време на владеењето на Александар Стамболиски, Гласник на ИНИ, год. XVIII, бр. 2, Скопје, 1974.

Вук Винавер, Англиското јавно мислење за Македонија од 1919 – 1926, Гласник на ИНИ, год. IX, бр. 1, Скопје, 1965.

Димитар Влахов, Македонија. Моменти од историјата на македонскиот народ, Скопје, 1950.

Димитър Влахов, Предателите на македонското дело, „Македонска Мисъл“, Год. I, кн. 3 – 4, X – XI, София, 1945.

Туше Влахов, Върховизмът и великобългарските шовинисти – крепители на бългмонархизъм, София, 1947.

Туше Влахов, Върховизмът и неговата роля по време на войните, „Исторически преглед“, кн. 4 – 5, София, 1951.

Димитар Галев, Тодор Александров. Од автономија до самостојна држава, Скопје, 1995, 17.

Петьр Галчин, Политическите борби в Пиринския край 1923−1939, София, 1989.

Паун Генов, Райко Даскалов. История на един кратък но с бури испълнен живот, София, 1973.

Paul Gentizon, Le drame Bulgare, Paris, 1924.

Георги Георгиев, Септември 1923. Исторически очерк, София, 1979.

Димитър Г. Гоцев, Идеята за автономия като тактика в програмите на националноосвободителното движение в Македония и Одринско 1893–1941, София, 1983.

Димитър Г. Гоцев, Младежките национално-освободителни организации на македонските Българи 1919–1941 г., София, 1988.

Димитър Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912–1915, София, 1981.

Димитьр Гоцев, Тайна младежка революционна организация вьв Вардарска Македония (1922−1927 г.), Исторически преглед, кн. 2, София, 1983, 49−63.

Александър Гребенаров, Иван Михайлов и национално освободител ното движение на македонските българи (1925–1928), Известия на Военноисторическото научно дружество, Том 50, София, 1990, 164–188.

Александьр Гребенаров, Идеи и тенденции в македонското освободително движение между двете световни войни, История, општество, философия, бр. 4, София, 1991, 57−68.

Александър Гребенаров, Легални и тайни организации на македонските бежанци в България (1918–1947), София, 2006.

Александьр Гребенаров, Мястото на македонската емиграция в информационната служба на ВМРО (1926−1928 г.), Военноисторически сборник, кн. 5, София , 1988, 99−111.

Костадин Гърдев, Македонските патриотически организации в Канада от основането им до 1987 г., София, 1991.

Дончо Даскалов, Васил Коларов и Георги Димитров и революционните събития в България 1923–1925, София, 1978.

Георги В. Димитров, БКП и революционното движение в Благоевградски окръг 1913–1925, София, 1972.

Георги В. Димитров, Настаняване и оземляване на българските бежанци (1919 − 1939), Благоевград, 1985.

Георги В. Димитров, Септемврийското въстание в Благоевградски окръг, Благоевград, 1970.

Илчо Димитров, Българо-италиански политически отношения 1922–1943, София, 1976.

Илчо Димитров, Фашистка Италия и ВМРО. България и европейските страни през XIX век. Посвещава се на чл. − кор. Туше Влахов по случай 75-годишнината му, БАН, София, 1975, 244−264.

Стела Димитрова, Борбата на БКП за свързване с масите. Септември 1923–април 1925, София, 1963.

Ангел Динев, Политичките убиства во Бугарија, Скопје, 1983.

Ангел Динев, Материјали од симпозиумот одржан на 18 и 19. VI 1982 година, Скопје, 1982.

Дечо Добринов, Майският манифест и създаването на ВМРО (Обединена) 1924–1925. Политически партии, организации и управления в България 1879–1944, Известия на Института по история, София, 1983.

Дечо Добринов, Тодор Александров и македонското революционно движение, „Векове“, Год. IX, кн. 1, София, 1980.

Дечо Добринов, Тодор Александров. Легендарният водач на ВМРО, София, 1994;

П. Дървингов Полковникъ, История на Македоно-одринското опълчение, Том II, София, 1925.

Димитър Ефтимов, Защо се растуриха Македонскитѣ братства, Варна, 1947.

Златна книга – 100 години ВМРО, Скопје, 1993.

Славе Ивановъ, Тодоръ Александровъ и македонското освободително движение, Виена, 1924.

Историја на македонскиот народ, кн. II – III, Скопје, 1969.

Историја на македонскиот народ, том четврти. Редакција д-р Иван Катарџиев, Скопје, 2000.

История на Благоевградската окръжна организация на БКП, София, 1979.

История на България, Том III, София, 1964.

История на Българската комунистическа партия, София, 1972.

Јован Јанев, Ставовите на Ефтим Пространов и Јован Ќирковиќ за автономија на Македонија во составот на југословенската федерација во 1920 година, Гласник на ИНИ, год. XXVII, бр. 1 – 2, Скопје, 1983.

Д. Казасовъ, Въ темнинитѣ на заговора, София, 1925.

Хр. Калайджев и Јордан Анастасов, Реакционни и демократични появи в македонското дело, София, 1945.

Хр. Калайджев, Федерална Македония и великобългарският шовинизъм, София, 1945.

Христо Калайджев, Удара върху македонската демокрация, „Македонска мисъл" год. I, кн. 3 – 4, София, 1945.

Иван Каракелев, Септемврийското въстание през 1923 г. в Разлошкия край, „Исторически преглед" год. XXIX, кн. 4, София, 1973.

Боян Кастелов, Димо Хаджидимов, Живот и дело, София, 1985.

Д-р Иван Катарџиев, Време на зреење. Македонското национално прашање меѓу двете светски војни (1919–1930), I – II, Скопје, 1977.

М-р Стојан Киселиновски, Грчката колонизација во Егејска Македонија (1913 – 1940), Скопје, 1981.

Кънюю Кожухаров, Александър Стамболийски, Биографичен очерк, София, 1968.

Лазар Колишевски, Политички извештај на ЦК на КПМ. Реферат одржан на I конгрес на КПМ, Скопје, 1949.

Тодор Косатев, Политиката на правителството на Българския земеделски народен съюз по бежанския въпрос (1919–1923), Известия на Института по история, Том XXXVI, София, 1983.

Димитър Косев, Международното значение на Септемврийското въстание през 1923 г., София, 1964.

Димитър Косев, Положението в България и проблемът за курса на БКП след Септемврийското въстание во 1923 г. (до април 1925 г.),

Известия на българското историческо дружество, кн. XXVIII, София, 1970.

Димитър Косев, Септемврийското въстание в 1923 година, София,1954.

Милен Куманов, Балканската политика на България 1918 – 1926 г. в Българската и съветската историография, „Балкани", N° 6, София, 1984.

Милен Куманов, Към въпроса за българо-югославските политически отношения (декември 1923–януари 1926 г.). Изследвания по българска история, Т. III. Външната политика на България (1878–1944), София, 1978.

Милен Куманов, Нишката спогодба от 1923 година, „Векове", кн. 5, София, 1972.

В. Кушевски, Од активноста на дипломатијата на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, Бугарија и Грција во врска со покренувањето на македонското прашање првите години по стапувањето во сила на пактот на Друштвото на народите, Историја, год. VIII, бр. 2, Скопје, 1972.

В. Кушевски, Реагирањето во Друштвото на народите на револуционерната ситуација во врска со поставувањето на некои национални и малцински прашања во периодот од 1920 до 1922 година, Историја, год. V, бр. 2, Скопје, 1969.

Дино Кьосев, Борбите на македонския народ за освобождение, София, 1950.

Д. Кьосев, История на македонското национално – революционно движение, София, 1954.

Д-р Андрија Лаиновић, Југославија у Библиотеци за савремену међународну документацију у Паризу, Годишен зборник на Филозофскиот факултет Скопје, кн. 24–25, Скопје, 1973.

К. Ламбревъ, Македонскиятъ въпросъ и Балканското единство, Пловдив, 1938.

Љубен Лапе, Идејните основи на Привременото претставништво на бившата обединета Внатрешна македонска революционерна организација и неговата активност на Париската мировна конференција 1919 година. Историја, год. IX, бр. 2, Скопје, 1973.

Albert Londres, Les comitadjis. Ou le terorisme dans les Balkans, Paris, 1932.

Мајскиот манифест и Декларацијата на ВМРО (Обединета), Скопје, 1948.

Македония. История и политическа съдба (1912-1941), Том II, София, 1996.

Георги Марков, Парола „Сабя“. Заговорите и превратите на Военния сьюз 1919−1936, София, 1992.

Димитър Минчев, Военнореволюционната дейност на Петър Дървингов (1898–1918), София, 1990.

Йоно Митев, Фашисткият преврат на девети юни 1923 година и юнското антифашистко въстание, София, 1973.

Трендафил Митев, Българската емиграция в Америка и борбите за ослобождението на Македония 1919−1945, София, 1993.

А. Митрев, За ставот на бугарските тесни социјалисти кон македонското ослободително движење, Скопје, 1949.

Димитар Митрев, Димо Хаџидимов, Скопје, 1968

Димитар Митрев, Пиринска Македонија во борба за национално ослободување, Скопје, 1950.

Димитар, Митрев, Пиринска Македонија и други историографски огледи, Скопје, 1970.

Андреј Митровић, Време нетрпељивих. Политичка историја великих држава Европе 1919–1939, Београд, 1974.

Проф. д-р Добрин Мичев, Македонския научен институт, „Македонски преглед“, кн. 4, София, 1993, 145−148.

Проф. Добрин Мичев, доц. Димитър Гоцев, доц. Трендафил Митев, Иван Михайлов и националноосвободителното движение на македонските българи (100 години от рождението му), Македонски преглед, кн. 3, София, 1966, 5 − 60.

Д-р Боро Мокров, Арсени Јовков – журналистика, Скопје, 1988.

Д-р Боро Мокров, Развојот на македонскиот печат и новинарството, Скопје, 1980.

М-р Ѓорѓија Најдовски, ВМРО (Обединета) и журналистичката дејност на Димитар Влахов, Скопје, 1987.

Недю Недев, Александър Стамболийски и заговорът, София, 1984.

Л. Немановъ, Балканската криза, София, 1923.

Д-р М. Нинчић, Спољна политика Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца у год. 1922–1924, Београд, 1924.

Коста Новаковиќ, Македонија на Македонците! Земјата на земјоделците!, Скопје, 1959.

Костадин Палешутски, Вътрешната македонска революционна организация (1918–1924 г.), Известия на Института по история на БКП, бр. 49, София, 1983.

Костадин Палешутски, Вътрешна македонска революционна организация, 1918–1924, Благоевград, 1983, 59;

Костадин Палешутски, Македонското освободително движение след Първата световна война (1918–1924), София, 1993.

Костадин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918–1941, София, 1983.

Костадин Палешутски, Югославската комунистическа партия и македонският въпрос 1919–1945, София, 1985.

Костадин Палешутски, Македонската емиграция в България по време на Парижката конференция през 1919 г., „Исторически преглед“, год. XXV, кн. 5, София, 1969.

Костадин Палешутски, По въпроса за споразумението между БКП и ВМРО в навечерието на Септемврийското въстание 1923 г., ІІІ на БКП, бр. 40, София, 1979.

Любомир Панаjотов, Витошката нелегална конференция на Българската комунистическа партия (1924 гд.), София, 1959.

Д-р Панайот Панайотов, Външната политика на България 1919−1945, София, 1990.

Филип Панаjотов, 1923. Истор. очерк за Септемврийското въстание, София, 1973.

Константин Пандев и Костадин Палешутски, Българското Национално-освободително движение след Берлинския конгрес (1878−1941), Исторически преглед, кн. 3 − 4, София, 1981, 95−113.

Д-р Манол Пандевски, Македонската емиграција во периодот од 1918 до 1924 г. и победата на Октомвриската револуција, Гласник на ИНИ, год. XI, бр. 1, Скопје, 1967.

Д-р Манол Пандевски, Ѓорѓи Стоев-Трнката, Струмица и Струмичко низ историјата, Струмица, 1969.

М-р Даринка Пачемска, Внатрешната македонска револуционерна организација (Обединета), Скопје, 1985.

М-р Даринка Пачемска – Петреска, Федеративната идеја во македонското националноослободително движење од 1918–1941 (докторска дисертација), Филозофски факултет – Скопје, 1986.

Д-р Миливоје Перовић, Устанак на југу Србије, 1917. Топлички устанак, Београд, 1954.

Никола Д. Петков, Александар Стамболијски, његова личност и идеја, Београд, 1933.

Ѓорче Петров, Македонското ослободително дело. Предговор и белешки од д-р Гане Тодоровски, Скопје, 1971.

Владо Поповски, ВМРО Александрова, бугарските влади и виенските документи (заемни критики и состојби меѓу ВМРО и Илинденската организација), Гласник на ИНИ, год. 49, бр. 1 – 2, Скопје 2005, 39 – 63.

Кирил Пърличев, Убийството на Тодор Александров (Изследване и документи), София, 2002.

А. Радоловъ, Преврата на 9 – и юни и престъпното нехайство, София, 1931.

R. A. Reiss, La question des comitadjis en Serbie du sud, Belgrade, 1924.

Сборник: Александър Стамболийски, Избрани произведения, София, 1980.

Д-р Милан Скакун, Југословенско – бугарски односи, Београд, 1979.

Чезаре Спеланзонъ, Източниятъ въпросъ. Победени и победители на Балканитъ, София, 1930.

Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912–1918), Скопје, 1969.

Иванъ Стояновъ, Войни за национално обединение, София, 1933.

Коста Тодоров, Политичка историја савремене Бугарске, Београд, 1938.

Коста Тодоров, Стамболијски, Београд, 1937.

Kosta Todoroff, La vérité sur l'Organisation Révolutionaire Intérieure Macédonienne, Paris, 1927.

Д-р Десанка Тодоровић, Југославија и балканске државе 1918–1923, Београд, 1979.

Десанка Тодоровић, Питање југословенско-бугарске границе на Мировној конференцији у Паризу 1919 године, Историја XX века, Зборник радова, IX, Београд, 1968.

Гане Тодоровски, Ѓорче Петров, Прилози за животот и делото, Скопје, 1981.

Зоран Тодоровски, Активноста на ВМРО во Велес и мерките на државнитевласти за спречување на нејзините комитски акции (1918–1941), Сп. „Велес“, год. VII, бр. 7, Велес, 2003, 20–36.

Зоран Тодоровски, Активноста на четите на Тодор Александров во Брегалничкиот округ, Зборник „Штип и Штипско во НОВ 1941–1944“, Штип, 2001.

Зоран Тодоровски и Надежда Цветковска, Велес меѓу двете светски војни 1918 – 1941, Скопје, 2007.

Зоран Тодоровски, Владислав (Славчо) Ковачев (1875–1924), Зборник. Материјали од Научниот собир одржан во Горно Врановци во декември 1991 година), Скопје, 1995, 141–152.

Зоран Тодоровски, Внатрешната македонска револуционерна организација 1924–1934, Скопје, 1997.

Зоран Тодоровски, Воена организација, стратегија и тактика на ВМРО во периодот 1925–1934, Гласник на ИНИ, XXXVIII/1 – 2, Скопје, 1994, 19 – 36.

Зоран Тодоровски, Врските на ВМРО со Италија во периодот меѓу двете светски војни, Гласник на ИНИ, XXXX/2, Скопје, 1996, 45–66.

М-р Зоран Тодоровски, Дејноста на десните струи и организации. Златна книга. 100 години ВМРО, Скопје, 1993, 152–192.

Зоран Тодоровски, Дејноста на Илинденската организација во борбата за зачувување на самостојноста на македонското национално-ослободително движење, Прилози за Илинден, бр. VII. Илинденското востание и развојот на програмските цели на ослободителното движење на македонскиот народ, Крушево, 1993, 145–156.

Зоран Тодоровски, Една карактеристика за Иван Михајлов од Стојан Христов за американската јавност, Историја, бр. 1–4, Скопје, 1991, 179–194.

Зоран Тодоровски, Животниот и револуционерниот пат на Михаил Монев (1881–1944), Музејски гласник, Година 1, број 1, Кратово, 2003, 67–82.

Зоран Тодоровски, Идеята за Балканска федерация в политическите програми, меморандуми и декларации на македонските емигрантски и революционни организации след Първата световна война. Сборник доклади от Международната научна конференция, Кюстендил, 14–15 декември 2007 г., София, 2008, 161–175.

Зоран Тодоровски, Из документалното наследство на Тодор Александров, Сп. „Македонски преглед", год. XXVII, кн. 4, София, 2004, 31–42.

Зоран Тодоровски, Илинденските идеали во револуционерната програма на Тодор Александров. Прилози од Научната трибина ь100 години од Илинденското востание, одржана во Злетово на 21 декември 2003, Злетово, 2006.

Зоран Тодоровски и Орде Иваноски, Македонското прашање во бугарскиот парламент 1918–1941, Скопје 2008.

Зоран Тодоровски, Мечтите за независима Македония в епистоларното наследство на Тодор Александров. Сборник доклади от Международната научна конференция, София, 26–27 септември 2003 г., Институт по история при БАН, София, 2005.

Зоран Тодоровски, Новопронајдени документи околу убиството на Арсени Јовков. Арсени Јовков – живот и дело. Зборник од Научниот собир по повод 75 години од неговото убиство, одржан во Луково на 16 и 17 октомври 1999 година, Струга, 2001, 63–70.

Зоран Тодоровски, Павел Шатев и Мајскиот манифест. Павел Шатев, време – живот – дело (1882–1951). Прилози од Научниот собир одржан на 15 и 16 март 1992 година во Кратово, Скопје, 1996, 53 – 62.

Зоран Тодоровски, Политиката на правителството на Андрей Љапчев спряма ВМРО. Андрей Ляпчев–изкуство, култура, политика, Софија, 2006, 101 – 113.

Зоран Тодоровски, Политичките погледи на МПО за ослободување и создавање на независна Македонија. Зборник: Прв меѓународен научен собир „Иселеништвото од Македонија од појавата до денес", Крушево 3–5 август 2000 година, Скопје, 2001, 245–265.

Зоран Тодоровски, Политичките ставови на Димитар Поп Евтимов за решавањето на македонското прашање, Музејски гласник, број 4, Кратово, 2009, 133– 45.

Зоран Тодоровски, Политичкото и военото поведение на Македонската револуционерна организација за време на Првата светска војна, Музејски гласник, број 4, Кратово, 2008.

Зоран Тодоровски, Полската дипломатија за состојбите на ВМРО во Бугарија во периодот меѓу двете светски војни, Гласник на ИНИ, Скопје, 2008.

Зоран Тодоровски, Прилог кон расветлувањето на генеалошкото стебло на велешкото семејство Кушеви, сп. "Велес", год. IX, бр. 10, Велес, 2006.

Зоран Тодоровски, 70 години од убиството на Панчо Михајлов – Моралниот кодекс на македонскиот револуционер, "Културен живот, бр. 7 – 8, Скопје, 1995, 86–95.

Зоран Тодоровски, Спомени за Љубомир Весов, Сп. "Велес", бр. II/2, Велес, 1998, 65–84.

Зоран Тодоровски, Ставот на францускиte политички кругови и општествената јавност за Македонија и ВМРО во периодот меѓу двете светски војни. Македонско – француски врски. Зборник на трудови поднесени на Научниот собир одржан на 12–13 јуни 1998 година, Битола, 1999, 335–550.

Зоран Тодоровски, Ќустендил како главен пограничен пункт на комитските чети на ВМРО во периодот меѓу двете светски војни, Известия на Исторически музей Кюстендил, том XI, Кюстендил, 2005, 233–248.

Веселин Трайков, История на българската емиграция в Северна Америка. От началото и през средата на XIX в. до 80 − те години на XX век, София, 1993.

Димитър Тюлеков, Дейността на ВМРО в Петрички окръг (1922−1934). Сборник: 100 години Вътрешна македонска револююционна организация, София, 1994, 157–166.

М-р Надежда Цветковска, Политичката активност на македонската емиграција во Бугарија од 1918 до 1929 година, Скопје, 1990.

Димо Хаџидимов, Одбрани дела, кн. II, Избор, предговор и редакција Манол Пандевски, Скопје, 1984.

Христо Христов, Революционната криза в България, през 1918–1919, София, 1957.

Тодор Чопов, Собрани творби. Приредил д – р Блаже Ристовски, Скопје, 1982.

Д-ръ Павелъ Шатевъ, Балканската проблема и Македония, София, 1945.

# РЕГИСТАР НА ЛИЧНИ ИМИЊА

Абазов, Славчо – 78
Алајков, Велин – 180, 186
Александар (дете на Тодор Александров) – 61
Александар, кралот – 203
Александров, Тодор – 5–38, 40–44, 46–61, 63–75, 78, 79, 81, 84, 85, 87, 93–105, 107–111, 113–124, 127, 129–154, 157, 158, 160, 161, 163, 165–174, 176–180, 182–187, 189, 190, 193–219, 221–225, 227–240, 242–249, 252–297, 299–326
Александрова, Е(вангелија) (сопруга на Тодор Александров) – 8, 61, 285
Александрова, Константина (сестра на Тодор Александров), 15, 16, 21, 313
Алексов, Методи – 223, 294
Анастасов, Јордан – 101
Анастасов, Ристо – 41
Ангелов, Дончо – 53, 96, 97
Андреев, Тодор – 278
Антов, Стоил – 19
Арсов, Ване – 101, 185, 208
Арсов, Иван – 69
Асад, Џевад – 77
Асам-беј, 27, 28
Атанасов, Георги – 167, 179, 196, 255, 262, 276, 277, 278–281, 286, 290, 291, 294–296
Атанасов, д-р Филип – 92, 93, 95–98, 100, 101, 230, 232, 248
Ацев, Димитар – 223
Ацев, Петар – 78, 89, 212, 245, 253, 279, 293, 294
Бадев, Јордан – 137
Баждаров, Георги – 35, 40, 60, 74, 76, 85–87, 100, 102, 107, 118, 137, 153, 155, 220, 235, 254–256, 259
Бајалџалиеви, Томо и Марија (родители на Евгенија, сопруга на Тодор Александров), 61
Балабанов, проф. Александар – 40, 44, 45, 74, 118
Баласчев, Георги – 74
Бањац, Иво – 318
Бацарија – 317
Биљарски, Цочо – 12
Битов, Џон – 292
Богдан (псевдоним за Т. Александров) – 187, 189, 314
Борис, цар – 102, 123, 204
Бузуков, Антон – 30
Бујнов, Александар – 223 294
В’лков, Иван (генерал) – 102, 246, 280, 283, 284, 286, 289, 291
В’ндев, Георги – 115, 117
Василев Александар (Алеко-паша) – 166, 168, 179, 196, 222, 276, 279
Василев, А. – 166, 179, 223, 245, 255, 276, 277, 278, 280, 281, 286, 290, 291, 294, 296
Василев, Алеко – 281, 295
Василев, Ангел – 115
Василев, Григор – 28, 38, 40, 43
Василка (сестра на Тодор Александров) – 15
Велев, Никола – 254, 280, 290
Велинов, Јане – 185
Велинов, Стојан – 223
Велјанов, Величко – 115, 213
Велјанов, Крсто – 76
Весов, Љубомир – 142
Видов, Благој – 10, 253, 258, 266, 275, 276, 283, 284
Вилсон, Вудро – 86, 145
Вилхелм II – 46, 57
Винкеле, полковник – 105
Влахов, Димитар – 42, 231–233, 235, 237, 246, 247–249, 253, 254, 255, 257, 258, 260–263, 266, 270, 274, 276, 277, 279, 280, 281, 291, 294
Влахов, Штерју – 276, 278–280, 282, 291
Вретенаров, Динчо – 276, 277–282, 291, 294
Гарванов, Иван – 24, 25, 185
Генадиев, Никола– 70
Гентизон, Пол – 166
Георгиев, Владимир-Черноземски (Владо) – 293, 295

Георгиев, Нестор – 41
Георгиев, Симеон – 24, 111, 180
Георгов, проф. Иван – 38, 40, 44, 45, 74, 87, 118
Герџиков, Михаил – 89
Гешов, Иван – 35
Гладстон, Вилијам – 242
Греј, Едвард – 44
Груев, Даме – 13, 14, 17, 20, 21, 22, 23, 308, 320
Далкалчев, д-р Христо – 92, 93
Даскалов, Рајко – 207–209, 216, 217
Деј, Пјер – 323
Делчев, Гоце – 9, 17, 20, 21, 66, 72, 79, 80, 222, 223, 310, 320
Дивљанац, Лазар – 115
Димитриевиќ, Мита – 135, 136
Димитров, Александар – 96, 122, 186, 206, 207, 209, 220, 265, 288, 309
Димитров, Антон – 92
Димитров, Георги – 7, 202, 220, 264, 285, 288
Диниќ, Танасие – 111, 286
Добринов, Дечо – 11
Дрангов, Борис – 51
Дрангов, Кирил – 291, 293, 297
Дрвингов, Петар – 49, 51, 58, 213
Душан, цар – 320
Ѓурков, Јордан – 291, 293, 294, 297
Ѓурлуков, Милан – 213
Екатерина (сестра на Тодор Александров) – 15, 18
Елена (сестра на Тодор Александров) – 15
Ерио, Пол – 302, 319
Ефтимов, Димитар – 285
Жеков, Никола (генерал-мајор), 56
Занков, Георги – 77, 78, 150, 213, 243–245, 281, 284, 293, 294
Зафиров, Панзо – 279, 280
Захов, Георги – 223
Златарев – 253
Зографов, Крум – 77, 93, 97, 99, 185
Иванов, М. – 78
Иванов, Славе – 69, 96–98, 101, 109, 111, 114, 186, 230, 232, 248, 262, 267
Илиев, – 223
Јаворов, Пеју – 32
Јанев, Иван-Брло, – 73, 114, 115, 117, 144, 180,183, 207
Јанков, Коста – 264, 272, 273, 274
Јовичевиќ, Јован – 154
Јовков, Арсени(ј) – 77, 78, 80, 222–245, 281, 293, 294
Јуберберген, Ханс – 317
Јуруков, арх. Никола – 92, 93. 97, 98, 100, 101
Каблешков, полковник –102
Казасов, Димо – 215, 261
Каламатиевиќ, Михаило (Каламатија, Мијалче) – 162
Калфов, Христо – 217, 239, 253, 275
Кантарџиев, Чудомир – 49, 166, 230, 295
Карајовов, Тома – 74, 281
Карамфилов, Владимир – 19, 71
Каранџулов, Иван – 85, 91
Караџов, Иван – 277, 297
Кикиритков, Мирчо – 295
Кира (сестра на Тодор Александров) – 15
Кирил, кнез, престолонаследник – 59
Киров, Никола-Мајски – 89, 93, 94
Клемансо, Жорж – 317
Клинчарски, Симеон – 25
Ковачев, Владислав (Славчо) – 71, 78, 93, 101, 295
Ковачев, Георги – 166, 223, 294
Ковачев, И. – 104
Ковачев, Јосиф – 15
Коларов, Васил – 137, 220, 221
Колинс, Волтер – 320
Костенцев, Арсениј –15
Костов, Глигор – 101
Крапчев, Данаил – 32
Кретиен, генерал – 68
Крстев, полковник – 291
Куртев, Владимир – 178, 297
Кушев, д-р Д. – 41, 44
Кушев, Илија – 142, 230
Лазаров, Крсто-Лоњушки – 54, 111, 115, 213, 215
Лазаров, Тодор – 15, 17, 20, 31
Лебон, Густав – 242
Левски – 286

Леманов, Леонид – 317, 324
Лисичев, Никола – 223
Лоди, полковник – 105
Лозанчев, Анастас – 100
Лондр, Алберт – 166
Љондев, Крсто – 93
Манасиев, Аргир – 19, 279, 290
Мангаров, Игнат – 17
Мандарчев, Велко – 97
Манолев, Георги – 294
Марија (дете на Тодор Александров) – 61
Марија (мајка му на Тодор Александров) – 18
Марфи, Доминик – 86
Матковиќ, Добрица – 160, 161
Матов, Милан – 17, 41, 42, 74
Матов, Христо – 17, 18, 20, 22–24, 26, 27, 35, 40, 44, 47, 56, 57
Мацини, италијански револуционер – 148
Маџаров, Рашко – 102
Милев, Никола – 7, 38, 40, 74, 85, 102, 106, 118, 271
Милетич, Љубомир – 38, 40, 44, 45, 60, 67, 74, 87, 102, 106, 118
Миљуков, Павел – 214, 316
Мисирков, Крсте – 300
Митровица, Реџеп – 95
Михајлов, Димитар – 85, 87
Михајлов, Иван – 8, 13, 65, 76, 119, 135, 151, 176, 187, 201, 213, 244, 245, 255, 278, 280, 281, 283, 285, 289–293, 295–297, 308, 313
Михајлов, Панчо-Чавдар – 115, 117, 121, 135, 182–184, 186, 201, 207, 213, 280, 290, 291, 292, 293, 312, 180, 181, 183
Михалчев, Димитар – 38
Мишев, Стојан – 69, 96–98, 101, 114, 161, 186, 254, 262, 267, 270
Монев, Михаил – 228, 231–233, 257, 262, 280, 290
Мончев, Б. – 42
Настев, Георги – 297
Наумов, Димитар – 68, 300
Неманов, Леонид – 42, 167, 268, 316, 321
Никифоров – 208
Николов – 48, 209
Николов, А. – 209
Николов, К. – 47
Николов, Стефан – 31
Нинчиќ, д-р М. – 147, 163
Новаковиќ, Коста – 161
Ноел Бекстон, 239
Опилски, Мите – 180
Орсини, Марио – 323
Павлов, Тодор – 7, 39, 85
Павлу, Бохдан – 145, 207, 234, 286, 288
Паисиј, отец – 151, 313
Пандурски, Илија – 221
Паница, Тодор – 26, 89, 93, 101, 179, 180, 185, 262
Панов, Александар (генерал) – 78, 97, 101, 102, 185
Пантелејски, Стеван – 115
Пашиќ, Никола – 98, 203, 204, 206
Пеев, Јанко – 257, 269, 314
Пејани, Бедри – 95
Пенков, Георги – 166, 293, 294
Пенчев, Петко – 23, 24, 35, 40
Петишев, Крум – 142, 143, 174
Петрини (се однесува на П. Чаулев) – 262
Петров, Ѓорче – 22, 80, 88, 89, 91, 94, 96
Петров, Рачо – 57
Пирчев, Славчо – 77, 78
Поп Ефтимов, Димитар – 276
Поп Петров, Сребрен – 83
Поп Томов, Владимир – 173, 223, 224
Поп Христов, Георги – 77, 78, 80, 143
Попов, Христо – 56
Попорушев, Александар – 15, 16, 18
Порков, 276
Преславски, Кирил – 58
Прличев, Кирил – 46, 54, 74, 100, 102, 104, 107, 119, 155, 212, 255, 235, 249, 254, 265, 278, 280, 282, 290
Протогеров, Александар – 30, 31, 35, 38, 40, 42, 44, 46, 47, 49–51, 53, 55–61, 63–71, 74, 76, 84, 85, 87, 95, 96, 102, 104, 105, 107, 109, 116, 117, 120, 121, 123, 140, 143, 153, 160, 163, 204, 216, 227, 245–249, 252–257, 259–265, 275, 277, 279–282, 284, 285, 291, 293, 295, 297, 299, 300, 305, 310, 311
Радев, Симеон – 74, 85, 87

Радиќ, Стјепан – 108, 214, 229, 263, 317
Радославов, д-р Васил – 44, 51, 56, 69
Развигоров, Мише – 15, 17, 20, 21, 22, 24
Размов, Климент – 93, 100, 101
Ракиќ, Милан – 234
Раковски, Крсто – 231
Ренер, д-р – 217, 219, 303
Ризов, Димитар-Везир, 253
Ризов, Ризо – 258
Римелин, Еуген – 287
Рис, дописник – 325
Розелиус, Лудвиг – 287, 317
Русев, Иван – 239, 278, 284
Савов, Сава – 56
Сандански, Јане – 22, 25, 26, 48, 49, 88, 166, 179, 222, 295
Сарафов, Борис – 24, 25, 185
Секулички, Заре – 97
Силјанов, Христо – 71
Сис, Вл. – 317
Скрижевски, Георги 295
Словцов, Р. – 325
Снегаров, Иван – 74
Соколарски, Мите-Суџукаро – 73, 101, 114, 161, 185, 268
Соларов, Константин – 66
Софија (сестра на Тодор Александров) – 15
Спасов, Атанас-Серски – 82, 89
Стаматов, П. – 14
Стамболиски, Александар – 11, 67, 70, 96, 98, 101, 102, 106, 107, 123, 144, 152, 173, 176, 180, 182, 184, 186, 187, 202–209, 211–214, 216, 246, 272
Станишев, д-р Константин – 85
Стефанов, Кирил – 150, 312
Стојанов, д-р Никола – 85
Стојанов, Кочо – 276
Стојанов, Х. – 212
Стрезов, Борис – 78
Такев, Михаил – 27
Таралјамов, Петар – 101
Татарчев, д-р Божидар – 85
Татарчев, д-р Христо – 22, 27, 28, 44, 47, 71, 88, 92, 101
Тел, Вилхелм – 323
Тиков, Борис – 180
Тодоров, Лазар-Фертика – 97
Толстој, Лав – 318
Томалевски, Наум – 10, 74, 100, 102, 107, 259, 268, 271, 305, 312
Томов, Коста – 182, 183
Томсон, С. Б. – 315
Точков, д-р Д. – 41, 44, 47, 56, 70
Тошев, Пере – 22
Трновски, Борис – 56
Ќирковиќ, Јован – 135
Узунов, Ангел – 8, 9, 27–29, 35, 46, 48, 49, 52, 54, 55, 63, 66, 69, 104, 109–112, 178, 240, 261, 262, 267, 278, 283, 292
Фердинанд, бугарски цар – 35, 36, 46, 59, 66, 300
Хамид, Абдул – 126
Харлаков, Никола – 263
Хаџи Димко, Стеван – 115
Хаџи Димов, Димо – 22, 88, 89, 222, 253, 281, 293, 295
Хаџиев, Стојо – 295
Хаџијанева, Марија – 15
Христов, Васил – 101
Христов, Павел – 22, 30, 31, 41, 54, 89, 91
Худ, Робин – 9, 130
Цанков, Александар – 176, 213–216, 221, 222, 228, 234, 240, 241, 243, 244, 246, 251–254, 258, 263, 266, 275, 276, 283, 284, 292, 295, 296, 326
Циклев, Григор – 73, 96, 97, 101, 114, 161, 185, 254
Циклев, Митруш – 97
Ципушев, Коста – 35
Цицонков, Јордан – 209, 216, 216, 217, 219, 303
Чаков, Михаил – 78, 79, 81, 293, 294, 310
Чаулев, Петар – 30, 34, 35, 40–42, 44, 47, 50, 54, 55, 60, 61, 63–65, 105, 115, 153, 227, 228, 246–250, 252, 254, 256–258, 260–263, 265, 274, 281, 299, 301
Чернопеев, Христо 26, 30, 40, 41
Черски, 248, 253, 258

Чкатров, Јордан – 76, 83, 245, 297
Чопов, Тодор – 223
Чучков, Ефрем – 15, 17, 26, 27, 96
Џорџ, Лојд – 317
Шанданов, Петар – 100, 142, 143, 223, 228, 257, 258, 262, 277, 283, 291, 294
Шатев, Иван – 19
Шатев, Павел – 18, 19, 20, 93, 225, 230, 231, 255, 258, 272, 285
Шибаков, Антон – 41
Шкартов, Мишо – 134, 245, 253, 258, 275, 276
Штерју-Динчо, 291

# РЕГИСТАР НА ГЕОГРАФСКИ ИМИЊА И ПОИМИ


Австрија – 109
Австријци – 148
Австро-Унгарија – 44, 45, 47
Албанија – 56, 59, 95, 105, 106, 140, 142, 143, 154, 228, 247, 306
Албански револуционерен комитет – 43, 95, 143
Албанци – 92, 125, 134, 147, 154, 164, 256
Америка – 81, 82, 83, 162, 193, 200
Англија – 87, 147, 240, 303
Антанта – 44, 45, 49, 58, 59, 60
Атина – 120, 125, 214
Балкан – 9, 36, 37, 40, 42, 65, 67, 83, 89, 91, 93, 103, 106, 108, 113, 120, 130, 145, 157, 166, 225, 229, 233, 236, 248, 250–252, 263, 269–272, 282, 286, 288, 299, 300, 302, 305, 306, 307, 314, 318, 322, 324, 325
Балканска војна – 41
Балканска комунистичка федерација (БКФ) – 258, 264
Балканска федеративна револуционерна организација – 23
Балканска федерација – 84, 98, 233, 236, 249, 250, 251, 252, 258, 273, 288, 303, 304, 306, 307
„Балканска федерација“ (в.) – 296
Балкански војни – 32, 33, 39, 40, 43, 50, 60, 61, 144, 299, 300, 323
Балкански Полуостров – 82, 84, 154, 155, 270
„Балкански прашања“ (библиотека) – 61
Балкански сојуз – 36
Банат – 154
Банско – 295
Белград – 98, 116, 133, 158, 160, 162, 203, 204, 206, 214, 229, 240, 264, 286
Берлин – 44, 45, 155, 156, 287
„Билтен“ (орган) – 89
Битола – 28, 31, 38, 54, 85, 116, 121, 300, 321
Битолски округ – 115, 117, 135, 143
Битолски окружен револуционерен комитет – 73
Битолски револуционерен округ – 30, 142, 143, 247
Битолско – 41, 142, 143
Босилеград – 240
Босна – 154, 306
Бошњаци – 125
Брегалнички округ – 115, 133, 135, 138, 140, 158, 159, 160, 162
Брисел – 155, 156
Бугари, Бугарин – 36, 54, 92, 134, 154, 183, 251, 318, 322
Бугарија – 6–9, 23, 27, 28, 32, 36, 37, 39, 44–49, 51, 53, 55, 61, 63, 64, 66, 68, 69, 71–73, 76, 77, 79, 81, 84–96, 98–101, 103–107, 110, 114, 115, 117, 118, 120, 122, 123, 129–132, 137–140, 146–148, 151–154, 159, 161, 163, 164, 167, 170, 171, 173, 174, 176, 178, 179, 181, 182, 184–186, 196, 197, 202–206, 208–210, 212–216, 219, 222, 224, 225, 227, 228, 232, 233, 236, 239–244, 246, 247, 251–253, 256–261, 263–266, 269, 272, 274, 275, 277, 282, 284, 286, 288, 295, 296, 300–303, 305, 306, 309, 318, 324–326
Бугарска комунистичка партија (БКП) – 7, 219–225, 228, 234, 253, 258, 265, 272, 274, 276
Бугарска кредитна банка – 102
Бугарска трговска банка, 102
Бугарска централна кооперативна банка – 102
Бугарски земјоделски народен сојуз (БЗНС) – 157, 214, 288
Будимпешта – 155, 156, 322
Букурешки договор – 40, 41, 42, 43, 44, 236
Букурешки мировен договор, Букурешки мир – 39, 43, 300
Букурешт – 11, 39, 40, 68, 154, 266, 300
Бунеш, (с.) – 116
Бургас – 24, 145
Бучиште, (с.) – 116
Валандово – 47, 48
Валандовска акција – 47, 48
Валандовско – 48
Вардар – 20, 52, 116, 146
„Вардар“ (в.) – 32

Вардарска Македонија, 40, 43, 46, 47, 50, 52–54, 58, 73, 95, 99, 115, 119, 121, 123, 132, 133, 140, 144, 146, 161, 247, 267
Вардарски дел на Македонија – 64, 72, 73, 76, 77, 82, 96–98, 101, 102, 104–109, 111–113, 115–117, 119–124, 126, 129, 130, 132–139, 141–144, 146, 148–150, 152, 156–159, 162–165, 167, 171, 176–179, 203–205, 207, 247, 299, 309, 312
Варна – 100, 106, 145, 231
Варшава – 11
Велес – 121, 134, 231
Велешко – 142, 230
Велешко братство – 90
Велика Британија – 44
Виена – 44, 155, 156, 237, 246, 248, 252–255, 257, 262, 264, 269, 270, 273, 274, 323
Виенски манифест – 278
Виница – 18, 19
Власи – 92, 125, 134, 154
Внатрешна македонска револуционерна организација (ВМРО), 5, 6, 8–10, 13, 14, 17, 31, 32, 44, 48, 51, 56, 61, 64–68, 70–77, 79–81, 84, 87, 94–124, 126–135, 137–141, 143–149, 151–157, 159–173, 175–187, 189, 190, 192, 193, 195–206, 208–230, 232–243, 245–279, 281, 283–286, 288, 289, 292–297, 299–308, 310, 311, 313–315, 317, 318, 320, 321, 322, 324, 325
Внатрешна македонска револуционерна организација [ВМРО (автономистичка)], 72, 73, 81, 98, 99, 100, 102, 124, 152, 165, 179, 180, 186, 205, 208, 233, 243, 251
Внатрешна македонска револуционерна организација [ВМРО (Обединета)], 10
Внатрешна македонска револуционерна организација [ВМРО (федералистичка)], 233
Внатрешна макоедонско-одринска револуционерна организација (ВМОРО), 17, 21, 23, 24, 26, 28, 30–38, 40–48, 50, 51, 53–56, 58–61, 63, 67, 71, 299, 300
Воденско, 143, 196
Воена лига, 104, 204, 212, 213
„Време“ (в.), 166
Втор скопски конгрес, 23
Втора балканска војна, 5, 37, 130
Втора балканска меѓусојузничка војна – 38
Г. Броди, (с.) – 85
Гарван, (с.) – 160, 161
Гевгелија – 47, 61
Гевгелиско – 196
Германија – 44, 46, 47, 49, 51, 103, 109
Германци – 10, 103, 324
Големи сили – 39, 40, 43, 132, 139
Горна Џумаја – 53, 66, 107, 109, 115, 147, 159, 184, 213, 222, 223, 240, 241, 259, 280, 291, 293, 295, 296
Горноџумајско – 222, 223
Гоцева ВМРО – 72
Грци – 35, 37, 41, 43, 44, 117, 122, 124, 152, 154, 205, 244, 272, 322
Грција – 35–37, 39, 41, 45, 67, 72, 73, 86, 87, 121, 124, 130, 132, 152–154, 156, 168, 171, 180, 200, 218, 236, 246, 269, 301–303, 305, 306, 325
Грчко-турска војна – 77
Дебар – 54, 95, 322
Дебарски округ – 117
Дебарско – 41
Деветтојунски преврат – 5, 81, 176, 208, 214, 215, 219, 220, 227, 233
„Дејли експрес“ (в.) – 319
„Дејли мејл“ (в.) – 319
„Дејли телеграф“(в.) – 319
Делчевско – 118
Демир Капија – 47
Демирхисарско – 142, 143
Демократска партија – 134, 135
„Диминјца“ (в.) – 317
Димитровград – 240
Дојран – 85
„Дојчес фолксблат“ (в.) – 324
Драма – 322
Дренок (с.) – 116
Друштво на народите – 153, 175, 270, 271, 302, 306
Дунав – 49
Дупница – 222, 223, 241
Ѓуешево – 53

Евреи – 92, 125
Европа – 2, 28, 31, 42, 44, 47, 65, 114, 144, 145, 162, 200, 229, 251, 256, 269, 274, 286, 288, 299, 305, 306, 314, 316, 325
Егејска Македонија – 40, 43, 50, 73
Егејски дел на Македонија – 72, 73, 77, 82, 116, 120, 165, 167, 171, 178, 179, 196, 271
Егејско Море – 202
Единаесетта македонска дивизија – 50, 51, 52, 58
„Еко дју Дањуб“ (в.) – 322
„Елефтерион вима“ (в.) – 326
Емигрантска комунистичка организација – 221
„Ехо даниб“ (в.) – 129
Жабокрт (с.) – 24
Женева – 153, 154, 155, 156, 271, 295
„Журнал“ (в.) – 319
„Загреб“ (в.) – 287, 325
Задграничното претставништво на ВМРО, 24, 74–76, 100, 107, 125, 137, 153, 155, 212, 220, 227, 255, 282, 312
Западна Македонија – 95, 143
Земјоделска влада – 5, 66, 67, 101, 107, 109, 123, 144, 152, 153, 173, 176, 180, 182, 184, 186, 187, 202, 204, 206, 207, 208, 210, 212
Земјоделска партија – 206
Земјоделски сојуз – 203, 316
„Земјоделско знаме“ (в.), 157, 182, 288
„Зора“ (в.) – 325
„Известија“ бр. 2 (в.) – 184
Извршен комитет на ВМРО – 81
Извршен комитет на македонските братства во Бугарија – 74, 77
„Il Pikolo de la sera“ (в.) – 243
„Илинден“ (в.) – 78, 79, 151, 179, 243, 244
Илинденска организација „Илинден“ – 210, 258
Илинденска организација, 5, 6, 77–79, 81, 107, 150, 151, 210, 212, 213, 240, 241, 243–245, 277, 278, 281, 284, 293, 294, 323
Илинденско востание – 19, 60, 73, 77
Истанбул – 37
Италија – 11, 44, 87, 105, 106, 140, 145, 163, 227, 228, 234, 247
Италијанци – 104
Јапонија – 87
Југославија – 98, 106, 110, 132, 134, 147, 152, 153, 156, 159, 162, 163, 200, 215, 269, 270, 272, 301, 305, 315, 316, 321, 324, 325
Кадрифаково (с.) – 144, 145, 160
„Камбана“ (в.) – 28, 32, 71
Канада – 81, 82, 83, 292
Качаник – 95
Китка – 116
Кичевско – 143
Кнежево, село во Кратовско – 21
Коминтерна – 229, 232, 233, 237, 248, 252–255, 264, 265, 304
Комитет за независна Македонија – 68
Комунистичка партија – 134, 137, 138, 162, 275
Конференција на мирот во Париз – 87, 89
Коњово (с.) – 186
Косово – 95, 108
Косовски комитет – 229
Костурско – 143
Кочани – 2, 18, 19, 54, 160, 231
Кочанска околија – 29, 118
Кочански крај – 97, 133
Кочанско – 19, 99, 111, 112, 117
Кошево (с.) – 99
Кралство во Софија – 234
Кралство на Југославија – 160
Кралство Србија – 49
Кралство на СХС, 5, 64, 67, 70, 72, 73, 95, 96, 98, 99, 101, 103, 105–108, 110, 111, 114–121, 124, 129–135, 137–141, 144, 146–148, 156–161, 163, 164, 167, 173, 178,196, 202–209, 212, 213, 215, 228, 233, 234, 236, 239–241, 243, 245, 246, 284, 287, 296, 306
Кратово – 18, 19, 54, 111, 231
Кратовска околија – 29, 118
Кратовска чета – 53
Кратовско, 97, 99, 111, 112, 146, 148
Крива Паланка, 54, 117
Кривопаланечко, 146
Крушево – 54, 60
Крушевско – 142
Кукуш – 33, 34, 35, 85

Кукушко – 34
Куманово – 54, 121
Кумановска чета – 54
Кумановски округ – 115
Куршумли-ан – 20
„LA MACEDOINE“ (гласило) – 86
„Le droit des peuples“ (в.) – 213
„Ле соар“ (в.) – 323
Лезово (с.) – 20
Леринско – 143
Лозана – 153
Лондон – 36, 37, 44, 45, 146, 155, 156, 163, 256, 323
Лондонска конференција – 44
Лондонски мировен договор – 37
Лопово – 279
Мајски манифест – 6, 237, 246, 252, 253, 255, 256, 258, 262, 263, 264, 265, 266, 269, 270, 272, 273, 274, 275, 281, 283, 305, 314
Македонец, 12, 76, 82, 83, 100, 118, 149, 181, 212, 218, 273, 303, 320
Македонија, 2, 5–10, 12–15, 23, 24, 26–46, 48–53, 55–61, 63–68, 71–77, 79–95, 98–100, 103–108, 110–141, 143–145, 147, 149–157, 159, 160, 162–173, 175–179, 181–183, 185, 187, 189–191, 193–201, 203–206, 208–211, 214–219, 221, 224, 225, 227–230, 232, 234–240, 242, 243, 245–252, 254, 257, 260, 261, 263, 265, 267–274, 281, 284, 287, 293, 296, 299–310, 313, 315–325
Македонија, автономна – 64, 122,168, 238
„Македонија во слики“ (албум) – 61
Македонки – 82
Македоно-одринско ополчение – 49, 50
Македонска воено-инспекциска област – 57
Македонска дивизија – 51, 114
Македонска емигрантска федеративна организација (МЕФО) – 71, 93, 94, 96, 97, 100, 101, 179
Македонска младинска тајна револуционерна организација (ММТРО) – 75, 76
Македонска организација – 152, 171, 185, 186, 201, 217, 239
Македонска парламентарна група – 136
Македонска патриотска организација во Форт Вејн, Индијана – САД, 11
Македонска револуционерна организација – 11, 37, 61, 63, 79, 84, 88, 100, 114, 186
Македонска федеративна револуционерна организација (МФРО) – 74, 97, 98, 99, 100, 216, 232, 248
Македонски национален комитет (во Софија) – 7, 76, 157, 161, 164, 212, 241, 244
Македонски политички организации (МПО) – 5, 82, 83, 84, 292
Македонски федеративен сојуз – 110, 134
„Македонско дело“ (в.) – 296
Македонско-одринско доброволство – 34
Македонско-одринското ополчение – 44, 47
„Македонското прашање и Бугарија“ (книга) – 66
Македонци – 51, 52, 68, 82–84, 92, 100. 118, 134–137, 141, 147, 150, 151, 153, 155, 157, 164, 203, 205, 207, 218, 219, 221, 230, 124, 235, 236, 238, 239, 240–242, 246, 251, 25, 265, 263, 264, 258, 263, 264, 268, 270, 273, 275, 278, 286–288, 296, 303, 305, 313, 315, 316, 318–320, 322
„Манифест до македонскиот народ, до организираното револуционерно население во Македонија и до македонските револуционери“, познат како Мајски манифест, скратено: Манифест – 8, 10, 250, 251–259, 262–264, 266, 272, 274, 275, 304
„Манчестер гвардијан“(в.) – 319
Мелник – 116, 147, 159
Мелничка околија – 222
Мелничко – 179, 279, 290
Мемоар – 31, 67, 68, 87, 90, 108, 153, 300, 302
Меморандум (на Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија) – 35, 40, 71, 244, 300
Меморандум на Илинденската организација – 244
Министерство за внатрешни работи – 116, 158
Министерство на војската на Кралството на СХС – 99, 116, 138, 158, 159
Младотурска организација „Обединување и прогрес“ – 42
Младотурска револуција – 5, 26
Младотурски револуционерен комитет – 42, 43

Морава – 49
Моравско-инспекциска област – 58
Москва – 155, 156, 232, 233, 235, 237, 254, 262, 269, 274, 282, 287
Мустафа – 77
Мухацирите Срби – 144
„Народни листи“ (в.) – 317
Народно собрание во Белград – 132, 136
„Народност“ (в.) – 61
Народно собрание – 132, 135, 136, 175
„Натион“ (в.) – 61
Неврокоп – 5, 66, 100, 107, 109, 178, 179, 180, 184, 185, 186
Неврокопска околија – 222
Неврокопски округ – 282
Неврокопско – 179, 294
Нејски (мировен) договор, 153, 236
Неманци – 311
Неутрална обединителна комисија – 90
Ница – 26
Ниш – 46, 47, 209, 241
Нишка спогодба – 144, 173, 209, 210, 215
Ново Село, Штипско – 15, 20
„Ноје Фраје Пресе“ (в.) – 317
„Обзор“ (в.) – 325
„Обсервер“ (в.) – 315
Одрин – 31, 300
Одринско – 23, 30, 32, 33
„Ополченска“ (улица) – 70
Општ конгрес на македонските добротворни братства во Бугарија – 84
Организацијата – 7–9, 13, 17, 20, 22–25, 27–34, 37–41, 44–46, 48, 49, 53–55, 58, 61, 63, 64–69, 71–73, 75, 76, 78, 79, 81, 82, 85, 90, 94, 96–98, 100, 102–111, 116–119, 121–129, 136, 140, 142, 143, 148, 149, 151–153, 155, 156, 165–172, 176, 178, 181–187, 189–191, 193–195, 197–201, 205, 209, 210, 213, 214, 216, 218, 219, 221, 222, 224, 225, 227–229, 234, 235, 238, 239, 241, 252, 257, 261–263, 265–270, 272, 274, 276–281, 283, 285, 286, 289, 290, 292, 293, 295–297, 299–303, 307–309, 312, 313, 315, 318, 320, 324
Оризари (с.) – 19, 230
„Ослободување“ (в.) – 221
Осогово – 110, 309
Осоговски Планини – 116, 316
Отоманска банка во Цариград – 18
Охрид – 50, 54, 116, 121
Охридски округ – 115
Охридско – 41, 143, 247
Охридско востание – 42
Охридско Езеро – 56
Паланечка околија – 29
Паланечко – 99, 111, 112
Пантелеј (с.) – 116
Париз – 44, 45, 61, 66, 68, 90, 108, 148, 155, 156, 323
Париска мировна конференција – 64, 66, 68, 69, 71, 72, 84, 86, 87, 88, 90, 91, 105, 132, 299, 300
Педагошко училиште во Скопје – 17
Перник – 240
Петербург – 44, 45
Петрич – 66, 107, 109, 115, 146, 147, 159, 213, 240, 241
Петричка околија – 222
Петрички округ – 183, 196, 205, 216, 222, 224, 255, 276, 277, 278, 279, 282
Петрички крај – 212, 213, 224, 286
Петричко – 70, 210, 225, 278, 281, 294, 295
„Пирин“ (в.) – 244
Пирински дел на Македонија – 165–167, 169–174, 176–178, 180, 187, 196, 200, 202, 205, 210–212, 214, 222, 240, 261, 296
Пирот – 240
Пловдив – 245, 295
„Политика“ (в.) – 284
Полска – 11
Поникква (с.) – 201
„Последни новости“ (в.) – 268, 316, 317, 325
Прага – 155, 156, 206, 208, 209, 216, 217, 218, 219, 235, 286, 288, 303
Прашки судски процес – 218
Прв скопски окружен револуционерен конгрес – 21

Прва светска војна – 5, 10, 31, 32, 34, 36, 43, 44, 52, 53, 55, 57, 58, 60, 61, 63–65, 67, 69, 71–73, 81, 84, 96, 103, 112, 114, 131, 152, 170, 178, 202, 204, 299, 300, 301, 314
Препечино (с.) – 295
„Препорец“ (в.) – 49
Преспанско – 56
Привремено биро – 23
Привремено претставништво (на Обединета бивша Внатрешна македонска револуционерна организација) – 87, 89, 90, 91, 92
Прилеп – 54, 85, 116, 121
Протокол за обединување на македонското революционерно движење – 304
Пуздерци, (с.) – 116
Радикална партија – 134, 135, 138
Радовиш – 15, 16
Радовишки крај – 97
Радовишко – 48, 160
Разлошка околија – 222
Разлошко – 222, 223, 294
Рајчани (с.) – 116
Револуционерна организација на Косово – 77
Република Бугарија – 11
Република Македонија – 11
Република Србија – 11
Републиканска српска партија – 136
Ресен – 85, 135
Ресенско – 143
Рилски конгрес – 22, 25
Рилски манастир – 151
Рим – 11, 106, 107, 120, 155, 156, 163, 228, 237, 246, 247, 256, 292
„Родина“ (в.) – 60, 61
„Ројтер“ (агенција) – 319
Романија – 11, 154, 306
Романски револуционерен комитет – 43
Русија – 44, 233, 245, 248, 256, 300
Руска Советска Република – 236, 237, 238, 303
САД – 11, 81, 87
Саса (с.) – 201
С(в.) Врач – 276, 280, 289, 290
Светиврачка околија – 222
Свиленград – 295
Седма рилска дивизија – 51
„Секоло“ (в.), 323
Септемвриско востание – 219, 225, 228, 233, 243, 275
Серска група – 88
Серска декларација – 88
Серски округ – 143
Серски (окружен) конгрес – 277, 289
Серски окружен револуционерен комитет – 73
Серски революционерен комитет – 205
Серски революционерен округ – 30, 205, 278
Серско – 25, 85
Симитли – 279
Скопје – 12, 17, 18, 20, 31, 38, 56, 57, 60, 61, 85, 121, 134, 158, 300, 322
Скопски крај – 97
Скопски округ – 26, 109, 115, 117, 143
Скопски окружен револуционерен комитет – 73
Скопски револуционерен округ – 20, 23, 24, 26, 28, 30, 33
Скопско – 158
„Слобода или смрт“ (организација) – 147
Словенија – 154, 306
Словенци – 125
Совет на Друштвото на народите – 153, 301
Советска република – 281
Советска Русија – 231, 232, 248, 321
Советски Сојуз, 6, 227–234, 236, 237, 246, 249, 253–255, 258, 264, 272–274, 276, 289
Соединети Американски Држави – 86, 320
Сојуз на македонските братства во Бугарија – 91, 162
Сојузот на македонски политички организации (МПО) – 81, 82
Сојуз на Советските Социјалистички републики (СССР) – 232
Солун – 26, 31, 33, 34, 35, 36, 38, 47, 151, 154, 201, 240, 300, 306, 307, 312, 313, 318, 320, 321, 322
Солунска гимназија – 15, 17
Солунски округ – 117, 143

Солунски окружен револуционерен комитет – 73
Солунски револуционерен округ – 134
Солунско – 34
Софија, 11, 15, 27, 35, 44, 45, 46, 60, 61, 69, 70, 77, 86, 90, 91, 93, 98, 100, 101, 103–108, 114–117, 120, 124, 133–135, 139, 145, 154, 157, 161, 182–185, 201, 206, 207, 213, 214, 228, 229, 231, 234, 237, 241, 242, 245, 253, 254, 259, 266, 268, 274, 275, 278, 280, 286–289, 291, 292, 295, 296, 312
Сплитска спогодба – 228
Срби – 35, 37, 41, 43, 44, 98, 106, 112, 117, 122, 124, 132, 144, 145, 152, 163, 185, 203, 205, 244, 272, 301, 302, 321, 322
Србија – 35, 36, 37, 39, 41, 45, 46, 49, 52, 67, 86, 87, 121, 124, 132, 147, 152–154, 156, 159, 163, 168, 171, 185, 203, 218, 236, 240, 301–303, 306, 324
Струга – 54
Струмица – 53, 66, 121
Струмички крај – 97
Струмички округ – 109, 143
Струмички окружен револуционерен комитет – 73
Струмичко, 48, 117
„Тајмс“ (в.) – 113, 147, 148, 151, 163, 193, 224, 270, 303, 321, 324
„Тан“ (в.) – 166
Тетово – 54
Тетовско – 158
Тиквешки округ – 115
Тиквешки реон – 134
Тиквешко – 196
Тирана – 95
Тодоровци (с.) – 201
Трета бригада на Единаесеттата пешадиска македонска дивизија – 55, 56
Трета македонска бригада – 36
Трета армиска област – 158
„Трибун де Женев“ (в.) – 325
Трипатанци (с.) – 116
Турци – 16, 20, 26, 27, 28, 59, 92, 122, 125, 134, 147, 154, 164, 173, 323
Турција – 36, 49, 107, 131
Ќустендил – 5, 19, 27–29, 48, 52, 54, 63, 66, 97, 100, 104, 107, 109–112, 114, 116, 117, 122, 146, 159, 178, 179–186, 213, 214, 216, 240, 241, 261, 267, 272, 277, 278, 309, 316
Ќустендилски конгрес – 24, 30
Удово – 48
Унгарија – 109
„Универзул“ (в.) – 140
Устав на „Македонската тајна револуционерна младинска организација“ – 75
Устав на МЕФО – 93
Устав на ММТРО – 75
Устав на МПО – 83
Устав на Организацијата – 41
Форт Вејн (Индијана, САД) – 11, 82, 83
„Франкфуртски весник“ (в.) – 287, 317
Франција – 26, 44, 87, 268, 269, 305
„Ханделс Гезелдшафт“ (берлинска банка) – 102
Хрвати – 125
Хрватска – 154, 306
Хрватска селанска републиканска партија – 77, 108, 229, 263
Хуриет – 27–29
Цанковата влада – 243
Царев Врв – 116
Царевоселска околија – 29, 118
Цариброд – 201, 240, 312
Цариград – 27, 28, 42, 68, 107, 257, 269, 314
Царство Бугарија, 27, 28, 54, 168–170, 175, 197
Централен државен архив во Софија – 11
Централен комитет (ЦК) на МПО, 84
Централен комитет на Бугарската комунистичка партија – 7, 137, 221, 222, 224, 233, 253, 255, 258, 259, 264, 272
Централен комитет на Внатрешната македонска револуционерна организација (ЦК ВМРО) – 11, 38, 66, 67, 71–75, 77, 83, 94, 96, 100, 104, 105, 108, 111, 112, 121, 124, 125, 129, 130, 136, 143, 144, 149, 150, 152, 153, 156, 165, 168, 174, 176, 184, 185, 189, 193–195, 198, 209, 210, 217, 235, 236, 238, 239, 242, 253, 259, 261, 282, 285, 301, 302, 308

Централен комитет на Внатрешната македонско-одринска револуционерна организација (ЦК ВМОРО) – 30, 31, 33–36, 40–43, 49, 52, 53, 55, 57, 58, 64, 300
Централни сили – 44, 45, 46, 48, 49, 53
Црна Гора – 154, 306
Црна Скала – 53
Црно Море – 154
Црногорци – 125, 256
„Чикаго дејли њус“ (в.) – 320
Џемиет (турска партија) – 77, 136
Швајцарија – 68, 95, 323
Штаб на бугарската армија – 50, 55
Штаб на Македонско-одринското ополчение – 38
Штип – 15–17, 26, 27, 36–38, 54, 55, 99, 116, 117, 121, 134, 151, 160–162, 209, 216, 295, 311, 313
Штипска околија – 22, 23
Штипска револуционерна околија – 20, 24
Штипски крај – 97
Штипски округ – 23, 117, 119, 135, 160
Штипско – 20, 99, 111, 117
Шумадинци – 141, 268